

ISBN 978-9989-43-266-8

ПРЕДАВАЊА НА XLI СЕМИНАР – 2008

УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" – СКОПЈЕ
МЕЃУНАРОДЕН СЕМИНАР ЗА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК, ЛИТЕРАТУРА И КУЛТУРА

# ПРЕДАВАЊА

## НА XLI МЕЃУНАРОДЕН СЕМИНАР ЗА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК, ЛИТЕРАТУРА И КУЛТУРА

ОХРИД, 11 – 28 VIII 2008

# УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ – СКОПЈЕ
## Меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура

*За издавачот:*
проф. д-р Велимир Стојковски, ректор на Универзитетот
„Св. Кирил и Методиј“ - Скопје

**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ – СКОПЈЕ**
**Меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура**

# ПРЕДАВАЊА

**на XLI меѓународен семинар**
**за македонски јазик, литература и култура**

(Охрид, 11. VIII - 28. VIII 2008)

Скопје,
2009



# ПОЗДРАВНА РЕЧ НА ПРОФ. Д-Р ЃОРЃИ МАРТИНОВСКИ, РЕКТОР НА УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ

Почитувани учесници македонисти,
Уважени гости и драги пријатели,
Дами и господа,

Од името на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и од свое лично име дозволете да ви посакам срдечно добредојде на 41-от меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура во Охрид.

Измина една година од одбележувањето на јубилејната четириесетгодишнина на Семинарот, и се чини дека овој период на УКИМ во голем дел се одвиваше и се одвива во знакот на македонистиката.

2008-та, од страна на Владата на Република Македонија, е прогласена за година на македонскиот јазик, а УКИМ преку своите членки и сопствениот академски потенцијал го понесува најголемиот дел на активностите од оваа значајна државна манифестација. Годинава, за првпат во Македонија ќе се одржи Светскиот славистички конгрес во периодот од 10 до 16 септември во Охрид. За Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ претставува особена гордост дека преку Семинарот индиректно учествува во програмските и организациските активности на оваа најголема научна манифестација во областа на славистиката.

Говорејќи од името на УКИМ и на Меѓународниот семинар, можам да потврдам дека зад нас оставивме значајни остварувања, и тоа со континуираната четиридецениска заложба во севкупното претставување на македонската национална култура во светот. Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура преку својата стручно-научна дејност на подрачјето на македонистиката од своите скромни почетоци до денес, непрекинато се развиваше и израснуваше во афирмирана наставна, научна и културна институција единствена од ваков вид во Македонија и стана ценет славистички центар. Преку сите дејности што ги покрива и тоа: Летниот семинар во Охрид со Научната конференција, 12-те лекторати по македонски јазик во странство, издавачката дејност, Семинарот успеа да создаде бројни познавачи на македонскиот јазик, а со тоа Универзитетот и Република Македонија се здобија со голем број амбасадори, поддржувачи и верни пријатели во светот.

На Летната школа за странски слависти и македонисти досега учествувале повеќе од 3000 учесници од над 45 земји меѓу кои истакнати македонисти, професори по македонски јазик и литература на странски-

те универзитети, слависти, балканисти, преведувачи, научни работници и студенти што го изучуваат македонскиот јазик по нашите лекторати во странство. Предавачи на летната школа беа најеминентни професори и научни работници од Македонија, со што стекна реноме на висококвалитетна школа.

Значајна улога во развојот на македонската наука за јазикот и за литературата одигра научната конференција, која годинава одбележува јубилеј 35 години непрекинато одржување во рамките на Семинарот. Во изминативе години на конференцијата, со присуство на над 1200 учесници од околу 50 универзитети, на високо рамниште се разгледуваа сите клучни точки на македонистиката.

Почитувани,

Сосема е невозможно со достојна краткост да ги наведам сите значајни работи врзани за Семинарот, но она што може да говори е високото државно признание Орден за заслуги за Република Македонија, кое на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" му го додели претседателот на државата г. Бранко Црвенковски за организирањето на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура. На ова морам да го додадам и личното задоволство дека и на долгогодишните пријатели на Универзитетот и на Семинарот им беше укажано соодветно признание. Со медал за заслуги на РМ беа одликувани еминентните странски македонисти: академик Рина Усикова од Русија, академик Нуло Миниси од Италија, академик Влоѓимјеж Пјанка од Полска, академик Иван Доровски од Чешка, Хорас Лант од САД, проф. Горан Калоѓера од Хрватска и постхумно академик Франтишек Вацлав Мареш од Австрија. На уште шеесетина македонисти им беа доделени плакети и повелби на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Поради своите заслуги во областа на македонистиката дваесетина странски македонисти станаа членови на МАНУ и почесни доктори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

Заокружувајќи ја својата работа со одбележувањето на минатогодишниот 40 јубилеј, Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура во последната декада од полувековното работење, продолжува во духот на досегашната традиција. Да се продолжи со мисијата во создавањето на македонистичкиот подмладок, значи да им се упати голема благодарност на сите оние што придонесоа за непрекинатата работа на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура, пред сè на сите досегашни учесници, организаторите од нашиот Универзитет и други сродни институции.

Во оваа пригода дозволете да ја упатам благодарноста до сите оние кои материјално и финансиски го поддржаа годинешното издание на Семинарот, меѓу кои голема улога имаат спонзорите.

Почитувани семинаристи македонисти,

Ви посакувам успешна и плодотворна работа и пријатен престој во нашиот Охрид и во Македонија.

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА XLI МЕЃУНАРОДЕН СЕМИНАР ЗА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК, ЛИТЕРАТУРА И КУЛТУРА

XLI меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура се одржа од 11 до 28 август 2008 година во Охрид во просториите на Конгресниот центар на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ од Скопје.

На отворањето обраќање имаше ректорот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, проф. д-р Ѓорѓи Мартиновски. Присутните ги поздравија и Ивица Боцевски, потпретседател за евроинтеграции во Владата на Република Македонија, а од името на Одборот на Годината на македонскиот јазик се обрати Илија Велев, програмски координатор на активностите. Потоа Влоѓимјеж Пјанка го промовираше зборникот *„Компаративна фонологија и морфологија на македонскиот јазик“* од Ф. В. Мареш.

Отворањето беше збогатено со изложба на книги од најновата македонистичка издавачка продукција, со изданија што за учесниците на Семинарот ги подарија: Филолошкиот факултет „Блаже Конески“, Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Институтот за македонска литература, Институтот за фолклор „Марко Цепенков“, Институтот за национална историја, Филозофскиот факултет, Друштвото на писатели на Македонија и други.

Програмата на Меѓународниот семинарот беше реализирана во целост. На лингвистички теми се одржаа 8 предавања: Петар Хр. Илиевски, *Историска реалност и мотивирана интерпретација;* Зузана Тополињска, *Семантичка/граматичка категорија „дистанца“,* Влоѓимјеж Пјанка, *Пренесувањето на словенскиот антропономастички систем во несловенските системи и јазици*, Коста Пеев, *За некои граматички посебности на говорите во Долновардарско врз аспект на речничката граѓа*; Блаже Ристовски, *Димитрија Чуповски за македонскиот јазик;* Веселинка Лаброска, *Структурата на основната реченична конструкција во македонскиот стандарден јазик;* Снежана Велковска, *Лексичкиот фонд на македонскиот јазик на прагот на 21 век;* Симон Саздов, *Феминативите во македонскиот јазик.*

Беа одржани 6 предавања од областа на литературата: Георги Старделов, *Романите на Митко Мацунков;* Катица Ќулавкова, *Книжевната херменевтика на Георги Старделов;* Лорета Георгиевска-Јаковлева, *Драмата како интертекст;* Елизабета Шелева, *Што има ново во македонската литература;* Јелена Лужина, *Марин Држиќ во маке-*

*донскиот културен контекст;* Нина Анастасова-Шкрињариќ, *Митологеми и ритуалеми во македонскиот обреден фолклор.*

Едно предавање беше одржано по повод одбележување на значајна годишнина, Иван Доровски: *Судбината на децата од Егејска Македонија пред шеесет години.*

Од областа на историјата, културата, фолклорот и традицијата беа презентирани 7 предавања со следниве теми: Весна Петреска, *Социјални аспекти на сродничките односи кај Македонците: традиција и современост;* Симо Младеновски, *Афирмацијата на македонскиот национален идентитет меѓу двете светски војни;* Аница Георгиевска, *Македонските мозаици во антиката*; Ѓорѓи Младеновски, *Република Македонија: мозаик на култури или нов културен комплекс;* Љупчо Ристески, *Културната топографија на човечкото тело во народната култура на Македонија;* Томе Груевски, *Развој на македонскиот печат и новинарство;* Ирена Колиштрковска, *Праисториските дами од Македонија.*

На годинашнава летна школа на Меѓународниот семинар учествуваа 85 слушатели од 23 земји (Австралија, Албанија, Бугарија, Велика Британија, Германија, Данска, Италија, Јужна Кореја, Канада, Полска, Романија, Русија, САД, Словачка, Словенија, Србија, Турција, Украина, Унгарија, Франција, Хрватска, Чешка, Швајцарија). За одбележување е квалитетот на учесниците што се покажа преку нивната дисциплина и присутност во голем број на сите активности.

Главниот дел од наставата се одвиваше преку лекторските вежби. Семинаристите беа поделени во лекторски групи според три степени на познавање на јазикот. Лекторските групи за почетници ги водеа Роза Тасевска и Војкан Миленковиќ, за среден курс: Катерина Вељановска, Гордана Алексова, Лидија Танушевска и Марија Паунова. Напреднатиот курс за јазик го водеше Томислав Треневски, а напреднатиот курс за литература Весна Мојсова-Чепишевска.

Наставата беше збогатена и со изборни курсеви во траење од пет дена од: македонски јазик – зборообразување (Славица Велева); македонска средновековна литература (Илија Велев); старословенски јазик (Лилјана Макаријоска); етнологија на македонскиот народ (Љупчо Ристески); народни ора (Благоја Јованоски). Преведувачката работилница работеше во три групи: превод од македонски на англиски и обратно (А. Дучевска), од македонски на руски и обратно (Р. Тасевска) и од македонски на полски и обратно (Л. Танушевска).

На летната школа беше организирана средба со лекторите по македонски јазик што ги испраќа Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура на странските универзитетите во светот. На средбата тие дадоа информација за својата работа, кажаа каков е интересот за изучување на македонскиот јазик во центрите во коишто работат, какви нови содржини внесуваат во наставата, разменија искуства со колегите. Речиси сите лектори укажуваа на заеднички проблеми:

недостаток на литература во лекторатите, потреба од техничко-нагледни средства, финансиски проблеми, проблеми со сместувањето, соработка со дипломатско-конзуларните претставништва и сл.

Културната програма на годинешниов семинар беше особено високо оценета. Министерката за култура на Р. Македонија Елизабета Канчевска-Милеска на Семинарот ги промовираше првите 45 тома од македонската книжевност, а во организација со Друштвото на писателите на Македонија се одржа средба со петнаесетина македонски поети кои се претставија со литературно читање. Беше претставено творештвото на истакнатиот македонски драмски писател Горан Стефановски, преку разговор со Весна Мојсова-Чепишевска. За учесниците на Семинарот беа прикажани неколку филмови од македонската продукција, документарен филм за историјата на рок-музиката во Македонија. Учесниците на Семинарот присуствуваа на Поетската ноќ во Велестово.

Беа промовирани и неколку преводи од македонски автори: преводот на *Пиреј* од Петре М. Андреевски на руски (Олга Пањкина), преводите на дела од Оливера Николова, Цане Андреевски и Горан Стефановски на чешки (Иван, Дагмар и Ивана Доровски). Со овие преводи што ги прават долгогодишните учесници на Семинарот се потврдува мисијата што ја има оваа институција – претставување на македонската култура во светот.

Со културното богатство на Охрид учесниците на Семинарот се запознаа преку разгледување на градот, посета на црквата Св. Софија, куќата на Робевци, Античкиот театар, Галеријата на икони, Богородица Перивлептос, Плаошник, со предавања на Сашо Коруновски.

Беа организирани две еднодневни екскурзии, едната со брод во Св. Наум, со предавање за манастирот на Сашо Коруновски и една во Струга со посета на Етнолошкиот музеј и разгледување на градот и на манастирскиот комплекс Калишта. За учесниците на Семинарот и на Научната конференција беше организирано ноќно крстарење по Охридското Езеро.

Оваа година беше одржана XXXV научна конференција, на 25 и 26 август, активност што традиционално се одржува во рамките на летната школа. На отворањето на конференцијата беше промовиран зборник од Чешко-македонската конференција.

Работата на XXXV научна конференција се одвиваше во две секции. Лингвистичката секција работеше на три теми: 1. *Македонскиот глагол во балкански контекст*; 2. *Конгруенцијата во македонскиот јазик*; 3. *Спојност на текстот*. Координатор на лингвистичката секција беше Томислав Треневски. На оваа секција учествуваа 24 учесници, а од нив 11 од странство (4 од Русија, по 2 од Полска и од Албанија и 1 од Чешка) и 13 од Македонија. Литературната секција работеше на две теми: 1. *Кочо Рацин како поет и публицист*; 2. *Македонската книжевност наспрема другите светски книжевности*.

Координатор на литературната секција беше Јасна Котеска. На оваа секција учествуваа 22 учесници, а од нив 9 од странство (1 од Бугарија, 1 од Хрватска, 1 од Полска, 2 од Русија, 1 од Словенија, 3 од Чешка) и 13 од Македонија.

Издавачката дејност на Семинарот годинава беше збогатена со 6 изданија: 1. *Зборникот предавања од XL меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура; 2. XXXIV научна конференција – лингвистика; 3. XXXIV научна конференција – литература; 4.* Ф. В. Мареш, *Компаративна фонологија и морфологија на македонскиот јазик; 5.* И. Доровски, Е. Црвенковска, *Лексикон на странски македонисти; 6. Библиографија, Научна конференција на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура (1987-2007).* Дел од изданијата се достапни во електронска форма на веб-страницата на Семинарот.

На Семинарот беше претставен Центарот за тестирање и сертифицирање на македонскиот јазик како странски/втор (Татјана Гочкова-Стојановска) што, како резултат на ТЕМПУС проект, почна да работи на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје. Беше спроведено и тестирање на дел од учесниците на Семинарот.

Информација за Семинарот беше објавена на веб-страницата на Британската асоцијација на слависти (http://www.basees.org.uk).

На крајот беше спроведена анонимна анкета во која слушателите даваа мислења, сугестии, пофалби и критики. Најбројни беа пофалбите. Сугестиите што ги искажаа слушателите ќе бидат земени предвид при организирањето на следниот семинар.

За организацијата на Семинарот во текот на целата година се грижеше секретарката Благица Велјановска, а Ректоратот даде добра логистичка поддршка во луѓе и во опрема. Со просторот што го нуди Конгресниот центар на УКИМ значително се подобрија условите за организирање на Семинарот.

Во однос на финансирањето Семинарот повторно се соочува со проблеми. Надлежните министерства не покажуваат доволно разбирање за важноста на оваа манифестација, исклучително важна за афирмација на Македонија низ целиот свет. За одбележување е што големо разбирање покажаа некои стопанственици и обезбедија значителна финансиска поддршка преку спонзорства, со што беа збогатени програмските содржини на Семинарот. Во оваа пригода изразуваме голема благодарност до ИК банка, Комерцијална банка и Заводот за испитување на материјали и развој на нови технологии од Скопје, што овозможија реализирање на дел од содржините на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура.

**проф. д-р Емилија Црвенковска**
**Директор на меѓународниот**
**семинар за македонски јазик,**
**литература и култура**

# ПОВОДИ

Иван Доровски

# СУДБИНАТА НА ДЕЦАТА ОД ЕГЕЈСКА МАКЕДОНИЈА ПРЕД ШЕЕСЕТ ГОДИНИ

Драги пријатели и колеги,

Убеден сум дека преку македонскиот и странскиот дневен и периодичен печат и преку радиото и телевизијата ја следите дневнополитичката положба во Македонија и на Балканот. Знаете дека пред еден месец се одржа во Скопје и на некои други места спомен - прослава на шеесетгодишнината од евакуацијата на македонски и грчки деца од Грција во пролетните месеци април и мај 1948 година.

Дозволете ми во почетокот на своето излагање да кажам неколку зборови за ситуацијата во Грција во првите повоени години.

За повоениот внатрешнополитички развој во Грција постои доста бројна стручна, публицистичка и чисто пропагандистичка литература пишувана на грчки, англиски, германски, руски, македонски, чешки, полски и на други јазици. За жал, нема да имаме време подробно да анализираме и да оцениме некои трудови.

Веднаш на почетокот на нашето предавање мораме да ја отфрлиме тезата на американските и на некои други историчари за три т.н. рунди на развојот на сложената грчка внатрешнополитичка положба, пред сè на вооружените конфликти. Според тврдењето на некои од нив првата рунда траеше од есента 1943 година до февруари 1944 година, втората рунда од почетокот на декември 1944 г. до јануари 1945 година и третата рунда, која траеше најдолго време, тоа наводно биле годините на Граѓанската војна од пролетта 1946 до август 1949 година.

Мислам дека авторите на погорното тврдење воопшто не земаат предвид дека од 1940 до 1945 година во Грција се развила масовна народноослободителна војна против германските, италијанските и бугарските фашистички окупанти. Тоа биле години на општонародна борба во која учествувале луѓе со разна идејна и политичка ориентација и припадници на национални малцинства и етнички групи. Притоа објективно мораме да кажеме дека припадниците на македонското национално малцинство во Грција учествуваа во таа борба најмасовно.

Темата е актуелна и денес, меѓу другото, и за тоа што на припадниците од македонска националност од грчкиот дел на Македонија, т. е. од Егејска Македонија, грчките власти не им го признаваат правото слободно да ја посетат земјата во која се родија и на многу десетици од нив

не им бил досега вратен ниту конфискуваниот имот, ниту одземеното државјанство. Сè уште важат два дискриминаторски закони од 1982 и 1985 година.

Во моето излагање би сакал објективно да го оценам бегството, бегалството на децата (нели се зборува за децата-бегалци, иако многу од нив не го прифаќаат тој термин) од Грција пролетта 1948 и во 1949 година и нивната евакуација во тогашните народно-демократски земји: во Југославија, Бугарија, Романија, Унгарија, Полска, Чехословачка и Советски Сојуз и да го изложам нивниот живот во тие земји во изминатите шеесет години. Сакам да забележам дека во ова мое излагање нема да можам да ја анализирам, класификувам и квалификувам сета грчка и македонска етничка група во т.н. источноевропски земји и во тогашниот СССР.

Ќе се потрудам да одговорам на едно од кардиналните прашања: дали заминувањето на децата беше **грабеж, егзодус** или **евакуација** и **спас.** Притоа сум свесен дека пред сè македонската публицистика употребува многу други квалификативи, на пример дека станува збор за геноцид, за егзодус итн. Јас тие термини не ги прифаќам и не ги употребувам во случајот на децата-бегалци од егејскиот дел на Македонија.

Јас тука ќе се обидам да дадам одговор на прашањата: дали децата (и возрасните) избегаа, дали беа одведени преку граница, дали беа евакуирани од хумани причини, или пак протерани, дали тие беа префрлени во тогашните народни републики за да се спасат од бомбардирањата, и на крајот дали сето тоа не беше однапред добро промислена акција за етничко чистење на таа територија на која живееше пред сè македонско население. Сите наведени гледишта сè до денес се појавуваат во стручни, публицистички и уметнички текстови што докажува дека темата и по шест десетлетија е уште актуелна.

Притоа јас не ги прифаќам, ги отфрлам и сите тенденциозни, неисториски, лажни, ненаучни, псевдонаучни, политички и шовинистички, често дилетантски термини, што ги употребува пред сè грчката историографија и публицистика.

Да наведеме дека според *Општата декларација за човекови права на ООН* од 1948 година, *секој има право да напушти која било земја и својата татковина, да се врати во неа како што исто така има право, ако е прогонуван, да побара прибежиште во други земји и да користи (да ужива) азил.*

Прашањата директно или индиректно поврзани со Граѓанската војна во Грција 1946-1949 година беа од самиот почеток противречно оценувани и беа политизирани. Едни тврдат дека партизанските единици, подоцна Демократската армија на Грција, сакала да воведе во Грција комунистичка диктатура, други велат дека станувало збор за општонародно движење со цел да се ослободи земјата и да биде независна, демократска и социјално праведна држава.

Во една таква Грција требало да добие опширна автономија и бројното македонско национално малцинство, чии припадници зедоа нејмасовно учество во Граѓанската војна. Едно е неспорно – дека без мобилизација на македонските млади луѓе и на сите цивили, што ја организираше Народноослободителниот фронт (НОФ) и Антифашистичкиот фронт на жените (АФЖ), не би можел да биде организиран никаков отпор против владината војска. Трудољубивите, мирни, сиромашни, љубезни македонски селани истоштени од теророт и од тешкиот труд покажаа беспримерно херојство и невидена пожртвуваност, бидејќи сакаа да бидат слободни и национално независни.

Едно е, за жал, неспорно – дека организаторите на вооружени акции против грчкиот монархистички режим, т.е. Комунистичката партија и Народноослободителниот фронт на Македонците од Егејска Македонија, се чини, не знаеле ништо за процентуалното делење на интересни сфери на Балканот, за што се договориле во Кремљ на 9 октомври 1944 Винстон Черчил (W. Churchill) и Јосиф Висарионович Сталин. Како што пишува Михаел В. Вајтман (M. W. Weithmann) во својата книга *Балканот: две илјади години помеѓу Исток и Запад* (во превод на чешки, Прага 1996), Черчил му рекол на Сталин: *Дајте да се договориме за балканските работи. Вашите воени единици се наоѓаат во Романија и во Бугарија. Ние имаме свои интереси, мисии и агенти. Да не дозволиме нашите патишта да се скрстат заради дребнавости. Што се однесува до Велика Британија и Русија, како би ви одговарало вие да имате деведесетпостотна надмоќ во Романија и ние деведесет проценти да речеме во Грција, а Југославија да ја разделиме на половина? Додека овие мои зборови се преведуваа, напишав на едно парче хартија:* ***Романија*** *– Русија 90%, другите 10%,* ***Грција*** *– Велика Британија 90% (по договор со САД), Русија 10%,* ***Бугарија*** *– Русија 75%, другите 25%,* ***Унгарија*** *50/50%,* ***Југославија*** *50/50%. Му го подадов ливчето на Сталин, кој меѓутоа го слушна преводот. Настапи кратка пауза. Потоа Сталин зеде син молив, направил на ливчето голем „чибук“ и ми го врати. Сè беше решено уште пред да стигне човек да седне на преговарачка маса (стр. 336).*

За да ја разбереме уште подобро ситуацијата, ќе наведеме дека на Демократската армија на Грција и на т.н. Привремена влада на слободна Грција главна материјална помош им даваше Советскиот Сојуз преку Албанија, Бугарија и Федеративна Народна Република Југославија. Притоа почнувајќи од 1946 година сè до јуни 1948 година, кога беа прекинати сите врски со Советскиот Сојуз и народните републики, најсестрана помош им даваше на партизанските единици токму Југославија: оружје, храна, воена опрема и др. Југословенската влада дозволи, на пример, да се создаде т.н. грчка република во селото Булкес, што се наоѓа во Војводина, да емитува од Белград радиостаницата Слободна Грција и др. Објективен поглед на таа проблематика дава, меѓу другото,

студијата на Милан Ристовиќ, *Jugoslavija i građanski rat u Grčkoj* (1945-1950). In: Balkan posle drugog svetskog rata. Zbornik radova sa naučnog skupa, Institut za savremenu istoriju, Beograd 1996, s. 71-85. Не е верно, како што тврдат некои историчари, на пример Павел Храдечни (Pavel Hradečný), дека една од важните причини за тензиите помеѓу Советскиот Сојуз и Југославија беше имено поддршката на партизанските акции во Грција.

Обратно: некои права што ги стекна македонското национално малцинство во Грција, на пример за прв пат во историјата беа организирани курсеви за учители на основни училишта во кои децата го учеа македонскиот јазик, се издаваа весници, луѓето можеа слободно да зборуваат македонски итн. Сето тоа можело да биде за југословенското федеративно раководство и за самиот Јосип Броз - Тито решавачко, бидејќи сето тоа водеше кон заклучок дека припадниците на македонското национално малцинство можат да добијат рамноправност и евентуална автономија во рамките на една идна грчка демократска држава. За присоединувањето на Егејска Македонија кон Народна Република Македонија, која беше составен дел од југословенската федерација, можело да се мисли во некоја форма на идна балканска федерација или конфедерација.

Да видиме сега подолу како беше организирана евакуацијата (јас тоа означување го прифаќам како најадекватно и најточно), поаѓањето, *„киднапирањето“* на децата од Грција. Таа претставуваше до извесен степен противтежа на една слична акција, наречена *педомазома* (собирање, одземање на деца), организирана од кралицата Фридерики. Собирањето на децата започнало во јули 1947 година, масовно пак во март 1948 година, значи истовремено со евакуацијата на децата што ја организираше Привремената демократска влада на Грција. Исто така од грчките власти наречена *педомазома*. Монархофашистичките власти ги собирале децата од селата што се наоѓаа на линијата на воените акции, а тоа беа пред се селата од костурската, леринската и воденската област. Децата ги префрлуваа во јужните области на Грција, главно во Атина и во нејзината близина, на Лерос, во Кифисија и Солун, каде за време на Граѓанската војна немаше никакви бојни акции. Затоа не можам да се согласам со тврдењата на некои грчки автори (на пример на Лисимахос Пападопулос) дека Граѓанската војна ја *опфатила целата земја.* Принудното иселување на жителите од македонска националност продолжи и во 1949 година.

Кон крајот на 1947 и во почетокот на следната година Привремената демократска влада се обрати до владите на тогашните народно-демократски земји и побара хуманитарна помош која се состоеше во тоа да примаат деца од селата што биле привремено слободни, но во нивната близина се водеа ожесточени борби меѓу партизанските единици и владината војска. Фронтот и стратешките места се наоѓале на планините Вич и Грамос, т. е. на територијата населена претежно од македонско и влашко население.

Евакуацијата на деца од шест месеци до 17 години (официјално до 15 години) била организирана претежно или пред сѐ од селата во леринска, костурска, воденска, гуменџиска и еницевардарска околија. Тоа беа села со македонско население, само во некои од нив имаше неколку мешани грчко-македонски или македонско-влашки семејства. Тоа беа следните села (во заграда го наведувам топонимот на грчки): Турје (грчки Koryfy), Орово (Pixos), Шештеово (Siderochory), Псодери (Pisoderion), Герман (Agios Germanos), Штрково (Platy), Медово (Milion, Miliona), Горна Статица (Ano Melas), Бесфина (Sfika), Трново (Angathotó), Дробитишта/Дроботишта (Daseri, било уништено за време на Граѓанската војна и денес не е населено), Буковик (Oxia), Рудари, (Kalithea), Брезница (Vatochórion), Пъпли/Попли (Levkón), Лък/Lъкни, Лок (Mikrolimni), Дреново (Kraniá), Нивици (Psarades), Лаген/Лагени, Лагино (Triandafylléa), Черновишта/Чарновишта/Чърновишта (Mavrókampos), потоа моето родно село Чука, кое исто беше уништено и денес е пусто, бес население (по 1956 година било преименувано на Archangelos), соседните села Граче (Fteliá, Pteliá, Pteléa), Драничово/Дреничево (Kranochori), Стенско (Stená) и десетици други села.

Во 1948-1950 г. биле евакуирани или емигрираа повеќе од 100000 деца и возрасни граѓани од Грција. Евакуацијата на децата од Грција започна на 4 март 1948 г. Организирани групи деца од Егејска Македонија и Тракија предводени од т.н. мајки ја преминуваа во март и април 1948 година границата со Албанија, Југославија (всушност границата на Народна Република Македонија) и со Бугарија. Потоа оттаму продолжија со воз (повеќето од нив за прв пат во животот, но во товарни вагони за превоз на добиток) за Унгарија, Романија, Чехословачка и Полска.

Во наведените држави децата ги прифатија и им дадоа прва хуманитарна помош органите на Црвениот крст и органите на власта. Но Црвениот крст ни оддалеку не можел да ги покрие сите трошоци. Затоа доброволна материјална и финансиска помош дадоа десетици претпријатија, основни и средни училишта, организации на синдикатите, на младешките и женските сојузи и друштва, културни и државни институции и многу стотини поединци.

Според некои извори, во текот на април и мај 1948 година биле евакуирани претежно од Егејска Македонија и Тракија во Чехословачка 2490 деца, во Унгарија 2254, во Романија 3300 деца. Околу 12000 деца биле сместени на разни места во Македонија, Србија и Словенија. Во почетокот на јуни 1948 година имало во Чехословачка вкупно 2513 деца од Грција. Други извори пишуваат дека во 1950 година имало во Чехословачка 11941 Македонци, од кои 4148 деца.

Во првите документи сите деца и возрасни што биле евакуирани од Грција биле означени како Грци, како грчки деца, подоцна како грчка емиграција, грчка политичка емиграција итн. Иако втора најбројна етничка група беше македонската. Подоцна во повеќето земји (Полска,

Чехословачка, Романија) грчките партиски органи и соодветните органи во наведените земји пристапија кон диференцијација според националноста и во сите државни и партиски документи се пишуваше за Грци и Македонци, за Грчиња и Македончиња итн.

Објективно мораме да кажеме дека многу припадници од македонска националност немале тогаш доволно развиена национална свест и просто се нарекуваа Грци или граѓани од Грција.

Почнувајќи од есента 1949 година, кога беше официјално соопштено дека *единиците на Грчката демократска армија привремено отстапија,* и во 1950 година биле евакуирани од Албанија и Бугарија во Чехословачка и Унгарија повеќе од десет илјади деца и возрасни бегалци. Во следните две години беа евакуирани исто така деца и возрасни од Југославија, поточно, од војводинското село Булкес.

Децата биле прифатени, избањани, исчистени од вошки, преоблечени и медицински прегледани. Некои деца беа болни од црна кашлица, заушки, тиф, туберкулоза и некои други заразни болести.

*Тие деца*, се пишува во еден извештај на чехословачкото Министерство за труд и социјална грижа, *пристигнаа во многу жалосна здравствена положба, беа слаби, валкани, немиени, неисхранети и психички нарушени. Повеќе од седумдесет и пет отсто од нив биле неграмотни.*

Во народните републики и во Советскиот Сојуз беа македонските и грчките дечиња (подоцна и возрасните емигранти, т. е. партизаните) сместени во десетици детски домови, рекреативни центри, бањски хотели, замоци, манастири и други згради. Во детските домови владееше строга воена дисциплина со строг дневен режим. Најмногу им недостасуваше на децата мајчиниот збор и мајчиното галење. Од тоа најмногу страдаа.

Некаде напролет 1949 година грчко-македонското раководство заедно со соодветните органи од дадените земји започнале да размислуваат за делењето на децата по домовите според нивната националност: одделно Македончињата, одделно Грчињата.

Но до потполна реализација на тие замисли не дојде.

Во детските домови беа основани детски градинки и децата беа разделени во одделни класови. Во прво и второ одделение на основното училиште учеа *само грчки и македонски учители,* почнувајќи од трето одделение чешки учители. *Во повисоките одделенија учеа грчките и македонските учители грчки и македонски јазик, историја и географија на Грција.*

Престојот на децата-бегалци во тогашните народни републики и во СССР би можеле да го разделиме на неколку етапи. **Првата етапа** претставува подготовка, доаѓање, примање и сместување на македонските и грчките деца во прифатилиштата и прва нивна евиденција. Таа не била точна и потполна, бидејќи децата не носеа со себе неопходни до-

кументи, на пр. извод од матичната книга на родените, крштелно свидетелство, податоци за родителите и др.

**Втората етапа**, која траеше од септември 1948 година до септември 1950 година, се надоврзуваше на првата етапа. Во тие години децата биле дефинитивно разместени по одделните *домови на грчките деца* (така биле официјално означени). Во сите домови бил воведен дневен режим. Започна редовна обука по грчки и македонски јазик, музичко воспитување, историја и географија на Грција. Во текот на оваа етапа децата што наполнија петнаесет години и ги совладаа основите на дадениот јазик (чешки, унгарски, романски, полски, руски), беа вклучени во соодветните основни и средни училишта. Децата над петнаесет години започнаа да учат занает или започнаа да работат. Во Чехословачка, на пример, преминаа на работа во текстилната индустрија (претежно девојчињата), во индустриски и градежни претпријатија и во други индустриски заводи.

**I.**

Сега ќе кажам накратко за возрасните емигранти од Грција. Албанските власти во август 1949 година му соопштија на грчкото раководство од Привремената демократска влада дека сите емигранти од Грција што се наоѓаат во Албанија мораат што поскоро да ја напуштат. За повеќе од десет илјади деца, возрасни, стари и болни мажи и жени тоа значеше вистинска калварија. Седум транспорти биле назначени за Чехословачка, други два транспорта за Унгарија и неколку транспорти за Советскиот Сојуз. Во албанското пристаниште Драч бегалците тајно во ноќта ги качија во полски трговски бродови. И тоа во најниските потпалубни простори за да не можат граничните и царинските органи да ги откријат. Потоа цели дванаесет дена пливаа преку Гибралтар и по Атлантскиот Океан до полското пристаниште Гдиње. Таму ги презедоа работници од Чехословачкиот и Унгарскиот црвен крст, ги одвезоа во своите земји и ги разместија во разни домови и прифатилишта. Унгарските органи, на пример, ги одвезоа во Будимпешта и оттаму ги распределија по разни места. Најмногу имаше во селото Иванча (по стрелањето на Никос Белојанис селото го носеше и до денес го носи неговото име). Сите или повеќето биле Македонци и Власи од селата Чука, Драничово, Граче, Јановене, Пилкати и др.

Од почетокот на 1950 година бегалците (емигрантите) започнаа да се вработуваат, пред се во градежништвото, во металските и текстилните заводи, во земјоделството и шумарството. Но се среќаваа со многу тешкотии, работодавачите не сакале да ги примаат на работа, бидејќи не можеле со нив да се договораат.

## Политички и национални консеквенции

Возрасните и децата од македонската националност беа во центарот на вниманието на раководните органи на КПГ. Од една страна грчките комунисти ги поддржуваа Македонците, од друга страна наводно се плашеле од нив, повикуваа на будност пред секакви појави на национализам и шовинизам. Пред сè стравуваа од тие бегалци што дојдоа од југословенското (војводинското) село Булкес.

Според извештајот на ЦК на Чехословачката комунистичка партија кон крајот на 1951 година имаше во Чехословачка вкупно 12415 емигранти од Грција, т. е. Грци и Македонци, деца и возрасни. Од нив една третина биле Македонци.

Децата ги воспитуваа во детски градинки, и ги обучуваа во основни и средни училишта освен грчки и македонски учители и педагошки работници од соодветната земја во која се наоѓаа. Освен грчкиот и македонскиот јазик децата го учеа и јазикот на земјата во која се наоѓаа. Полесно им било на тие македонски деца што учеа словенски јазик (чешки, словачки, српски, хрватски, полски, руски), потешко на грчките и македонските децата (и возрасните) во Унгарија и Романија.

Во средните училишта Грчињата и Македончињата учеа заедно со децата *домаќини*. Тие деца коишто успешно положија испити, продолжија да учат во гимназии. По апсолвирањето на гимназија имаа можност да студираат на разни универзитети.

Грчко-македонското раководство издаваше во одделните народни републики весници: во некои од нив излегуваа само на грчки јазик. Во Унгарија, на пример, излегуваше весник *Лаикос агонас* (Народна борба), во Романија *Неа зои* (Нов живот), во Полска *Димократис* (Демократ), во советскиот Ташкент весник *Прос ти ники* (Кон победа), подоцна *Неос дромос* (Нов пат). Во Чехословачка двапати неделно излегуваше весникот *Агонистис-Борец* во тираж од три илјади примероци.

Во април 1952 година на конференција на Славомакедонците која се одржа во Полска беше распуштен НОФ и беше основана нова организација *Илинден.* Тоа беше нова атака на грчките комунисти против Македонците поврзана со атаките против Титова Југославија како против непријателска земја. НОФ се сметаше за плод на Тито. Грчките комунисти коишто во 1949 година им ветуваа на Македонците право на отцепување и создавање самостојна држава, сега започнаа да се плашат од Македонците. Во апелот на *Илинден* до *егејските Македонци* меѓу другото се зборува за *создавање на независна македонска држава во татковината на нивните предци, т. е. на дел од територијата на Бугарија, Југославија и Грција.* Но веќе уште во почетокот на 1953 година грчките комунисти решија да ја распуштат и организацијата *Илинден.*

Да се вратиме кон прашањето дали евакуацијата на децата-бегалци беше грабеж, егзодус или просто евакуација за да се спасат од бомбардирањата. Мислењата на децата (денес пензионери или пред пензија) се различни. Јас реализирав една *мини-анкета*. Од одговорите заклучив дека не сите деца ги напуштија своите домови доброволно. Затоа позитивно ја оценуваат резолуцијата на меѓународните организации за обединување на семејствата.

Да заклучам: според мене поаѓањето на децата од Грција била добро или не многу добро организирана **евакуација на децата** за да се спасат. Консеквенциите од таа евакуација се, без сомневање, позитивни. Метафорички речено тие избегаа од адот во рајот.

Децата и возрасните биле во тогашните народни републики примени со љубов, властите и обичните луѓе се однесуваа кон нив културно, пристојно, децата можеа да комуницираат на свој мајчин јазик и на јазикот на земјата што ги прими, изучија занает, станаа квалификувани бравари, електричари, техничари, стругари, апсолвираа високи училишта и станаа инженери, професори, лекари, литературни историчари, ликовни уметници и др. Децата се вклучија во сите сфери на општествениот живот.

Во земјите во коишто живеат, најдоа постојано живеалиште и добија државјанство, основаа семејства. Во словенската (чешката, полската, словачката, руската) и несловенската (унгарска, романската, узбекистанската) средина внесоа доста нови елементи што во дадената земја и во соодветната култура дотогаш не биле познати, на пример некои свадбени обичаи, празници, народни ора, некои оригинални мелодии на народни песни, некое овошје и зеленчук (домати, пиперки, лубеници, дињи, леблебии и др.).

Нивните деца и внуци коишто се родија во *втората татковина* на нивните родители претставуваат веќе трета и четврта генерација.

Во изминатите децении често се прашував самиот себеси: **дали не е во ова столетие на егзил, емиграција, бегства и бегалства носталгијата, тагата за родниот дом, од којшто беше човекот прогонет или недоброволно од разни политички и економски причини побегнат, една голема метафора на нашето време?**

## II.

Сега накратко за егејската тема во македонската уметничка литература, во ликовната уметност, театарот и кинематографијата. Во литературната наука и во публицистиката сѐ почесто за таа тема се пишува и се зборува. Изгледа дека е потребно да се оценат пред сѐ уметничките дела создадени од припадници по потекло од Егејска Македонија и дела што се тематски поврзани со постарата и најновата историја на Македонија.

Ознаката Егејци, егејски имаше во Македонија честопати негативна конотација и ги ставаше македонските бегалци од грчкиот дел на Македонија на исто ниво, на пример, со Циганите, Албанците или Власите. Припадниците од грчкиот дел на Македонија ја прифатија оваа стигма како ознака за идентификација и како издвојување од другите Македонци во Република Македонија и другаде во светот.

На Балканот имаме три слични феномени: во грчката литература т.н. малоазиска катастрофа во литературата, во бугарската литература е темата поврзана со Септемвриското востание и е од литературната наука означена како септемвриска литература. Егејската тема во македонската литература е специфична, меѓу другото, затоа што по Балканските војни (1912-1913) и потоа во повоените речиси педесет години од 20 век како во Вардарска и Пиринска, така и во Егејска Македонија населението национално и социјално се развиваше во рамките на српската (подоцна на југословенската федерација), бугарската или грчката држава. Затоа, според мое мислење, треба т.н. егејска тема да се третира како општонародна, историска, судбинска, етичка незатворена рана. Нејзиното уметничко изобразување би требало да демистифицира најразлични појави, настани, личности, грешки, фикции и датуми.

Појавата на македонски литературни, филмски и ликовни творци од Егејска Македонија е специфична со тоа што авторите се сосредоточија и се ориентираат пред сè уметнички да го прикажат националниот и општествениот развиток во тој дел од Македонија во 20 век, посебно текот и последиците од Граѓанската војна во Грција, да укажат на трагедијата на македонското национално малцинство и на организираната евакуација на многу илјади деца и возрасни граѓани во тогашните народни републики и во Советскиот Сојуз, за што стана веќе збор погоре.

Има неколку десетици литературни, ликовни и филмски творци коишто во своите дела ја опишаа историјата во последните педесет години. Јас, се разбира, ќе наведам само неколку автори и нивни дела од областа на литературата. Не сум компетентен да се изразувам за филмски или ликовни дела.

Во македонската литература од 20 век егејската тема уметнички ја обработувале пред сè автори по потекло од Егејска Македонија: прв е дводомниот македонско-американски автор на прозни дела Стојан Христов (18. 8. 1898 во Кономлади – 1996 г. умре во САД). Но за него нема поподробно да зборувам. Потоа следат: авторот на низа прозни дела Ташко Георгиевски (роден 1935), историчарот и преведувач Петре Наковски (роден 1935), поетот и прозаист Иван Чаповски (роден 1926), прозаистот Петар Ширилов (1933-1988), поетот Коле Мангов (роден 1940), прозаистот и етнограф Петре Бицевски (роден 1939), поетот Ристо Јачев (роден 1942) и авторката на проза Кица Барџиева-Колбе. Поетите Динко Козинаков (роден 1928), Трајко Дурчовски (роден 1943)

и авторот на мемоари Коста Шкоклев (роден 1943) живееја неколку години во Чехословачка, сега живеат во Македонија.

Неколку автори коишто пишуваат за егејската тема живеат надвор од Република Македонија: Петрос Воцис (роден 1943) живее во Грција и пишува на грчки јазик, тродомниот македонско-канадско-бугарски поет и собирач на народни умотворби Христофор Ѕавелла (роден 1934) живее денес во Бугарија и пишува на бугарски јазик, Никифор Робовски (1933-2003), Пандо Колевски (роден 1937) и мојата маленкост живеат во Чешката Република.

Наведените автори во своите прози и поетски творби најчесто или исклучително се враќаат во своите родни села, во местата на своите татковци, дедовци и прадедовци, често ги обработуваат нивните спомени и животни судбини, пишуваат големи поеми на историски теми и др. Овие навраќања, желби за враќање, враќање во сонот станаа непресушен извор на инспирација.

# ЈАЗИК

Петар Хр. Илиевски

# ИСТОРИСКА РЕАЛНОСТ И МОТИВИРАНА ИНТЕРПРЕТАЦИЈА

по прашања за појавата и развојот на словенската писменост

*Содржина:* 1. Увод. Актуелност на проблематиката. - 2. Утврдување на историската реалност преку критично користење на изворите и оценување на нивната веродостојност. - 3. Општ поглед врз изворите за словенските првоучители и некои од нивните ученици. - 4. Интерпретација на историски факти, мотивирана од околностите на времето кога биле пишувани спомениците; со посебен осврт кон кратките житија на Солунските браќа (а. *УК* и б. *СЛ)* и в. на св. Климент од Хоматијан. - 5. Авторски интерполации во житијата на слов. првоучители и на нивните ученици - *6.* Аналогии со современи интерпретации на историски споменици и настани во врска со појавата на првата словенска писменост од аспект на лични интенции, или општествени ефемерни трендови. - 7. Основни научни методолошки принципи при интерпретацијата на историски писмени споменици.

**1.** Прашањата во врска со појавата и развојот на словенската писменост се стари речиси колку и самата нивна појава. Тие се, всушност, причина за создавањето и на *славистиката* како научна дисциплина почнувајќи од истражувачките трудови на Ј. Добровски (крај на XVIII и почеток на XIX век). Во текот на последните два века акумулиран е огромен фонд на историски, палеографски и лингвистички податоци за оваа проблематика од времето кога живееле и работеле сесловенските првоучители, св. Кирил и Методиј и нивните ученици, па до денес. Секој, дури и маргинален податок од оваа област бил подложен на највнимателна анализа. Многу факти одамна со сигурност се установени и во науката општоприфатени.

Но, при сè што оваа материја е толку долго подробно истражувана, таа не престанала да биде актуелна до денес. Сè уште има и спорни прашања, главно поради малиот број автентични историски извори и извесни разлики во нивната содржина, како и во различниот приод на нивната интерпретација. Кај нас, меѓутоа, во последно време се појавија недоразбирања и контроверзии, предизвикани не само од тие разлики туку и од намерни преосмислувања, а со цел да се поткрепат некои туѓи, често наметнати тенденции.

**2.** Имав среќа уште како ученик и студент да ми предаваат професори (како О. Кипријан Керн, Јордан Иванов, Иван Дујчев, Иван Снегаров, Михаил Петрушевски, Џон Чедвик, Милан Будимир) кои од самиот почеток ме упатуваа ad fontes. Но најмногу на тоа инсистираше мојот професор по историја Иван Снегаров, човек со широки и темелни познавања од повеќе научни области. На секој одговор од студентите тој обично повторно потпрашуваше: „Од каде го знаеш тоа?“ Ако му се споменеше некоја книга, ќе го проширеше прашањето, „а од каде го знаел тоа авторот на таа книга?“ и ќе дојдеше до изворите што се најблизу по време до настаните за кои станува збор. При тоа инсистираше добро да се провери веродостојноста на нивните искази: дали се тие *сигурни, веројатни, возможни,* или *несигурни*. Не се задоволуваше со податоци само од еден извор, туку бараше да биде тоа поткрепено и од други сознанија.

Отпосле можев да се уверам дека таков критички однос кон изворите имале и антички автори, како на пр. старогрчкиот историчар Тукидид, римскиот беседник Кикерон (Цицерон) и др. Тоа е, всушност, основниот методолошки принцип во сите научни дисциплини, а особено во историските и компаративистичките. Главна цел на секој истражувач е да ја открива чистата вистина и да ја издвојува од подоцнежни субјективни и тенденциозни наслојки во неа. Затоа неопходно е да се проверува секој податок од каков извор доаѓа, подлагајќи го и самиот извор на ригорозна критичка преоценка низ призмата на следниве неколку прашања: од кое *време* потекнува изворот, *каде бил напишан, од какви мотиви* се раководел неговиот автор и *какви цели* сакал да постигне со тоа. Правилниот одговор на овие и други слични прашања е гаранција за поточното установување на историската реалност и нејзината дистинкција од разни подоцнежни додатоци и/или промени[1].

Меѓутоа, некои современи автори, кога зборуваат или пишуваат за сесловенските просветители и нивните ученици и денес, не прават речиси никаква разлика меѓу изворите, како да се сите тие со иста веродостојност, независно од кое време потекнуваат и со каква намена биле напишани. Лесно и некритички прифаќаат сè што содржат „изворите“ само ако се вклопува во концепцијата од која тргнуваат, а сè друго игнорираат. Таквиот начин на користење податоци бил просто жигосан уште во антиката од некои класичногрчки и римски автори. Оние многубројни, знајни и незнајни автори што предавале како вистина сè што ќе чујат или сакаат да чујат, старите ги нарекувале *митографи, логографи,* не *историчари.*

[1] Сличен филолошки приод бара и интерпретацијата на одделни термини, *кога, во кој јазик, со какво значење и во каков контекст* бил прво употребен зборот и *какви семантички промени настанале потоа.*

Изборот на темата за оваа расправа е побуден имено од такви митографи кои „откриваат“ македонска писменост, постара не само од Кирилометодиевиот период туку дури и од египетските хиероглифи и вавилонските клинописи. Тоа пак, придонесува да се шири еден потценувачки однос кон првите сесловенски просветители. Наспроти признанијата што им беа дадени кон крајот на минатиот век (1985) од Ватикан, кога св. Кирил и Методиј беа прогласени за покровители на Европа заедно со св. Бенедикт Нурсиски, во последно време сè повеќе се пропагира еден омаловажувачки став кон нив. Ваквите скептички идеи потекнаа од некои западни автори, а често се прифаќани од наши културни работници и аматери, поттикнати и од други побуди.

Пред десетина години американскиот професор Хенри Купер (Henry Cooper) изложи една хипотеза, а пред извесно време ја повтори во својата монографија *(The Slavic Scriptures,* Madison 2003), дека Солунските браќа не го превеле на словенски *Псалтирот, Евангелието* и *Апостолот,* како што стои во нивните житија, туку дека преводот го извршиле ирско-шкотски или франкски мисионери, а Браќата го прифатиле и го запишале[2]. Купер, сепак им признава на Браќата заслуга што го запишале преводот со својата глаголица.

Ланската (2007) година, меѓутоа, кај нас излезе од печат една компилација врз основа на западноевропски антедатирани легенди, под наслов *Заборавениот Кадмо.* Во неа на св. Кирил, претставен како „византиски агент“, му се оспорува дури и авторството на глаголицата. Неа, според еден западен автор, со псевдоним Maurus Hrabanus од VIII/IX век, божем ја измислил некој Скит (т.е. Словен) Aithicus Ister, теолог и филозоф од IV век, прогласен за инвентор на протоглаголицата. Се прави обид со псевдоетимологии Maurus Hrabanus да се претстави за Црноризец Храбар, а Aithicus Ister – за „еретикот Методиј“. Треба да се забележи дека слични обиди за такви измислени трансформации има во текстот и на некои средновековни споменици што се вбројуваат меѓу историските извори за Кирилометодиевиот период.

**3.** Досега се познати околу 200 споменици како историски извори за оваа проблематика[3], но сите тие не се со ист степен на веродостојност. Во најголем дел изворите за словенските првоучители се хагиографска литература, каде што историските факти се често стереотипно

---

[2] Сп. П. Илиевски, „Првиот словенски и современиот македонски превод на *Евангелието“, Macedonian Studies, Working Papers in Slavic Studies,* Vol. IV, The Ohio State University, Columbus, Ohio, 2004, 207-227.

[3] Доскоро, сп. Б. Мирчева - С. Бърлиева, „Предварителен списъ на кирило-методиевски извори“, *Кирило-методиевски студии,* 4, 1987, 486-516, се набројуваа 112 извори, 39 словенски, 60 латински, 10 грчки и 3 романско-германски, но денес нивниот број се качи до околу 200.

предадени (некои преувеличени, други минимизирани) поради емотивниот однос кон прославуваните светители. Најобјективни се *документалните извори,* како што се повеќето акти, папски писма и други текстови на латински од современици на Браќата[4].

*Панонските легенди,* иако се литературни творби во духот на византиските хагиографии со дидактичка цел, претставуваат најполни и најверодостојни извори за животот на Солунските браќа и за нивната просветителска дејност, особено за појавата на словенската писменост. Тоа се должи на фактот што се напишани од нивни ученици, современици и сведоци (*Житие Кирилово* од св. Климент со удел и од св. Методија, *Житие Методиево* – од св. Климент), непосредно по нивната смрт кога биле и канонизирани за светители. Тие содржат и лични творби на Браќата, што е од посебно значење за веродостојното предавање на нивните сфаќања. Приближно од истото, или малку подоцнежно време потекнуваат *пофалните слова* и *службите* кои исто така даваат драгоцена потврда на податоците од опширните житија.

**4.** Подоцна во средниот век, меѓутоа, се појавуваат и неколку кратки житија *(Успение Кирилово, Солунска легенда, Кратко житие на св. Методиј,* – на *св. Климент* и др.), во кои историските факти наместа се произволно менувани со цел да поткрепат извесни тенденции од времето кога биле пишувани (XIII-XIV век). Кратки житија на светители, како и за настани на господски и богородични празници, биле составувани заради богослужбени потреби.

***а. Успение Кирилово.*** **-** Во византиската црковна литература од X-XII век започнале да се јавуваат одделни зборници, *синаксари* или *пролози* со вакви текстови. Кон XIII век *Прологот* се појавува и во црковнословенски превод, а во неговиот состав биле вклучувани и кратки, одн. пролошки житија на словенските првоучители. Такво е и *Краткото житие на св. Кирил,* наречено *Успение Кирилово,* како што се гледа од неговиот наслов во некои ракописи: мс҃ца феврꙋара .ді҃. дн҃ь оуспениє ст҃ого кѵріла философа, наменето да се чита на службата за денот на неговата смрт (оуспениє = ’заспивање’).

Ова житие е компилативна работа од постари извори со препознатливи делови, фрази и термини преземени од нив. Анализата на тие заемки може да фрли извесна светлина врз времето кога (и каде) е на-

---

[4] Познато е дека посебно значење има писмото до еп. Гаудерик Велетриски за откривањето на моштите на св. Климент Римски во Херсон од св. Кирил, што претставува составен дел од т.н. *Италијанска легенда;* потоа посланието на папата Адријан до кнезот Светополк по ракополагањето на св. Методиј за еп. Моравски и Панонски’.

пишано. Најмногу е користено *Пространото житие на св. Кирил (ЖК).* Од него се извлечени и прераскажани спомнати факти; изоставени се многу епизоди, а додадени се и некои нови податоци што не се содржат во постарите извори, на пр. името на мајка му, *Марија,* дека бил родом блъгаринъ, за покрстувањето на Словени во областа на Брегалница и расказот за советите што им ги дал на учениците пред својата смрт.

Авторството на овој споменик му се припишувало на св. Климент Охридски, а искажани се претпоставки дека тој послужил дури како база за составување на опширното *ЖК* (Е. Георгиев, 1952, 1971). Компаративната текстолошка анализа на неговата содржина, меѓутоа, откри неоспорни докази дека тоа не потекнува од времето блиско до словенските првоучители и нивните ученици. Уште во XIX век се откриени зборови и фрази кои не се содржат во *ЖК*, а имаат паралели во други подоцнежни средновековни текстови[5]. Самиот факт што во *УК* е употребена подоцнежна терминологија, која во IX век не се употребувала, ја исклучува можноста како за Климентово авторство така и за можноста да послужи како база на *Пространото Кирилово житие.* Изразот *православна вера,* којшто се среќава во *УК* девет пати, се јавува по разделувањето на христијанската црква во 1054 год. на Источна – православна и Западна – католичка, а при датирањето на споменикот може да послужи како terminus post quem. Паѓа в очи честото менување на историските факти. За авторот на *УК* Коцељ бил кнез лѣшьки (т.е. полски), а познато е дека Коцељ бил панонски кнез (Полска тогаш уште не била покрстена). Да живеел поблиску до времето на Моравската мисија и до учениците на Солунските браќа, составувачот на *УК* сигурно не би направил вакви грешки. Таквиот слободен однос кон историските личности и настани буди сомнение и кон другите информации од ова житие што не се содржат во *ЖК,* како на пр. за името *Марија,* – „мајка им на св. Кирил и Методиј“; за предморавската просветителска мисија со словенско богослужение и писменост на Браќата во Брегалничкиот крај и др. Сѐ додека не бидат поткрепени и од други постари извори, овие податоци од *УК* не можат да се сметаат за сигурни и докажани историски факти.

Интересно е да се види од какви *мотиви* се раководел компилаторот на *УК* и со каква *цел* го напишал житието. Анализата на текстот открива, главно, две негови основни тенденции:

Првата што се провлекува низ целиот текст на *УК,* е желбата да се истакне заслугата на Константин-Кирил за ширење на христијанството. Во реализацијата на оваа тенденција авторот пројавил и извесна самостојност. Сите мисии на Константин-Кирил се претставени со цел да ги

[5] Сп. повеќе во П. Хр. И., „Апокрифни интерполации во *Краткото житие на св. Кирил Филозоф* („*Успение Кирилов, Прилози* МАНУ, ОЛЛН, 21, 2, 1996, 5-24; *Светила незаоѕни,* 1999, 65-95.

обрати жителите од разни страни (Хазарија, Велика Моравија, а посебно и на прво место Словените од Брегалничкиот крај) во „христијанска православна вера“. Св. Кирил во мисиите е претставен како поборник за православната вера и победник во споровите со иноверци и еретици, без конкретна определба на последниве. Забележително е, меѓутоа, дека претставниците на т.н. „тријазична ерес“, најогорчените противници на словенската просвета, со кои св. Кирил имал најжестоки расправии и на кои во *ЖК* им е посветено многу простор, овде воопшто не се спомнати. Борбата на Солунските браќа и на нивните ученици со приврзаниците на таа ерес зазема важно место не само во *панонските легенди* туку и во многу други книжевни споменици од најстариот период на словенската писменост, како старото *Житие на св. Наум,* службите и похвалите на св. Кирил и Методиј, па и во пространото грчко *Житие на св. Климент* од Теофилакта.

Отсуството на каков било помен за „тријазичниците“ во *УК* го поврзува ова житие со споменици од подоцнежно време (XIII-XIV век), како на пр. пролошките житија на св. Кирил и Методиј, поновата редакција на *Службата на св. Кирил* и др., каде што исто така не се среќаваат податоци за борбата на Константин-Кирил со „тријазичниците“.

Другата тенденција, која е дури уште појасно изразена во текстот на ова житие, произлегува од едно силно патриотско настроение, какво што се чувствувало во средината на она време кога било составено *УК*. Побуден од такво настроение, составувачот си дозволувал да менува историски факти и да ги потчинува на својата идеја. Тој ја поврзува мисионерската дејност на св. Кирил со Бугарија. Кирил, којшто според авторот бил ρωдомъ бльгарннъ, „покрстувал жители од разни страни (од Хазарија, Моравија, Панонија), но тој прво шед' въ брѣгалннцѫ н обрѣтъ ѿ славѣнскаго ѧзыка нѣколнко кр҃щенѣх' н елнцѣх' не обрѣт кр҃щенѣх', он же кр҃стнвь нх' н прнведе на православнѫѧ вѣрѫ. Тоа неспорно го подигнува патриотското чувство.

Директниот извор и инспирација на *УК,* како и на некои други слични кратки житија на словенските првоучители од тоа време, била психолошката состојба на општеството во Бугарија под византиска власт. Одраз на таа состојба со потенцирани патриотски чувства се гледа и во *Бугарскиот апокрифен летопис* од втората половина на XI век. Настанат во време на византиската доминација и оформен во духот на средновековната апокрифна книжевна и усна традиција, тој содржи легендарна историја на бугарскиот народ од создавањето на бугарската држава до средината на XI век. Првиот дел е апокрифниот расказ *Видение Исаево,* а вториот, оригинален состав во духот на кратките византиски хроники (на патријархот Никифор и Сириецот Јоан Малала), содржи расказ за населувањето на „бугарските земји“ и сукцесивните про-

мени на бугарските владетели, кои според усното народно предание се идеализираат, а крајната цел е да ги претстават Бугарите како богоизбран народ, новозаветен Израил[6].

*Краткото житие на Кирила, УК,* е по секоја веројатност напишано по ослободувањето од византиското ропство (во XIII век) за време на Второто бугарско царство и има за цел да го поврзе него со првото.

***б. Солунска легенда.*** **-** Во ова време, а можеби уште подоцна, е напишано уште едно кратко житие на св. Кирил, автобиографска литературна творба, позната под името *Солунска легенда (СЛ).* Во неа е одразено уште попотсилено тоа настроение, придружено со антигрчко чувство, кое условило многубројни промени на историски факти и интервенции во животописот на св. Кирил, така што неговиот лик е просто непрепознатлив. Малубројни зрнца на историска вистина овде се преплетени на фантастичен начин со народни, апокрифни преданија[7]. Прво овде е направена контаминација на Кирил, Солунски со Кирил Кападокиски од VII век. Божји глас го насочил кон Солун, каде што по многу перипетии стигнал преку Александрија и на чудесен начин научил да зборува бугарски, потоа во градот Равен на реката Брегалница им создал на Бугарите 32 (варијанта 35) букви. Од целиот легендарен расказ останал само еден единствен вистински податок, името на Кирил, којшто ги создал словенските букви. Главната цел на анонимниот автор била да ја присвои дејноста на Кирил за Бугарите, а потоа да го претстави бугарскиот народ како носител на христијанството и просветата за сите други словенски племиња.

Бугарската држава неоспорно има големи заслуги за спасувањето на словенската писменост по погромот на Кирило-методиевото дело во Моравија, кога кнез Борис ги прифатил прогнатите Методиеви ученици. Но во кратките и некои пролошки житија таа улога им се припишува на Бугарите во времето пред Моравската мисија. Таква просветителска мисија Браќата божем извршиле во Брегалничкиот крај, зашто според народното предание таму бил Борис покрстен откако бил поразен од византиската војска. Во апокрифниот летопис за кнезот Борис-Михаил се вели дека тъи царь крьсти всоу ꙁемлю блъгарскоую и соꙁда црькви по ꙁемли блъгарскои и на рецѣ брегалници, и тоу приемь царство[8].

---

[6] В. и П. Хр. Илиевски, *Појава и развој на писмото со посебен осврт кон почетоците на словенската писменост,* Второ ревидирано издание, МАНУ, 2006, 125, 275.

[7] Таква оцена на ова житие му е дадена и во најновиот осврт на D. E. Collins во рефератот прочитан на XIV меѓународен славистички конгрес, Охрид, септ 2008, на тема "Чистка греческого языка в 'Солунской легенде' (средневековный миф языковой смены)".

[8] Й. Иванов, *Богомилски книги и легенди,* София 1970, 283.

Да била т.н. Брегалничка мисија вистински историски настан, таа сигурно би била одбележена во *панонските житија* на Браќата, зашто таму се опишани подробно и далеку помалку важни настани, а за вака значајна мисија нема ни збор.

Во првата реченица од *СЛ,* каде што се даваат во збиена форма најважните информации за потеклото на Кирила (неговото крстено име *Константин* воопшто и не се спомнува), меѓу другото се кажува дека во една црква во Александрија од олтарот чул Божји глас, којшто му се обратил со зборовите: кырилє, кырилє, иди вь ꙁемлю пространоу и в ѥꙁики словинскыє, се рекше блъгаре (според преписот во *Тиквешкиот зборник).* Идентификација на Словени со Бугари имало и порано. Во насловот на *Пространото грчко Климентово житие,* Теофилакт истакнува дека св. Климент бил епископ на Бугарите. Така го нарекува и Д. Хоматијан во краткото грчко житие. Всушност, називот „Бугарин, бугарска земја, бугарски кнез", кои често се среќаваат во житијата и службите на св. Климент и Наум, па и на нивните учители се сврзани со државната власт. Но постепено поимот „бугарски" се ширел во сите сфери и го заменувал терминот „Словен". Во најстарите словенски споменици, меѓутоа, називот „епископ бугарски" за св. Климент отсуствува, тој е наречен само „епископ словенски", „*прв епископ на словенски јазик* ", *словенски учител, словенски книги* и др.

Во последно време кај нас се зборува дека Константин-Кирил ја создал првата словенска азбука, *глаголицата,* за македонските Словени од Брегалничкиот крај, каде што претполагаат дека св. Методиј управувал со словенско кнежевство и го превел на словенски (со грчки букви) *Законот за судење на луѓето*[9]*;* други сметаат дека св. Кирил создал две азбуки, една за Словените од Македонија – *кирилицата,* а друга за моравските Словени – *глаголицата*[10].

По ослободувањето од византиското ропство во Бугарија при потсилени патриотски чувства се јавува тенденција за истакнување на приоритет и во стекнувањето на словенска писменост. Слично на ривалството во спорот околу приматот на авторитет меѓу стариот и новиот Рим, во Бугарија се раѓа претенција за присвојување на св. Браќа. Тоа е изразено особено во пролошките нивни житија со нагласување на

[9] Текстолошката анализа на *Законот за судење на луѓето* покажува дека овој споменик не можел да биде напишан на Балканот, сп. Кр. Илиевски, *ꙁаконъ соудныи людьмъ,* МАНУ, 2004; сп. и „Прилог кон разрешувањето на прашањата *кога, каде* и *од кого бил создаден 'Законот за судење на луѓето'",* во зборникот *Делото на Блаже Конески. Остварувања и перспективи,* МАНУ 2002, 371-389.

[10] Повеќе подробности за т.н. *Брегалничка мисија* в. П. Хр. Илиевски, *Појава и развој на писмото со посебен осврт кон почетоците на словенската писменост*[2]*,* МАНУ, Скопје, 2006, 123s., 317-329.

нивното потекло „родωм бъларинъ". Претпоставката дека имало оформено словенско писмо пред Моравската мисија се базира главно на податок од *Краткото* (пролошко) *житие на Кирил Философ,* познато и под името *Оусиение Кирилово,* а од него податокот е преземен и во уште пократкото житие *Солунска легенда*, легендарен автобиографски расказ за покрстувањето на Бугарите во Брегалничкиот крај. Кирил-Философ овде е претставен како Кападокиец, кој одвај на старост дошол во Солун. Историјата, меѓутоа, ги расветлила тие настани сосема поинаку.

***в. Краткото грчко житие на св. Климент.*** – Димитриј Хоматијан, учен канонист (црковен правник), кому му се припишува авторството на ова житие, во Охрид е дојден кон крајот на XII век од гр. Хома во Ликија (Мала Азија) за хартофилакс на Охридската архиепископија, а потоа крунисан и за нејзин поглавар. Како дојденец ревносно се запознавал со локалните обичаи и менталитетот на населението од Охридско, а посебно – за култот на св. Климента. Како извор за пишување на житието на св. Климент најмногу му послужило опширното житие на Климента од Теофилакт Охридски, но, како што се гледа од анализата на текстот, обилно користел и народни преданија.

*Краткото житие на св. Климент* содржи поголем број информации, кои не се среќаваат во други споменици. Ќе одбележиме само три од нив:

а. Св. Климент потекнувал од европските Мизи[11], прогнати од Александар Велики кон Северниот Океан и кон Мртвото Море, но подоцна се вратиле со голема сила од преку Дунав во Панонија, Далмација, Тракија, голем дел на Македонија и Тесалија. Тоа е познат мит за тоа како „испадени староседелци по извесно време се враќаат во „своите краишта", како старозаветните Евреи од Вавилонското ропство[12]. На црковниот правник Хоматијан, како наследник на охридскиот архиепископски престол, основана од Климента, му било потребно да нагласи дека тој бил од „европските Мизи", под кои подразбира Бугари.

б. За да ѝ придаде на Охридската архиепископија повисок углед, Хоматијан во *Краткото житие на св. Климент* се служи со преосмислени докази, имено, дека папата Адријан го ракоположил Методија за архиепископ не само на Моравија туку и на Бугарија, а Методиј го „пос-

---

[11] Знаел дека има област *Мизија* и во Мала Азија, во соседство на неговото родно место. Но таа азиска област е позната со такво име од долго време пред Александар Велики.

[12] Такви случаи има и во античката историја. Кога се намножиле во епирските планини, Дорците извршиле силна експанзија кон Пелопонез обраќајќи им се на Ахајците со образложение: „Вие го испадивте нашиот дедо Херкул од овие места, ама еве сега ние, неговите внуци, се враќаме на свое". Вакви образложенија можат и до денес да се чујат од некои балкански народи.

тавил Климента за епископ на целиот Илирик и на бугарскиот народ". Всушност во писмото од папата Адријан во кое, по ракополагањето на Методија за епископ, му пишува на Светополк дека му испраќа *учител* не само за неговата, туку и за други словенски земји. *Учител* и *архиепископ* се две различни нешта. Архиепископот Дитмар од Салцбург протестирал против папата зашто основал епархија во Панонија со што ја притеснил диецезата на Пасау и издејствувал св. Методиј да одлежи две и пол години во затвор. Ако е верно тоа дека Методиј бил назначен за архиепископ на Бугарија, а Климент од Методија бил „поставен" за епископ на целиот Илирик, па и на бугарскиот народ, чудно е зошто не реагирале против тоа ни Цариградската патријаршија, ниту Дукља, Барската архиепископија. Зар такви крупни настани би останале неодбележени во аналите на овие две црковни организации?

Кога авторот нагласува во самиот почеток на житието дека овој голем светилник бил родум од европските Мизи и станал водач на целиот мизиски народ, „наоѓа" историско оправдание за претенцијата на широки граници преку митолошко поврзување на бугарскиот народ со античките Мизи кои, божем биле раселени кон Северниот Океан, но пак дошле на Балканот. Поентата му е: штом Климент бил водач на големиот мизиски народ, наследниците на Климента, охридските архиепископи, исто така треба да бидат водачи на целиот мизиски народ во некогашните граници на бугарската држава.

в. Хоматијан му припишува заслуги на св. Климент што го покрстил кнезот Борис и син му Михаил, т.е. Симеона. И на крајот додава дека Климент, заради поголема јасност измислил други форми на буквите од оние што ги знаел мудриот Константин Философ, со што ги истакнува неговите способности над Кириловите[13].

*

Податоците од житието што не одговараат на историската вистина, едни истражувачи ги нарекуваат „грешки", а други претполагаат дека авторот се послужил со извори што биле подоцна изгубени. На ваков начин може сѐ да се објасни, но дали тоа одговара на реалноста? – Всушност, таквите податоци не се „случајни грешки", освен можеби замената на името *Симеон* со *Михаил.* Тоа се намерни и тенденциозни интерполации со пресметана цел за заштита на интегритетот на Охридската архиепископија.

[13] За тоа дали под овие „други форми на буквите" се подразбира *кирилицата* или се крие нешто друго, в. во нашите статии: „Историска реалност или авторски интерполации во *Краткото житие на св. Климент", Зборник во чест на проф. Георги Попов,* Богословски факултет на Софискиот универзитет, во печат. „Св. Климент Охридски" и „Потекло, развој и перспективи на кирилицата", *Зборник од меѓународен научен собир во чест на св. Климент,* Народна и универзитетска библиотека, Скопје, претстои.

Д. Хоматијан живеел во тешко време кога Византија била потисната од крстоносците на малоазискиот брег, а диецезата на Охридската архиепископија притеснета од соседните цркви, Трновската и Рашката архиепископии. Житието веројатно го пишувал кога св. Сава Српски веќе ја прогласил Српската црква за независна од Охрид. Против тоа Хоматијан жестоко се воспротивил со канонски аргументи (сп. негово писмо од мај 1220 „За епархиите и за оние што ракополагаат или се ракоположени надвор од нивните граници").

*Кра̄ш̄кото жишие на св. Клименш̄* го предава животот на Климента според установен хагиографски шаблон. Како литературно дело тоа е со високи уметнички вредности. Но информациите што ги содржи и начинот како се изложени тие, го одразуваат поскоро времето кога било тоа напишано, отколку настаните од времето на св. Климент, околу 300 години пред тоа. Независно од тоа, некои наши автори некритично го користат ова, како и другите госпомнати кратки житија и, врз основа на податоците извлечени од нив кројат далекусежни тези.

**5.** Во денешно време и кај нас зачестија автори со написи по овие прашања, во кои се оди толку далеку зад фактите, што почнува да се меша реалното со имагинарното и митолошкото. Тие не придонесуваат, речиси, ништо за решавањето на третираните прашања во нив, туку поскоро претставуваат одраз на времето кога се настанати. (Познато е дека замена на *историја* со *мит* обично станува кога еден народ ќе се најде во тешки економски и политички услови. Тогаш тој бара утеха во еден имагинарен свет, на извесен начин поврзан со личности и настани од неговата историја и територија. Така се создавал херојскиот свет на легендарни личности).

Непосреден повод за таква реакција даде денешнава тешка положба, предизвикана со наметнатиот спор околу нашето народно име. Но ваквиот однос меѓу Македонија и јужниот сосед не е нов, туку има подолга историја.

Во 1454 год. Турците најпосле го освоија Цариград и со тоа цела Византија падна под отоманска власт. Но византискиот дух продолжи да живее во лицето на Цариградската патријаршија на Фенар, опкружена и финансиски поткрепувана од богати грчки трговци-фанариоти. Политичките и социјалните околности во еден теократско-милетски систем под отоманската доминација придонесувале тој дух на црковна и културна доминација на Цариградската патријаршија дури и да се потсили. Сите православни балкански народи му биле духовно потчинети на цариградскиот патријарх, а за сите нив пред султанот одговарал лично патријархот. Бидејќи во рамките на црквата се наоѓал и школскиот систем на грчки официјален јазик, во фанариотската трговска и културна средина се разбудиле елинизаторски аспирации кон соседните православни балкански народи. Со финансиска поткрепа на фанариотската елита и

преку дипломатски преговори со Портата, Цариградската патријаршија успеала во средината на XVIII век да ја укине прво српската Пеќска патријаршија, а малку потоа и нашата самостојна Охридска архиепископија. Секој обид за ослободување и осамостојување на балканските народи, освен на ромејскиот (елинскиот), бил спречуван од страна на фанариотите во содејство со Патријаршијата и крваво задушуван од османлиската власт.

Во борбите за ослободување на Грција зеле активно учество и наши луѓе од Егејска Македонија; некои од нив, како Марко Бочварот од Воден и мнозина други тогаш херојски се бореле против Турците. Грците, меѓутоа, имале репресивен однос кон ослободителното движење на Македонија[14]. Во Балканските војни Грците освоиле најголем дел од Македонија според договорот склучен со српската династија од 1904. По Втората светска војна јавно протестираа против оформувањето на Народна република Македонија во состав со Федеративната Република Југославија. Најжесток отпор даваат по осамостојувањето на Република Македонија во почетокот на 90-те години од XX век[15]. Како реакција на тоа, пак, кај наши патриоти се појави и спомнатиот романтичарски занес и одење во друга крајност.

**6.** Еден од основните принципи на научната методологија во врска со истражувањата на појавата и развојот на словенската писменост е критичкиот приод и кон историските извори преку строга текстолошка анализа и проверка на нивните податоци и тоа не само од еден извор (зашто testis unus, testis nullus!) туку и од други извори. Видовме дека кратките житија на Солунската браќа, *УК* и *СЛ,* како и грчкото житие на св. Климент од Д. Хоматијан, не можат да служат како веродостојни извори за животот и дејноста на сесловенските просветители, а поскоро за положбата на времето кога биле тие напишани. На ист начин многубројните текстови со мотивирана интерпретација на настаните во врска со овие личности и нивното дело може да им служи на идните генерации како извор за денешново време кога се тие напишани.

Прашањето за авторството, односно појавата на *кирилицата* има побудено контроверзни расправи уште од средниот век, а тие се актуелни и денес. Претставниците на различните ставови се повикуваат на „извори", но не приоѓаат сите еднакво критички кон нивната веродостојност. Така, и денес можат да се чујат различни претпоставки за нејзиното авторство: според едни таа била постара од глаголицата; според

[14] Се огкрива дека грчки шпион го издал и врховниот водач на Македонското ослободително движење Гоце Делчев во 1903, Сп. *London Times - New York Times,* May 20, 1903; *Вести,* 24/25 апр. 2008, стр. 1-3.

[15] Сп. П. Хр. Илиевски, *Два спротивни приода кон интерпретацијата на антички текстови со антропонимска содржина, Прилози* МАНУ, 31, 1, ОЛЛН, 2006, т. 8, второ дополнето издание 2008.

други, дека била создадена од св. Кирил за македонските Словени од Брегалничкиот крај; според трети, дека св. Климент Охридски ја измислил како полесно писмо од Кириловата глаголица и др., со многубројни различни варијанти во објаснувањето (сп. бел. 13).

Во денешно време кај нас, како што видовме, расте огорчено антигрчко расположение, но паралелно со него, поради недоволна информираност се протежира едно сфаќање дека *кирилицата* е најстарото македонско и словенско писмо, а всушност таа е грчкиот унцијал од IX век, дополнет со 14 односно 12 букви од глаголицата за специфичните словенски гласови.

**7.** Паралелно со обидите за поврзување на современиот македонски јазик со античкиот македонски и откривање прасловенска писменост од времето пред Моравската мисија, според некои автори постара дури и од египетската и вавилонската, во последно време сè појасно се забележува еден омаловажувачки став кон сесловенските првоучители, св. Кирил и Методиј и кон нивното дело. Преку разни медиуми и во разни варијанти сè погласно се пропагира прасловенска, автохтона култура на овие балкански простори, без тоа да се поткрепи со конкретни аргументи.

Слични романтичарски сфаќања кружат и меѓу други словенски народи. Кај нас, меѓутоа, тие се многу почувствителни и сè позасилени поради наметнатиот спор за името на нашиот народ, јазик и култура.

Животот, неоспорно, има потреба и од романтика, но науката кога истражува некој, особено историски проблем, настојува да ја разграничи историската реалност од тенденциозните романтичарски примеси.

Ќе завршам со една констатација која Бл. Конески често ја повторуваше: „Секое одење зад фактите ѝ нанесува поголема штета на нашата кауза, отколку корист“. Тој исто така го имаше забележано романтичарскиот занес на некои наши културни и научни работници и го објасни кратко со следниве зборови: „Бидејќи младата културна средина постојано ја потсетуваат на нејзината инфериорност, како реакција се оди во претерувања, со кои таа сака да ги прикаже своите предности дури и над културните центри“[16].

Не треба да се заборава дека она што има вистинска вредност, ќе остане трајно, независно од тоа како ќе го коментираат други. Историските извори за словенските првоучители денес им се достапни на сите во светов. Објективните научни истражувачи одат директно на изворите и самостојно стекнуваат мислење за предметот, а не преку туѓи коментари и интерпретации. Затоа, делото на св. Кирил и Методиј треба да се излага реално без нешто да им се придава, а уште помалку да им се одзема, во духот на класичниот принцип, формулиран од Cicero (Цицерон):

---

[16] *Прилози,* МАНУ, ОЛЛН, 10, 2, 1985, 5-9.

"ne quid falsi dicere audeat, ne quid veri non audeat"[17], (т.е. <историчарот> не смее да каже ништо лажно, ниту да премолчи нешто верно). Делото и заслугите на св. Кирил и Методиј се со трајна вредност. Повремено, навистина, тие биле засенувани како од облаче. Но тоа набрзо одминувало и нивната вредност пак се појавувала во сета нејзина вистинска светлина.

* *
*

**P.S.** Во тоа имавме можност неодамна да се увериме на XIV меѓународен славистички конгрес, одржан кај нас во градот на св. Климента, токму кога беше најпотребно да се одговори на спомнатите дилеми кон словенските првоучители и нивните ученици.

[17] *Orationes*, II, 9-15.

Зузана Тополињска

# СЕМАНТИЧКА / ГРАМАТИЧКА КАТЕГОРИЈА *ДИСТАНЦА* ?

0. Проблемот кој е во центар на моето внимание има огромна предметна литература. Нема овде да правам преглед на таа литература. Нема ни да претставувам некои нови откритија. Сакам само да го претставам моето видување на проблемот.

Се работи за еден проблем од доменот на епистемичната модалност и за средствата со кои располага македонскиот јазик за да ги изразува значенските дистинкции во тој домен. Значи: ќе се движиме во рамките на една од многуте варијанти на теоријата „смысл > текст“.

1. Пред да поминам на карактеристиките на постулираната категорија и на образложение на предложениот назив на таа категорија, сакам да се задржам на условите на јазичната комуникација на Балканот во „империјалното време“, т.е. за време на Римската, Византиската, Отоманската Империја: културен, јазичен и религиозен плурализам, компликувани престижни хиерархии меѓу јазичните кодови, комуникација во услови на парцијален билингвизам или полилингвизам...

Во такви специфични услови посебно важна станува природната хиерархија на комуницираните содржини, а на врвот на таа хиерархија се наоѓа опозицијата меѓу реалниот и виртуелните, замислени светови. Со други зборови: од примарна важност за успешноста на чинот на јазичната комуникација е соговорниците да можат коректно да ги идентификуваат настаните (процеси, состојби...) за кои станува збор и протагонистите, пред сѐ луѓе-протагонисти на тие настани. Во уште поинаква формулација: важно е да се разликуваат настани-факти со конкретна временска референција од претпоставени и/или постулирани настани и да се разликуваат објекти со конкретна предметна референција од неопределените и/или чисто виртуелни објекти. *Ergo:* многу е важно јазикот да располага со јасни и уочливи, транспарентни сигнали на соодветните опозиции, за јасни и еднозначни експоненти на временската и предметната / просторна референција, т.е. експоненти на категориите кои во лингвистичката терминологија ги знаеме како ФАКТИВНОСТ, МОДАЛНОСТ, ОПРЕДЕЛЕНОСТ.

Јазичната еволуција која довела до формирањето на феноменот што го викаме балкански јазичен сојуз, т.е. прагматички мотивирана еволуција која во значителна мера се темели врз интерференција меѓу

различни јазични кодови, водела токму кон изработка на максимално транспарентна мрежа сигнали на споменатите категории.

2. Прасловенскиот јазик, според нашите знаења, бил многу сиромашен во поглед на граматичките средства за изразување модалност. Поконкретно: отсуствувале граматички средства за изразување семантички дистинкции во нефактивната зона на вербалниот систем. Во доменот на деонтичката модалност постоел *imperativus* со комплетна парадигма по род и број, додека во доменот на епистемичката модалност претпоставуваме постоење на перифрастичен *potentialis* составен од стариот *optativus* од глаголот **byti + participium praeteriti activi secundum* (во македонската терминологија: *л*-формата). Судејќи по состојбите во старословенските споменици, постоеле и неколку регионални варијанти на перифрастичен футур, соодветно со синсемантички глаголи **iměti, *načęti* и **xotěti*; во функцијата на футур се појавува и перфективниот *praesens*. Значи: веќе на прасловенска почва почнува формирање на нефактивните парадигми и пренесување на категоријална модална информација од чисто морфолошко на морфо-синтаксичкото ниво.

Со текот на времето македонскиот јазик стекна цела мрежа регуларни нефактивни вербални парадигми за изразување модални дистинкции, при што како доминантен формален модел се појави составот: неменлива партикула како формант + (ин)финитна форма на конјугираниот глагол. Тука се: *coniunctivus praesentis* (тип: *ќе читам*) кој функционира денеска и како футур, и *coniunctivus praeteriti* (тип: *ќе читав*), и двата со формантот *ќе*; натаму *subiunctivus praesentis* (тип: *да читам*) и *subiunctivus praeteriti* (тип: *да читав*) со формантот *да;* најпосле тука е *potentialis* (тип: *би читал*), денеска со релативно ниска фреквенција, со формантот *би.* Во таа смисла, македонскиот структурно значително се доближил до несловенските балкански јазици, чија доминантна карактеристика во однос на вербалниот систем е разградената мрежа нефактивни, т.е. модално маркирани парадигми.

3. Во рамките на истата таа тенденција кон обезбедување транспарентни сигнали за најголем број модални дистинкции некои јазици делумно ги граматикализираат (= ги снабдуваат со читки предвидливи сигнали) и поретките семантички структури од преодната, / +/- фактивна / зона. Конкретно мислам на сигнализирање (а) на конструкции со суспендирана фактивност, и (б) на фактивни позитивно модално маркирани конструкции.

3.1. Граматикализацијата на конструкции со суспендирана фактивност ја среќаваме, меѓу другите, во турскиот јазик. Се мисли на конструкции во кои посебна специјализирана морфема носи информација дека говорителот не нуди гаранција за вистинитоста на пренесуваната порака. Таков тип конструкции од граматичарите се оценувани како по-

себна модална категорија и познати се под многу различни имиња: *inferentialis* (така е во некои турски граматики) – бидејќи не се мотивирани со знаење, туку претставуваат резултат на заклучување врз основа на некои секундарни симптоми; *mediativus* – како нешто посредно меѓу плус и минус фактивност (таков назив се појавил во трудовите на париските теоретичари); *status* – назив познат на американска почва, а кој алудира на преодниот статус на таа модална категорија; најпосле има и цела низа термини кои упатуваат директно на маркираниот член на опозицијата - тука спаѓаат: *non-confirmativus* (термин на В. Фридман), т.е. конструкција која не ја потврдува вистинитоста на пораката; тука спаѓа и македонскиот и бугарскиот термин, т.е. – во македонска варијанта – *прекажаност* – значи: информација „од втора рака"; најпосле доста широко е прифатен терминот *evidentialis,* граден врз опозицијата / +/- засведочена / информација; тој, последниот, во полските граматички описи се пренесува соодветно како *strona świadka / nieświadka.* Тука ќе се служам токму со тој последен термин и ќе зборувам соодветно за (не)евиденцијални конструкции.

3.2. Зборувајќи за позитивно модално маркирани фактивни конструкции мислам на граматикализирана модална категорија позната во албанскиот јазик, разградена во цела мрежа парадигми, иако не многу фреквентна во текстот, а позната како *admirativus.* Пораката маркирана како /+ адмиратив/ зборува за реални настани во чија вистинитост на говорителот не му се верува, па зборувајќи за нив истовремено изразува недоверба, изненадување, иронизира, и сл. Не ми се познати други термини за оваа специфична категорија. Во натамошниот текст ќе зборувам за адмиративни конструкции.

И тука најпосле доаѓаме до вистинската тема на ова предавање: до статусот на неевиденцијалните и на адмиративните конструкции во македонскиот јазик каде што тие се предаваат со исти граматички средства.

4. Како што знаеме, словенскиот југ, во најголема мера словенскиот југоисток ги чува наследените синтетски парадигми на минато време: аористот и имперфектот. Друга слична, сразмерно мала територија на северозапад е лужичката. Може да се претпостави дека одговорни за таа географска дистрибуција се неколку фактори: како прво, т.н. „закон на периферија", т.е. правилото дека на периферијата на една територија се чуваат архаизми, додека иновациите се шират од внатрешноста; како второ, контактот со соседните несловенски јазици во чии системи добро се пазеле старите синтетски парадигми; меѓутоа, не е ни исклучено – релативната хронологија дозволува таква претпоставка – дека, барем на словенскиот југо-исток, можеби не без значење бил и фактот дека перифрастичната парадигма формирана уште на прасловенската почва составена од *praesens* од **byti + participium praeteriti activi*

*secundum* (т.е. несреќно таканаречен „словенски перфект“) – која на главнината на словенската територија прераснала во основен и/или дури единствен експонент на минатото време (*praeteritum*) – си нашла други функции и не ги истиснала од употреба синтетските минати времиња. Блаже Конески во својата *Историја* (1986: 174) пишува: „Општиот услов да се развие категоријата на прекажаноста бил даден со тоа што се зачувале аористот и имперфектот наспрема перфектот“, и натаму: „По сѐ искажува дека контактот со турскиот јазик дал подбуда за доведување на овој процес докрај.“

Во македонскиот јазик постои денеска категорија наречена „минато неопределено време“ која од другите две парадигми – показатели на минато време (наречени соодветно „минато определено свршено ...“ и минато определено несвршено време“) се разликува со отсуство на деиктичката компонента, т.е. на способност за темпорална референција (за директна корелација со временската оска). Токму таа парадигма го континуира наследениот „словенски перфект“, а се разликува од него формално само по тоа што со текот на време биле изоставени форми на помошниот глагол во 3-то лице еднина и множина. Токму таа парадигма служи за изразување како на не-евиденцијалност, така и на адмиративност. Но - што ми се чини важно - со истата таа парадигма се изразуваат и минати настани без значенските компоненти ’не-евиденцијалност’ и/или ’адмиративност’, т.е. минати настани при чие соопштување на говорителот не му е важно прецизно да ги лоцира на временската оска. Меѓу другите, со неа се искажува и негација на минатите настани, т.е. една *ex definitione* /- фактивна/ информација во врска со која и не може директно да стане збор за временската локација.

5. Иако формалното јадро во процесот на граматикализација (= на изразување со граматички средства) на двете нови, горе опишани модални варијанти претставува таканаречениот „словенски перфект“, сепак со текот на времето неевиденцијалноста и адмиративноста стекнува цел разграден микросистем на граматички изразни средства. Се работи за два иновациски процеси кои, *mutatis mutandis,* се развиваат паралелно во македонските и во бугарските дијалекти.

Како прво, се раѓа нова серија *л*-форми деривирани од имперфектната основа и токму тие ќе доминираат во неевиденцијалните и/или адмиративните конструкции. Имено, треба да се потсетиме дека *participium praeteriti activi II* било деривирано од аорисната основа, а аорисната основа на словенскиот југ сѐ уште го носела во себе видскиот признак ’измена’, т.е. сигнал за завршување / прекинување на дејството.

Како второ, покрај наследените парадигми од типот А. *сум одел / одил* итн. („минато неопределено време“)*,* и *Б. бев одел / одил* итн. („предминато време“ кое сепак денеска, според зборовите на Конески, „не се чувствуваат како форми за предминато време, ами како една

стилска разновидност на перфектот„ - *Историја...* 1986: 198; оваа парадигма овде не нè интересира, се раѓа и нова кондиционална парадигма од типот В. *ќе сум одел / одил.* Пред да поминам на функциите на парадигмите А. и В. во современиот македонски стандарден јазик, сакам да подвлечам дека и двата спомнати процеси можат да се сметаат како важни чекори во процесот на граматикализација на една нова семантичка категорија којашто (по американскиот автор на првата македонска научна граматика, професорот Хорас Лант) ја именував ДИСТАНЦА, а која ги соединува /- евиденцијалните/ и /+ адмиративните/ конструкции. Категоријата дистанца, иако во дел од својата функционална зона се служи со исти средства како и минатото неопределено време, сепак располага и со свои посебни средства на изразот.

Имаме две различни парадигми:

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| *(јас)* | А. *сум* | *одел / одил* | Б. *ќе сум* | *одел / одил* |
| *(ти)* | *си* | *одел / одил* | *ќе си* | *одел / одил* |
| *(тој, таа, тоа)* | | *одел -а, -о / одил...* | *ќе* | *одел, -а, -о / одил, -а,-о* |
| *(ние)* | *сме* | *одеде / одиле* | *ќе сме* | *одеде / одиле* |
| *(вие)* | *сте* | *одеде / одиле* | *ќе сте* | *одеде / одиле* |
| *(тие)* | | *одеде / одиле* | *ќе* | *одеде / одиле* |

Поради специфичната модална маркираност на тие парадигми темпоралната опозиција меѓу нив се темели врз опозицијата / +/- фактивност /, што значи дека парадигмата А. упатува на минати и/или сегашни настани, додека парадигмата Б. упатува на идни, односно виртуелни настани.

6. Така стигнавме до моментот кога треба да ги формулираме неколкуте прашања централни за оваа наша тема и да се потрудиме да дадеме и одговори на тие прашања. Како прво се наметнува прашањето дали навистина имаме работа со една, а не со две семантички категории, односно: има ли и каков е заедничкиот именител меѓу неевиденцијалноста и адмиративноста. Како второ следи прашањето кој е граматичкиот статус на таа „двокрилна“ семантичка категорија. Најпосле, како трето би го формулирале прашањето кои се прагматичките услови на употреба на вербалните парадигми во служба на постулираната категорија ’дистанца’.

Пред сè треба да се нагласи дека имаме работа со изразито субјективна категорија. Одлуката да се употребат глаголските (т.е. граматички) средства за изразување дистанца зависи исклучиво од авторот на текстот. Со други зборови: и да не ги употребиме тие средства, коишто некој друг во дадениот контекст би ги употребил, не ја кршиме граматичката норма, нашиот исказ останува коректен. Значи: граматичкиот статус на нашата категорија не е ист како на познатите категории ’вид’, ’време’, ’лице’, ’број’, чии членови барем во некои контексти се распоредени во текстот според строги задолжителни правила. Впрочем, се чини, истото тоа важи и за односот меѓу минатото неопределено време

и определените времиња (сп. Конески 1982: 462-463). Меѓутоа, треба и јасно да се каже дека релацијата е, во принцип, асиметрична, односно еднонасочна: место минато неопределено и/или средствата специјализирани за изразување дистанца речиси секогаш може да се употребат соодветни „определени“ форми, но не и обратно.

Друга важна работа која влијае врз дистрибуцијата на граматичките средства за изразување дистанца во современиот стандарден текст е регионалната заднина на говорителот. Имено, на дијалектно ниво, граматичкото сигнализирање на /- евиденцијалност/ се шири од исток и не допира до југозападниот дел на македонската јазична територија, додека /+ адмиративност/ се шири главно од запад и на југозапад претставува единствен контекст на употреба на граматичките средства за изразување дистанца.

Горниве констатации ќе ги илустрираме со неколку примери. Така на пр. можеме да кажеме: *Не ми ги прифатија парите. Лошо сум ја пополнила уплатницата.* Во овој случајно потслушнат текст говорителот со граматички средства ја има пренесено информацијата дека критиката во врска со лошото пополнување на уплатницата доаѓа од некој друг, веројатно од лицето на шалтерот. Истата порака минус оваа информација може да се изрази со исто толку коректен текст: ... *Лошо ја пополнив уплатницата.,* и сл. Од друга страна сп. ги исказите споменати од Конески (*ibid.* 473) во кои говорителот кажува за нешто што му се случило без неговата свесна волја, како на пр. *Ах, сум се извалкал...,* и сл. – Исто и кога кажуваме нешто што се случило во дамнешни времиња, изборот е слободен, но информацијата е различна: *Мојот прадедо бил / беше многу мудар човек* – во првата варијанта сигнализирам дека таа информација сум ја добила од другите или заклучив така врз основа на некои познати факти, во втората варијанта без личен коментар ја изразувам мојата увереност дека било токму така.

Се чини дека онаа временска неопределеност на која „неопределено минато време“ ѝ го должи својот назив може да се протолкува како своевидно дистанцирање од пренесуваната порака не многу различно од дистанцирањето во случај кога информацијата ни стигнува индиректно.

Од друга страна, во примерите како оној горниот: *Сум се извалкал...* наоѓаме една нијанса на адмиративност: констатираме факт кој нè изненадува. Точно таквата модална нијанса ја наоѓаме во „класичните“ адмиративни примери како на пр. *Тој бил лекар!* – со поттекстот: ’не ми се верува, тој нема квалификации за лекар’, и сл.

6.1. Трагајќи по сигнали дека информацијата опфатена со категоријата ’дистанца’ е – барем делумно – граматикализирана, ми текна да проверам дали постои граматичка конгруенција по дистанца. Со други зборови: дали постои правило или барем тенденција (а) во комплементарните реченици-аргументи на епистемичните предикати кои ја ставаат под прашање вистинитоста на пораката, или (б) во реченици надгра-

дени со модални епистемични прилози со слична содржина да се употребуваат форми позитивно маркирани по дистанца. За таа цел спроведов една мала анкета меѓу колеги-лингвисти и меѓу студенти на Филолошкиот факултет на УКИМ. Резултатите се, би рекла, позитивни – во огромно мнозинство примери таквата конгруенција постои. Се разбира, поизразена е кај говорителите од источна Македонија. Во ситуации кога се можни две решенија, одлучува конситуацијата и/или вербалниот контекст. Мојата анкета, или поточно: коментарите на моите информатори ми дозволија да сфатам колку суптилни контекстуални, прагматички фактори влијаат врз изборот соодветно на /+ дистанцирана/ или /- дистанцирана/ глаголска конструкција. Така на пр. во реченицата *Претпоставувам дека испитот помина / поминал добро,* голем дел од испитуваните ги подвлекоа двете форми, или дури само аорисната. Коментарот гласи дека изборот зависи од тоа дали му се обраќам на студентот или на професорот (тие различно го интерпретираат 'добро поминатиот испит'), а пред сè игра улога фактот дека и во двата случаја му се обраќам на лице кое – за разлика од мене – ја знае соодветната вистина. Со други зборови: важно е не само дали од пораката се дистанцира говорителот, туку е важен и претпоставениот став на неговиот соговорник. *Mutatis mutandis* слично помина и примерот *Се надевам дека престојот ви беше / бил успешен.* – и тука многу испитувани ја избраа аорисната форма со претпоставка дека соговорникот, а веројатно – од своја гледна точка – и говорителот кој е од организаторите на престојот го знаат вистинскиот одговор. Ги наведов тие примери како доказ колку е важен прагматичкиот фактор и колку истражувања се уште потребни во врска со граматичкиот статус на категоријата 'дистанца'.

7. Пред да го формулирам заклучокот, сакам уште да приведам една, по мене многу интересна, полска паралела како доказ дека постои природна тенденција (нешто како *universale*) /– евиденцијална/ и /+ адмиративна/ семантика да се изразуваат со исти граматички средства. Имено, во полскиот јазик постои конструкција, евидентно иновација, која – иако со некои интересни разлики во однос на македонските состојби – сепак примарно служи токму за изразување на двете главни варијанти на она што го викам тука 'дистанца' – се работи за перифрастична конструкција составена од финитна форма на глаголот *mieć* + инфинитив на конјугираниот глагол. Имаме, значи, на пр. *Jurek ma przyjść o siódmej* 'Ѓоко ќе дошол во седум' – информација од втора рака, или *I on miałby być najlepszym specjalistą !* 'И тој бил најдобар специјалист?!' – недоверба, иронија. Сп. и друг можен македонски превод: *И тој да биде најдобар специјалист!* каде што субјунктивот сигнализира нефактивност на инаку вистинита информација и неговата полска паралела: *Ale żeby on był najlepszym specjalistą?* – сомнеж, недоверба.

8. Заклучокот од ова размислување би можела да го формулирам вака:

Покрај фактивните афирмативни искази, т.е. искази немаркирани по епистемичката и/или деонтичката модалност и нефактивните модално маркирани искази постои преодна зона која не исклучува фактивност, а истовремено имплицира маркираност по епистемичката модалност. Така маркираните конструкции се појавуваат во две основни семантички варијанти: минус евиденцијална и плус адмиративна, при што границата меѓу двете варијанти не е секогаш остра. За сигнализирање на тој тип конструкции македонскиот јазик, како и некои други јазици, покрај вообичаените лексички нашол и специјализирани граматички средства на изразот. Предлагам така никнатата делумно граматикализирана семантичка категорија да се именува ДИСТАНЦА, бидејќи заеднички именител на конструкциите што таа ги опфаќа е авторското дистанцирање од содржината на пренесуваната порака. Тоа може да биде временско дистанцирање и/или сомнеж околу вистинитоста на пораката, или чисто емоционална потреба да се изрази недоверба во инаку потвдената фактична состојба. Терминот го преземам од македонската граматика на Х. Лант, кој зборува за *distanced aspect* и пишува: „The *distanced* aspect denotes that the event (action) is viewed as somewhat remote in either time or reality...", и натаму, како коментар за оној втор тип на пораката: "...it denotes that the speaker is disclaiming responsibility for the accuracy of the statement." (Lunt 1952: 5. 212.) Евидентно, Лант со својата дефиниција го опфаќа минатото неопределено време и неевиденцијалноста, а не води сметка за адмиративноста, а соодветната категоријална семантика ја гледа како тип на глаголскиот вид. Сепак, ми се чини дека неговиот термин може среќно да се примени за целата опишувана функционална зона со доминантна модална компонента и, следователно, може да се констатира дека сите македонски конструкции кои ги вклучуваат л-формите се маркирани како /+дистанцирани/, независно дали се работи за недеиктичка темпорализација и/или за сомнежи околу вистинитоста на пораката.

**Литература**

Friedman V.A., *The Grammatical Categories of the Macedonian Indicative,* Slavica, Columbus, 1977

Конески Б., *Граматика на македонскиот литературен јазик,* Култура, Скопје 1982

Конески Б., *Историја на македонскиот јазик,* Култура, Скопје 1986

Lunt H.G., *Grammar of the Macedonian Literary Language,* Skopje 1952

Влоѓимјеж Пјанка

# ПРЕНЕСУВАЊЕТО НА СЛОВЕНСКИОТ АНТРОПОНОМАСТИЧКИ СИСТЕМ ВО НЕСЛОВЕНСКИТЕ СИСТЕМИ И ЈАЗИЦИ

Поимот словенски лични имиња го разбираме како антропоними создадени од словенски лексички елементи со помош на деривациски средства кои беа карактеристични за прасловенскиот јазик и кои потоа со векови беа клиширани и развивани на тлото на историските словенски јазици дури до наше време, во поново време исто така со примена на лексеми од туѓо потекло. Се разбира, тука не се земаат предвид несловенските имиња или имињата создадени од словенски или туѓи елементи, коишто се образуваат за потребите на таканаречените „словенски календари”. Значи, словенските имиња се збир на антропоними кои се дефинирани јазично, во поново време, исто така со примена на лексеми од туѓо потекло.

Во наше време се набљудува процес на јазична глобализација кој ја зафаќа исто така антропонимијата. Традиционалните европски имиња (од христијанско потекло) кои досега имаа највисока фреквенција, како *Марија* и *Јован* / *Иван*, сега отстапуваат во некои земји пред другите кои се наоѓаа на маргината на националниот фонд на имињата. Така на пример, според податоците на Министерството за внатрешни работи на Република Словачка, во 2005 година во таа земја најчесто даваните имиња на новороденчињата биле *Viktoria* и *Samuel*. Во подлабокото минато прифаќањето на туѓите имиња обично било поврзано со преминување во нова вера. Сепак прифаќањето на туѓите имиња, иако ретко, се случувало и во далечното минато, под услов да постоела територијална заедница како и културни и / или јазични влијанија од страна на соседните етноси.

## 1. Арапско-индоевропски и арапско-хебрејски контакти

Во раниот среден век муслиманскиот Исток меѓу другите ги прифати следниве грчки имиња: *Филип*, *Аристотел*, *Платон* (*Aflatun* кое како апелатив означува ´мудрец` – Гафуров 1971: 86-87), а уште порано – името на *Александар* Велики (*Iskander*). Од иранско потекло е арапската владетелска титула *bek / bak* (магрепското *bej*, киргиското *bij* ´судија`, турското *beg* и *bek* ´господин`, *baj* ´кнез, богат човек`) која се јавува и

како член на некои муслимански сложени имиња, на пр. *Jakubbek* – името на владетелот на Кашгар во XIX век. Но и светот на Исламот прифати веќе во VII век, главно со арапско посредство, некои хебрејски имиња. Тоа се имињата на пророците (освен Мухамед): *Аврам – Ibrahim*, *Исак – Ishak*, *Давид – Davud*, *Исмаил – Ismail*, *Мојсеј – Musa < Moše*, *Исус – Isa < Iošua < Iehošua*, како и на некои библиски личности: *Адам*, *Саломон – Sulejman < Šəlomon*, *Јаков / Израил – Jakup / Israil*, *Јосиф – Jusuf < Iosif*, *Аарон – Harun*, *Јован – Juhann* (во Коранот: *Juhana*) < *Ioann* < *Johanan* (ст.хебр.) контаминирано со арап. *Jehija* < *Jax'ja* < *Jehija* (сродно со *Jahwe / Jehowa*), *Гебраил – Džebrail / Gebrail* (во Египет).

Од XV век меѓу словенското население на Балканот почнуваат да се појавуваат муслимански имиња. Во наше време тоа се следниве народи и етнички групи чија вероисповед е муслиманска: 1. во Босна и Херцеговина: *Бошњаци*, порано официјално *Муслимани* – за разлика од *муслимани*, т. е. сите припадници на Исламот (во босанскиот јазик: *Bošnjaci* се ´муслимански жители на Босна и Херцеговина`, порано *Muslimani* – за разлика од името *Bosanci* ´сите жители на Босна и Херцеговина` кои зборуваат босански јазик (*bosanski jezik*), 2. во Србија и Црна Гора: главно жители на Санџакот (срп. *Санџаклије*) кои зборуваат српски јазик, 3. во Македонија: порано *Торбеши* (називот кој сега се смета како погрден), чие мнозинство се определува како *Македонци* (*Македонски Муслимани*) кои зборуваат македонски, иако еден дел од нив се определува како Турци или Албанци, или пак како национално неопределени, 4. во Бугарија: *Помаци* – муслимани кои зборуваат бугарски.

Адаптирањето на турскиот антропономастички систем, во кој голем удел имаа семитски (арапски) и индоевропски (ирански) елементи, се одвивал сразмерно брзо со оглед на тоа што мајчините јазици на тие верски малцинства од почетокот (од примањето на Исламот) и непрестано беа словенски. Макар што личните имиња позајмени од Турците кај повеќето од јужните муслимански јужни Словени се помлади за скоро илјада години од христијанските лични имиња, сепак тие подлегнаа на тотална јазична адаптација, слично како личните имиња поврзани со христијанството.

## 2. Теорија на словенската хипокористизација

Во современите словенски јазици се останати сложени имиња кои биле особено чести во постаро време. Во некои јазици, како во источнословенските, се зачувани од нив само мал број, во други јазици (главно во јужнословенските) тие досега се живи во својата полна или скратена форма. Скратените форми на сложените имиња имале првобитно само хипокористична функција.

Во развојот на хипокористичните форми на словенските сложени имиња со првиот член на *-о-*, кои биле најчест модел, можеме да издели-ме повеќе етапи (Пјанка 1975: 86-93, сп. Малец 1982: 13.):

1. декомпозицијата како посебен случај на завршната слоговна деривација која се состоела во отфрлувањето на вториот член на името: *Drago*, *Tixo*, *Rado* ← *Dragomirъ*, *Tixomirъ*, *Radoslavъ*, со тоа што хипокористичната функција ја вршела тука целата форма на името со оглед на нејзиниот скратен облик,

2. асоцирањето на имињата со почетен придавски член со кратката (именска) форма на придавката во среден род: *Drago*, *Tixo* − *drago*, *tixo* (*čędo*),

3. морфологизацијата на имињата од типот *Drago*, *Tixo*, т. е. нивното вклучување во именската деклинација со основите на *-о-* според која се менувале именките од типот *čędo* во среден род, како и придавките во среден род од типот *drago*, *tixo*, што било поткрепено во семантички поглед со постоењето на именките од среден род кои завршувале на *-о* и коишто означувале незрели лица (*čędo* и сл.),

4. проширувањето на хипокористичната функција врз морфемата *-о* која дотогаш била стилистички маркирана граматичка наставка на хипокористичните имиња (*Drag-o*),

5. вклучувањето на други имиња со првиот именски член на *-о* во новосоздадениот деклинациски модел − именки од машки род со наставката *-о* во номинатив еднина: *Miro*, *Bogo*, *Něgo* ← *Miroslavъ*, *Bogodarъ*, *Něgomirъ*,

6. изделувањето на *-о* како зборообразувачки формант, а не само како граматичка наставка: *Drago* : (*Drag-o*) : *Drag-o* + *slavъ* − *drago*, *Něgo* : (*Něg-o*) : *Něg-o* + *mirъ*,

7. пренесувањето на формантот *-о* на сложените имиња со првиот член завршен инаку отколку со *-о*: *Bor-o* : *Bor-i* + *slavъ* = *Drag-o* : *Drag-o* + *slavъ*, што било потпомогнато со мешањето на морфемите *-о-*, *-i-* и други во врска со процесот на десемантизацијата на првобитните сложени имиња, сп. ст.-пол. *Ľubimirъ* → *Lubomir* (во ојконимијата, м. др. *Lubomierz* во Малополска),

8. создавањето на шемата на изведувањето на хипокористици од сложени имиња: I. слог + консонантскиот почеток на II. слог + формантот *-о*, т. е. на шемата на слоговно-зборообразувачка деривација,

9. пренесувањето на оваа шема на други типови имиња:

а) двосложни (по губењето на еровите) прости словенски имиња: *Соко* ← *Sokol* < *Sokolъ*, *Србо* ← *Srbin* < *Srbinъ*, *Hrvo* < *Xr̥vat* ← *Xr̥vatъ*), како и имиња од туѓо потекло: *Лазо* ← *Лазар* < *Lazarь* / *Lazarъ* < *Λάζαρος*, *Сūиро* ← *Spiridon* < *Σπυρίδων*,

б) едносложни (по губењето на еровите) прости словенски имиња: *Цвеѿо* ← **Cvet* < **Cvětъ* ′цвет` (сп. пол. *Qatec* [*Kv′atek]* од *kv′atek* ′цвет` во Bulla Gnieźnieńska од 1136 г.), *Zmejo* ← *Zmej* < **Zmьjь*, сп. срп. *zmaj*

ʹзмејʹ, сп. исто така пол. *żmija* ʹзмијаʹ), како и имиња од туѓо потекло: *Ставро* ← **Stavrъ* < *Σταυρός*,

10. употребата на формантот -*о*- во структурно-ономастичка функција кај туѓите имиња со повеќесложни основи: *Димо* ← *Димитар* ← *Димитри*(*ј*) ← *Δημήτριος*, *Михајло* ← *Михаил* (*ј* < *и* од фонолошки причини), *Александро* ← *Александар*, слично *Анасто* ← *Анастас* (како и *Насто* ← *Настас* – форми изведени од претходните со помош на почетна слоговна деривација),

11. употребата на формантот -*о*- по мека согласка:

а) првобитна – кај хипокористиците директно изведени од сложени имиња: *Стој-о* : *Stoj-i+slavъ* / *+mirъ*, *Божо* : *Bož-i+darъ*,

б) вторична – по аналогија на имињата изведени со помош на суфиксот -*е* < **-ę*: *Блаж-о* ← *Блаж-е* (спор. *Блаѓ-о*), *Драж-о* ← *Драж-е* (спор. *Драѓ-о*).

Формантот -*о* во врска со губењето на едносложните имиња постепено ја загубил својата хипокористична функција и станал карактеристична наставка на скратените машки имиња. Од моментот на изделувањето на -*о* како зборообразувачка морфема, овој формант го предизвикал проширувањето на слоговно-зборообразувачката деривација на женските имиња: *Rad-o+slava* → *Rad-a*, *Dobr-o+slava* → *Dobr-a*. Благодарение на паралелната употреба на наставките на машките и женските имиња (*Rad-a* : *Rad-o*, *Cvet-a* : *Cvet-o*) возможно било понатаму изведување на женски имиња директно од машките хипокористици: *Димитар* → *Дим-о* : *Дим-а*.

Машкиот суфикс -*о* (покрај женскиот -*а*) послужил, особено во јужнословенските јазици, за проширување на повеќе хипокористични форманти (исто така деминутивни по потекло) кои завршуваа на -*k*-, -*x*-, -*j*-, -*l*-: *Bori+slavъ* / *+mirъ* → **Bor-ъkъ* → **Bor-ъko* > *Борко*, *Rado+slavъ* / *+mirъ* → **Ra-xъ* → *Ra-xo*, *Stani+ slavъ* / *+mirъ* → **Sta-jь* → *Стајо*, *Dobro+slavъ* / *+mirъ* → **Dobr-ilъ* → *Добрило* (*Добрил-а*), *Stoji+slavъ* / *+mirъ* → **Stojilъ* > *Стоил* → *Стоило*. Поретко и подоцна во оваа функција кај машките имиња се јавува суфиксот -*а*, на пр. *Борислав* / *Боримир* → *Борка*, *Никифор* → *Ничка* во Источна Македонија, сп. исто така слични бошњачки имиња.

Првобитните хипокористични имиња подлегнале исто така на суфиксно раширување благодарејќи на асоцијации со апелативи со истите корени, како на пр. *Radoslavъ* → *Radostъ* (: *radostь*), сп. пол. машко име *Radost*, *Dobroslava* → мак. име *Доброслава* → *Добра* (: *добра*), *Dragomirъ* → мак. име *Драѓо* → *Драѓи* (: *драѓи*).

Во македонскиот и бугарскиот јазик особено е чест суфиксот -*е* < -*ę* (по потекло завршок на номинативната форма од деклинацискиот тип со значење ʹмладо живо суштествоʹ (на пр. **dětę*), првобитно со деминутивна, а потоа хипокористична функција, кој честопати се јавува паралелно со -*о*: *Радо* : *Раде*, *Боро* : *Боре*. Иако кај суфиксот -*е* понеко-

гаш сè уште се чува хипокористичноста, сепак тој, обично кога нема опозиција до *-о*, е неутрален како во името *Миле*. Нему му одговара во источнословенските јазици суфиксот *-'а*, кој е силно обоен експресивно, сп. *Володя* : *Володимир* (почесто: *Владимир* од црк.-слов. потекло) или *Ваня* : *Иван*.

Присоединувањето на двата суфикса *-о* и *-е* кон стариот општословенски деминутивен суфикс *-ъkъ* довело до паралелизам кај подоцнежните сложени хипокористични суфикси: *-ъkъ* + *-о* > *-ko* и *-ъkъ* + *-ę* > *-če*: *Стојко* : *Стојче*, што во понатамошната еволуција продолжува со цели серии нови (по природа обично фонетски) особености. Од основната именска структура *Ман-* (добиена од различни имиња) има цела серија понови имиња, сп. *Мано* : *Мане*, *Манко* : *Манче*, *Манцо* : *Манчо*, *Манко* : *Манѓо*, *Манчо* : *Манцо*, *Манто* : *Манте*, *Манѓо* : *Манѓе* (Речник 2001), сп. (Пјанка 2008а: 84 и Пјанка 2008б: 189).

### 3. Христијанските имиња кај Словените

Во периодот меѓу VI и X век одделните словенски племиња примиле христијанство директно или индиректно од двата религиозни центра: Рим и Византија, што довело кај нив до масовно примање на лични имиња од различно потекло, првобитно претежно семитски (главно хебрејски) и индоевропски (главно грчки и латински). По поделбата на христијанската црква (шизмата во 1054 г.) на источната и западната, бројноста на оваа група лични имиња се зголемила со имињата на светите и блажените, различни во византискиот и во римскиот ритуал, издиференцирани исто така јазично со удел на (индо)европските имиња, меѓу другите и на словенските, како *Вацлав*, *Војтех* (чеш. *Václav*, *Vojtěch*), *Станислав*, *Казимир* (пол. *Stanisław*, *Kazimierz*), *Владимир* (рус.-црк. *владимиръ* и *володимиръ*, првобитно рус. и совр. укр. *Володимир*). Овој слој на словенските имиња не го определуваме лингвистички, туку културолошки.

Да се прифатеше една хомогена класификација на личните имиња, ќе требаше словенските имиња да се наречат пагански. Тешко е сепак терминот „пагански имиња" да се употребува во однос на словенските имиња на светците коишто им се давани на христијаните за време на обредот на крштавање.

И двата слоја на имињата се карактеризираат со внатрешна и територијална диференцијација. Кај христијанските имиња се појавиле поголеми разлики поради таканаречената источна шизма. Употребата на словенските имиња била постепено ограничувана во полза на христијанските имиња од различно потекло, меѓу другото под црковно-административниот притисок на Руската православна црква, особено од XIII век (Скулина 1973: I 101); слично кај западните Словени (Триентскиот собор

на Католичката црква во 1545-1563 г.). Во првите векови по покрстувањето на Словените преовладувале во употребата, особено кај долните слоеви на општеството, словенските имиња, како на пр. во Повелбата на папата Инокентиј II од 1138 г. (пол. Bulla Gnieźnieńska), каде покрај ок. 400 словенски имиња на полските селани се запишани само две христијански имиња: *Piotr* <*Potr*> и *Sziman* <*Siman*>, всушност двете имиња на апостолот (и првиот римски папа): *Симеон* и *Петар*. Во подоцнежното време пропорциите станале обратни. На земјите населени со јужните Словени, кои влегуваа во Отоманската Империја, Православната црква немала моќ да воведе такви ограничувања во поглед на изборот на имињата, па затоа дури до наше време преовладуваат тука имињата од словенско потекло.

#### 4. Адаптација на христијанските имиња

Кај современите позајмени (христијански) машки имиња[1] наставката *-а* се јавува пред сè кај заемките кои во грчкиот и / или латинскот јазик завршуваат на *-as*, на пример:

1. мак., буг. *Никола*, срп., хрв. *Nikola* / брус. *Мікола*, укр. *Микола* // буг., рус. *Николай*, слн. *Nikolaj* / пол. *Mikołaj*, брус. *Міколай*, укр. *Миколай* // чеш., слч. *Mikuláš*, слн. *Miklavž*, сп. гр. *Νικόλαος*, лат. *Nicolaus*, герм. *Nikolaus* / *Niklaus*, унг. *Miklós*. Освен формите на *-а*, во словенските јазици се јавуваат исто така форми со крајното *-š* или *-ž* од оригиналното *-s* (сп. гр. и лат.), што упатува на јазици – посредници во процесот на позајмувањето кои можеле да бидат несловенските јазици: германскиот – за чешкиот и словенечкиот, унгарскиот – за словачкиот. Формите со крајното *-j* се должат на појавувањето на протетичното *j* пред губењето на грчката наставка во вокалната група необична за словенските јазици: *-aos* / *-aus* > **-ajos* / *-ajus*.

2. мак., срп. *Илија*, буг., рус. *Илия*, брус., укр. *Илія*, хрв., чеш. *Ilija* / рус. *Илья*, слч. *Il'ja*, / слн. *Elija* // слч., чеш. *Eliaš*, пол. *Eliasz*, сп. грч. *Ἡλίας*, лат., герм. *Elias*, унг. *Illés* / *Illyés* / *Éliás*. На сличната територија се распространети првобитните форми со крајното *-s*: во чешкиот, словачкиот и полскиот јазик, но исто така и во германскиот и унгарскиот јазик. Меѓутоа византиската замена $\eta > \iota$ е присутна и надвор од православните земји, а имено во чешкиот, словачкиот, словенечкиот и унгарскиот јазик).

3. мак., буг., срп., брус. *Козма*, слн. *Kozma* / рус. *Косма*, чеш., пол. *Kosma* / брус., рус., укр. *Кузьма*, пол. *Kuźma* // чеш. *Kostmas* / слч. *Kozmas* // мак., буг., срп. *Кузман*, сп. грч. *Κοσμᾶ*, лат. *Cosmas*, герм. *Kosmas*, унг. *Kozma*. Повеќето словенски јазици се согласуваат со грчкиот јазик (кој нема *-ς* во крајот на зборот), додека чешкиот и словачкиот, слично како

[1] Избор на имињата според: Јановова и др. 1975.

германскиот и унгарскиот ја следат латинската и германската форма со -*s*. Тука треба да се забележи дека ова име (како и наредното) е понепознато отколку претходните две имиња.

4. мак., буг., срп., брус., рус., укр. *Варнава*, хрв., слн., пол. *Barnaba* // чеш. *Barnabaš*, слч. *Barnabáš*, сп. грч. *βαρνάβας*, лат. *Barnabas*, герм. *Barnabas*, унг. *Barnabás*. Иако двата класични и двата соседни несловенски јазици имаат форми со крајното -*s*, кај ова име се јавува изразита конфесионално-територијална поделба: првобитните форми со -*s* / -*š* се јавуваат на подрачјето на влијанието на западните цркви (од латинскиот преку германскиот и унгарскиот јазик), додека во православните земји е позната една иста форма без оваа согласка (во католичките земји без византиската промена на почетното *b* во *v*).

Слични територијално-конфесионални разлики се јавуваат и кај други традиционално христијански имиња: мак. *Андреја*, рус. *Андрей*, пол. *Andrzej* (*Ἀνδρέας*), *Лука*, рус. *Лука*, пол. *Łukasz* (*Λουκᾶς*), мак. *Тома*, рус. *Фома*, пол. *Tomasz* (*Θωμᾶς*), мак. *Захарија*, рус. *Захарий*, пол. *Zachariasz* (*Ζαχαρίας*), но мак. *Сава*, рус. *Савва*, пол. *Saba* / *Sawa* (*Σάβας*).

Со помош на наставката -*а* во македонскиот јазик се прошируваат не само имињата на библиските и ранохристијанските личности, но исто така други стари познати имиња од грчко потекло кои во современата литературна форма завршуваат на -*иј* (со нулева наставка). Во народниот јазик обично се јавуваат три форми, на пр. *Методиј* : *Методија* : *Методие* (сп. срп. *Методије* и романски *Metodie*), *Мелетиј* : *Мелетија* : *Мелетие* (сп. срп. *Мелетије* и романски *Meletie*). Ретко такви тровидни форми имаат имиња од словенско потекло, како *Благој* : *Благоја* : *Благое* (срп. *Благоје*).

Создавањето (или чувањето) на формите со наставката -*а* кај машките лични имиња, и покрај тоа што оваа наставка во словенските јазици е типична пред сè за женските лични имиња и именките од женски род, било возможно, бидејќи – како во старословенскиот јазик, така и во современите словенски јазици – постојат именки од машки род кои завршуваат на -*а*, како наследени (на пр. мак. *слуга*, *војвода*), така и новообразувани (на пр. рус. *мужчина*, пол. *mężczyzna* ′маж, машко`, за разлика од рус. *муж*, пол. *mąż* ′маж, сопруг`.

### 5. Бошњачки галовни имиња

Во босанскиот јазик (слично како во хрватскиот и српскиот) најчестото применувано средство за хипокористизација е слоговната деривација (Пјанка 1975: 162-164) со додавање (кај машките имиња) на формантот -*о* или, поретко, -*а*. Слоговната деривација се состои во тоа што името се скратува најмалку за еден слог. Во почетокот на зборот се отфрлува првиот слог (поретко двата први слога) и евентуалната самогласка на крајот на името, а до крајната согласка се додава хипокорис-

тичниот формант. При тоа консонантските групи можат да подлегнат на упростување. Слично на крајот на името: отпаѓа еден слог (ретко два слога), а до скратената основа, која завршува на согласка, се додава формантот. Третиот вид на слоговната деривација се состои во тоа што отпаѓа слогот (слоговите) во средината на името. Еве неколку примери за слоговната деривација од првиот степен кај босанските муслимански имиња: I. Слоговна деривација од I. степен:

1. машки имиња: а) почетна слоговна деривација со суфиксот *-o*: *Dino*: Maludin, *Džido*: Madžid, *Huso*: Husein, *Lulo*: Behlul, *Sudo*: Maksud, со суфиксот *-a* (паралелно со *-o*): *Fuzo* и *Fuza*: Mahfuz, *Miro* и *Mira*: Amir, Emir, *Mazo*: Almaz и Elmaz, *Medo*: Ahmed и Mehmed, б) крајна слоговна деривација со суфиксот *-o*: *Juso*: Jusuf, *Haso*: Hasan, *Lato*: Latif, *Lutfo*: Lutfija / Lutvija, *Maho*: Mahir и Mahmud, *Meho*: Mehmed, *Miro* и *Mira*: Miralem, *Ramo*: Ramadan, со суфиксот *-a*: *Husa*: Husein, *Jusa*: Jusuf, *Meha*: Mehmed (сп. *Vlado* / *Vlada*: Vladimir, *Jovo* / *Jova*: Jovan);

2. женски имиња: а) почетна слоговна деривација со суфиксот *-a*: *Biba*: Lebiba, *Buba*: Mahbuba, *Bula*: Magbula, *Džida*: Madžida, *Fuza*: Mahfuza, *Lida*: Halida, *Lila*: Dželila и Halila, *Mana*: Mahlimana, *Masa*: Almasa и Elmasa, *Maza*: Elmaza, *Mira*: Amira и Emira, *Rura*: Mebrura, *Sida*: Maksida, *Suda*: Maksuda, *Suma*: Maksuma и Masuma, *Tifa*: Latifa. Кај некои деривати хипокористизацијата е потенцирана со замената на согласката *v* со *l* под влијание на истата согласка во наредниот слог: *Lala*: Idžvala и Ševala;

б) крајна слоговна деривација со суфиксот *-a*: *Fata*: Fatima, *Magba*: Magbula, *Mejra*: Mejrema, *Mersa*: Mersada, *Mirsa*: Mirsada, *Raza*: Razija.

II. Слоговна деривација од II. степен. За втор степен на овој вид деривација ја сметаме замената на основните суфикси (*-o*, *-a*) со хипокористичните форманти.

1. машки имиња: а) со суфиксот *-ko*: *Halko*: Halil, *Hasko*: Haso (← Hasan), *Mahko*: Maho (Mahir и Mahmud), *Raško*: Raho (Rašid), *-šo*: *Mašo*: Maho (Mahir и Mahmud), а особено со *-ica* и *-ić*: *Mehica* и *Mehić*: Meho (← Mehmed), сп. *Vladica*: *Vlado* (←Vladimir), *Radica*: *Rado* (←Radoslav);

2. женски имиња: а) со суфиксот *-ka*: *Bulka*: Bula (←Magbula), *Fatka*: *Fata* (←Fatima), *Hanka*: Hanifa, *Sumka*: Suma (←Maksuma), *Malka* : Malika, *Zulka*: Zulejha.

Другите суфикси кај хипокористичните имиња се поретки:

1. машки имиња: *-jo*: *Mujo*: Mustafa, *-do*: *Dedo*: Derviš, *-ilo*: *Mujilo*: Mujo ← Mustafa, *-če*: *Mujče*: Mustafa; *-ka*: *Huska*: Huso (← Husein), *Mujka*: Mujo (← Mustafa); *-ika*: *Hasika*: Hasa (← Hasan); *-ica*: *Ibrica*: Ibro (← Ibrahim), *Mehica*: (← Mehmed); *-ša*: *Meša*: Mehmed; *-ija*: *Avdija*: Avdo (← Abdulah); *-ić*: *Ahmić*: Ahmed, *Mehić*: Meho (← Mehmed); *-in*: *Mujčin*: Mujče: Mujko (← Mustafa); *-an*: *Ibran*: Ibro (← Ibrahim), *Mehan*: Meho (← Mehmed);

2. женски имиња: *-ica*: *Bibica*: Biba (←Habiba), *Fatmica*: Fatma (←Fatima), *-ija*: *Hankija*: Hanka (← *Hanifa*), *-uška*: *Fatuška*: Fata (←*Fatima*), *Hanuška*: *Hana* (← *Hanifa*).

Слична е структурата на основите кај пејоративните и аугментативните имиња, на пр.: 1. машки имиња: *-aš*: *Ahmaš*: Ahmo (←Ahmed); *-aka*: *Ibraka*: Ibro (← Ibrahim); *-uka*: *Avduka*: Avdo (←Abdulah);

2. женски имиња: *-uša*: *Fatuša*: Fata (← Fatima); *-uška*: *Fatuška*: Fata (← Fatima); *-una*: *Ajkuna*: Ajka (← Aiša), *-ura*: *Fatura*: Fata (← Fatima), сп. Смаиловиќ 1977: 72-74.

Популарните имиња имаат обично повеќе хипокористични облици, како на пр. ***Muhamed*:** *Muho*, *Mušo*, *Mušan* (крајна слоговна деривација), *Mumo* (крајна и средишна слоговна деривација), *Hamo* (крајна и почетна слоговна деривација); ***Muharem*:** *Muho*, *Muha*, *Muhko*, *Mušo*, *Mušan* (крајна слоговна деривација); ***Mustafa*:** *Musto*, *Mustać*, *Mujo*, *Mujko*, *Muja*, *Mujan*, *Mujka*, *Mujkan*, *Muješa* (крајна слоговна деривација), ***Mehmed*:** *Meho*, *Meha*, *Mehan*, *Mehica*, *Mehić*, *Mehuka*, *Mehija*, *Mešo*, *Meško*, *Meša*, *Mešan*, *Medo*, *Meda*, *Medan*, *Memo*, *Memko*, *Memkan*, *Memiš*, *Memija* (крајна слоговна деривација); ***Mustafa*:** *Musto*, *Mustać*, *Mujo*, *Mujko*, *Muja*, *Mujan*, *Mujka*, *Mujkan*, *Muješa*, *Mujilo*, *Mujaka*, *Mujaga* (крајна слоговна деривација) – Smailović 1977: 366-378.

### 6. Бошњачки женски имиња

Во муслиманските општества на Балканот, за кои некој од словенските јазици е мајчин јазик женските имиња без исклучоци завршуваат на *-a*, и така било уште пред примањето на исламот. Ова се однесува како на тие што се образувани со помош на парадигматската деривација, така и на првобитните женски имиња кои се од ориентално потекло. Авторот на речникот на муслиманските имиња во Босна и Херцеговина (Смаиловиќ 1977: 27) цитира фрагмент од една статија во загрепскиот печат од 1869 г., во кој се наведени типични женски имиња од Босна, сите со истата наставка *-a*: *Fata*, *Fatima*, *Fazla*, *Nazla*, *Hairia*, *Hajka*, *Mejra* или *Mejrima* (*Marija*). Индексот на современите основни (официјални) форми на женските имиња приклучен кон речникот содржи околу 1500 имиња. Сите тие без исклучок завршуваат на *-a*. Единствен начин на деривацијата на женски имиња од машки во босанскиот јазик е парадигматската деривација од споменатиот тип: *Madžid* → *Madžida*, *Magbul* → *Magbula*, *Mahbub* → *Mahbuba*, *Mahfuz* → *Mahfuza*, *Mahir* → *Mahira*, *Maid* → *Maida*, *Maksud* → *Maksuda*, *Malik* → *Malika*, *Mazlum* → *Mazluma*. Основните муслимански машки имиња завршуваат на согласки или на самогласките *-a*, *-e*, *-o* и во овој поглед не се разликуваат од христијанските и словенските имиња употребувани на истиот терен.

Се разбира, хипокористичната деривација од словенскиот тип може да се изведува редовно само под услов на полна адаптација и интеграција на имињата од туѓо потекло. Тоа се однесува како на христијанските, така и на муслиманските и еврејските имиња. Пред да го објасниме овој проблем, треба да ги претставиме причините на појавувањето на

оваа зборообразувачка категорија толку типична за словенските јазици и толку формално во нив изградена. Хипокористиците спаѓаат во зборообразувачките категории кои изразуваат експресија и се образуваат првобитно во говорот упатен кон децата од страна на возрасните, понатаму во јазикот на децата и од него се пренесувани натаму од страна на возрасните во општиот јазик. Истражувањата на јазикот на децата и на структурата на хипокористичните имиња (Томановиќ 1960, Пјанка 1975: 86-93) покажуваат дека малото дете е во состојба да изговара само двосложни зборови (подолгите се скратувани) со едноставна структура (C)VCV. Прасловенските прости имиња биле, се разбира, пократки од сложените. Сложените имиња имале најчесто четири слога, сп. *Radoslavъ* и *Radoslava*. Затоа пред сè тие подлежеле на скратување. Најчести од нив биле машките имиња составени од два именски члена поврзани со интерфиксот *-o-* и женските деривати образувани од нив, за што стана збор погоре.

### 7. Славизирани женски имиња кај несловенските народи во бившиот СССР

Промените од овој вид се одвиваат во словенските земји не само во однос на имињата за кои се смета дека стојат надвор од верските поделби или дека се резултат на процесите на трансформацијата на етничките народи во граѓански, т. е. во мултикултурни и мултиконфесионални народи, за што добар пример е ситуацијата на европските Евреи (за разлика од американските) туку тие се јавуваат и во случаите на чување на изразита културна посебност и покрај силното влијание на јазикот на поголемиот дел на општеството. Таква состојба постоела неколку векови на големите простори на царска Русија и на Советскиот Сојуз, населени со многу народи и народности кои зборувале на различни јазици кои спаѓаат во неколку јазични семејства (меѓу нив во алтајското и индоевропското), кои ја спојувале муслиманската религија и антропонимија главно од семитско (т. е. пред сè од арапско) потекло. Материјалот презентиран овде потекнува од речникот кој е приклучен кон трудот на Алим Гафуров (Гафуров 1971). Овде се применуваат кратенките прифатени во тој речник: аз. – азерско име, а. мусл. – општомуслиманско име, башк. – башкирско име, тат. – татарско име, тур. – општотурско име.

Женските имиња, кои се образувани од машки имиња, се деривувани парадигматски, слично како во словенските јазици, со помош на шемата: m -ø : f *-a*: а. мусл. *Абид* ´којшто обожава` → *Абида*, а. мусл. *Адиб* ´учен, писар` → *Адиба*, аз., башк., тат. *Адиљ* ´праведен, справедлив` → *Адиља*, аз. *Агиљ* ´паметен` → *Агиља*, тур. *Акиф* ´(постојано) населен` → *Акифа*, а. мусл. *Алим* ´познавач, учен` → *Алима*, а. мусл. *Анис* ´пријател` → *Аниса*, а. мусл. *Ариф* ´искусен, образован` → *Арифа*, а. мусл. *Асим* ´бранител` → *Асима*, а. мусл. *Атиф* ´милосрден` → *Атифа*, *Атик* ´дамне-

шен; ослободен` → *Атика*, тур. *Азаѳ* ´благороден, слободен` → *Азаѳа*, а. мусл. *Азим* ´голем` → *Азима*, а. мусл. *Азиз* ´силен; драг` → *Азиза*, *Амин* ´ополномоштен, доверлив`→ *Амина* ´безбедна, обезбедена`. Истата деривација е позната и во таџичкиот, персискиот[2] и узбечкиот јазик. Во башкирскиот и татарскиот јазик на имињата кои погоре почнуваат со А- им одговараат истите имиња со почетното грлено Н- (во руската кирилица предадено со Г-). Во испитаната сонда 100 % на женските деривати ја имаат морфемата *-а* (општиот број на имињата на А- изнесува ок. 500). Слично е и во други сонди од овој речник.

Во таџичкиот јазик сепак се јавуваат и одапелативни лични имиња со еднаква форма за женски и за машки род: *Сабза* / *Сабзи* ´зеленило`, *Сабзбахор* ´почеток на пролетта`, *Солмаз* ´кој(а)што не венее`, *Севѓили* ´сакан(а), љубовница / љубовник`, *Севил* ´сакан(а), омилен(а)`, *Севѳа* ´љубов и тага`. Женски имиња кои немаат машки паралели се меѓу другите: *Сабзиѓул* ´зеленило и цвеќе`, *Сабохѓул* ´утринско цвеќе`, *Саѳбарѓ* ´роза, трендафил`, *Саѳрул* ´сто цвеќиња`, *Санам* ´божиште, убост, убавина`, *Саховет* ´утринска привлечност`, *Себак* ´јаболче`, *Ситора* ´ѕвезда`, *Суѳуѓач* ´славеј`, *Сурвиноз* ´привлечност на селвијата`. Сп. ги по значење машките таџички имиња: *Салик* ´камен`, *Санѓ* ´камен`, *Сарафроз* ´возвишен, горд`, *Саркор* ´раководител`, *Сахт* ´јак, силен`, *Синор* ´пристаниште`, *Сурх* ´црвен`.

Крајното *-а* (на пр. во имињата *Сабза*, *Севѳа* или *Ситора*) не е во овој јазик израз за женска флексија ниту зборообразувачки формант; таа е дел од коренот и се јавува како и секој друг глас во таа позиција. Слично и во азерскиот јазик: *Сом* ´фазан`, *Сачлъ* ´со бујна коса`, *Сувар* ´блескава; прекрасна`. Парадигматската деривација од типот на m *-ø* : f *-а* во толку различни јазици не може инаку да се објасни, туку само со влијание на рускиот јазик. Изгледа дека тоа било посилно таму, каде меѓу автохтоното население имало повеќе руско население или откаде било поблизу до териториите населени со руски колонисти (Башкирија, Татарстан). За тоа сведочи примерот на Таџикистан – земја со релативно малубројна руска популација помеѓу автохтоното население, а исто така земја во која постојат женски и машки имиња кои не се разликуваат по форма. Изгледа дека прифаќањето на руската наставка *-а* како формант за образување на женски имиња од машки, од страна на несловенските јазици на територијата на која владејачки јазик беше рускиот, беше спонтан процес, за разлика од воведувањето по административен пат на триелементниот антропономастички систем со руски суфикси во патронимичните форми и во (стабилизираните) презимиња (на место на традиционалните авонимични и патронимични форми), сп. го името на авторот на цитираниот труд: Алим *Гафурович Гафуров*.

[2] Веројатно тука се работи за персиско национално малцинство во бившиот СССР, а не за жители на Иран.

## 8. Бошњачки презимиња

Презимињата на Бошњаците се образуваат со помош на суфиксите *-ović* / *-ević* / *-ić* (како и презимињата на Србите, Црногорците и – поретко – на Хрватите) од основни или скратени (првобитно хипокористични) лични имиња.

За разлика од македонските суфикси *-ovsk-* / *-evsk-* / *-sk-* (и *-ov-* / *-ev*), суфиксите *-ović* / *-ević* немаат моција, бидејќи служат за образување на именки. Како *-ovsk-* / *-evsk-* / *-sk-*, така и *-ović* / *-ević* се сложени суфикси и ги содржат заедничките елементи *-ov-* / *-ev-*, кои се јавуваат како самостојни суфикси, чии функции во словенските јазици се различни. Меѓу нив за најважна се смета посесивната функција. Овој традиционален термин сепак не е точен, бидејќи содржи повеќе посебни релации. А. Киклевич, кој се занимаваше со класификацијата на посвојните заменки (Киклевич 1975) беше на мислење дека таканаречените посвојни заменки всушност изразуваат само релации на лицата со други лица (1., 2., 3. едн. и мн.), а исто така со предмети, состојби, дејства итн. (3. едн. и мн.), па затоа ги нарече релативно-лични заменки. Тоа му даде повод за ревизија на називите на другите групи заменки. Тој предложи нови термини, меѓу другите повратно-релативни заменки (*свој*), прашално-релативни (*чиј*), неопределено-релативни (*нечиј*, *чиј и да е*) итн.

Оваа терминологија може да се пренесе во зборообразувањето, вклучувајќи го тука антропономастичкото зборообразување, за да ги определуваме првобитните семејни релации, содржани во современите презимиња со суфиксот *-ov-* / *-ev-* како лични релации, а не посвојни, бидејќи не ни е познато од историјата дека кај првобитните Словени постоело ропство, чиј одраз би можел да остане во сегашните презимиња во смисла *Марков* ʹмашко лице – сопственост на таткото *Марко*ʹ или *Маркова* ʹженско лице – сопственост на таткото *Марко* или на мажот *Марко* (по склучување брак)ʹ, што е апсурдно. Личната релација бара друга (историска) интерпретација, а имено роднинска: *Марко* ʹмажʹ : *Маркова жена*, *Марко* ʹтаткоʹ : *Маркова ќерка*; *Марко* ʹтаткоʹ : *Марков син* > *Маркова* → *Маркова* ʹженаʹ, *Маркова* ʹќеркаʹ; *Марков* ʹсинʹ → *Маркова* ʹлице од женски полʹ, *Markov* ʹлице од машки полʹ. Презимињата од типот *Марковски* / *Марковска* во историски поглед содржат двојна лична релација: еднинска *-ов-* – со таткото *Марко* и множинска – *-ски* / *-ска* со родот чиј старешина се викал *Марко*.

Една друга значенска нијанса имаат презимињата од типот *Марковиќ*, бидејќи суфиксот *-иќ* (<**-itь* < **-it-jo-*) внесувал кај личните именки друга релација, а имено генетска, па затоа во патријархалното општество овие именски форми имале само форми од машки род и означувале машки потомци (како по таткото, така и по дедото). Доказ за тоа е дека на пр. во полскиот јазик, поради формалната машкост на овој

вид презимиња била создадена посебна женска форма со суфиксот *-owa*, на пр. *Sienkiewicz* : *Sienkiewiczowa*, како кај сите презимиња со именска форма, на пр. *Kowal* : *Kowalowa*, *Gomułka* : *Gomułkowa* (првобитно од машките презимиња на *-a* со друг суфикс: *Gomułczyna*). Овие форми, кои впрочем никогаш не биле задолжителни во цела Полска, биле официјално укинати скоро пред половина век, меѓу другото по барање на феминистките. Уште понизок ранг имаат формите од типот *Пeтровиħка* (: *Пeтровиħ*) во штокавските јазици; тие се употребуваат само во разговорниот јазик. Уште понизок ранг имаат женските форми од овие презимиња во источнословенските јазици (на пр. брус. *Кузьміч* : *Кузьмічіха*), бидејќи нивниот формант образува обично пејоративни именки, на пр. рус. *врач* ′лекар` : *врачиха* ′лекарка` – погрдно.

Во македонскиот јазик на **-itь* му одговара *-ишт-е* / *-ишт-а*, сочувано само во патронимичните ојконими како *Белчиште* : *Белец* / *Белко*, *Љубаништа* : *Љубан* ′село на машките потомци на *Белец* / *Белко*, *Љубан*` (Пјанка 1966: 78), сп. пол. *Lubanice* (множинска форма со значење на првобитните жители – потомци на *Luban*) во долношлеската општина Жари (Żary). Во старополскиот јазик (и ретко досега) се јавуваат прави патроними со суфиксот *-ic*: *Bożyc* ′Божји Син`, *królewic* ′кралски син`, *szlachcic* ′син на благородник`, како и презимиња: *Szymonowic* ′син на *Szymon*`, *Staszic* ′син на *Stach / Stasz*`, *Ruszczyc* ′син на *Rusek*` итн. Но од крајот на XVI век се шират источнословенските форми на *-icz*, како *królewicz*, *Janowicz*, *Chodkiewicz* (Курашкјевич 1972: 92). Слични форми на ојконими како во Македонија се јавуваат и во Бугарија: *Ljubovišta*, *Sulišta*, *Tuhovišta* (Роспонд 1937: 130-131).

Презимињата со суфиксот *-овиќ* / *-евиќ* (пишувани со *ќ* место српското *ħ* согласно со официјалната транслитерација) се српски образувања пренесени на македонска почва. Прасловенското **tj* > *t'* во штокавските јазици е развиено во *ć*, затоа патронимичните презимиња од таа територија завршуваат на *-ić*, слично како и патронимнските ојконими (*-ići* /*-ić*). Презимињата на *-ović* / *-ević* / *-ić* се типични за Србија, Црна Гора и Босна и Херцеговина, а доста се чести и во Хрватска, и тоа независно од религијата, бидејќи – како патронимици – се постари на тој терен како од муслиманската, така и од христијанската вера. Затоа кај Бошњаците поретко се јавуваат други типови на презимињата освен патронимичните со формантот *-ović* / *-ević* / *-ić*, на пр. *Abazović* : *Abaz*, *Smailović* : *Smail* < *Ismail*, сп. на пр. мак. *Абазовски* / *Абазов*, *Смаиловски* / *Смаилов* // *Исмаиловски* / *Исмаилов*. Некои од нив имаат сложени основи, составени од титулата и името, како: *Abaspahić* < *Abaz spahija*, *Abazagić* : *Abaz aga*, *Hadžijahić* : *hadži Jahija*, *Mulahalilović* : *mula Halil* или се изведени од самата титула, како *Abadžić* : *abadži*, *Hadžić* : *hadži*, *Hodžić* : *hodža*, *Čaušević* : *čauš*, *Muftić* : *mufti*. Некои пак се рамни на името во неговата официјална форма (*Abazović* : *Abaz*) или изведена, и тоа хипокорис-

тична (*Abdović* : *Abdo* ← *Abdula*(*h*), *Abdurahman*), а исто така и пејоративна (*Kemura* : *Kemura* ← *Kemal*) – Смаиловиќ 1977: 20 и Bošnjačka prezimena[3].

## 9. Македонски муслимански презимиња

Македонските Муслимани ги чуваат своите наследени лични имиња кои во текот на петте векови на нивната употреба од страна на словенското население во Македонија фонетски и морфолошки потполно се адаптирани во македонскиот јазичен систем. Од нив на истиот начин, како од словенските и христијанските имиња, се образувани муслиманските презимиња со помош на словенските форманти *-ов*(*-а*) / *-ев* (*-а*), *-ски*(*-а*), *-овски*(*-а*) / *-евски*(*-а*) // *-оски*(*-а*) / *-ески*(*-а*), сп. ги презимињата од често употребуваните лични имиња: Сулејман – *Сулејманов*(*-а*), *Сулејмановски*, *Сулејманоски*; Селим – *Селимов*(*-а*); Селман : *Селманов*; Султан – *Султанов*, *Султанска*, Султанче (: Султан) – *Султанчев* (Речник 2001).

Последното презиме е морфолошки дериват од хипокористичното име *Султан-че*; сп. мак. *Иван-че* – *Иванчев* и *Иван* – *Иванов*(*-а*), *Ивановски*(*-а*), *Иваноски*(*-а*). Słоговните и слоговно-морфолошките деривати од личните имиња (Пјанка 1975: 126, 162-164) често се хомонимни поради скратувањето на нивните основи. Така на пр. имињата *Суле*, *Суло*, *Суљо* (: *Суло*), во историски поглед, се заеднички хипокористични деривати од полните имиња *Сулејман* и *Султан*, сп. мак. *Драго*, *Дракче*, *Драги*, *Драшко* (последното почесто во српскиот јазик): *Драгомир*, *Драгослав*. Како изведенки од заеднички хипокористични деривати од имињата *Сулејман* и *Султан* ги третираме следниве презимиња: Суле – *Сулев*(*-а*) / *Сулеф*, *Сулевски* / *Сулески*; Суло – *Сулов*; Суљо – *Суљов*, *Суљоски* (Речник 2001).

Определувањето на потеклото на некои презимиња понекогаш е отежнато не само на етимолошки план туку и на културолошки. Така на пр. името *Суле* може да се третира и како дериват изведен од *Сулима* (сп. *Сулима*, XIV в. – Станковска 1992: 267), а тоа од *Сулимир* кое е старо словенско сложено лично име, познато во повеќе земји, каде никогаш немало муслиманско население. Од друга страна основното име за *Суле* – *Султан,* кое кај муслиманските народи потекнува од турскиот апелатив *султан* (тур. *sultan* ′цар, владетел`) се јавува или се јавувало кај народите на Отоманската Империја (и кај нивните соседи) и како прекар со сите позитивни (и можеби негативни) конотации. Македонското име *Султан* се среќава веќе во XVI в. (Станковска 1992: 267, сп. 6).

[3] http://www.bosnjastvo.com/forum/viewtopic.php?t=2243 – Достапно 30.12.2008.

## 10. Евреjски имиња

Кога Словените ги зафатиле своите сегашни седишта во југоисточна Европа, нашле таму – покрај христијанското население – исто така и еврејско население, а имено Сефардијци кои се служеле со јазикот ладино со романски (шпански) основи, но кои ја зачувале својата религија и традиционални хебрејски имиња. Слично и Ашкеназијците, кои дошле од Германија во земјите населени со северните Словени (во Полска во XI век) и кои зборувале веќе јидиш (јазик основан врз база на долнофранкофонските говори на германскиот јазик), го зачувале својот антропономастички систем поврзан со јудизмот. Еврејското население живеело во Европа до крајот на XVIII век во своите општини и се раководело со своите закони. Во Полска дури демократскиот устав од 3 мај 1791 г. вовел промени во нивната положба, потврдувајќи го старателството на државната власт за Евреите. Меѓутоа четири години подоцна Полска ја загубила својата независност, разделена меѓу трите соседни држави: Русија, Прусија и Австрија. Врз промената на антропономастичкиот систем кај еврејското население влијаело воведувањето на наследни германски презимиња во Прусија и Австрија во 70 години на XVIII век задолжително за нив. Извесна улога одигра и секуларизацијата на еврејските општини предизвикана со реформите на Мозес Менделсон кон крајот на XVIII век.

Во споредба со муслимизираните Словени, кои ја промениле религијата без да го променат јазикот, Евреите кои го промениле јазикот без да ја менуваат религијата, во однос на нивниот антропономастички систем останале долго време конзервативни. Принудени да ги воведат наследните германски презимиња, останале при своите лични имиња кои главно потекнувале од Стариот завет.

## 11. Босански сефардиски Евреи

Во годините 1905-1941 во Сараево постоела исто така општина на сефардиските Евреи, т. е. потомци на Евреите прогонети кон крајот на XV век од Иберискиот Полуостров чиј јазик се базирал на претписмените шпански дијалекти. Нивните имиња биле од семитско, латинско-романско-еврејско-шпанско, латинско-романско, германско, грчко, турско, арапско и словенско потекло. Кај женските имиња е честа појавата на додавање на словенската наставка *-a* (понекогаш таа може да биде и од романско потекло). Оваа појава опфаќа како библиски имиња: *Ester* / *Estera*, *Merjam* / *Mirjam* / *Mirjama*, *Rebeka* / *Ribeka* / *Rivka* / *Rifka*, *Rahel* / *Rahela* / *Rašel* / *Rašela*, *Sara*, така и небиблиски имиња од хебрејско или друго потекло: *Malka*, *Mazalta* / *Mazaltov*, *Simha*, *Zijona*; *Merkada*, *Belja* / *Beja*, *Blanka* / *Bjanka*, *Ermoza*, *Esperansa*, *Estreja* / *Strea*, *Flor* / *Flora*, *Gracja* / *Gracija* / *Grasija* / *Grasja*, *Lumbrila*, *Luna*, *Merkada*, *Perla*, *Rika*, *Rosa* / *Roza*, *Senjora* / *Signora* / *Sinjora*; *Berta*, *Ema*, *Erna*, *Gizela*, *Luisa*, *Sarafina* / *Serafima*, *Sidonija* / *Sidonja*, *Šarlota*. Исто така многу често се јавуваат и хипокорис-

тични форми, женските на *-а* и *-ica*: *Biankica* : *Bianka*, *Blankica* : *Blanka*, *Donica* : *Dona*, *Gina* : *Regina*, *Georgina*, *Liza* : *Elizabeta* / *Elisabeth*, а машките на *-о*: *Abro* : *Abram*, *Davo* : *David*. Меѓу нив се среќаваат исто така словенски имиња, како на пр. *Zlata*. Кај некои (ретки) презимиња се јавува и суфиксот -(*ov*)*ić*: *Sumbulović*, *Merkadić*, *Papić*[4].

**12. Полските ашкеназиски Евреи**

Со помош на истите или слични зборообразувачки средства, со кои се образуваат галовните форми од полските имиња од словенско или христијанско потекло, се изведуваат и хипокористици од еврејските имиња. Суфиксите употребувани кај еврејските имиња се од поново потекло и со висока фреквенција во полскиот јазик:

1. од машки имиња на: *-ek*, *-uś*, *-ulek* (сп. кај полското словенско име *Władysław* → *Władek*, *Właduś*, *Władulek*): пол. библ. *Eliasz* → *Elek*, пол. библ. *Abram* → *Abramek*, пол. библ. *Izaak*: евр. *Ic'hak* → *Icek*, пол. библ. *Mojżesz*: евр. *Mosze* → *Moszek* (меѓу другите во презимето *Moszkowski*) / *Mosiek*, пол. библ. *Samuel*: евр. *Szmul* → *Szmulek*, пол. библ. *Dawid* → *Dawidek*, пол. библ. *Salomon* → *Moniek*, *Moniuś*, пол. библ. *Izrael*: евр. *Israel* → *Srul* → *Srulek*, пол. библ. *Jakub* → *Kuba*, *Kubuś*, евр. *Hersz* → *Herszek* → *Herszulek*, пол. библ. *Henoh*: евр. *Heno* → *Heniek*, *Heniuś*, пол. *Maurycy*: евр. *Moryc* → *Moniek*, *Moniuś*, пол. библ. *Józef*: евр. *Josef* → *Josek*, пол. библ. *Aaron*: евр. *Aron* → *Aronek* / *Ronek* ;

2. од женски имиња на: *-ka*, *-cia* (сп. кај полското име *Stefania*: *Stefka, Stefcia*): пол. *Hanna*: евр. *Hannah* → *Hanka*, *Hańcia*, пол. *Rachela* / арх. *Rachel*: евр. *Rochla*, пол. *Salomea* → *Salcia*, евр. *Frejda* → *Freja*, пол. *Rebeka* → евр. *Rywka* (рус. *Ревека* → *Ревка* / *Ривка*, белор. *Рывка*, укр. *Ривка*). Типичен пример се насловите на книгите за еврејски и полски деца од д-р Јануш Корчак: „*Joski*, *Mośki i Srule*" покрај „*Józki*, *Jaśki i Franki*"; на интернет многу често: „*Jośki*..." (полонизирана форма под влијание на полските имиња) место „*Joski*..." или „*Jóźki*..." (полска дијалектна форма) место „*Józki*...".

**Заклучоци**

На крајот треба да истакнеме дека основен фактор кој ги интегрира мултикултурните општества се верските конфесии. Од јазична гледна точка во однос на личните имиња тоа се случува на двете нивоа: лексичкото (фондот на имињата) и фонетското (фонетската адаптација на имињата од туѓо потекло). Тоа одамна се однесува како на христијан-

[4] Материјалот потекнува од докторската дисертација одбранета во Гдањск во 2008 година: Aleksandra Twardowska, *Antroponimia sarajewskich Żydów sefardyjskich w latach* 1905-1941 (ментор проф. Krystyna Szcześniak).

ските така и на муслиманските заедници чија антропонимија потекнува од повеќе јазици и културни средини. Во поново време оваа појава се однесува и на верниците на јудаизмот кои прифаќаат таканаречени лаички имиња, т. е. имиња несврзани со некој конкретен религиозен култ, за што пример можат да бидат имињата употребувани во Западна Европа веќе од крајот на XIX век од страна на еврејските емигранти од Русија, кои се по потекло хипокористици, како на пр. *Sasha*, *Tanja*, *Sonja* и др. Од друга страна имињата употребувани во некои словенски земји, кои досега се сметаа како типично еврејски (како *David*, *Samuel*), постепено стануваат натконфесионални. Како што можеме во наше време да зборуваме за јазичен глобализам (кој сепак не го опфаќа целиот свет), така, изгледа, можеме да зборуваме и за глобален „календар на имињата".

На повисокото ниво на интеграција основната улога му припаѓа на јазикот. Женските имиња на *-а* кај муслиманските народи се резултат на диглосијата или на билингвизмот на тие општества во бившиот СССР во контактите со луѓето од другите народи и народности за кои заеднички јазик бил рускиот. Поинаква била ситуацијата на еврејската популација која живеела во словенските (и другите) земји во дијаспора, а тоа значи растурена низ Европа и други континенти. Честите контакти со соседите, а понекогаш и преминувањето на нивниот јазик (како на полскиот во почетокот на XX век кај Евреите од Лавов) доведоа до полна адаптација на нивните имиња и дури до преземање на деривациските структури во областа на нивната хипокористизација. Тоа е слично на состојбата на Балканот каде населението кое преминало во ислам, зачувувајќи го родниот словенски јазик, го пренело словенскиот деривациски систем на муслиманските имиња. Веројатно слични појави можат да се набљудуваат исто така кај татарските, караитските, а можеби и арменските етнички заедници кои повеќе не го познаваат својот мајчин јазик.

## Литература


Гафуров 1971, Алим Г. Гафуров, *Лев и Кипарис*, Москва.

Иванова 2007: Олга Иванова, *Обратен речник на презимињата кај Македонците*, Скопје.

Јановова и др. 1975, Wanda Janowowa, Aldona Skarbek, Bronisława Zbijowska, Janina Zbiniowska, *Słownik imion*, Wrocław – Warszawa.

Киклевич 1997, Aleksander Kiklewicz, *Czy w języku polskim istnieją zaimki dzierżawcze*?, во: Prace Filologiczne XLII, с. 121- 133.

Курашкјевич 1972, Władysław Kuraszkiewicz, *Gramatyka historyczna języka polskiego. Podstawowe wiadomości z wyborem tekstów staropolskich do ćwiczeń*, Warszawa.

Малец 1982, Maria Malec, *Staropolskie skrócone nazwy osobowe od imion dwuczłonowych*, Wrocław.

Пјанка1975: Włodzimierz Pianka, *Macedońskie imiona osobowe kotliny Azot*, Warszawa.

Пјанка 1996: Włodzimierz Pianka, *Типологија на словенското лично име на европски фон*, во: XXI научна дискусија на XXVIII меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура, Скопје, с. 221-238.

Пјанка 2008а: Włodzimierz Pianka, *Развојот и стабилизацијата на македонскиот антропономастички систем во споредба со другите словенски јазици*, во: XXXIV научна конференција на XL меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура, Охрид, 13-30. VIII 2007, Лингвистика, Скопје, 2008, с. 77-99.

Пјанка 2008б: Włodzimierz Pianka, *Nazwisko macedońskie a tożsamość narodowa i kulturowa Macedończyków*, во: Bunt tradycji – Tradycja buntu, Warszawa 2008, с. 179-194.

Речник 2001: ред. Трајко Стаматоски, *Речник на презимињата кај Македонците*, т. II, Скопје.

Роспонд 1937: Stanisław Rospond, *Południowo-słowiańskie nazwy miejscowe z sufiksem *-itj-*, Kraków.

Скулина 1973: Tadeusz Skulina, *Staroruskie imiennictwo osobowe*, дел I, Wrocław – Warszawa.

Смаиловиќ 1977: Ismet Smailović, *Muslimanska imena orijentalnog porijekla u Bosni i Hercegovini*, Sarajevo.

Станковска 1992: Љубица Станковска, *Речник на личните имиња кај Македонците*, Скопје.

Томановиќ 1960: Васо Томановић, *Iz ekspresivne fonetike*, во: Годишен зборник на Филозофскиот факултет на Универзитетот во Скопје III, с. 167-193.

Bošnjačka prezimena: http://www.bosnjastvo.com/forum/viewtopic.php?t=2243 – Достапно 30.12.2008.

Коста Пеев

# ЗА НЕКОИ ПОСЕБНОСТИ ВО ГРАМАТИЧКАТА СТРУКТУРА НА ДОЛНОВАРДАРСКИТЕ ГОВОРИ ВО КОНТЕКСТ НА РЕЧНИЧКАТА ГРАЃА

1.1. Во изработката на **„Речникот на македонските говори во југоисточниот егејски дел“,** којшто претставува појдовна основа на рефератот, се користени материјалите од Архивот на Одделението за дијалектологија при Институтот за македонски јазик како и од Архивот во МАНУ. Поголемиот дел од материјалот е собран од авторот на Речникот. Освен тоа вршена е ексцерпција на поголем број дијалектолошки и етнографски студии од кои се земени широки контексти со цел да се илустрира не само значењето на лексичката единица туку и да се документираат моменти од материјалното и духовното живеење на еден дел од македонскиот народ, кои поради познатите историски факти тонат во заборав. Познато е дека основниот постулат на дијалектот е територијата каде што тој се зборува. За жал, нашите југоисточни говори во Егејска Македонија, во поголем дел, за време на Втората балканска војна (1913), делумно и во Граѓанската војна во Грција (1948), останаа без тој природен постулат. За илустрација да споменеме дека познатиот македонистички центар Кукуш, во летните месеци 1913 г. под ужасен притисок на грчката солдатеска беше избришан од географските карти, таму не остана ниту еден Македонец, староседелец, а и денеска нема автохтоно македонско население. Наша задача беше преку анкетирање на бегалците „да го заштитиме и одбраниме од заборав“ (како што напиша проф. Бл. Конески во рецензијата на трудот „Кукушкиот говор“) народниот живот од односнава регија со сите негови манифестации: обичаи поврзани со одредени настани од личниот и семејниот живот, верувања и суеверија, болести, именувања во врска со меѓусебните односи, обичаи поврзани со раѓањето и смртта, веселби и забави, именување и одбележување на народниот календар и празниците, терминологија во врска со сточарството и земјоделството, називи од метеорологијата, од релјефот и сл. Ваквата ориентација во изработката на Речникот (со богата илустрација на лексичките единици) дава широки можности за скицирање на граматичките посебности на овие говори.

2.1. За изучување на долновардарските говори славистите биле заинтригирани од претпоставената можност дека таму ќе ја откријат пра-

татковината на јазикот на Светите браќа Кирил и Методиј. Вториот мотив за истражување на долновардарските говори доаѓа од сознанието дека односниве говори претставуваат периферија, не само за македонската туку и за општословенската јазична општност, во којашто се имаат развиено повеќе посебности со кои тие (говорите) се изделуваат од системот на словенските јазици, односно со други зборови тие се десловенизираат. Секако во врска со периферниот карактер на регијата доаѓаат контактите со несловенските балкански јазици, што условиле промени во структурата на овие говори. Имено, споменативе посебности ќе бидат основа за нашево излагање. Во тој контекст очекуваме ова истражување да фрли светлина врз извесни развојни тенденции во дадениот дијасистем и пошироко во македонскиот јазик. Освен општопознатите балканизми (употреба на предлогот **од** како граматички показател на односот на припадност во конструкции што го заменуваат стариот посесивен генитив-датив, натаму препозитивната употреба на кратките заменски форми во однос на глаголот, непосредното прибавување на дополнението за место кон прирокот, присуството на глаголски форми од конјугацијата со *има (нема) + гл. придавка,* сврзувањето на директниот предмет со предлогот **на**, градењето на прашални реченици без партикулата **ли** и сл.), треба, како специфични за оваа регија, да ги спомeнеме и следниве: корозија на одредени граматички категории, пр. рушење на родовите опозиции (нерегуларности во конгруенцијата), необична линеаризација во конструкцијата на реченицата (кога кратката заменска форма се јавува пред глаголот и во формите на императивот), изместено значење (функција) на некои службени зборови според туѓ образец (еден вид калкирање) – проблем досега необработуван и „други бројни појави што се резултат на сложени и често невидливи и нејасни процеси на етничката, лингвистичката и, воопшто, културната симбиоза на хетерогеното население“ [1].

2.2. Повеќе векови Македонците од Долновардарско живееле во тесен контакт и јазична непосредност со несловенско население, т.е. во т.н. диглосија и билингвизам. Во односниов дијалектен јазол се вкрстувале влијанија од грчкиот, влашкиот и од турскиот јазик. Во услови на економска и политичка надмоќ турскиот и грчкиот ни се претставуваат како доминантни и поради тоа позајмувањето почесто се вршело во еден правец – од споменативе јазици кон македонскиот. Причините за тоа се евидентни: различни притисоци го терале говорителот од „пониский“ јазик да го употребува „повисокиот“ (јазик), на истакнатата и привилегирана група, во овој случај турската и грчката. Освен тоа ника-

[1] Ол. Јашар - Настева, *Меѓујазичните контакти и нашата топонимија.* Втора југословенска ономастичка конференција, Скопје 1980, с. 133.

ко не треба да се заборави влијанието од влашкиот јазик; за ова Зб. Голомб има напишано: „... основната маса на претсловенското автохтоно население со коешто словенските освојувачи, или новодоселеници стапиле во потесен контакт (кога се доселиле на Балканот) биле балканските Романци... (додека) поголемиот дел од грчкото население за време на словенската инвазија во 7 век, се повлекло во крајбрежните градишта и во врска со тоа, изгледа, директните контакти меѓу Словените и Грците биле ограничени“ [2].

2.3. Во тој сплет на околности и влијанија од балканската јазична алијанса, сепак материјалот нè упатува на следново: посебно треба да го истражуваме и потенцираме влијанието од турскиот јазик. Споменатово влијание во Долновардарско датира многу одамна. Во овие краишта почнало да се слуша турски уште од предосманлискиот период. Првите упаѓања на Турци на Балканот се споменуваат уште од 11-от век, кога византиски државници насилно доселиле Турци од Мала Азија во Одринско и во Вардарската Долина во Македонија[3]. Вардарски Турци се споменуваат во 2-от хрисовул што му го дал византискиот император Василиј 2 на охридскиот архиепископ Јован во 1020 година[4].

2.4. Сепак вистинскиот пробив на турскиот елемент на Балканот, како што е познато, стана прилично подоцна - по 3 века, т.е. во 14 век. Првите продирања се насочени имено кон југоисточниот дел на Полуостровот (Балкански), т.е. накај приморјето. Од стратешки потреби турските власти прво ги населиле градовите и крепостите. Сепак, постепено завојувачите навлегуваат насекаде во балканските простори и доаѓа до сериозни измени на политичката и етнографската слика на Македонија. Повеќе патописци забележиле дека кон почетокот на 15-от век не мал број македонски градови биле просто потурчени (Битола, Солун, Еница-Вардар и др.)[5]. Ова е многу децидно претставено во статистичкиот преглед што го објавил В. К’нчов на самиот почеток на 20-от век (в. фус. 3.), пр. во Лагадинска каза, во 99 населени места Македонци имало 10150, додека Турци имало скоро двојно повеќе – 20081 и Грци 9070; во Дојранска каза (79 населени места) имало 9618 Македонци (христијани), 1270 Македонци - муслимани, па дури 17429 Турци. Во градот Дојран наспрема 4000 Македонци има регистрирано 2300 Турци; во градот Солун редуцираниот однос на македонското население е поизразено, таму наспрема 10000 Македонци имало 26000

---

[2] Зб. Голомб, *За „механизмот“ на словенско-романските односи на Балканскиот Полуостров,* МЈ, год. 21, Скопје 1962/63, с. 262.

[3] В. К’нчов, *Македонија, етнографија и статистика,* Софија 1970, с. 298.

[4] П. Хр. Илиевски - К. Пеев, *Необична иновација во долновардарските говори,* МЈ, год. 24, Скопје 1983, с. 108.

[5] К. Иречек, *Кнежевство Б’лгарија,* т. 2, 24. Сп. В. К’нчов, цит. труд, с. 301.

Турци, значи два и пол пати повеќе. До кој степен македонскиот говорител се служел со турскиот јазик указателен е случајот на кој укажува Конески: „Некои словенски зборови требало во прво време да се објаснуваат со соодветните турцизми што биле обични во народниот јазик. Така Ј. Крчовски *горgост* го објаснува со *фоgуллук,* К. Шапкарев *способ* со турското *мертебе*“ [6]. Слични примери, како оние на Крчовски и на Шапкарев пронајдовме и во „Кулакиското евангелие“ (од околината на Солун): *му gунселе на негу gар* (*бахчиш*), имено, преведувачот словенскиот збор *gар* го објаснува со турцизмот *бахчиш*; има и обратен случај во кој прво е даден турцизмот *манgра* и го објаснува со *трло: ут ва манgра (тарло)*; во истото Евангелие: е забележливо отсуството на конгруенцијата меѓу атрибутот и именката, меѓу предикатот (односно **л**-формата) и субјектот, се среќава и проширена употреба на некои менски форми , сп.: - *Даскалот си убличе џубето, оти било голин* (378); - *пуминал субота сприту неgел'ата* (332); - *риба пичено иgно парче* (335); - *а виgели gетенци што сеgиши на gесно, приминет и убличен* (332); - *на ваа саат си раgувал Исус* (292); - *не можи некој gа работи измикар на gве аги, оти или иgното ки си милува, и на gругјут ки касканgиса* (264); - *некој gа има сто офци, и gа си загини иgен ут них* (262); - *и си лекуваши секој бол'ка и секој тижава на л'уgите* (264); - *не гу пузнајале Учениците оти Исус било* (337); - *и приксlна на них што имале тежов сsрци* (333)[7]. Споменатово отсуство на конгруенцијата, или поинаку речено рушење на категоријата род е присутно на сиот простор во Долновардарско.

2.5. Ако лингвистичката интерференција ја сфаќаме како отклонување од базата на основниот систем на дијалектот (или јазикот), што се јавува во говорот на билингвалниот соговорник, кога тој (зборувачот на двата јазика) престанува да биде во можност да ги држи одвоено двата јазика што ги познава, тогаш сигурно дека рушењето на категоријата род (кај македонските говорители под влијание на турскиот јазик) претставува убава илустрација за односнава јазична појава, што многу одамна во воденскиот говор ја забележил Шапкарев: „Во Воден, напротив, ниту една придавка нема ниту машки ниту женски род, а само среден што служи за трите рода *„големо човек, gобро жена и сл.“*[8] Слично се изразил и В. Думев (во монографскиот опис на воденскиот говор): „... во воденскиот говор се забележува една колку интересна, толку и несреќна појава, што се должи на турско и грчко влијание... така бројот *аgин* - форма за машки род е изместена од формата за среден род, пр.: *аgно*

[6] Бл. Конески, *Историја на македонскиот јазик,* Скопје 1967, с. 223.

[7] A. Mazon et A. Vaillant, *L'evangeliaire de Kulakia un parler slave du Bas-Vardar,* Paris 1938, c. 311 и 306.

[8] Цит. од Б. Конески, *Јазикот на македонската народна поезија,* Скопје 1971, с. 32.

*уфчар* и сл. Натаму дативната форма на личната заменка за трето лице машки род **му** ја изместила формата за женски род ѝ: *му ричел на жената.* Дури и формите на придавките за среден род ги имаат изместено формите за машки: *арну чувек бил то бегут, лошу са чини то инсанут.* Натаму Думев заклучува: оваа појава потврдува како може под силно туѓо влијание да се изроди јазикот, да го загуби чувството за формите на родот“.[9]

2.6. Топономастичката номенклатура од овие краишта претставува силна поддршка на горекажаното, зашто таа (номенклатурата) може да послужи не само за проучување на историскиот развој на јазикот, т. е. за проследување на различните процеси од постари или понови еволутивни фази туку и за процеси што произлегуваат од меѓусебните јазични контакти и врски. Односнава специфичност се зголемува поради фактот дека се работи на периферно подрачје каде што се среќаваат повеќе влијанија на јазици со различна генеза, какви што се јазиците од балканската алијанса. Како прво ќе го претставиме мешањето на категоријата род во двочлени синтагми во кои именката е од машки, а атрибутот од среден род: *Чилинѓарскуто изм* (Чифлиџик - Серско), *Дафчинто Сѕнѕр* (Д. Рамна - Кукушко), *Долнуто Илуварник* (Рамна - Гуменџа), *Високуто Рит, Глуфто Камин, Далбокуто Трап* (Баровица - Гуменџа), *Лазуфто Рит* (Бојмица - Гуменџа), *Старто Јавур* (Владово - Воденско), *Белто Камен* (Врежот - Ениџевардарско), *Гулемто Брот, Варосанто Камин, Влашкуто Гроп, Треснатто Камин* - удрен од гром (Бабјани - Ениџевардарско). Други комбинации за мешање на родот во топонимите се поретки, но ги има, пр.: атрибутот во машки, а именката во среден род: *Новиот Џаѳе* (Тудорче - Меглен); атрибутот во машки, а именката во женски род: *Петрин Чешма* (Теово - Воденско), *Свити Петка* (Саботско - Меглен), *Голи Маглица* (Бабјани - Ениџевардарско) - во оваа двочлена синтагма атрибутот *ѓоли* го третираме како определен вид од машки род, бидејќи во топонимијата атрибутивните компоненти од машки род со оваа форма се јавуваат многу често, но од друга страна не сретнавме ниту еден пример во кој атрибутот е во множина, а именката во еднина, сп. уште атрибутот во женски, а именката во машки род: *Тоѳорска Лас* (Баово - Меглен), атрибутот во среден, а именката во женски род: *Маџирцко Махала* (Неолјани - Серско)[10].

2.7. Во контекстот на нерегуларностите во родовите опозиции, а во врска со проширената употреба на кратката заменска форма за дати-

---

[9] В. Думев, *Воденскиот говор*, Македонски преглед 13, Софија, с. 43.

[10] А. Поповски - К. Пеев, *Дијалектни особености во македонската топонимија како одраз на меѓујазичните контакти,* Втора југословенска ономастичка конференција, Скопје, 1980, с. 287-291.

вен предмет **му,** проф. Конески во Историската граматика запишал: „... во говорите костурски, лерински, воденски, битолски, делум и во прилепскиот се извршило совпаѓање на сите три рода во кратката заменска форма за индиректен објект  за 3 л. во еднината: *му реков на човекоѿ (женаѿа, ѳеѿеѿо).* Таа форма е така сведена на знак за дативен однос без да укажува на родовата припадност на предметот. Ова се должи на албанско и романско влијание врз југозападните говори. Во албанскиот **i** е дативна форма што му одговара на мак. **му,** така и на **ѝ** (за ж. род). И во ароманскиот кратките дативни форми од личната заменека за 3 л. : *il', l'i, -l'*  се еднакви за м. и ж. род“[11]**.** Истражувањата што ги имаме вршено укажуваат дека ваквата проширена употреба на кратката заменска форма **му** зафаќа поголеми ареали, имено освен во југозападните се среќава и во југоисточниот дел: во Солунско се употребува паралелно со формата **ѝ**, а во Кукушко среќаваме наспоредни форми **му** и **ин,** односно **ни.** Уште ја имаме забележано во Мегленско и Кајларско. Односнава заменка **му** покажува поголема експанзија како множинска форма, односно уште на поголем ареал ја истиснала кратката дативна форма **им**: освен во југозападните, односно југоисточните, таа се шири во централниот дел сѐ до Прилепско и Тиквешијата**.** Во Речникот (том 3, с. 140-141) на заглавната единица **му** ѝ е посветена следнава содржина: 1. ’кратка заменска форма за индиректен објект од *ѿаа* (наместо ’ѝ’) - *ӣак ѿојнака ѓа вели: не сакам ѳивојку, јазика.  Това ми е касмеѿјуѿ, ки ѓу собрам ӣу зарно, ӣу зарно;* 2. ’кратка форма за индиректен објект од заменката *ѿие* (наместо ’им’): - *ражанинаѿа ја з’еваѿ кихајиѿу, ја зан’еваѿ на манѳраѿа, ја ӣрајаѿ за зимаѿа ѳајама ѳа му-ј ѿоӣло* (на овците); - *ѓи калеса на уѿринаѿа ӣроѿиӣурѓиѿу, иӣурѓиѿу, сѿраѿиѓиѿу и му сѿори ѓозба; - они каѿу виѳоха, ча ѿаѿко му не знаи ѳа му са кара, коѓа чинаха кабааѿ, фаѿиха са чиниха безумни;* 3.  ’кратка форма за директен предмет од **тој**’  (наместо ’го’) - *ѓу осѿавиха ѳа ѓу собре и му замракна ѿаму; - фаѿи на царјуѿ ѳа му хаӣи куремуѿ, за ѳа ѓу чини зеѿ ӣеӣл’арув сина;* 4. ’кратка форма за директен објект од **таа**’ (наместо ’ја’) - *ја з’ева книѓа Анѓ’елус Кирију, му ракч’екнува, му ӣиши ина ѳруѓа книѓа, му ѳава.* Презентирањето на ваквите примери, во кои кратката форма **му** се јавува со проширена употреба и надвор од сферата на дативниот однос претставува новина и дополна кон *Историскаѿа ѓрамаѿика* на *макеѳонскиоѿ јазик;* за ова в. поопширно во граматичкиот дел; 5. ’збороформата **му** служи и за изразување на посвојност’: - *ѳруѓиоѿ вечер  на кралоѿ момаѿа му му вели: „ѿаѿе  и јазе за ѳојѳа ѳа виѳја малко џ’умбуш; - ѿоѓас царјуѿ ѓу викна кумшиаѿа му и му вели: „кумшиа еѿу на нас земја има еѳна кралска мома* (случај на удвојување на заменската форма); има примери во кои формата **му** се скратува во **м-** (ако претходниот збор, со кој прави акцентска целост, завршува на

[11] Бл. Конески,  в. фус. 6, с. 132.

вокал) - *ки ӷу фаӣум, си ӣрамиславе, к'и-м ӷу скинам враӣуӣ куӣу на кукошка.*

4.1. Не негирајќи го влијанието од балканските несловенски јазици (во долновардарските конкретно од влашките говори) во обопштената употреба на кратката форма за м. и за ж. род **му**, сепак треба да укажеме дека, конкретно за југоисточните говори, за појавата (испразнетост од категоријата род кај заменските форми) среќаваме соодветство и во нерегуларноста на родовите опозиции пошироко, за кои зборувавме погоре, пр. во случаите со нарушена конгруенција, кога атрибутската одредница за ср. род се јавува во спрега со м. род: - *женӣа а нае су иѳно чужцо чоек;* поретки се примерите од синтагми со именки во среден и атрибут со машки род: - *а ӣа рабуӣил за еѳин леӣче, ӣари не.* Интерес побудува и отсуството на согласување меѓу субјектот и л-формата во предикат: - *ѳеӣӣо сӣанал си уѳѳел уф баиро; - ѳујѳел аѳно ӣиле и ин ӣее.*

4.2. Зборувајќи за резултатите од контактите на долновардарските говори со грчкиот јазик треба да одбележиме дека „освен чисто лексички заемки поврзани со влијанијата од стопанската, општествената и духовната култура се јавуваат и заемки од граматички карактер", како потврда за ова Зб. Голомб од Солунско наведува неколку службени зборови: **афу** 'бидејќи, штом', **халис** 'како да', **икси** 'дали', **ити** 'или', **омус** 'но, впрочем', **ала** 'според, ама', **амдис** 'наместо'[12]**.** За ова проф. Конески се искажал на следниов начин: „Се разбира, примањето на еден сврзник значи нешто повеќе од примањето на некој полнозначен збор, зашто сведочи за сфаќање на смислата на туѓиот реченичен склоп"[13]**.** Кога сме кај влијанието од грчкиот јазик, треба да споменеме дека во овие говори се инкорпорирала грчката партикула за негација **μή** наместо 'не', но во заповедниот начин глаголската форма ги носи формантите на презентот, а не на императивот: - *ӣоӷас му вели змиаӣа: „заӣова, ӣобраӣими, кахар ми бериш. Свири ми ѳа иӷра".*

4.3. Освен споменатово позајмување на службени зборови, во граѓата за **Речникот** што го работиме констатиравме и „калкирање" на истите, т.е. се позајмува само внатрешната, значенската страна, а не самите зборови. Ваквото калкирање секако треба да се третира како резултат на постоење на многу висок степен на јазично интегрирање. Односнава појава останала незабележана и од такви специјалисти каков што е Зб. Голомб, токму поради суптилноста на проблемот којшто преферира

[12] Зб. Голомб, *Два македонски ӷовора (на Сухо и Висока во Солунско),* Македонски јазик, г. 13-14, Скопје 1962-1963, с. 262.

[13] Бл. Конески, в. фус. 6, с. 119.

позадлабочено познавање на дијалектот што го имаат само родените говорители.

4.4. За калкирањето на збороформи со граматички карактер ќе илустрираме со предлогот **од,** којшто освен што ги изместил старите предлози **изъ** и **съ** се јавува и како „граматички показател на односот за припадност". Вакви конструкции освен влашкиот (со предлозите **de, di** познаваат и северните грчки дијалекти, со предлогот **'απο′**), а во македонскиот до скоро се третираше за особеност на западното наречје. Меѓутоа, нашите истражувања недвосмислено покажаа дека ваквата употреба на предлогот **од** претставува реалност во долновардарските говори; примери имаме повеќе и од различни дијалектни точки; пр. од солунското село Ватилак: - *баш на Араплија* (село во Солунско) - *имаше адно тарло от галичани; - а пак нашто село беше от една голема ханумка;* во Зборникот на Верковиќ: - *тогас изважда от бунаро от козата главата; - дека да најде от чешмата мајката;* од Кулакија (Солунско): -*моа приказна не и моа, туку ут то шо ми пушти; - ки дујдел стопанот ут лозата; - и гу скри златату ут агата; - и на татко ут момата.*

4.5. Освен со споменатово посесивно значење (кое претставува, како што рековме, еден вид калкирање) во споменативе македонски говори среќаваме и други случаи на „внатрешна деривација" на предлогот **од,** кога тој ја покрива употребата на неколку други предлози[14]**.** За ова може да се побара аналогија со споменатиот грчки предлог 'απο′ којшто има широка употреба во грчките говори и се јавува со значење на предлозите 'од', 'до', 'низ', 'за', 'во'. Ќе илустрираме со случаи позајмени од споменатиот **Речник** на југоисточните егејски говори (том 4, с. 22-23) за заглавната единица **од**: ***а.*** кога се јавува наместо предлогот 'за': - *да ти кажими: ''аку га најдиш да спиј, гледај да ја закачиш за косата и, л'у аку га фатиш от друго место, ки ти изјади''; - тогај гу зева нас дун'а гузели от ранката (*наместо: 'гу зева за ранката') - од Зборникот на Верковиќ; ***б.*** наместо 'освен': - *пак гостот га пита: дивојку, от татку ти друг кого имаш;* ***в.*** наместо 'низ': *кога ки видиш матна река да не миниш от неја, дурде не утихни реката* (наместо: 'да не миниш низ неја'); - *најде една рјака, штото млого силно варвјаши, и нејната вода проминаши от стредја от морету* (место: 'низ морето'); - *га вели: жену, сношти засоних, ча една какараска на белујут ол му фл'ази от устата му;* ***г.*** со значење на 'по': - *кинисаа да идат кату на Стамбол; та единојут отиде от друг пат*; - *ти са мол'а да ми кажиш, от кој сукак да ида аф царјувут конак?;* ***д.*** наместо 'до': - *тојнака как виде, на царју*

---

[14] К. Пеев, *За малупознатото калкирање на службени зборови во југоисточните периферни македонски говори,* Зборник во чест на Радмила Угринова - Скалоска, Филолошки факултет, Скопје 1997, с. 211-216.

*му чини дури от земја поклон* (место: 'до земја'), *ѓ* наместо 'покрај'; -*как ки проминими от златната јабалка, да гледаш да искиниш дал* (место: 'покрај от златната јабалка'), ***е.*** наместо 'зад': - *му вели: как ки флезиш, л'у нетри от портата има една чешма жива вода;* ***ж.*** наместо 'со': - *му вели: царју... да ми дајш едно писмо от раката ти* (наместо: 'со раката ти' - напишано), *да му закарам на на онова цар;* ***з.*** употреба на **ут** со значење на 'на', но не укажува на посесивност, туку на простор: - *аку не а видам ут рацити негови дупкити; - или да седити ут лево су мене* (Кулакиско евангелие)*;* уште и во Зборникот на Верковиќ: - *тогај дјадото источи остра сабја, да ја посечи змиата от стреdја.*

4.6. Дека споменатово нивелирање на опозициите по род претставува сериозна граматичка промена со реперкусии што и понатаму го засегаат системот, се огледа и во тоа што со споменативе нерегуларности престанува да важи изделувањето, односно оформувањето на посебни множински форми и типови, со свои формални обележја, какви што, во другите дијалекти, а и во нормативниот јазик, има. Во овие говори, значи, освен познатите упростувања на промените по основи (во женскиот род меѓу меката и тврдата промена: *жена - жени* исто како *душа - души,* или во средниот род во изедначувањето на промената на консонантските основи на -t и -n и др.), среќаваме и нови отклонувања на разликите, така едносложните именки од машки род во множина се јавуваат со иста наставка како и повеќесложните (-**и**): - *ки ти дадам кл'учити ут небесинта царштина*, и понатаму, односнава множинска наставка -*и* се проширила и кај именките од среден род, што во стариот период се јавувале со наставката -*ета* (пр. *телета*), односно со поновата -*ија;* сп. кај именката *прасе: - бил'ук праси паселе; - ка утишле уф праситu, си тарчало сато бил'ук уф морито*, или кај именката *јагне: пасај јагни-ти мој;* уште: - *от што ми ареаса твојут ум, ти вел'ам: да везмиш тес двете магарини, да поиш да работиш; - на магарити на гарбовето му са чиниха едни рани от самарот.* Истава множинска наставка се јавува и на местото од наставката -*а,* што обично оди со именките од среден род на -*о* или -*це: - и да кладам раката на ребрити негови;* или: - *ми си умити уф-сарцити ваши.* Односнава наставка се инкорпорирала и во примерите што правеле множина со наставката -*ена: и иминити на дванадесет Апостоли.*

4.7. Може да се заклучи дека проширената употреба на наставката -*и* за множина и кај едносложните именки од машки, како и кај именките од среден род, има логичка поткрепа во нивелирањето на опозицијата по род. Натаму, и едното и другото израмнување природно наоѓаат наслон во аналогната ситуација во турскиот јазик, во кој, како што е познато, не постојат родови разлики, а множинските форми се јавуваат

само со една наставка *-lar (-ler): balxk]x-lar ’рибари’, калп-лер* 'срца’, *dxzivdziv-ler* ’пилиња’ [15]**.** Оваа специфичност досега не е обработувана.

4.8. Кога сме кај влијанието од турскиот јазик, да споменеме дека „турските обрасци од типот *самур калпак, шам кајсија* во кои првата именка се јавува како атрибут на втората, придонесле да се установат такви синтагми и во нашиот јазик. Сп. *сила работа, ветар работа.* Од турскиот се калкирани раквите состави со именката ’време’: *ручек време, ужина време, жетва време“*[16]**.** Иако ваквите образувања се познати нашироко во македонските говори, сепак во југоисточните нивниот број е изразито поголем, бидејќи овде, како што рековме, во повеќе *кази* (околии) односот меѓу македонските и турските говорители е еден спрема еден, а некаде Турците биле помногубројни. Сп.: - - *застојал Исус на и9но место поле* (= рамница); - *и ногу аскер л’у9и ут сата Ју9еа* (од Кулакиското евангелие); - *такос отговор от е9на сел’анка мома* (место: ’селска мома’); - *препослана сос фил’у кожа* (место: ’фил’ова кожа’) - од Зборникот на Верковиќ).

4.9. За крај треба да повториме дека најновите истражувања на југоисточните македонски говори многу го проширија просторот на изоглосата со која се одредува зоната на изразито присуство на „балкански јазични иновации“ навлезени во македонскиот дијалектен систем. Тоа ќе рече дека нужно се налага и извесно дополнување на сфаќањето: „најбалкански се западномакедонските и ароманските дијалекти од една страна и македонскиот стандарден од друга“**.** Од анализата што ја извршивме јасно се заклучува дека: како што западномакедонското наречје било под силно влијание на соседните албански говори во комбинација со ароманските дијалекти, така и кај југоисточните говори се чувствува влијанието од меглено-романските говори, уште од северните грчки дијалекти, со кои биле во непосреден контакт. Како специфичност треба да се потенцира многу големото присуство на турски специфичности како во лексиката така и во граматичката структура на споменативе македонски говори.

---

[15] К. Пеев, *Измени во граматичките категории на долновардарските говори во контекстот на турското влијание,* Македонско-турски културни врски во минатото и денес, Филолошки факултет, Скопје 1991, с. 93-96.

[16] Бл. Конески, в. фус. 2, с. 127.

Блаже Ристовски

# ДИМИТРИЈА ЧУПОВСКИ И МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК
## По повод 130-годишнината од раѓањето на Чуповски

Димитрија Димов Чуповски е една од најмаркантните, но и една од најмаргинализираните водечки личности од современата македонска културно-национална историја. Македонија сè уште живее со претставите за некои личности со главно однадвор сугерирана традиција, па затоа заслугите на современиците ни се повидливи од претставите за претходниците, меморијата ни е посветла и поприфатлива од фактите и аргументите на историјата. А има величини што во мерливоста не се споредуваат, секоја си тежи на своето место и во своето време. Не можеме да ги рамниме, на пр., Мисирков и Конески. Тие се врвни дејци на две сосем различни епохи. Она што е Мисирков во доослободителниот период, тоа е Конески во периодот по Ослободувањето. Мисирков, во пазувите на Другарството, покрај другото, ги постави теоретските и ги реши практичните основи на кодификацијата на современиот македонски литературен јазик и правопис, но Конески, како достоен негов следбеник, во други, поволни историско-политички услови, државно го верификува, го етаблира и го оживотвори неговиот развиток и меѓународната афирмација.

Тоа се однесува и во однос на државносната идеја. Не може да се споредуваат, на пр., Димитрија Чуповски и Методија Андонов-Ченто. Првиот е визионер, меѓу другото, и на современата македонска национална држава, а вториот, во новонастанатите историски околности, е спроводник и практичен креатор на таа идеја. Споредбата е речиси невозможна, како што не е возможна ни паралелата, на пр., помеѓу Чуповски и Делчев. Впрочем, Македонската илинденска револуција всушност има две функционално организирани крила, олицетворени во Македонската револуционерна организација, од една, и Македонското научно-литературно другарство, од друга страна, позиционирани на два фронта со извесни национално реско спротивставени програми, но со конвергентно иста политичка цел: ослободување на македонскиот народ и создавање своја држава. Разделната линија ја правеа прашањата за нацијата, јазикот и црквата.

Во шеријатска Турција црквата беше услов за диференцијација на една нација, а јазикот услов за афирмација на таа нација. По Букурешкиот договор (1913) и поделбата на земјата во четири национално формирани и афирмирани држави, како кохезивна сила за единството на на-

родот остана јазикот и чувството за него. Токму затоа и Мисирков и Чуповски секогаш го истакнуваа јазикот како елементарен фактор за перспективата на нацијата. Затоа стратиграфијата на македонската културно-национална историја во клучната развојна епоха од почетокот на XIX и речиси до крајот на XX век ја омеѓуваат неколку историски ориентирни столбови: Пејчиновиќ и Крчовски, Партенија и Миладиновци, Беровски и Пулевски, Мисирков и Чуповски, Рацин и Марковски и како стамен колективен осаменик Блаже Конески. Објективното поврзување на таа трансверзала го претставува всушност македонскиот двовековен културно-национален континуитет.

**1.**

Кога станува збор за Димитрија Чуповски секогаш се мисли и на Македонското научно-литературно другарство во С.-Петербург како централно организирано јадро на македонската културно-национална мисла, историски претходник на современата Македонска академија на науките и уметностите. Во текот на цел половина век тој не го испушти знамето на борбата за одбрана и афирмација на македонските национални интереси (1890-1940). Како ученик во Крушево, Софија, Белград, Новгород и Симферопол и студент во С.-Петербург, Чуповски ги помина митарствата на балканските противречности и голготи и ја почувствува безмилосноста на ривалската битка на европските интереси, па мошне рано животот му помогна да ја оформи визијата за единствениот пат на националноослободителната борба. Во неа македонскиот јазик беше каријатидата што го одржуваше македонскиот народ да стане и да остане субјект во словенскиот свет.

Јазикот беше клучно прашање и за Словеномакедонската книжевна дружина во Софија и за нејзиниот основач и раководител Ѓорѓија М. Пулевски. Младиот Чуповски имал и лични средби со овој соплеменик (1890/91) и веројатно од него го добил примерокот на „Слогница речовска“ најден во неговата библиотека со своерачно подвлечената идеја „за славяно-македонски языкъ“. Култот и афирмацијата на јазикот беше основната програмска поента и на „националниот сепаратизам“ на софиските „лозари“ (1891/92), чиј прогон го натера и Чуповски да ја напушти бугарската престолнина. Етнографијата и јазикот беа во фокусот на интересите и на белградските „вардарци“ (1893/94). Тука Мисирков и Чуповски пак заедно ја темелеа својата македонска национална мисла. Таа јатка на националната програма се рефлектира и во Македонскиот клуб во Белград (1901-1902) и се афирмира во неговиот печатен орган „Балкански гласник“ (1902), којшто стана првиот предвесник на комплетната македонска национална програма со основните позиции: признавање на македонската како одделна словенска нација, со посебен литературен јазик, при обнова на Охридската архиепископија како национална црква во една автономија на Македонија во границите на Турција или во бал-

канска или јужнословенска федерација. Весникот јавно побара: „да ѝ се признае [на Македонија] нејзиниот словенски македонски дијалект“, да ѝ се даде автономија „со словенскиот местен словенски јазик-дијалект“, со призната „македонска народност и македонскиот како посебен јазик“, зашто народот „треба да си го усвои за литературен јазик својот местен дијалект“, бидејќи Македонците „зборуваат еден ист јазик“, „си имаат свој засебен дијалект и тој може да се служи со фонетскиот правопис“.

Иако во тоа време Чуповски беше веќе во Русија, сите тие барања нему му беа добро познати. Тој не само што го читаше в. „Балкански гласник“ туку и лично (уште во 1901 год.) ги пласира тие идеи при посетата на Крушево и отиде кај своите земјаци во Белград да ги сподели идеите. Освен тоа, Чуповски беше близок со својот соплеменик и сограѓанин од Крушево Марко Атанасов Мушевич, којшто и овојпат се јави како реализатор на една петиција во тој дух од 7. II 1902 година (со 92 потписа). Не без учество на Чуповски, во март таа му беше пренесена на рускиот министер за надворешни работи во С.-Петербург, па и на рускиот цар Николај II.

## 2.

По забраната на „Балкански гласник“ во Србија, неговите издавачи и редактори Стефан Јакимов Дедов и Дијамандија Трпков Мишајков отидоа во руската престолнина и на 28 октомври 1902 год. (со потписите на 19 основачи, на чело со Мисирков и Чуповски) беше затемелено Македонското научно-литературно другарство. Уште на 12 ноември беше предаден Меморандумот на Другарството до Руската влада и до Советот на С.-Петербуршкото словенско благотворно друштво. Овој документ всушност ја претставува и првата (и единствена) комплетна и комплексна македонска културно-национална програма. Во неа исцрпно беше елаборирано и прашањето за македонскиот литературен јазик.

Во врска со „прашањето за националната слобода на Македонија“, потписниците на Меморандумот поконкретно го објаснуваат местото и значењето на јазикот како фактор: „Под национална слобода − објаснуваат тие − ние подразбираме отстранување на националните пропаганди од Македонија и наместо тоа воведување на едно од македонските наречја на степен на општ македонски литературен јазик“. Зашто, „етнографско и јазично единство во Македонија постои и тоа се оспорува само од приврзаниците на големосрпската и големобугарската идеја. А кога веќе тоа е така, и интересите на словенското население во Македонија може да бидат обезбедени во понатамошната судбина на оваа земја само преку развивање на еднаквата словенска национална свест кај сите Македонски Словени, тогаш, природно, во интерес на последниве е и воспитувањето на Македонците во духот на нивниот роден јазик, нивното еднакво минато и еднаква иднина. И така − велат поднесувачите на

Меморандумот – ние дојдовме до заклучок дека во Македонија постои национално единство во таа смисла што сите македонски наречја составуваат една целост. Сега се поставува прашањето: може ли и потребно ли е едно од македонските наречја да се издигне на степен на литературен јазик за сите Македонци?“

Откако со историско-филолошки аргументи се образлага дека тоа не е само можно туку и неопходно, потписниците од Другарството сосем стручно, на нивото на тогашната лингвистичка научна мисла, веројатно и не без соучеството и на филологот Мисирков, појаснуваат:

„Причините за образувањето на мак. лит. јазик се две: 1. при образувањето на српскиот јазик – литературниот – на почетокот на XIX в. не им било обрнато внимание на говорите на Ист. Србија, Зап. Бугарија и Македонија, па затоа, со примањето на херцеговскиот говор како литературен јазик, не биле задоволени потребите на Словените од Ист. Србија, Зап. Бугарија и Македонија. При образувањето на бугарскиот литературен јазик, со примањето на источнобугарското наречје за општа литературна употреба, исто така малку внимание им било обрнато на источносрпското, зап[адно]бугарското и на сите македонски наречја... Ние сметаме дека македонските наречја, кои Бугарите исцело ги признаваат за бугарски, Србите за српски, всушност ја претставуваат средината помеѓу говорите на денешна Бугарија и Србија, но не и на другите српски области, и како такви, во случај еден од нив да се издигне на степен на литературен јазик, можат да послужат како обединителна алка помеѓу сега непријателските Бугарија и Србија.

2. Втората причина за издигнувањето на едно од макед. наречја на степен на литературен јазик е неопходноста за отстранување на претензиите на Србија и на Бугарија кон Македонија, отстранување на националните пропаганди што го деморализираат макед. население, обединување на словенскиот елемент во Македонија за да се зачува неговото преовладувачко значење за судбината на Македонија.“

Затоа уште во првата точка од сублимираните барања на Другарството се потенцира имено јазикот како клучен фактор за создавањето македонска автономна држава:

„Признавање на Македонските Словени од страна на Турција како одделен народ со одделен литературен јазик што рамноправно со турскиот станува официјален јазик во трите вилаети на Македонија: Косовскиот, Битолскиот и Солунскиот, и признавање на самостојната црква. “

**3.**

Оваа лингвистичко-политичка елаборација една година подоцна ја наоѓаме уште поопширно образложена во книгата на Крсте Мисирков „За македонцките работи“. Но таа наоѓа одраз и во Уставот што Чуповски го поднесе за регистрација на Другарството на 16. XII 1903 год. Уште во чл. 1 како втора цел е наведено: „да ги проучува јазикот, песни-

те, обичаите и историјата на Македонија во етнографски и географски поглед", а во чл. 2 и поподробно се наведени задачите. Во овој официјален акт на Другарството исто така првпат во македонската историја (со членот 12) македонскиот јазик се воведува во службена употреба: „Разговорот во Другарството – се озаконува во Уставот – ќе се води на македонскиот јазик (на словеномакедонскиот); рефератите и протоколите ќе се пишуваат исто така на овој јазик." Следниот чл. 13 исто така мошне ригорозно ја исклучува употребата на сите други словенски јазици во настапите на гостите-учесници во активностите во Другарството, освен „сесловенскиот јазик – рускиот".

Притоа треба да се има предвид дека оваа национална програма на Другарството, а тоа значи и на Чуповски како негов претседател, конципирана пред повеќе од еден век и повеќе од една година пред објавувањето на книгата „За македонцките работи", останува клучна алка во континуитетот на македонската културно-национална и државносна мисла.

Според зачуваниот записник од второто заседание на Другарството од 29. XII 1902 год., Чуповски дал предлог (и тој бил прифатен) детално да се определат „Границите на Македонија", а една деценија подоцна според тие гранични линии тој ја подготви и ја отпечати (во колор) првата Карта на Македонија на македонски јазик (март 1913). На истото заседание, за да им се покажело на Русите дека македонскиот јазик е поблизок до рускиот отколку бугарскиот и српскиот, било заклучено: „Секој еден од членовите, којшто сака да запишува некои карактеристични макед. зборови и да му ги предава на секретарот, кој од своја страна ќе ги запишува во посебна тетратка, разделена на четири графи: македонска, бугарска, српска и руска." Тоа е всушност почетната идеја за подготовка на еден македонско-руски речник што Чуповски ќе почне да ја реализира дури по 1923 год.

**4.**

За да се согледа доследноста во грижата на Чуповски за воведување на македонскиот литературен јазик во службена употреба, ќе наведеме уште некои аргументи. Така, на пр., уште во 1903/04 год. се прават подготовки за печатење учебници на македонски јазик (македонски буквар, граматика, историска читанка итн.) за предвидуваните училишта. Се испраќаат членови на Другарството да собираат потписи од оние што сакаат децата да им учат на мајчниот јазик. Во 1904 год. веќе биле собрани такви потписи од жителите на 34 села од Битолскиот и Солунскиот вилает. Подготвен е првиот македонски буквар и се испраќа човек да го однесе за печатење во 1500 примероци во Њујорк. Тоа е историскиот момент кога во поствостаничка Македонија свеста за македонска просвета е многу потенцирана и тоа не останува тајна и за европската јавност. Тогаш се печати „За македонцките работи" во Софија,

Чернодрински со својот македонски театар дава претстави во Бугарија и во Србија со текстови на македонски јазик, се печатат или се претставуваат македонските драми на самиот В. Чернодрински, на Марко Цепенков, на Димо Хаџидинев, на Антон Страшимиров и др., а печатот алармира дека се пишувала и македонска граматика, дека во Одеса се подготвува списанието на Мисирков „Вардар“ на македонски јазик и дека со сето тоа се афирмира „четвртата јужнословенска книжевност“.

Пламнува истовремено вознемиреноста во балканските престолнини и се предлагаат предлози за заеднички јавни и тајни разговори за договор за поделба на сферите за влијание во Македонија, но се скицираат и териториите за завојување. Во таа антимакедонска кампања се вклучени и некои кругови од Македонската револуционерна организација. Тие со страст ја горат книгата на Мисирков во Софија, а нејзиниот автор не само вербално туку и безмилосно жестоко физички го напаѓаат. Кутриот Мисирков во едно писмо од 12. IV 1904 год. од Берјанск се обидува да објасни: „Ние не сме против ВМРО, ние само укажуваме на двете слабости што таа ги има: 1) нерасчистената македонска национална мисла и 2) ненавремената оружена борба што денеска е рамна на авантуризам.“

## 5.

Сепак, Димитрија Чуповски не се повлекува пред заканите и ја продолжува претседателската функција во Другарството. Тој прочитал реферат под недвосмислен наслов „За вековната национална самобитност на Македонските Словени“, чија содржина десет години подоцна ја наоѓаме во првиот број на сп. „Македонскій голосъ (Македонски глас)“. Активниот член на Другарството (од битолското село Буково) Филип Николовски реферирал за (и денеска) актуелната тема „Какви причини ги тераат Русите и воопшто патешествениците и етнографите да ги смешуваат Македонските Словени со Србите и со Бугарите“, реферат што досега сè уште е познат за науката – само по насловот. А на 7 февруари 1904 год. Чуповски го информира Никола Ничота (кој во тоа време, поради материјалните проблеми, се префрли од Петербуршкиот на Московскиот универзитет) за разговорот со Турската амбасада во С.-Петербург и додава: „Ние се претставивме пред првиот секретар на Амбасадата, којшто му е советник на амбасадорот, и му ги изложивме нашите погледи за Македонија, дека ние сакаме да се избавиме од произволот на Србите, Грците и Бугарите и да живееме мирно под покровителство на ,Падишахотж. Тој ни благодари за таквите благи и спасителни мисли за Турската Империја и нè посоветува да го изложиме подробно нашиот проект за Македонските Словени – писмено, во вид на молба или меморандум на име на амбасадорот за да го претстави пред султанот. Тогаш ние решивме така да направиме, но поради неочекуваните вести од Далечниот Исток го одложивме за извесно време за да не би Бугарите и

Србите да дознаат и да се разбунтуваат против нас.“ Егзарховиот стипендист Хр. Шалдев, меѓутоа, веќе го информирал за тоа и егзархот и ЦК на ТМОРО во Солун.

Во тоа време Мисирков веќе ги правеше подготовките за издавање на сп. „Вардар“ на македонски јазик. На 20 јуни 1904 год. од Бердјанск тој пишува: „Ничота ми соопштува од Петроград дека се поврзал со Австриската амбасада во Петроград. Лично амбасадорот гледал со големи симпатии на нашиот план за разрешување на македонското прашање и во таа смисла ѝ пишал на својата влада, од која чека одговор. Ако ја придобиеме Владата на Австро-Унгарија, како што има изгледи да ја имаме Русија, тогаш лесно ќе ја постигнеме целта.“ Значи, акцијата воопшто не била еднодимензијална. Во тоа време во Софија Стефан Јакимов Дедов упорно, со сите ризици и тешкотии, ги издаваше неофицијалните органи на Другарството „Балканъ“ и „Куриеръ“, додека во Битола Дијамандија Мишајков готвеше почва и учебни помагала за очекуваната македонска просвета.

Активностите на Другарството не останале без ефект. Членовите на Другарството Ничота и Николовски добиле турски пасоши и отпатувале во Македонија за да подготвуваат почва за македонските училишта. Тоа го направил и самиот Чуповски. Но акцијата беше неутрализирана пред сѐ од македонските револуционери што не можеа да се ослободат од софиската поддршка и непријателски се поставија спрема програмата на Другарството. Кога по тримесечен престој во Македонија во 1905 год. Чуповски стигна во Велес, централистичкиот војвода со смртна закана со пиштол го избрка од сопствената земја, а македонски револуционери во Софија го клеветеа пред рускиот амбасадор за да не му го даде пасошот за враќање во Русија.

Развиорената крвава четничка акција на соседите во Македонија привремено го неутрализира Другарството. Зашто, во тој меѓусебен колеж учествуваа бугарски, српски, грчки и романски чети, во кои учествуваа претежно Македонци, а во Македонија немаше – македонски...

**6.**

По Ревелската средба на суверените на Англија и Русија и најавата за автономија на Македонија, за да се зачува целоста на Империјата, беше побрзан младотурскиот воен преврат (1908). Не случајно центар на бунтот стана Македонија, во Ресен, на чело со Албанецот Нијази-бег како висок турски офицер. Потоа се вклучи и Солун и беше прокламирана уставна демократизација на Турција: слобода, правда и еднаквост за сите граѓани. Во Македонија нагрнаа сите соседи што имаа свои чети за слободно да создаваат сопствени културно-просветни институции, разни комитети, политички партии и редакции на весници, во некои од нив земаа учество и Македонци. Само пак немаше ништо – македонско. Македонскиот јазик ни сега немаше граѓанство во Македонија. Така за-

почна битката за легализирање на сферите за влијание и подготовката за поделба на Европска Турција.

Во 1910 год., кога се постави прашањето за избор и враќање на митрополитот Теодосија во Македонија, а Мисирков, Попарсов и Теодосија правеа подготовки за отворање Висока школа во Скопје, во Битолскиот вилает одново се пронесува глас за некаква „руска партија“. Всушност, тоа пак беше иницијативата на Другарството преку Димитрија Чуповски и Наце Димов, во соработка пак со Марко Мушевич и неговите сомисленици, за искористување на „уриетот“ за организирање училиште (со пансион) на македонски јазик во Житошкиот манастир. Акцијата се изведува и со поддршка од Света Гора. Така Мушевич одново се најде во Петербург со нов меморандум пред Светиот синод на Руската православна црква и заедно со Наце Димов молат за помош за отворање на училиштето. Во 1911 год. доаѓа во Крушево и самиот Димитрија Чуповски и ја потсилува акцијата.

Во тоа време на Балканот со руско посредство се правеа пазарлаците на „сојузниците“ за Македонија. Русија не беше заинтересирана за македонските национални стремежи. Веќе се чувствуваше воениот балкански пожар. Тогаш македонските национални дејци во руската престолнина, во договор со своите сомисленици во Македонија, формираа ново Словеномакедонско национално-просветно друштво „Св. Кирил и Методија“ и на 27 јуни 1912 год., со потписите на Димитрија Чуповски, д-р Гаврил Константинович и Наце Димов, побараа негова регистрација во Градоначалството за да се создаде официјализирана национална асоцијација како можност за настапи пред јавноста. Иако цела година Градоначалството го условуваше одговорот, Друштвото остана непризнато. Предложениот Устав сепак претставува историски документ со особено значење.

Основната цел на новооснованото друштво, според § 1 од овој Устав, е „да го помага духовното преродување и обединување на Македонските Словени и нивното слободно национално-битово самоопределување“. За постигнувањето на таа цел во § 2 се предвидува Друштвото да има право:

„а) да организира собранија, беседи, читања, реферати, јавни предавања, приредби, концерти и литературни вечери;

б) да ги собира и да ги проучува историските споменици и битовите особености на Македонските Словени;

в) да организира книгоиздателства, да отвора библиотеки и читалишта, ...да издава свој периодичен печатен орган, да организира конкурси за најдобри научно-стручни дела по македонското прашање и на нивните автори да им доделува премии и награди;

г) да го помага воспитанието и образованието на своите земјаци во вистинско-национален дух, укажувајќи им материјална и морална поддршка;

д) да отвора училишта и  да ги обновува разурнатите православни цркви и манастири во Македонија...“ Итн.

Категоричен е уставниот § 4, во кој, прво, се прави диференцијација на поимите *Македонци* (граѓани на Македонија, независно од етничкото потекло) и *Словеномакедонци* (Македонци од словенско етничко потекло), па  ригорозно се пропишува:

„Редовни членови на Друштвото можат да бидат исклучиво – Словеномакедонци, Словеномакедонки, а исто така и жени на Македонци што се согласни со изложените основни ставови од овој Устав и што се готови да го помагаат нивното реализирање. *Македонците и Македонките од словенско потекло што не го исповедаат национално самобитното единство на Македонските Словени, туку се наречуваат Срби, Бугари и Грци – не можат да бидат членови на Друштвото.*“

Но за нас во случајов е посебно значаен § 31, во кој и сега, како и во 1903 година, македонскиот се кодифицира како службен јазик за сите функции во Друштвото, со компромис само во прилог на рускиот:

„Меѓу членовите на Друштвото разговорен и писмен јазик се смета словеномакедонскиот јазик. Заради распространување на идејата за солидарност и духовно обединување на сите Словени, без разлика на верата и народноста (Руси, Полјаци, Чеси, Срби, Бугари, Хрвати, Словенци и др.), Словеномакедонското друштво во односите со други организации и одделни лица од словенските земји го користи *сесловенскиот руски јазик*; целото деловодство на Управата на Друштвото се води на руски јазик и на словеномакедонски.“

Но Русија и сега не беше готова да дозволи регистрирање на посебна македонска национална асоцијација, зашто тоа би значело признавање на македонски етнитет, со посебен македонски јазик, а тоа беше во спротивност со нејзината балканска политика. Не помогнаа сите јавни настапи на Македонците во печатот и на разните собранија и трибини. Неопходна беше македонска призната институција. Затоа на 25. XI 1913 год. турскиот поданик Д. Чуповски со руските поданици потомствениот дворјанин Л. М. Шах-Паронијанц и колешкиот советник В. М. Смелков формираа ново *Руско-македонско благотворно друштво „Св. Кирил и Методија“*, со Устав со слични цели и задачи. И овојпат, меѓутоа, по долги одолговлечувања, и тоа не беше регистрирано.

### 7.

Во тие драматични денови Чуповски доби едно програмско писмо од приврзаниците од Битола од 15 август 1912 год., во кое во седум точки меѓу другото од Русија се бара:

„1) Енергично застапување на братска Русија во полза на Македонците.

2) Уништување на бугарската, српската и грчката пропаганда во Македонија.

3) Отворање училишта на словеномакедонски јазик.

4) Востановување на црковната независност (автокефалната словеномакедонска црква во г. Охрид).

5) Слободен развиток на националната самосвест, т.е. на свеста дека Словеномакедонците се еден и неделив народ.

Во името на зачувувањето на Отоманската Империја, турската влада треба со сите културни мерки да го помага распространувањето на оваа пропаганда, којашто сега веќе има илјадници следбеници како во Македонија така и надвор од неа.

6) Во името на хуманоста, човечкото достоинство и љубовта кон својата татковина македонската интелигенција еднаш за секогаш мора да ја прекине срамната продажба на својата совест и чест на бугарските, српските и грчките пазари.

7) Широка внатрешна самоуправа на Македонија".

Писмото веднаш беше објавено и беше алармирана дезинформираната руска јавност. Но тоа не беше во состојба да ја спречи планираната балканска воена акција...

Во екот на Првата балканска војна, согледувајќи ги резултатите и последиците од окупацијата, Мисирков, Чуповски и д-р Константинович се најдоа во Македонија и на балканскиот фронт за да бдеат над судбината на татковината. Чуповски одржа Општомакедонска конференција во Велес и доби полномошно за да може Другарството, односно Македонската колонија во С.-Петербург да ги застапува македонските национални интереси во Русија и пред Европа.

**8.**

По враќањето на Д. Чуповски во С.-Петербург во тој дух беше објавена и првата Карта на Македонија на македонски јазик, изработена од него и испратена на Лондонската мировна конференција, заедно со Првиот меморандум на Македонците од 1 март 1913 год. Во тоа време Г. Георгиов и Д. Чуповски објавија серија статии во рускиот печат во одбрана на целоста и слободата на Македонија, а Н. Димов одржа забележано предавање во С.-Петербуршкото словенско благотворно друштво за минатото, сегашноста и иднината на Македонија. Текстот веднаш беше и сепаратно објавен како втора национално конципирана македонска книга (по Мисирковата), со посебна нагласка и на македонскиот јазик.

Во опсежна статија во рускиот неделник „Славянинъ" под наслов „Македонска држава" Чуповски првпат од македонски национален аспект го елаборира прашањето за македонската национална држава (1913), каде што не е испуштено и прашањето за јазикот: „Чудно ли е – прашува авторот – што Македонците, живеејќи повеќе од 1500 години на едно место, во еднакви услови и наполно одвоен живот, си изградиле своја култура, свои обичаи, идеали, јазик?" Статијата завршува со за-

клучокот: „Балканскиот Полуостров е премногу малечок за да можат на него мирно да коегзистираат неколку големодржавни идеи. *Само федеративната држава, составена од сите балкански народи, во која треба да влезе врз еднакви права и неделивата, самостојна во внатрешните свои работи Македонија*, – само таквата федерација може да им обезбеди мирна коегзистенција и прогрес на балканските народи. Ние веруваме дека така и ќе биде, но... болно е ако до тоа убедување дојдат само преку нови, крвави жртви!...“

И би така...

**9**.

Од почетокот на јуни 1913 год. Димитрија Чуповски почна да го издава (на руски јазик) органот на Македонската колонија под двојазичен наслов: „Македонскiй голосъ (*Македонски глас*)“. И изработеното знаме на Македонската колонија (со симболот Букефал како амблем) исто така имаше натпис на македонски: „*Една независима Македониiа*“ (1914). Во списанието беа објавени повеќе стихотворби на Чуповски на руски јазик, но беше напечатена и уникалната негова песна на македонски јазик „*Крале Марко*“ (2. III 1914). Како и во разните зачувани лични записи на македонски, Чуповски и овде употребува јазик од западномакедонски тип (со фонетски правопис), со извесни мијачки карактеристики. Можеби поради графички причини, македонските палатални консонанти тој ги гради традиционално (со *ь*): *кь/ть* (*кь*а, ве*кь*е / бра*ть*а; *ль* (*Ль*убов), но доследно употребува *i* (наместо *й*): *i*арем, повика*i*, Сто*i*на.

Во богатиот материјал од 11-те броја (на 220 печатени страници) на сп. „Македонскiй голосъ (Македонски глас)“ се изделува опширната статија (во првиот број) под наслов „Македонија и Македонците (Културно-историски осврт на Македонија)“ од Д. Чуповски. Таа всушност претставува и прва скица на македонската национална историја, концепирана уште во неговиот реферат во Другарството од почетокот на 1904 год. Тука се засегнува и прашањето за јазикот и посебно се нагласува дека Светите Кирил и Методија „ги превеле Евангелието и богослужбените книги на словеномакедонскиот јазик“, односно „од грчкиот на македонски јазик“. Во уводната статија на вториот број „Кон македонскиот народ“ Чуповски (под псевдонимот Управда), зборувајќи за грабежот што го прават завојувачите во Македонија, ги наведува „обичаите, јазикот“, па повикува: „Деца на Македонија! Го слушате ли жалниот глас на вашата мајка, Татковината? Слушате ли зошто плаче таа? За вас, за златната слобода на вашиот дух, на вашиот јазик и на народниот живот – за слободата што е над сите слободи политички и економски!“

Во истиот број во статијата „Македонија во нејзините географски и етнографски граници (Кон картата на Д. Павле-Чуповски)“ полк. Г. Г.

Георгиев бележи: „Призренецот зборува на чисто српски јазик, а тетовецот – на оној словеномијачки јазик, на којшто зборуваат Словеномакедонците од речиси целата Северозападна Македонија (Тетовско, Дебарско и Охридско) што е наполно разбирлив и за сите други словеномакедонски племиња (Брсјаци, Езерци и др,) и којшто не е ни српски ни бугарски“. На приговорот од противниците на македонската државност дека немало „заеднички јазик за цела Македонија“, „Македонскiй голосъ (Македонски глас)“ одговара со речникот и на нашата современост: „Огромното мнозинство Македонци зборуваат словенски. А несловенското население во Македонија има полно право да си го употребува својот мајчин јазик“. Одговарајќи на честото прашање: штó се Македонците, списанието вели дека „Македонските Словени по типот и јазикот се почисто словенско племе, отколку Бугарите и Србо-Хрватите со Словенците, како и Великорусите во однос на Малорусите и Полјаците; како што во крвта и во јазикот на Малорусите и Бугарите има многу турско-татарско, така и во крвта и во јазикот на Полјаците, Србо-Хрватите и Словенците има многу западно. Значи, како што кај Великорусите има само незнатен примес од финска и друга крв, така и Македонските Словени имаат само незнатен примес од куманска и можеби трако-епиро-илирска (куцовлашка и албанска) крв, како и некои особености во јазикот. Може да се рече дека по типот на крвта, на јазикот, дури и на карактерот, географската положба што го разделува северното и јужното словенство и другородниот (германско-унгарско-романски) клин, Македонските Словени се како некакви јужни Великоруси (се разбира, не во количински однос), Бугарите – како јужни Малоруси, а Србо-Хрватите и Словенците – јужни Полјаци, Лужички Срби и Кашуби.“

Прашањето за јазикот е присутно (директно или индиректно) во речиси сите официјални акти на Македонската колонија во Петербург. И во последниот меморандум на Наце Димов до рускиот министер за надворешни работи од 15 април 1915 год. се користи и исказот на Б. Сарафов (од 1902) дека „македонскиот јазик постои независно од бугарскиот и од српскиот“.

**10.**

Доследен на програмските начела на Другарството, и во Програмата на Македонскиот револуционерен комитет (1917) Д. Чуповски во седмата од единаесетте точки изречно наведува: „Официјален јазик на секоја одделна република е јазикот на мнозинството“, а заради полната рамноправност, демократските принципи и правата на малцинствата, имајќи ги предвид пред сè републиките Босна и Херцеговина и Тракија, определува: „Во републиките со мешано население може да се образуваат автономни окрузи и општини, каде што секоја народност ќе има полна слобода на родниот јазик, верата и обичаите“. И по Октомвриска-

та револуција Македонскиот револуционерен комитет ја продолжува активноста, но сега веќе, во согласност со новите политички реалности и новата идеологија, во ревидираната програмска концепција (1924) наведува дека се бори за Македонска Трудова Република во една Трудова Балканска Федерација.

**11.**

Каков бил конкретниот однос на Димитрија Чуповски спрема македонскиот јазик во новите историски околности може да се суди по делата создавани во 20-тите и 30-тите години на XX век. Во тој период веќе македонскиот е во општа употреба не само во писмената приватна комуникација туку и во усната и пишаната литературна реч на Македонците, па и меѓу емигрантите во СССР. Во врска со тоа, во писмото од 1. XII 1970 год. син му Ростислав ни одговори: „Татко ми често си зборуваше на македонски јазик во наше присуство со другарите од Македонската колонија, во домашните околности. Многу работи јас не разбирав, но одделни зборови помнам“. Тоа го потврди и сопругата на Д. Чуповски Русинката Лидија Павловна во разговорот што го водевме во Ленинград на 12. V 1970 година: „Си спомнувам – ни рече таа – како дома кај нас [Димо] организираше собранија. Доаѓаа: Димов, д-р Константинович, Георгиов и други. (Доаѓаа и жени на собранијата кај нас.) ... Седеа во кабинетот и пишуваа со Наце и со д-р Константинович. Наце и Димо само по македонски меѓу себе си разговараа, а д-р Константинович зборуваше и така и така.“

За историјата на современиот македонски јазик е вонредно важен потфатот на Чуповски, во согласност со националната програма на Другарството, да состави македонско-руски паралелен речник, но и еден енциклопедиски лексикон за Македонија и Македонците што тој го именува „словник“. Зачуван е неговиот скициран „План за составување македонски речник и словник“. Во почетокот на енциклопедискиот лексикон се предвидувала „Мала *уводна статијка* за неопходноста во сегашниов момент за борба на малите народности за својата независност и култура, да се опише положбата на Македонците во редот на другите народи и перспективата на иднината (можната и саканата) на Македонија“. Потоа Чуповски предвидел поопширен опис на „*Географијата и етнографијата на Македонија*“, со преглед на говорите и обичаите и „резултатите од културното влијание на соседите: Бугарите, Србите, Грците, Турците врз Македонците“.

Најопширно е поглавјето за „*Историјата на Македонија*“. Тука предвидувал да ги опфати следниве сегменти: „Појавата на Словеномакедонците на Балканскиот Полуостров. Заемните односи со соседите. Образувањето на Македонската држава. Улогата на црквата во зацврстувањето на националната посебност. Различните форми на обединувањето на Македонската држава (Македонско-бугарската, Македонско-

српската, Македонско-албанската). Завојувањето на Балканот од Турција. Слабоста на државноста на Македонија го повлече по себе културното потчинување под посилните соседи, од кои очекувавме ослободување. Напразните очекувања ја разочараа најактивната група македонски патриоти, како резултат на што се создаде движењето на македонските автономисти. Крвавата борба со Турците и борбата со своите соседи, кои – секој од нив – се стремеа да ја добијат цела или дел од Македонија за себе, докажувајќи дека Македонците се нивен народ, го зацврстуваше движењето за независност. Односот спрема идејата за независност или автономија на Македонија од страна на Русија и големите држави. Балканската војна од 1912 г. и Империјалистичката војна и судбината на Македонија како резултат на овие војни. Како се одрази Октомвриската револуција врз Македонија и Македонците? Идејата за Балканска федерација и Македонците."

Како четврта точка во Планот е „*Јазикот на Македонците*" што ги опфаќа следниве области: „Народните пословици, песни, приказни. Народните музички инструменти и народната музика. Македонската литература, црковната и световната. Во што е разликата (јазична) помеѓу Македонците и другите балкански Словени. Обиди за оформување на македонскиот јазик. Македонските периодични и непериодични изданија што ја бранеа и ја бранат независноста и самостојноста на Македонија."

Наредните шест точки се дадени само со насловите:

„5) Кратка граматика на македонскиот јазик.

6) Примери од разговори на македонски јазик.

7) Песни, поговорки и приказни на македонски јазик.

8) Речник на општоупотребливите зборови кај Македонците.

9) Картата на Македонија.

10) Портрети на борците за независноста на Македонија."

Оваа замисла на Чуповски е конципирана во времето по враќањето на семејството од Ејск во Петроград. Син му Ростислав во писмото од 1. XII 1970 год. си спомнува: „Мојот разговор со татко ми за составувањето на Македонско-рускиот речник беше веднаш по доаѓањето од гр. Ејск – во 1923 година. Но, колку што си спомнувам, тој имаше можност да пристапи кон оваа работа дури од 1928 година. Следствено, таа работа ја започна уште додека живеевме на ,Обводниј каналж. Познато ми е дека работата врз составувањето на речников не ја заврши, но во каква состојба беше – не помнам. Во периодот на блокадата на Ленинград, во 1942 година, од директен погодок со запалива бомба, поголемиот дел од хартиите на татко ми, што се наоѓаа во одделни папки, изгореа. Изгоре исто така и неговата работа врз составувањето на Македонско-рускиот речник."

Од личните разговори со синот Ростислав во Ленинград дознавме дека татко му речникот го составувал во тетратки што ги чувал ъво средната фиока на неговото биро". Димитрија му велел: „Јас пишувам

македонско-руски, а не руско-македонски речник“. Син му ни дообјаснуваше: „Сам се занимаваше со таа работа. Самиот одеше во Библиотеката, земаше книги... Речникот го пишуваше по букви, но до која буква дојде – не знам.“

**13.**

Во оставнината на Д. Чуповски е најдена и една тетратка, во која е запишан бројот на неговиот Билет № 9289 за работа во Државната публична библиотека во Ленинград со неговата адреса и годината *1936*. Во тетратката е запишан само насловот „Македонија и Македонското прашање“, без текстот по темата, а на друга страница само поговорката: „Поарно доцно, отколку никога“, а под него на руски: „В единство сила!“ Освен тоа, на стр. 20–23 (и обратно) се испишани библиографски единици на научната и публицистичката литература што ја користел или мислел да ја користи, меѓу кои е наведена и книгата на К. Мисирков „За македонцките работи“.

Но тој се разболува, не е во состојба да слегува од шестокатната зграда и започнатите проекти остануваат незавршени. Наскоро починува и е однесен за погреб (покриен со македонското црвено знаме) во Гробиштата пред црквата „Александар Невски“ во центарот на градот. Син му во 1940 год. на црниот гранитен крст му ја запишал историската оцена: „Борец за правото и слободата на македонскиот народ“. Истиот натпис стои и над гробот во неговата алеја во Бутел во Скопје, каде што свечено беше пренесен по повод 50-годишнината од смртта во 1990 година.

И да заклучиме:

1. Претседателот на Македонското научно-литературно другарство Димитрија Димов Чуповски не е само организатор на македонската национална мисла во периодот до Ослободувањето и истакнат борец за единствена и независна национална држава (со македонска национална историја, црква и култура) туку (по Мисирков) и еден од најраните и најактивните творци и афирматори на современиот македонски литературен јазик.

2. Како еден од најзаслужните создавачи на Македонското научно-литературно другарство и негов претседател, Чуповски е најангажираниот организатор на борбата за национално ослободување и обединување и активист за отворање училишта и создавање учебници и литература на македонски јазик во илинденскиот и во поилинденскиот период.

3. Чуповски е автор на првиот (макар и незавршен и незачуван) македонско-руски речник (со македонска граматика и примери од разговорниот јазик), и

4. Димитрија Чуповски, како следбеник на Ѓ. М. Пулевски, е идеен креатор и на првиот македонски енциклопедиски лексикон што би ја профилирал историјата, битот и културата на Македонија и Македонци-

те и би извршил судбоносно влијание врз перспективниот развиток на македонскиот народ.

А се запревме само на еден аспект од разностраната дејност на културно-националниот трибун Димитрија Чуповски.

Веселинка Лаброска

# СТРУКТУРАТА НА ОСНОВНАТА РЕЧЕНИЧНА КОНСТРУКЦИЈА ВО МАКЕДОНСКИОТ СТАНДАРДЕН ЈАЗИК

Предмет на ова излагање е основната реченична конструкција т.е. простата реченица во македонскиот стандарден јазик, нејзината градба и нејзините основни карактеристики.

Основната предикативна содржина која се реализира во говорот е простата реченица, т.е. реченица која е конституирана од еден предикат, изразен преку финитна глаголска форма и аргументите што тој предикат неопходно ги бара, а кои се одраз на деловите на светот за коишто предикатот изразува некаква релација. Основната реченична конструкција во македонскиот јазик се гради според синтаксичката шема на македонскиот стандарден јазик, со еден лексички показател на предикативноста, т.е. со прирокот како нејзин конститутивен член. Пример: *Марија чиѿа книѓа.* Граматичките категории кои ги поседува прирокот се следниве: вид, начин, време и прекажаност. Редоследот според кој ги даваме граматичките категории не е случаен, ами тој е имплицуван од карактерот на самата глаголска форма која: 1) во македонскиот јазик и во словенските јазици во целост, се јавува секогаш како маркирана позитивно по еден од членовите на категоријата вид (свршен или несвршен); 2) ја поседува информацијата за ставот на говорителот спрема вистинитоста (усогласеноста на фактите), односно ја поседува и категоријата начин што може да биде изразена со посебни граматикализирани средства и 3) ја изразува временската сооднесеност на настанот (дејството, процесот) спрема моментот на зборувањето или спрема некоја друга точка на временската оска, што граматички се искажува преку зборовен облик којшто е член на некоја од парадигмите за време, и на крај може да биде директно кажување или да изразува прекажаност.

Една од главните особености на словенските јазици е постоењето на категоријата вид кај глаголите: свршен вид (aspectus perfectivus) и несвршен вид (aspectus imperfectivus). Со поседување на оваа глаголска категорија словенските јазици се способни да ја изразат внатрешната временска организација на глаголското дејство надвор од категоријата време, на лексички план, со постоење на пар од глаголи за секое дејство. Видските парови во словенските јазици се најчесто глаголи изведени од иста основа со помош на префикси, суфикси, со помош на алтернации

на вокалот или консонантот на основата и сл. Иста е ситуацијата и во македонскиот стандарден јазик: *роди/раѓа, врати/враќа,* но и *гради / изгради, чита / прочита.* Примери: *Јане гради куќа. / Јане изгради куќа.* Глаголите од свршен вид не можат да изразуваат актуализирана сегашност.

Модалноста како таква е надградена категорија во секој даден исказ. Ако исказот се однесува на дејство од објективната стварност сфатено како реално, имаме работа со индикатив, односно модално немаркирано дејство, ако искажуваме дејство, настан, во вид на намера, желба, молба, забрана, очекување, претпоставка и слично, тогаш се работи за модално маркирано дејство. „Се налага заклучокот дека категоријата време е 'разбиена' меѓу два или повеќе начина, т.е. со други зборови, дека модалната маркираност на еден исказ е примарна во однос на неговата темпорална карактеристика" (Тополињска 1995: 222). Македонскиот јазик располага со неколку типа на граматикализирани средства со кои се изразува она што се подразбира под терминот епистемична модалност и, од друга страна, се изразува внатрешната психичка состојба на авторот на текстот, односно се дава некоја наредба, молба, желба, забрана или се искажува готовност да се исполни очекуваното дејство (деонтичка модалност). Глаголски парадигми кои се модално маркирани во македонскиот јазик се кондиционалот (т.е. *ќе*-конструкциите: *ќе јадам, ќе јадеше*), субјунктивот (*да*-конструкциите), императивот (заповедниот начин) и потенцијалот (можниот начин). Од друга страна, пак, во македонскиот јазик под влијание на балканската јазична средина, а најмногу под влијание на турскиот јазик, се развила посебна граматичка категорија прекажаност (имперцептив, дубитатив, или т.н. дистанцирани форми), со која говорителот во својот исказ зазема дистанциран став спрема она што го кажува, односно не гарантира за вистинитоста на кажаното затоа што тој лично не бил сведок на настанот за којшто зборува. (Примери: *Миле и Вера биле на свадба.* (Јас не сум сведок на настанот, само ја пренесувам информацијата што ја добив). *Миле и Вера ќе оделе на свадба.* (Информацијата ја добив од друг, а не од нив и не сум сигурен дека дејството ќе се реализира). & прекажаност; *Леле Никола, колку си пораснал!* – адмиратив).

Сите овие категории се карактеристични за прирокот т.е. предикатот во македонскиот јазик. Со оглед на временската ограниченост на нашето предавање, на модално маркираните парадигми како и на другите временски парадигми во македонскиот јазик (а кои се навистина многубројни) ќе се осврнеме во друга пригода.

Освен прирокот, неопходни реченични членови (аргументи) кои зависат од валентноста на глаголот се: подметот, трите вида предмет (директен, индиректен и предлошки) и прилошката определба. Македонскиот јазик, наоѓајќи се во балканско опкружување, ги изгубил мор-

фолошките падежни форми и развил поинакви начини на изразување на соодветните падежни односи. Во тој премин од синтетизам кон аналитизам, во македонскиот јазик се изградиле синтаксички начини на изразување на падежните односи.

Именската синтагма која го изразува појдовниот аргумент (подметот во реченицата), односно вршителот на дејството изразено со глаголската форма, конституент на ОРК, најчесто се јавува во номинативен однос. Според антропоцентричната теорија, семантички гледано, како појдовен аргумент кој го врши дејството, примарно се јавува човекот или некое друго живо суштество. Примери: *Директорот одржа итен состанок. Кучето е највер ен пријател на човекот.*

Во позиција на номинативна именска синтагма можат да се јават и називи на машини и алатки кои, секако се управувани од човек, „но чие функционирање може да биде согледано како самостојно" (Тополињска 1995: 46) *Машините безмилосно брчеа.* Секако, во номинативен падежен однос можат да се најдат и природни појави или стихии кои не се зависни од човековата активност, а за кои се јавува потреба да се нагласат во комуникацијата како агенси кои вршат некаква активност од типот *Дува ветар // Ветрот дува; Врне дожд. Врне снег.* (наспроти: *Дува.* безагенсно)*; Н'адвор веќе е ден.* наспроти *Надвор се разденува.* (безноминативна именска синтагма) и сл. Номинативниот однос, како што се гледа од примерите, се изразува на реченично ниво, со посебен вид однос на ИС спрема предикатскиот израз, т.е. со однос на меѓузависност (=интердепенденција) на именската синтагма и глаголот што го конституира предикатскиот израз. Притоа, именската синтагма му ги наложува на глаголот лицето, бројот и родот, а прирокот ѝ ги наложува на именската синтагма карактеристиките кои таа мора да ги поседува како појдовен аргументски израз: да не содржи никакви сигнали на зависност, а тоа значи да не биде управувана од предлог, да не содржи заменски реплики од типот *му, го*, и, најпосле, кај тие именски класи кај кои постојат морфолошки падежни форми, да не се јавува во такви форми. Во стандардниот јазик кај именската синтагма во номинатив имаме уште едно позитивно барање, а тоа е оваа именска синтагма, барем кога се јавува во прототипска т.е. превербална позиција, да биде референцијално употребена и позитивно маркирана по определеност, а тоа значи да има член или показна заменка: *Жената влезе во кабинетот. Таа жена влезе во кабинетот. Младата жена влезе во кабинетот.* Кога, пак, именската синтагма што е во номинативен однос претставува рема во реченицата, најчесто е постпозитивно употребена во однос на глаголот: *Во кабинетот влезе млада жена.* Конгруенцијата во поглед на лицето, бројот и родот меѓу ИС и глаголот е најчесто формална, па така, ако именката што е центар на ИС е во еднина, и глаголската форма е во еднина, ако подметот пак е изразен со две еднински именски групи со конјункција, тогаш подметот е во множина: *Јас и Мира отидовме во Пеш-*

*тани. Ти и Дарко бевте најдобри.* Има глаголи, се разбира, кои не бараат аргумент во номинативен однос (бесподметни, бессубјектни глаголи), и таквите глаголи формираат т.н. безлични реченици. Не осврнувајќи се на сите типови безлични реченици, ќе истакнеме една од спецификите на македонскиот јазик, а тоа се безличните реченици со егзистенцијалниот безличен глагол *има* (хомонимен на личниот глагол за поседување *има 'habere')*. Пример: *Таму има волци* (инаку тој е едновалентен, а именската синтагма *волци* претставува директен предмет, т.е. аргумент во акузатив).

Во македонскиот јазик во конструкциите со блокирана номинативна позиција, многу често 'носителот' на дејството е деградиран на дативната позиција и е изразен само со кратка дативна заменска форма: *ми се јаде, ми студи, ми е жал; ми се шета, ми се гледа филм, ми се пие* (се работи за т.н. безлични изрази во кои носителот на состојбата се сигнализира со кратката заменска форма). Вакви бесподметни изрази има и со акузативна заменска форма: *ме тресе, ме мрзи,* но се поретки.

Кај предикатите со по два или повеќе аргументи, покрај појдовниот аргумент, односно вршителот на дејството, најчесто се јавува и аргументот што го изразува трпителот на дејството, односно оној што ги поднесува последиците на тоа дејство. Во ваква позиција на поднесувач на дејството најчесто се јавува назив на некаков материјален предмет, вклучително со живите суштества, но вторично може да биде и апстрактен поим со психички, а не со физички димензии. Опишаниов однос меѓу предикатскиот и аргументскиот израз на синтаксички план претставува директна граматичка зависност од глагол и во рамките на падежната теорија се определува со терминот акузатив (Тополињска 1995: 55).

За изразување на акузативен падежен однос, односно за изразување на аргументот во реченицата што е трпител, т.е. предмет на дејството изразено со предикатот (т.е. директен предмет / објект), во македонскиот јазик кај најголемиот дел на именките се употребува основната форма која се става по глаголот. Пример: *Поштарот донесе писмо. Таа купи нови чевли. Децата ќе јадат пита. Ја купив најновата книга од Ден Браун. Ја прочитав за два дена. Ги ожнеавме нивите.* Кај заменките, кај личните и роднинските имиња и кај некои општи именки постои општата падежна форма или цасус генералис (по потекло стара морфолошка генитивно-акузативна форма добиена со наставката *-а* од старата -о- основа). Мора да истакнам дека во секојдневна употреба општата форма од личните и од роднинските имиња е с" поретка (освен во некои од дијалектите на западното наречје). Примери: *Го видов Стојана (Блажета; тетина*). Од наведените примери можеме да донесеме неколку заклучоци значајни за начинот на формализација на директнозависната именска синтагма, односно акузативната именска синтагма во македонскиот стандарден јазик; прво, ако е ИС определена, секогаш е проследена со заменска реплика односно со кратка заменска форма; т.е. имаме

појава на удвојување на предметот; второ, кратките заменски форми стојат секогаш пред глаголот, односно како проклитики (освен со синтетските императивни форми и со глаголскиот прилог), појава карактеристична освен за стандардниот македонски јазик  и за целото западно наречје, при што ваквата западномакедонска линеаризација е од романски тип и е стекната во контактот со балканските јазици (Тополињска 1995: 57); трето, од примерите може да се заклучи дека ИС во акузативен однос вообичаено се наоѓа зад глаголот. Доколку е акузативната именска синтагма со неидентификуван референт, таа не се удвојува т.е. нема заменска реплика (како во првите три примера). Директниот објект пак, кој е тема на исказот може да биде изразен само со кратка заменска форма (како во четвртиот пример). Проблем во јасноста на реченицата настанува само во ситуации кога и номинативниот и акузативниот аргумент се живи суштества од ист род, како во примерот: *Миле го удри Никола.* Тука само зборордот може да ни биде индикатор дека именската група што е пред предикатот е вршител на дејството, а онаа по предикатот е трпител на дејството. Значи утврден ред на зборовите е битен само во вакви ретки случаи кога јасноста на исказот е доведена во прашање, инаку удвојувањето на предметот и изразноста на личните глаголски наставки се доволни механизми кои осигуруваат прецизна информација: *Миле ја удри Јана / Миле го удри Јана* (во ваквите реченици со маркиран зборород  најјасно би било да се употреби *casus generalis,* па реченицата да гласи: *Милета го удри Јана.*).

Општата падежна форма или *casus generalis* може да се употреби, освен за изразување на акузативен однос, каде што се употребува без предлог, и за изразување на дативниот однос, каде што се употребува со предлогот *на,* а и во сите предлошки конструкции и заедно со предлозите може да изразува различни падежни односи: *Му ја дадов книгата на Блажета. Се видов со Блажета.*

Дативот (т.е. индиректниот предмет) претставува падежен однос помеѓу предикативниот израз и именската синтагма – назив на второто живо суштество, што зема учество во предикацијата, односно, покрај номинативот, дативот е тој што е најчесто резервиран за второ лице (второ живо суштество, стихија, автомат) ангажирано во дејството (Тополињска 1995: 74). Има повеќе такви глаголи коишто покрај номинатив задолжително бараат и датив, а тоа се глаголите на зборување, давање-земање и сл. Пример: *Петре му даде книга на Никола. / Петре му ја даде книгата на Никола.; Александра ѝ помага на мајка си.* Како што се гледа од примериве, во стандардниот македонски јазик дативот се изразува на тој начин што именската синтагма што претставува аргумент во дативен падежен однос е придружена со предлогот *на* и со кратката заменска форма на личната заменка за датив. Во македонскиот јазик има зачувани падежни форми од личните заменки за датив (*мене ми, нам ни, тебе ти, вам ви, нему му, нејзе ѝ, ним им, себе си*), како и форми на лич-

но-предметните заменки за датив (*кому, чуму;* види: Б. Конески: 1981: 332-338). Примери: *Петре му даде книга нему. Кому му даде Петре книга?* Бидејќи именската синтагма во датив најчесто е определена, секогаш е придружена и со кратка заменска форма како граматички показател на дативниот падежен однос кај синтагмите маркирани како (+деф). Како што може да се заклучи од сите досегашни примери за дативниот падежен однос, во оваа позиција скоро без исклучок се јавува аргумент чијшто референт е живо суштество, односно (+аним).

Именските синтагми кои се во зависен однос спрема предикатскиот израз, а со кои се изразува средството, начинот на кој се извршува дејството изразено со глаголот, или пак придружбата на вршителот на дејството се наоѓаат во инструментален падежен однос (и таа именска синтагма се нарекува прилошка определба).

Основен начин во стандардниот македонски јазик е изразување на инструменталот со зависна предлошка именска синтагма со предлогот *со: Мира го сече лебот со нож.; П'етар го-ск'рши пенц'ерето со-к'амен; Го скршиле пенџерето со камен.* (доколку не е познат сторителот може да се употреби ваква реченица која во македонската синтакса се нарекува неопределено лична); *Те чекав со радост.; Со нетрпение те чекав.; Маја го пиеше лекот со страв.; Со внимание ги слушаа вестите.* (се работи за прилошки определби за начин). Од примериве се гледа дека двете основни позиции кои се покриваат со семантичкото поле на инструменталниот падежен однос, т.е. средството и начинот на кој се извршува дејството, се изразуваат на ист начин: со предлогот *со* + именска синтагма. Сега ќе дадеме примери за синтагми во кои со ИС во инструментал се изразува придружба, што е вторична функција на инструменталот: *Целото население соработуваше со партизаните.; Т'оме разговара со својот ученик.* Во стандардот е можно и промовирање на инструментални синтагми во номинативна позиција како во следниов пример: *К'аменот го-ск'рши пенц'ерето,* но кон ваков начин на изразување се прибегнува во ситуации кога сакаме да истакнеме спротивставеност на информацијата наспроти некоја друга информација за видот на средството со кое се врши дејството: *Каменот го скрши пенџерето, а не ветрот.*

Под локативен однос се подразбира семантичка релација меѓу предикатот и/или предикатско-аргументската структура и локализаторот на соодветното дејство (Тополињска 1995: 88).

Показатели на семантичка зависност на именските синтагми кои се во локативен однос во стандардниот македонски јазик има повеќе. Локативната именска синтагма може да биде беспредлошка, но најчесто е предлошка, при што тука предлозите не се лишени од семантика (како кај граматичката употреба на предлогот *на* при изразувањето на дативниот однос), ами тие носат права семантичка, предикативна информација. Ќе почнеме од беспредлошките локативни синтагми кои укажуваат правец на движење во просторот: *Оди Битола. Одиме Скопје (*парален-

но со: *во Скопје // в Скопје.*) *Замина Турција.* (се работи за балканска иновација: Тополињска, Видоески 1984: 119). Почести се, се разбира, предлошките конструкции со различни предлози: *за, во, на: Поаѓаме за Охрид.; Мајка ми замина во Скопје. Појдовме на река.* (со општи именки кои означуваат место, ако се работи за отворен простор, главно се употребува предлогот *на*, како и со глаголи на движење и со статични глаголи на престојување некаде). Ако пак се сака да се определи местото, тогаш се употребува многу често предлогот *кај* + определена членувана именка: *Бев кај татко ми на гости.* Од последниот пример се гледа дека *кај* + именска синтагма се употребува и за изразување на живо суштество како локализатор. За определеност на локацијата, но со прецизирање на точна локализираност се употребуваат синтагми со предлогот *во: во дворот од училиштето; Во нивана од соседот имало крадци.* Граница на просторот до кој се оди или од кој се поаѓа т.е. адлативната и аблативната функција соодветно се изразуваат со предлозите *до* и *од: Да појдеме до Струга; Се враќаа од Крушево.* Движење по површината на нешто или по должината на нешто се изразува со именски синтагми со предлогот *по: По улицата беа расфрлени парчиња хартија.*

Локација или движење во внатрешноста на нешто се изразува со предлогот *низ* + именска синтагма: *Низ дворот на гимназијата се шеткаа убавите матурантки.*

Лоцираност односно положба од оваа страна на предметот се изразува со предлогот *пред*: *Пред старата куќа имавме една убава дуња.* Со спротивно пространствено значење на предлогот *пред* т.е. за означување на положба од онаа страна на даден предмет, се употребува предлогот *зад: Се скрила зад дрво и молчи.* Во списокот на предлози со кои се образуваат синтагми кои изразуваат локациска содржина ќе ги додадеме уште предлозите *под* и *над* кои првенствено изразуваат пространствено значење: *Под клупата имаше писмо. Над масата беше закачена неговата слика.*

Со поголемиот дел од веќе наведениве предлози + именска синтагма можат да се изразат и временски релации, за кои ќе наведеме неколку примери: *Ќе дојдам во среда. Да ја напишете семинарската за следниот понеделник. По неколку дена синот си дошол дома. Распустот трае до 15 јануари.*

Именски синтагми во предикативен однос се оние чијашто функција е да му припишат на референтот на една друга именска синтагма извесно множество особини – конотација на поимот – без референција (Тополињска 1997: 191). Ќе дадеме пример за именски синтагми во предикативен однос како дел од именскиот прирок. Примери: *Ана е прекрасна млада девојка. Тој е учител.*

На крајот ќе се осврнеме на карактеристиките на македонската реченица со негацијата како доминантен реченичен предикат. Она што е специфично за словенските јазици, следствено и за македонскиот јазик

(за разлика на пример, од англискиот, германскиот и други јазици) е постоењето на полинегација. Значи, освен партикулата за негација *не,* во реченицата можат да се појават повеќе одречни зборови (од различни зборовни групи). *Детето не јаде ништо. Ќерка ми никогаш ништо не ми пререкува.* Во првиот пример имаме двојна негација, во вториот тројна, а можна е и полинегација од следниов тип: *Никој никогаш ништо лошо не рече за него.*

Погорното излагање претставува осврт на главните делови на македонската основна реченична конструкција. Бидејќи се работи за проблематика која е навистина широка и обемна, секогаш на неа може да се пристапи и на поинаков начин, но, се разбира, и со подетална разработка на одделните членови на реченицата, што, пак, претставува предизвик за идни излагања од овој тип.

**Литература**:


Конески Блаже 1981: *Граматика на македонскиот литературен јазик,* Култура, Македонска книга..., Скопје.

Конески Блаже 1982: *Историја на македонскиот јазик,* Култура, Скопје.

Корубин Благоја 1986: *Јазикот наш денешен,* книга четврта, „Огледало“, Скопје.

Минова - Ѓуркова Лилјана 1994: *Синтакса на македонскиот стандарден јазик,* Радинг, Скопје.

Тополињска Зузана 1974: *Граматика на именската фраза во македонскиот литературен јазик,* МАНУ, Скопје.

Тополињска Зузана 1995: *Македонските дијалекти во Егејска Македонија, кн. I, Синтакса I,* МАНУ, Скопје.

Тополињска Зузана 1997: *Македонските дијалекти во Егејска Македонија, кн. I, Синтакса II,* МАНУ, Скопје.

Topolińska Zuzana, Vidoeski Božidar 1984: *Polski-macedoński*: gramatyka konfrontatywna: (zarys problematyki), Zesz. 1: Wprowadzenie - Wrosław: Ossolineum, -128 str.

Снежана Велковска

# ЛЕКСИЧКИОТ ФОНД НА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК НА ПРАГОТ НА XXI ВЕК

**1.** Кога станува збор за лексиката во актуелниов момент, а тоа е почетокот на 21 век, а имајќи ги предвид сите дискусии, научни и ненаучни, околу примената, заштитата на македонскиот јазик, црните прогнози за исчезнувањето на македонскиот јазик како јазик со мал број говорители, влијанието на глобализацијата итн., пред нас се поставуваат две основни прашања: што од ова е вистина, а што шпекулација. Се разбира, сите факти што ќе ги изнесам во врска со лексиката на македонскиот јазик во актуелниов момент се поткрепени со податоци од ***Толковниот речник на македонскиот јазик*** од кој четири тома се објавени 2003, 2005, 2006 и 2008. Објавениот материјал е до буквата **П**.

Основни прашања што се поставуваат во врска со лексиката на македонскиот јазик на почетокот на 21 век се следните:

⇒ Каква е состојбата со основниот лексички фонд на македонскиот јазик?

⇒ Какви се новите заемки и колку го загрозуваат македонскиот јазик?

⇒ Кои зборови се архаизираат?

⇒ Каков е карактерот на иновациите?

**2.** Општествените промени, вклучувајќи го тука и начинот на секојдневното живеење битно влијаат на лексиката што се употребува во конкретен временски период.

Особено по Втората светска војна, светот го зафаќаат огромни промени на сите рамништа. Особено со развојот на телекомуникациските системи, развојот на сообраќајот за стоки и патници, светот се претвора во ***големо село***. Информациите патуваат со дотогаш невидена брзина, така одеднаш туѓите култури се достапни секаде во светот. Доаѓа до мешање на културите, а со тоа, неминовно, и до мешање на јазиците, особено на лексичко рамниште. Се добива впечаток дека се нема време огромниот број заемки од разни јазици, многу често далечни и егзотични, просто нема време да помине низ јазичниот филтер, па многу зборови остануваат такви какви што се, без адаптација и без или со минимална деривација.

По Втората светска војна се менува начинот на живот во сите негови сегменти: економија, политика, култура. Сите овие промени ја зафаќаат и Република Македонија. Земјата брзо се индустријализира, па огромни маси население поминува од село в град. Промената од рурален кон урбан начин на живеење доведува до промени во повеќе семантички сфери како на пример во облекувањето, во именувањето на покуќнината и сè што е врзано за домот и домувањето, во одгледувањето на домашните животни итн. Па така имаме ситуации на архаизирање на цели семантички сфери и нивно повлекување во пасивниот фонд на јазикот. Промената на општественото уредување исто така доведува до архаизирање на цели блокови лексика.

Од друга страна доаѓа до пораст на нивото на образование кај населението од сите возрасти. Од аналфабетски курсеви по Втората светска војна се доаѓа до високо информатичко општество што од темел го менува начинот на живот, на комуникација на сите рамништа. Ќе ја споменеме изреката во која се вели **„неупатените во компјутерската технологија ќе се третираат како неписмените во 1945“.** Голем дел од населението, особено младата популација, покрај својот мајчин јазик, зборува најмалку уште еден јазик. Едукацијата на населението бара зголемена активност на планот на издаваштвото, па така се појавуваат најразлични енциклопедиски изданија, за деца, за возрасни, за одредени области од науката, особено хемија, биологија, физика. На планот на јазикот тоа донесува голем број заемки од западноевропските јазици, најмногу од англискиот, но и од други *егзотични* јазици, јазици на далечни култури чии ’продукти‘ сега доаѓаат и до нас.

**3.** Историјат или моменти за паметење во областа на лексиката:

**1950: Бл. Конески, К. Тошев, Македонски правопис со правописен речник;**

**1970: Правопис на македонскиот литературен јазик со правописен речник,** редакциски одбор: Божо Видоески, Тодор Димитровски, Кирил Конески, Крум Тошев (претседател), Рада Угринова-Скаловска, ИМЈ.

**1961, 1965 и 1966: Речник на македонскиот јазик со српскохрватски толкувања** во три тома; составувачи: Бл. Корубин, Т. Димитровски, Т. Стаматоски под редакција на Бл. Конески.

**а)** До осамостојувањето на Република Македонија во 1991 година по однос на лексиката се клучни неколку моменти:

- дебалканизирање или славизирање на речникот:
  влијание на рускиот, бугарскиот (во првите години по Ослободувањето)
- богатење на речникот со домашни елементи (со деривација или од дијалектите)

- особено силно влијание на српскиот јазик (заедничка политичко-административна власт; медиуми: печатени и електронски; слободно движење и населување на целата територија на СФРЈ и на Македонци на другите територии и обратно, немакедонци на македонска територија; образование: задолжителен српски јазик во основното образование; во Скопје училишта на српски јазик итн.)
- отстранување на турските заемки од литературниот јазик, особено во некои сфери (секаде во официјална комуникација: општествено-политичка терминологија, образование итн. и нивна замена со македонски лексеми; остануваат во кулинарската терминологија и главно на ниво на разговорен стил).

**б) По осамостојувањето во 1991:**

**1999: К. Конески, Правописен речник на македонскиот литературен јазик**

**2003, 2005, 2006 и 2008: Толковен речник на македонскиот јазик**, (под раководство на Сн. Велковска, гл. редактор К. Конески, редакција: К. Конески, Ж. Цветковски и Сн. Велковска, група автори), ИМЈ: том 1 А-Ж (2003); том 2 З-К (2005), том 3 Л-О (2006); том 4 П (2008).

**2005: Зозе Мургоски, Речник на македонскиот јазик.**

Овој период се карактеризира со:

- силно изразено национално чувство – прочистување на речникот од србизми;
- се засилува влијанието на англискиот јазик особено во некои сфери како резултат на глобализацијата;
- влијанието од другите западноевропски јазици е незначително;
- германскиот – терминологија од техничките науки: автомобилска индустрија и сл.;

**г) Резултати од истражувањето на речникот:**

**РМЈ**: 13% интернационална лексика, или околу 8800 интернационализми со нивните деривати.

Се разбира дека бројот на интернационалната лексика е многу поголем во однос на периодот на објавувањето на РМЈ. К. Конески (К. Конески 1998: 151) бележи поголем број интернационализми што не се регистрирани во РМЈ. Најголем број се именки, а многу малку придавки и глаголи.

Е. Бабамова (Е. Бабамова 1993: 219) одбележува дека влијанието на англискиот јазик е многустрано; од неколку десетици семантички полиња по тематски области, се издвојуваат три или четири што драстично отскокнуваат според обемот на интегрираната лексика. Таа вели: „Како отворено поле број еден е *спортот*, а веднаш до него *музиката*. Тоа делумно го објаснува фактот зошто англизмите толку екстензивно се користат од страна на младите. На трето и четврто место според

бројот на англизмите е терминологијата од доменот на *политиката и социокултурата*, што ги покриваат насловните страници на дневниот печат. Веднаш до нив по број на англизми е областа *електроника-електротехника*, несомнено мошне значајна во современата (техничко-технолошка цивилизација). Понатаму следат англизмите од областа на *филмот и телевизијата*, па дури понатаму останатите области од човековото секојдневие".

**Анализа на денешната состојба во лексиката:**

Да го разгледаме сега *основниот лексички фонд на македонскиот јазик* за да можеме подобро да согледаме каква е состојбата на лексички план.

**1. Дејства и процеси на човекот**:

**1.1.** мак. *слуша, пристига, гледа, пие, бара, пее, постига, жнее, шие, лежи, даде, облече, соблече, прави, сум (е), бега, собуе, мрзне, праша, разбере, учи, работи, оди, умре, одговара, се смее.*

**1.2.** туѓо потекло: гл. на **-(из)ира:** *апсолвира, асоцира, балансира, брошира, гравира, диктира, евоцира, емитира, илустрира, имитира, инспирира, масира, матурира, конкурира, нумерира, оперира, паркира, пломбира, саботира, симулира, регулира, телефонира, фризира* итн. Според **Обратниот речник на македонскиот јазик** во македонскиот јазик има 813 глаголи од овој тип. Глаголите на -(из)ира во најголем дел се двовидски и отстапуваат од третосложното акцентирање. Дури 710 глаголи отстапуваат од третосложното акцентирање. Понекаде тие се заменуваат / адаптираат со суфиксот -ува (боксира : боксува), но тоа е незначително.

**2**. **Делови на човечкото тело:**

**2.1.** мак: *глава, рака, нога, грб, образ,*

**2.2.** туѓо потекло:

сосема мал дел од тур.: *џигер, бут, далак, табан* и сл.

гр.: кокал, мустаќ, стомак и сл.

од други јаз.: *кориз, мускул, нерв* и сл.

Основниот лексички фонд е од словенски карактер (Дрвошанов 2005: 189). Таму каде што има заемки од други јазици (турски, грчки, латински) се работи за стар процес чијашто адаптација е наполно завршена, така што тие не се чувствуваат како туѓи елементи.

**3. Роднинска терминологија:** *сопруг, сопруга, невеста, зет, баба, дедо, вујко, вујна, чичко, стрина, девер итн.* – сите од словенско потекло, со мали исклучоци (*балдаза*, *баџанак, сој* и сл.); со мали отстапувања во периферните дијалекти што биле повеќе изложени на туѓо влијание; нови заемки нема.

**4. Називи на луѓе:** *маж, девојка, мома, жена*:

**арх.** Промена во именувањата на професиите: еден дел се архаизираат, како на пример од старите занаети: *акчија, апсанџија, арабаџија, бакал (бакалин), доѓрамаџија, дунѓерин, казанџија, терзија* и др.

**иновации:** *бармен, беби-ситер(ка), билдер, бодибилдер, спонзор, стриптизета, тинејџер, шоумен.*

Кај професиите има мали отстапувања од националната класификација на Заводот за статистика на Република Македонија: **Нови занимања што ги нема во Националната класификација на занимањата** на Државен завод за статистика на РМ (2002), а секојдневно се присутни во огласите за работа во дневните весници во РМ. Патем речено, речиси во сите огласи се бара познавање на англиски јазик, иако очигледно тоа нема баш многу врска со самото работно место бидејќи работата се одвива на локално ниво. Пр.: ***локален консултант; маркет / продукт менаџер; аналитичар – советник за човечки ресурси*** (има: советник за кадровски прашања, советник за лица кои успешно работат, советник за лица со посебни потреби); ***WEB дизајнер*** (мешање на писмата кирилица и латиница); ***презентер, стилист*** итн. Некои од овие именувања ги заменуваат (не сосема во целост) постарите заемки во македонскиот јазик. Така на пример ***стилист*** означува ’лице што води грижа за изгледот на некоја личност, најчесто од јавниот живот’. Тоа вклучува грижа за фризурата, за гардеробата, за шминката и сл., но и именувањето на секое од овие занимања може да биде заменето со *стилист*. ***Презентер*** е лексема порано применувана за јавни приредби, квизови, фестивали и сл., денес редовно и можеби најчесто се употребува за ’читач на вести’ т.е. ***презентер на вести*** исклучиво на телевизија.

**5. Живи суштества (животни, инсекти и сл.)**

**а)** домашни:

животни: *коњ, крава, кобила, магаре, овца, коза, јаре, јагне, теле* итн.

птици: *кокошка, мисирка, пајка,*

инсекти: *мува, пчела, болва, пеперуга, вошка, пајак, мравка, штурец, оса, светулка,* ***тавтабита****, комарец, штркол, скакулец, мајски бумбар,* ***скорпија,*** *молец, божја бубалка, бумбар, стонога, стршен, скрежец, крлеж, водно конче, мушичка, срамна вошка, лебарка, коњоштип, растителна вошка, еленче, буништарец, лепешкар,* ***термит,*** *богомолец, гробар,* речиси сите од домашно потекло, (тавтабита и скорпија – стари заемки); нова заемка е ***термит.***

**б)** од туѓо потекло:

животни и птици: *гризли, газела, фока, кенгур, лама, кондор, скарабеј, динго, алпака, кајман, армадило, варан, бројлер* итн.

домашни миленичиња: *папагал, разни раси на кучиња и мачки* (доста од нив се од туѓо потекло: *доберман, ротфајлер, пекинезер, булдог* и сл.) – туѓо потекло.

Многу од овие животни и птици спаѓаат во групата на т.н. *егзотизми* што се застапени во разните популарни енциклопедиски изданија, но се застапени во речниците, дури ни во речниците на странски зборови и изрази (помалку од 2%).

**6. Билки:**

**а)** домашни лексеми – стабилни: житни култури: *пченица, овес, 'рж, јачмен, просо* и сл.; *грав, леќа, ориз....*

домашни лексеми – архаизирани: некои житни култури: *берница,*

од туѓо потекло: пченка,

егзотични:

**Од ботаничка номенклатура** ќе се задржиме на називите за овошје, плевелни и украсни растенија.

Нови овошја: ***авокадо*** (Persea americana), ***банана*** (Musa paradisiaca), ***гуава*** (Psidium guajava), ***киви*** (Litchi chinesis), ***кокос*** (Cocos nucifera), ***манго*** (Magnifera indica), ***маракуја*** (Passiflora edulis), ***папаја*** (Carica papaya), ***пекан*** (Carua pecan), ***урма*** (Phoenix dactilopera). Некои од нив се увезуваат како плодови и називот и самото овошје егзистираат како егзотизми (*папаја, маракуја* и др.), други пак се јавуваат како плодови и како преработки од нив (*манго, личи* и сл). Еден дел од овошјето, со оглед на климатските услови во Република Македонија се одгледува на домашна почва и нивните називи заживуваат во јазикот. Сепак имаме две ситуации. Прво, кога овошјето што се одгледува го задржува називот со кој е увезено (***киви*** или ***актинидија***> се употребуваат и двата назива, притоа не се развива деривација) и второ, кога растението и плодот се именуваат со нов назив, т.е. се врши адаптација според изгледот, потеклото или просто егзотичноста се обележува со име на далечна, егзотична земја (***каки*** Diospyros kaki , се преименува во ***јапонско јаболко***).

Подзаборавени овошја: ***брекина, глогинка, горница, оскоруша, огрозд, офинки, трнинки, црница*** и сл. Овие називи за овошје во ТРМЈ не носат ознака за архаичност. Некои од нив, во современи услови и не се користат за исхрана на луѓето. Тука во прв ред ги вбројуваме *глогинката, брекинката, офинката, црницата и сл.*

Што се однесува до плевелните растенија, тие сè повеќе се подведуваат под заеднички назив ***трева*** или ***плевел***. Исчезнувањето на многу називи на плевелните растенија се должи на промената на начинот на живот. Животот на асфалт не бара познавање на тревите. Тоа го покажа и работата на *Толковниот речник* кога е многу тешко, без консултација со стручни лица, да се утврди што е што во оваа област. Истата констатација важи и за животните.

**7. Називи на особини:** *стар, добар, разумен, умен, убав, дебел, голем, висок, низок*

туѓо потекло: *кул, фенси.* Најголем дел од овој тип заемки се одлика на жаргонот.

**8. Имиња поврзани со домот и дворот (живеалиште):** *куќа, двор, врата, прозорец, клуч, гумно, плевна,*

куќа и покуќнина: *пируstија, подница, вршник (сач), ноќви, бардак, синија (софра, трпеза), триножник, долап, мусандра, ложник, врчва, бурило* итн.

иновации: *термопечка, сараунд, телевизор, видео, микробранова печка, плакар, комода* и сл.

**9. Облека:**

домашна лексика (одомаќена со стари заемки): *ракав, панталони, фустан, ремен, капа, гаќи, ѕдолниште, вратоврска, кошула, кожув,* итн.

Се архаизираат називите од народната носија: *гушале, власеник, гаќник, дарпна, долама.*

Туѓо потекло имаме од сферата на т.н. егзотизми – тоа значи ограничена употреба и во голем дел незастапеност во речникот: *боди, дуксер, кимоно, сари, пончо, анорак, мокасина, сомбреро* итн.

**10. Пијалаци и храна:** традиционалните називи се во редовна употреба (*пинџур, тавче-гравче, јанија, турли-тава, ориз, пилав, грашок; вино, ракија* и сл.) со тоа што се воведени и нови називи како културни заемки: *вотка, виски, саке; пица, пирошки* и сл.

**11. Називи за појави во природата:**

**а)** домашни називи: *земја, месечина, ветер, сонце, ѕвезда, поле, планина, река, облак* итн.

**б)** туѓо потекло: *торнадо, цунами, гејзер, ураган, фен, тајфун, фјорд, пасати, оркан, монсун, тундра, тајга, савана, глечер, лава* итн. Поголемиот дел се т.н. егзотизми.

**12. Време:** *ден, ноќ, вечер, утро, пладне, полноќ, месец, недела, пролет, лето, есен, зима, денови на неделата (понеделник, вторник, среда, четврток, петок, сабота, недела), денес.* Сите од домашно потекло.

**13. Име на бои:** *бел, црн, црвен, син, зелен, жолт.*

туѓо потекло: *каки.*

**14. Угостителски објекти, продавници и сл.:**

туѓо потекло: *грил-бар, дјути-фри-шоп драгстор, дисконт, маркет, мотел, најт-клуб, паб, снек-бар, супермаркет, мини-маркет, фаст-фуд, ресторан, фитнес-клуб, гифт-шоп, цедетека.*

**15. Поими од културата и спортот:** *бестселер, вестерн, виставизион, инсерт, њусмагазин, спот, поп-арт, постер, таблоид, трилер, хепенинг, хорор-филм, шоу-бизнис, бенд, евергрин, кантри, лонгплеј-плоча, мјузикл, џез, цингл, плеј-оф, пресинг, тајм-аут, трим-патека; џогинг, џогира* (1. трча; 2. брише под со џогер)*, џогер* (алатка за за бришење подни површини).

**Заклучок:**

⇒ **Каква е состојбата со основниот лексички фонд на македонскиот јазик?**

Стабилна. Како што покажа анализата, новите заемки во суштина сè уште не го загрозуваат ОЛФ.

⇒ **Какви се новите заемки и колку го загрозуваат македонскиот јазик?**

Новите заемки зафаќаат одредени сфери, одредени тематски блокови, а со тоа и одделни категории корисници (на пр. младите што слушаат таков тип музика, или употребуваат одредени козметички препарати, спортистите, бизнисмени со употреба на економската терминологија; информатичарите и сл.).

⇒ **Кои зборови се архаизираат?**

Тие што не се употребуваат или се употребуваат во ограничена мера (терминологија од стари занаети; називи на одредени билки чијашто употребна вредност е намалена – плевели, треви; диви животни; овошја што немаат економска исплатливост и не се одгледуваат и сл.)

Архаизирање на цели семантички блокови:

Изумирање на стари занаети и нивната терминологија:

Ќе наведеме еден цитат од тв-емисија: „**да поседуваш воденици, некогаш бил добар бизнис, а денес е егзотика**“ (ТВ-Алфа 2008); со тоа и терминологијата поврзана со воденицата изумира;

Лексика врзана со руралниот живот на населението: ***облека: опинци, делови од носија, називи за орнаменти.***

⇒ **Каков е карактерот на иновациите?**

Главно се заема од англискиот јазик. При заемањето е опасно што се презема без адаптација (фонетска, морфолошка) и што тоа доведува до мешање на писмата: кирилица, латиница.

Досегашните анализи покажуваат (повеќе автори) дека заемките се најчесто со едно до две значења, иако во англискиот јазик имаат повеќе значења.

Заемките од англискиот јазик не навлегуваат подлабоко во системот на јазикот. Најчесто се преземаат како термини, најизразит пример е терминологијата од областа на информатиката: ***софтвер, хардвер, диск, лаптоп*** и сл.

Ќе го наведеме и примерот со терминот ***маус,*** што означува дел од компјутерот; надворешен уред со чиешто движење се придвижува покажувачот по екранот од мониторот. Се препорачува да се преведува со ***глувче*** или ***компјутерско глувче*** или ***глушец***. Што се случува во практиката: многу мал број корисници ја почитуваат оваа препорака и ***маусот*** останува ***маус***, ама и не се шири понатаму во лексичкиот систем. Надвор од оваа употреба не се среќава никаде, па дури ни во жаргонот.

**Литература:**

Бабамова Е., Адаптација и асимилација на англизмите во македонскиот јазик, докторска дисертација, Филолошки факултет, Скопје 1993.

Дрвошанов В., Анатомската лексика за човекот во македонските говори, ИМЈ, Посебни изданија кн. 46, 2005.

Конески Бл., Тошев К., Македонски правопис со правописен речник, Државно книгоиздателство на НР Македонија 1950.

Конески К., Правописен речник на македонскиот литературен јазик, 1999

Конески К., Македонски јазик, Ополски универзитет, Ополе, Р. Полска, 1998, (со група автори, гл. редактор Л. Минова-Ѓуркова).

Мургоски З., Речник на македонскиот јазик, Филолошки факултет „Бл. Конески“ Скопје, 2005.

Националната класификација на занимањата, Државен завод за статистика на РМ Скопје, 2002.

Обратен речник на македонскиот јазик (составувач: В. Миличиќ; редактори: К. Конески и А. Џукески), ИМЈ 1967.

Правопис на македонскиот литературен јазик со правописен речник, редакциски одбор: Божо Видоески, Тодор Димитровски, Кирил Конески, Крум Тошев (претседател), Рада Угринова-Скаловска, ИМЈ, 1970.

Речник на македонскиот јазик со српскохрватски толкувања, (составувачи: Бл. Корубин, Т. Димитровски, Т. Стаматоски под редакција на Бл. Конески) том 1 А-Н (1961), том 2 О-П (1965) и том 3 Р-Ш (1966), ИМЈ.

Толковен речник на македонскиот јазик, (под раководство на Сн. Велковска, гл. редактор К. Конески, редакција: К. Конески, Ж. Цветковски и Сн. Велковска, група автори), ИМЈ: том 1 А-Ж (2003); том 2 З-К (2005), том 3 Л-О (2006); том 4 П (2008).

Симон Саздов

# ФЕМИНАТИВИТЕ ВО МАКЕДОНСКИОТ СТАНДАРДЕН ЈАЗИК

Разликата по пол е фундаментален факт на човековиот живот, така што не изненадува фактот што таа е одразена во јазикот. Имено, на јазичен план таа биолошка бинарна опозиција нашла свој одраз во опозицијата по род, која опфаќа, меѓу другото, значителен број, главно истокоренски, именки, противставени според разликата во значењето: именки од машки род што означуваат суштества од машки пол, од една страна, и именки од женски род што означуваат суштества од женски пол, од друга страна. Оние именки од женски род што, ексклузивно или со едно од своите значења, означуваат лица од женски, но не и од машки пол ги нарековме **феминативи**. Во ова множество влегуваат сите именки од женски род што означуваат лица од женски пол, без разлика дали во јазикот имаат значенски корелатив од машки род - и дали е тој истокоренски или не (на пр. *сопруг* : *сопруга, приправник* : *приправничка,* но *маж* : *жена, брат* : *сестра* итн.) - или пак воопшто немаат таков корелатив, од биолошки, традициски или други причини (на пр. *доилка, трудница; негувателка, собарка; бунцавица, прусалка* итн.).

Целта на рефератов е да го претстави статусот на феминативите во македонскиот стандарден јазик. Имајќи го предвид начинот на кој ги определивме феминативите, јасно е дека односот меѓу јазичната и надворешнојазичната содржина ги има своите централни точки во родот (женски) како граматичка категорија и полот (женски) како биолошка категорија. Овој однос, проследен врз македонски јазичен материјал, може да се оцени како мошне цврст и покрај присуството на најразлични фактори чија тенденција е да го ослабат.

На феминативите во македонскиот јазик одделно не им е обрнато многу големо внимание. На синтаксичко и семантичко рамниште тие се засегнати во трудовите на Лилјана Минова-Ѓуркова и Благоја Корубин, а на зборообразувачко ниво кај Кирил Конески и Борис Марков.

Деривацијата е најзначајниот начин за формално-граматичко обележување на разликата по пол во македонскиот стандарден јазик. Таа е воедно и највообичаениот и најчесто користениот начин на создавање посебни називи односно именки за лицата од женски пол изведени од истокоренските именки од машки род. Дериваните феминативи по правило претставуваат семантички и формални корелативи на соодветните машки називи.

Феминативните деривати како зборообразувачка категорија имаат модификациски карактер, т.е. кај нив формантот има семантичко-квалитативна функција, внесува дополнителна информација во значењето на основната именка, а тоа е полот на лицето именувано со неа. Надвор од модификациската категорија на феминативните деривати излегува значењето „сопруга или ќерка на лицето именувано со основата" што се јавува кај одделни феминативи (на пр. *агиница, беговица, кнегиња, султана*). Ова значење, кое инаку сѐ помалку се среќава на современ план, има мутациски карактер, т.е. дериватите што го имаат ова значење се називи на нови десигнати и кај нив формантот има семантичка функција. Во групата деривати со мутациски карактер влегуваат и оние феминативи – наспроти кои, од одредени причини, не постојат машки корелативи – изведени непосредно од глаголска, придавска или именска основа (на пр. *неротка, трудница; месарија, негувателка; дрржанка, сокачка*).

Морфолошкиот или афиксен начин на зборообразување е најкарактеристичен за феминативите. Во негови рамки, пак, најмногу деривати, и тоа 98 проценти се добиени преку суфиксно зборообразување. Со својата продуктивност и застапеност се изделува суфиксот *-ка*. Тој самостојно учествува во 1054 суфиксни образувања, што претставува 60 проценти од целокупниот број деривирани феминативи разгледани во овој труд, а покрај тоа, влегува во составот на 16 сложени суфикси, како дел од кои учествува уште во 209 феминативни образувања. Според тоа, суфиксот *-ка* е убедливо најзастапениот и најпродуктивен суфикс во македонскиот стандарден јазик кога се во прашање феминативните деривати. Според продуктивноста, се изделуваат уште и суфиксите -*ничка, -ница, -ица,* како и образувањата со флексија.

Феминативите во најголемиот број случаи се најфункционалното и најекономичното јазично средство за упатување на лица од женски пол. Тие овозможуваат да се избегне судирот меѓу полот на лицето и родот на именката што упатува на него. Феминативите како укажувачи на полот се особено информативни кога се однесуваат на лице чие име и презиме не е транспарентно во поглед на полот (на пр. *Кинеската атлетичарка Сун Каијун повторно го собори својот рекорд;* или *Американската скијачка Пикабо Стрит и натаму доминира на трките во спуст* итн.), и воопшто во случаи кога се единствениот показател на полот на лицето на кое се однесуваат (на пр. *Џорџо Армани на јавноста ѝ го претстави новиот топ-модел,* ***двојничката*** *на славната артистка*). Тие, покрај тоа што укажуваат на полот на лицето, често се користат и како најавувачи на неговиот пол (на пр. *Бранителката на титулата, Аранча Санчез-Викарио, не успеа да се пласира во финалето;* или *Станува збор за портрет на бароницата Икскул фон Гилдербандт*). Некому можеби ќе му се стори дека и нема потреба од посебно изделување на најавувачката функција, но токму таа е најтесно поврза-

на со функционалноста на феминативите. Имено, од ексцерпираниот материјал произлегува дека во најголемиот број случаи феминативите служат за најавување на полот на лицето за кое станува збор. Впрочем, не случајно при атрибутивната употреба на феминативите нивното често отсуство се совпаѓа со постмодификаторското место на предикативниот супстантивен атрибут, без разлика дали станува збор за интегрирана или неинтегрирана варијанта (на пр. *Таа беше испратена во Пехчево како прва учителка-наставник да го сее современиот македонски јазик;* односно *Парашкева Петреска, новинар и уредник на редакцијата за влашки јазик*). Од друга страна, именскиот атрибут како премодификатор редовно е претставен со феминатив кога се однесува на лице од женски пол (на пр. *нобеловката Унсет, аутсајдерката Дорис, британската алпинистка Алисон Харгривс* итн.).

Забележливо е далеку поголемото присуство на феминативите во реченици со релација на идентификација наспроти реченици со релација на вистинска предикација. Референтноста на феминативите во рамките на првиот тип реченици, односно нивната нереферентност во вториот, има директно влијание врз таквата состојба. Имено, феминативите далеку подоследно се употребуваат во рамките на определениот именски дел на глаголско-именскиот прирок како и во случаите на апозиција (тие се, како што е познато, резултат на релација на идентификација, на пр. *Неговата трета сопруга е дизајнерката Черил Шуман;* односно *Јожица Пухар, словенечката амбасадорка, е една од нашите најредовни посетителки*), а помалку доследно во рамките на неопределениот именски дел на глаголско-именскиот прирок (на пр. *Барбара Стрејсенд е актерка, пејачка, режисерка и продуцентка;* но и *Таа е директор на телевизијата и уредник на програмата*), како и во случаите на предикативен супстантивен атрибут - независно од тоа дали е тој интегриран или не (тие, пак, како што знаеме, се резултат на релација на вистинска предикација, на пр. *учителки-воспитателки,* но и *учителка-наставник;* односно *Ова е биографска драма за Дороти Паркер, писателка, сценаристка и новинарка,* но и *Асоцијацијата Жената на село ја промовира Ѓурѓица Кицевска, координатор на здружението.*).

Иако мошне ретко, се среќаваат и случаи кога одбегнувањето на феминативот има свое оправдување. Имено, има реченици во кои феминативот е двозначен, па затоа тој не е во функција на јасноста на исказот. Неговата двозначност произлегува оттаму што во рамките на овој тип реченици опсегот на модификаторот на феминативот може да се сфати на два начина, па лицето означено со феминатив може да се протолкува како припадник на множеството „жена (односно женско лице)“, но и како припадник на множеството „човек (односно лице воопшто)“. Дали, на пример, реченицата *Таа е најуспешната спортистка во Македонија* да се протолкува како „Таа е најуспешното лице што се занимава со спорт во Македонија воопшто, а патем кажано е од женски

пол“, или, пак, како „Таа е најуспешното женско лице што се занимава со спорт во Македонија“? Во таа смисла, употребата на соодветниот машки парник (*спортист*) за означување на женско лице е оправдано во реченици од овој тип, под услов тие да го бараат првонаведеното толкување. Имено, машкиот парник е еднозначен: го приклучува лицето (во случајов од женски пол) кон множеството „човек (т.е. лице воопшто)“. Некој можеби ќе помисли дека овие согледувања имаат исклучиво теоретска вредност, т.е. дека во практика секогаш е јасно кон кое множество се приклучува конкретното женско лице. Но, сепак не е така. На пример, и покрај тоа што во спортот лицата од машки и женски пол се натпреваруваат во различни конкуренции, се случува да настапат на иста патека, во исто време, да совладуваат исти должини – како што беше случај на неодамна одржаниот Охридски пливачки маратон. Исто така, се случува некои лица од женски пол да стигнат на целта пред некои лица од машки пол при што се актуализираат погореизнесените согледувања. И при разните избори за најуспешни, најпопуларни лица и сл., каде покрај во машка и во женска конкуренција, се прогласува и апсолутен победник треба да се обрне соодветно внимание при употребата односно неупотребата на феминативите.

За избегнување на двосмисленоста на исказот понекогаш наместо синтетички (значи со феминатив - на пр. *директ**орка***), женскиот пол на лицето може да се сигнализира аналитички (на пр. ***жена**-директор*). Така, наспроти реченицата *Таа е првата директорка на училиштето*, која е двозначна врз основа на кажаното во претходниот случај, речениците *Таа е првиот директор на училиштето* односно *Таа е првата жена-директор на училиштето* се еднозначни. Во првата станува збор за лице од женски пол што е воопшто првиот носител на функцијата директор на училиштето, а во втората станува збор за женско лице кое е првото лице од женски пол што е носител на функцијата директор на училиштето. Можна е уште една варијанта: *Таа е првата жена-директорка на училиштето*, но овде може да стане збор за редундантност, со оглед на двојното сигнализирање на полот на лицето.

Во врска со можноста полот на лицето да се сигнализира аналитички наместо синтетички, сметаме дека тоа е прифатливо само во контексти во кои феминативот е потенцијално двозначен и при потребата од експлицитно сигнализирање на полот на лицето претставено со епиценум (*пр. жена-убиец*). Во сите други случаи таквиот начин на укажување на полот го оценуваме како појава која не е во духот на македонскиот јазик, – или најблаго речено – тогаш не се користат можностите што ги нуди зборообразувачкиот систем на македонскиот јазик. Се задржуваме одделно на овој момент затоа што се забележува дека при преведување од англиски јазик на македонски преведувачите често го превидуваат, па така на пример англиското *policewoman* почесто се среќава како *жена-полицаец* отколку како *полицајка*.

Што се однесува до англискиот јазик, него го оценуваме како еден од факторите што влијаат ограничувачки на феминативите во македонскиот јазик. Во поткрепа на тој став би го истакнале следново: граматичката категорија род има суштински различен статус во македонскиот наспроти англискиот јазик. Фактот што во англискиот јазик, за разлика од македонскиот, нема согласување по род во рамките на именската група и пошироко – во рамките на реченицата, укажува на тоа дека оваа граматичка категорија го нема она значење за синтаксичката структура на англискиот јазик што го има во македонскиот. Ова мора да се има предвид, за да не се случи не само да не се избере најсоодветниот јазичен израз, туку и да се направат граматички грешки, чии сведоци сме многу често. За илустрација ќе се послужиме со следниов пример: *Комисијата предлага на* ***кандидатот*** *Афердита Мустафа да* ***ѝ*** *се нострифицира оваа диплома...* итн.

Феминативите претставуваат значајно сведоштво за општествената положба на лицата од женски пол низ историјата, како и за промените што се случуваат на тој план. Така, постоењето на феминативи наспроти кои нема машки парници, освен во случаите кога станува збор за природни, биолошки причини (на пр. *доилка, задојница, родилка, штирка* итн.), укажува на традиционално женски занимања на нашиве простори (на пр. *бабица, инструментарка, месарија, негувателка, редарица, сновачка, тажачка* и сл.) или пак на особини што традиционално им се припишуваат само на жените (*бегалка, брканка, бунцавица, вапсанка, гувејачка, кокетка, наѕрница, портарка, прусалка, токменица, уседелка, црнка* и др.).

Промена во статусот на жената може да се проследи преку изменетата семантика на некои феминативи. Така, на пример, феминативот *министерка* според РМЈ, кој одразува една постара состојба, значи „сопруга на министер“. Тоа е, секако, последица на тоа што во минатото функцијата министер била необична за жените, барем на нашиве простори. Меѓутоа, денес овој феминатив значи само „женско лице што врши министерска функција“. Практично, како резултат на изменетата улога на жената во општеството, дошло до семантичко поместување кај феминативот *министерка*.

На современ план, пак, во извесни случаи феминативите се сведоштво на фаворизирање на лица од женски пол. Имено, во редица огласи за слободни работни места – како приватни така и огласи преку Заводот за вработување – наместо очекуваните именки од машки род, кои, инаку, се необележани во однос на полот, се јавуваат феминативи. На тој начин, всушност, целокупната популација од машки пол е иземена од групата на потенцијални кандидати за едно работно место. Овде би сакале да го нагласиме следново: сметаме дека задднината на ваквата состојба (која, патем речено, може да е најразлична) не може да го оспори изнесеното согледување. Имено, тоа дали едно лице од женски

пол е веќе примено на работното место за кое станува збор, па огласот претставува само формалност, или, пак, прашањето дали се работи за атрактивно работно место или не (настрана што тоа, се чини, е мошне релативна работа: она што за некого е крајно неатрактивно, за друг може да е прашање на опстанок) итн. – значи сето тоа сметаме дека не влијае врз констатираната состојба: секој оглас во кој наместо машкиот парник, кој е необележан по пол, фигурира феминатив претставува дискриминација на машките лица.

Сепак, забелешката дека на современ план во извесни случаи феминативите се сведоштво на фаворизирање на лицата од женски пол не треба да се сфати како оценка на општата положба на жената денес. Напротив, најмногу што може да се каже во прилог на таа положба е тоа дека таа се подобрува во однос на минатото, но дека сè уште, се чини, не може да стане збор за потполна рамноправност. Добра илустрација на нерамноправниот третман на жените од страна на општеството ни даваат различните конотации што ги придобиле феминативите од една страна, и значенски соодветните машки парници, од друга, при што редовно полошата конотација им припаѓа на феминативите. Еден пример за таквата состојба е парот од денотативно идентичните (се разбира, со разлика во полот) *ерген* и *стара мома*. Станува збор за неженето машко лице и немажено женско лице. Сепак, на *ергенот* најчесто се гледа како на човек што не е во брак по свој избор, и кој живее среќен, па дури и слободен живот, додека *старата мома* најчесто буди претстава за неубаво женско лице, кое живее несреќен и неисполнет живот, главно како последица на тоа што не успеала да се омажи. За женското лице што го нуди своето тело за пари постои феминативот *проститутка*, кој има изразито негативна конотација. За машкото лице кое заработува на истиот начин присутен е називот *жиголо*, кој ако воопшто носи негативна конотација, таа е далеку поблага во однос на онаа што ја носи женскиот парник. И *вештерот* и *вештерката* поседуваат натприродна моќ која ја користат за нанесување зло, но само вештерката е (во пренесено значење) и „лоша жена“ (в. РМЈ).

Факторите што ја условуваат употребата на феминативите во македонскиот јазик се: граматичката структура на македонскиот јазик, јасноста на исказот (значи, дали станува збор за лице од машки или, пак, од женски пол) и економичноста на исказот.

Од друга страна, меѓу факторите што ја ограничуваат употребата на феминативите се вбројуваат: морфонолошките пречки, необичноста на едно занимање, функција и сл. за жената, меѓујазичните влијанија, двосмисленос-та на некои искази што содржат феминативи и редунданцијата.

И покрај тоа што втората група фактори е побројна, најважните фактори се на страната на феминативите. Затоа, сметаме дека на феми-

нативите треба да се гледа не само како на пожелни туку и како на неопходни јазични единици во рамките на македонскиот јазичен систем.

# ЛИТЕРАТУРА

Георги Старделов

# РОМАНИТЕ НА МИТКО МАЏУНКОВ (1943)

*„Брату Санчо, што подалеку одиме,*
*сè повеќе нè стемнува“*
*Дон Кихот*

Во своите четири романи: „Кулата на ридот“ (1980), „Кон другата зема“ (1993), „Домот на Александар“ (2005) и „Времето на ирвасите“ (2005) Митко Маџунков го испишува големиот и трагичен еп за Македонија во нејзиниот милениумски историски и духовен опфат. Тоа е долго временско раздобје и ја зафаќа т.н. *прва, втора* и *трета* Македонија. „Ако *првата* Македонија, ќе напише тој, ја обединила Грција и ја раширила нејзината култура низ целиот свет, зар истиот тој свет и истата таа Европа што никнала врз нејзините урнатини, треба да го сотрат дури и нејзиното име? Ако *втората* Македонија, по стек на околности, го прифатила христијанството и православјето за сиот словенски свет, ако го создала првото негово писмо и го сочувала јазикот на кој илјада години ќе се служи светата литургија, зар таа не е заедничко чедо на сите Словени? Зошто тогаш тие се караат и тепаат околу првенството, зар само затоа да го задушат своето најсакано дете? Или *третата* Македонија, зар таа може некому да му напакости, вака соголена и оставена без спомени, несвесна за самата себе, неука и проста?“ Овој подолг цитат сам по себе ни открива дека романескното творештво на Митко Маџунков ја обликува, всушност, грандиозната фреска за неумоливото исчезнување на сè под небесниов свод во историјата преку судбината на Македонија (*prima, secunda, tertia*). Во неговото ретко, и во балканска и во европска смисла, романескно дело се соочуваме со хазарската судбина на Македонците. Таа судбина дава одговор на прашањето како на нашиве балкански простори, заедно со неговата трагична судбина, се истрајувало, истлејувало, топело и се истечувало во историскиневрат. Неговите романи претставуваат еден токму таков драматски дијалог со историјата, дијалог со минатото за кое Митко Маџунков, има свое сопствено видување. За него во минатото не е сместен само заборавот туку и вистинската стварност. Духовно средиште, ќе рече тој за својата литература, е *присутноста сред заборавот.* Ослободувајќи нè од заборавот, Митко Маџунков создава од своето романескно дело историска фреска, во која го нарисува историското ходочастие на Македонија и го синтетизира македонскиот историски трагизам како

постојано исчезнување во траењето и течењето на вселенската магма. Во романите на Митко Маџунков доминира едно трагично чувствување на светот. Тој го открива животот како опустошен предел во кој луѓето напразно бараат заеднички јазик и збор на разбирање, а, притоа, постојано се разминуваат во овој свет во кој им е судено да живеат, а да не можат да најдат вистински одговори на прашањата што ги измачуваат…

*Кула на Ридот* (1980)

Поетиката на Митко Маџунков е сублимирање во една кохерентна целост на имагинативниот и интегралниот реализам. Нејзина идеја-окосница е органското проникнување на реалното и имагинативното, на белетристичкиот и есеистичкиот дискурс, на поезијата и хуморот. Така, по појавата на првиот негов роман „Кулата на Ридот", сите во Белград каде што се појави, пишуваа за него како за автор способен за ремек - дела.

Во „Кулата на Ридот", во кој е опфатен еден долг временски период, Маџунков е на следата на Бергсоновото сфаќање на времето, слично како кај Пруст, сведувајќи го *него* на поимот *траење* како градбен елемент и функција на просторот. Во овој негов роман метафорите *Кула* и *Рид* се лоцирани во простор во кој трајат наслагите на вековите… Лазаревиот сон за обновата на Кулата на Ридот всушност е обид митот за Кулата да се поврзе со митот за постоењето…

Кај Маџунков земните нејаснотии имаат космогониски карактер. За него, во познатото кантовско прашање за ѕвезденото небо над нас и за моралниот закон во нас, се кријат сите тајни на овој свет. Бројните космолошки приказни за небото и ѕвездите во „Кулата на Ридот" натопени се во поетски виденија и имаат нагласена поетска димензија: Ние што луњаме низ вселената барајќи други луѓе и други светови не сме ни свесни дека во нашите барања на другите се бараме самите себе во бескрајот. Смислата, значи, на изградбата на *Кулата* е во тоа нејзините градители да дојдат преку небесните тераси до отворите што гледаат кон вечноста. Затоа, приказната за ѕидањето на *Кулата* е клучна за метафизичката вертикала на овој роман. Во неа е даден оној природен принцип всаден во нас од природата: со градењето на Кулата да се премости јазот меѓу земјата и небото што е исконски сон на луѓето. А кога древните градители ја оставале кулата недовршена, го правеле тоа бидејќи не знаеле каде може да се отиде од нејзиниот врв потаму? Така, на пример, Леонида којшто гледа постојано во небото, видел во тој небесен простор Кула *малку делната при врвот*. Здогледувајќи ја таа небесна градба сета замотана во пердувливи ѕвездени облаци, тој почувствувал желба „како дувнато глуварче да летне кон небесните синини да ги досегне ѕвездите, да се крене и извиши највисоко и да стигне до самиот врв

на животворната Кула“. Во овој роман авторот ни ја открива основната своја идеја што се протега низ сето негово творештво, дека луѓето во најскриените катчиња на душата ја носат во себе сликата на ѕвездената кула која со својата недопирлива убавина ги привлекува нив да се воздигнат кон небото: „Ѕидајќи ја Кулата, градителите ги соѕидале во неа не само своите соништа, стремежи и надежи туку и самите себе. Дограбувајќи го еднаш небото, тие никогаш повеќе не ќе се вратат на земја. Дали ги досегнале ѕвездите, како што се надевале? Дали го премостиле небото и го здогледале кралството на вечниот сјај што нè надвишува? Кој го знае тоа?“

Тој исконски човеков стремеж да се насели во бескрајот и во бесконечното, го среќаваме на секоја страница од „Кулата на Ридот“. Притоа, сите јунаци од овој роман се еден вид народни филозофи. Во нивните размислувања за клетата земна живејачка тие како да пеат некоја тажна песна во која се зборува за тоа како човекот се одлепил од калта на постоењето и се вивнал во некои галактички сфери.

„Кулата на Ридот“ е цепенковски роман, роман во кој се нижат бескрајно мудри приказни, сказанија, преданија. Луѓето што се населени на Ридот извираат од легендите и излезени од нив, тие и самите легенди ги направиле вистински, зашто кога се искачиле до небото, тогаш и ѕвездите ги почувствувале оземјени, тукашни, како некаде да ги сретнале, толку им станувале блиски. Кој од нас, на пример, не поверувал во Силјан Штркот? Затоа мислам дека „Кулата на Ридот“ (заедно со „Силјан Штркот“) е роман во кој се соочуваме со една од врвните алегории и параболи создадени во нашата книжевност. Тоа, имено ја одделува „Кулата на Ридот“ во еден од најдобрите романи во современата македонска литература.

*Кон другата земја* (1995)

Романот на Мацунков *Кон другата земја* (1995), го сметам за прв македонски енциклопедиски роман и затоа еден меѓу неколкуте од нај-реалните и највистинитите што се создадени во нашата литература како историска, така и во естетска смисла. Неговиот енциклопедиски опфат ја има предвид сета релевантна литература во која сме забележани. Затоа и велам дека неговото романескно творештво не е ископано само од животот и од историската стварност туку и од десетици и десетици книги од областа на историјата, етнологијата, лингвистиката. Тоа ги прекопува библиотеките за да дојде до автентична книжевна реконструкција на изворната слика за нас самите во историјата. Затоа можеме да речеме дека ова негово дело естетски блика не само од една речиси ингениозна дарба (толку нè привлекува тоа со својата убавина, со својата уметничка и естетска сугестивност) туку и од една речиси фрапантна ерудиција која нè обзема токму со својата филозофска

сеопфатност и длабочина. Кај него естетските и метафизичките квалитети меѓусебно се проникнати и обединети. Кон тоа, исклучителноста на овој роман на Митко Маџунков ја гледам во оствареното единство на естетските пластови со оние органски темелни метафизички квалитети вткаени во неа, што на неговата проза ѝ даваат длабока филозофска втемеленост. „Кон другата земја“ не е роман создаден само од еден редок творец и познавач на животот и на литературата туку и од еден мудар мислител кај когошто потрагата по целината, потрагата по темелите што го држат овој човечки ронлив свет е, всушност, негова клучна литературна и филозофска опсесија. Тој во „Кон другата земја“ трага по нив, ги открива и осмислува нив во небесните и земните, во имагинативните и реалните светови. Тогаш открива дека ние сме, како и целиот Левант, едно дуалистичко гнездо во кое смислата на целината на животот е закопана во сознанието дека во овој свет се води жесток и незавршен бој на доброто со злото, суров бој меѓу животот и смртта, меѓу Бог и Сатаната. Да не е така Злото би било наполно слободно и независно и би победило и поклопило сѐ. Затоа ние во своето историско постоење никогаш не сме разлачиле: чии чеда всушност сме – на Светлината или на Темнината; на Вечноста или на Минливоста? При сето тоа Маџунков ни открива еден ужасно реален факт: Она што се случува во и околу нас, вели тој во својот роман, е, навистина злокобно: ”Грците се омразени, Бугарите се омразени. Албанците се омразени. Србите се омразени. И Македонците се омразени. И браќата меѓусебно се мразат, родителите и децата исто така. Омраза омразата ја окружува и од омраза омразата е окружена, а сите се чудат зошто“. Маџунков во „Кон другата земја“ се прашува себеси, нѐ прашува нас: Како воопшто можат на овие простори да се сакаат цели народи кога во нашата свест, не ни е прифатлив ни најблискиот човек кон кој гледаме како на единка што секогаш е опасна.

Оваа морална ситуација Маџунков ја обопштува. За него синовите и браќата се како и народите: ги сакаме додека се послушни и ни се покоруваат, а ги замразуваме штом ќе го речат своето вистинско *јас* со кое нѐ негираат – нас. Така, тој го нарисува антрополошкиот портрет на човекот на овие простори. За Маџунков здрав пород може да се зачне само во туѓа крв. Жената тоа е омразениот туѓинец, *врелата варварска крв.* Таа не е исто како братот или сестрата, таа е имено тој *припитомен непријател,* поради што во овој свет поделен на парампарчиња, само љубовта кон него може да ја воспостави целината. Сето останато е биологија, или *староевропски неолитски мрак*. Слично како кај Унамуно, во „Агонија на христијанството“, и кај Маџунков љубовта е единствената утеха против смртта. Во љубовта се компензира отсуството на вечноста во човечкиот живот. Жедта за бесмртност е за него токму љубовта. Во оној што го љубиме се обесмртуваме. Љубовта е топлина, затоа Унамуно, како некогаш Гете, веќе пред смртна агонија не извикува:

„Светлина, дајте повеќе светлина!“ туку „Топлина, топлина, повеќе топлина!“ Според Мацунков, во недостиг на љубов за другиот кај нас се создал навик да се осудуваат луѓето. Сакам, посебно денес, да го истакнам неговиот морален категорички императив, даден во неговиот роман „Кон другата земја“, кој гласи: „Мајстори сме за отфрлање! Мајстори сме некого да не го признаеме! Мајстори сме некого да го навредиме! Мајстори сме над некого да се поставиме! Мајстори сме за осудување!“ Од сево ова може веќе да се види колку романите на Митко Мацунков продираат во оние темни клисури на антрополошката структура на човечкото суштество, колку е таа своевиден трагичен автопортрет насликан како врз фонот на нашата историја, така и врз фонот на нашата сегашност. Во романот „Кон другата земја“, Митко Мацунков, всушност, допира длабоко во историската, менталната и антрополошката егзистенцијална сушност на нашиот човек, во дамарите на она што него го придржувало од епоха до епоха. Во овој негов роман откриваме дека меѓу нашите луѓе зјапале бездни и дека на стотици и стотици генерации им се случувале страшни драми, низ кои истечувал животот *како низ отворен крвен сад*. Тоа бескрајно исчезнување и истечување од светот на нас самите, се должи, според Мацунков, меѓу другото и на фактот што нас судбински нè следела вистината: новите времиња да не знаат ништо за старите. Тоа, според него, довело до трагичното чувство на македонското самопонижување: „Достаточно е да е нешто наше, па да биде безвредно, ништожно“.

Романескното творештво на Митко Мацунков е повеќеслојна раскажувачка целина која во еден естетски *крешчендо* ги обединува философската рефлексија и уметничката експресија. Во книжевното писмо на овој автор се мешаат и проникнуваат автентични личности, преобразени во романескни ликови, потоа бројни митови, легенди, сказни, преданија. Во него се преплетуваат различни јазици, религии, цивилизации, во книжевен амалгам што самиот Мацунков го наречува *сеопфатна едновременост* во која е сублимирана „душата на вечната хронотопија на сите анонимни енергии“. Неговите романи „Кула на ридот“ и „Кон другата земја“, „Времето на ирвасите“ и „Домот на Александар“ се исполнети со бројни македонски и светски приказни, легенди, аманети во кои поколенијата си ја пренесуваат едни на други мудроста на вековите и трансисториската судбина на клучните идеи за тоа зошто живееме и страдаме и во што е смислата на нашиот опстој под ѕвездите? Во неговите романи зрачи една оригинална философија на историјата сфатена како борба до истребување, историја сфатена како безмилосна борба за власт и чување на власта; историја во која, дури откако ќе се изгуби власта, може да се зборува за ослободување; историја како закон на глутницата со која владеат арамии и злосторници и во која секој идиот може да издаде наредба да се убива во името на произволностите на историските настани. Но, заедно со трагизмот на философијата на исто-

ријата, во неговото дело се соочуваме и со множество други антрополошки и етички искуства во нас самите. Така, на пример, според него, македонството, или пошироко словенството, е само друго име за неслога... Балканот пак е синоним за прелага: затоа што *Балканциѿе се различни на исѿ начин.* Поголемиот дел од нивната заедничка историја е изградена на митови, сказни, лаги... „Неслога и лажна претстава за себе и другите, за *Хелениѿе* и *Варвариѿе,* тоа е животниот талог на Балканот; наследна вина, недопирлива под соспите на времето; манија на големина; чувство на вина; немоќ пред надворешните сили; беспомошност пред внатрешен раскол; трагичен расплет“. Оваа балканска антропологија која го обликува прозното историско и антрополошко искуство на Маџунков за нас самите, го открива бескрајното страдање на нашите луѓе на балканскиов простор. Кај нас, како по некој историски тертип, сè почнувало со грижата за народот и со неговото ослободување, со борбата за вистина и правда, а завршувало со сеопшто страдање: „ниту една власт никогаш не водела сметка за луѓето и нивната среќа, туку се грижела само за земјата што ќе остане зад нив и во која тие можат само да бидат ‘погребани’“.

Посебна, речиси волшебна приказна кај овој вонреден раскажувач е неговиот јазик. Маџунков навлегува во неговите темни и недосегливи исконски длабочини. Тоа е јазикот на нашиот изворен човек. Отаде таа негова исклучителна изворност и страст по дијалектот на солунско-струмичко-брегалничкиот говор како, според него, вистинска празона и ареал на Светите Кирил и Методиј, Климент и Наум. Во тој јазик низ неговите вени и жили тече крвта на народот. Тој јазик не настанал од зборови, туку од она од што самите зборови настанале. Затоа македонскиот јазик е кај него толку пагански слободен и подмладен. Зборовите во него се отвораат самите себеси докрај, до својата суштина, па така целата историја во него е врзана во зборот и бликнала од него. И тече тој и тие зборови во крвотокот на јазикот, во крвотокот на времето, во крвотокот на животот.

Митко Маџунков е, како би рекол Фројд, авијатичар на духот. Тој во својата проза плови со радарска точност низ столетијата и епохите, откривајќи ја историската егзистенција на овие простори и осмислувајќи ги сите оние судбински нешта што ја прават оваа земја таква каква што е, кревајќи ја неа од приземноста кон небесата, од ништожноста кон ѕвездите.

Последната глава на романот „Кон другата земја“ е посветена на историскиот дијалог што го водат Александар и Аристотел.

*Домот на Александар (2005)*

Чуден е овој роман на Маџунков! Тој потврдува колку поетиката на прозата на овој раскажувач е кохерентна и конзистентна. Во неа се вградени легендите и преданијата на светот како базичен елемент на неговото прозно писмо. Маџунков всушност целиот вовед во својот роман го остварува трагајќи по легендите за создавањето на Езерото од далечните дилувијални времиња, при што ни открива дека повеќе народи што го населувале овој ареал биле расцепкани, своеглави, несложни. Такви умирале и се преобразувале секои илјада години, за повеќе никогаш да не биде воспоставен човечки ред меѓу нив. Тоа е повод Маџунков да го поткрепи сето тоа со мислењето на Александар и со прашањето дали историјата воопшто, и одделно историјата на овие простори, може да биде поинаква од онаа каква што била досега?

На фонот на тој историски предизвик почнува дијалогот меѓу најголемиот филозоф и најголемиот освојувач на светот.

Од брегот на Езерото во занесен разговор обајцата испливале далеку. А разговорот почнал со идејата на Аристотел дека ропството е нужност, бидејќи само тоа ја устремува човечката енергија кон освојување на недогледните предели на духот, додека Александар, обратно, вели дека кога еден ден ќе ги победи Хелените, тогаш ќе ги ослободи сите нивни робови. Неговиот учител, напротив, смета дека на тој начин не може да се владее со светот, зашто се знае *хеленството е духовно*, а *варварството физичко својство*. Но за Александар тие два света денес се спротивставени, еден ден, кога ќе го освои светот, ќе ги проникне и ќе ги избрише разликите меѓу нив. Аристотел го предупредува дека ако ги признае другите, ќе се ослабне себеси, зашто не е можно од истото количество сила што постои на светот да им дадеш на други, а твојата сопствена сила да не се смали. Не, вели Александар, со сила можат да се освојат сите земји, но со сила не може да се создаде *светско царство*, во кое ќе владее светски дух, кој не може да се воспостави без другите народи. Нам, смета Александар, ни е потребна поддршка од луѓето што поинаку зборуваат, што во други богови се колнат и што различно се наречуваат. Тогаш Аристотел го прашува: во која насока ќе го шири *светското царство*? Александар, неочекувано за учителот, одговара на Исток, уверен дека само во таа насока, т.е. на Исток, ќе дојде до крајот на светот и ќе го воспостави светското царство. И тука радикално се разминуваат. За Аристотел природниот пат на духот води единствено кон Запад.

Александар го избегнува Запад зашто победата над Тројанците, токму на тој Запад, е голема и срамна измама. Неа не ја извојувале ни Агамемнон, ни Ајант, ни Минелај, ни Филоктет, ни Ахил, ниту пак итрината на Одисеј со Дрвениот коњ. Тоа е измама на непознатиот Синон, кој успеал трговски да ги *излаже*: *Тројанците да ја прифатат*

*својата пропаст како дар на боговите.* Затоа, Александар смета дека Западното Царство е родено од утробата на еден таков коњ, од една таква лажна победа, т.е. од прелага и измама, додека неговото вистинско светско царство ќе биде плод на победата на вистината. Затоа ќе крене кон Исток.

Но, во што е во овој роман на Маџунков амбивалентниот дух на Александар и неуспехот на неговата екуменска идеја да создаде ново светско царство?

Следејќи ги записите на Ајантаџа, вториот негов учител, Маџунков го обвинува Аристотела, дека ја отрул неговата душа со филозофија („софизмите на Аристотеловите луѓе“). Затоа имал право Ајантаџа дека влијанието на Александар во формирањето на европската филозофија и на Западниот свет е многу поголемо отколку што обично се мисли. Александар се почувствувал како бог, а боговите умираат млади за да не се открие лагата. Така се случило неочекуваното: Александровиот пат кон Исток го овозможило Аристотеловото простирање и ширење на Запад. И не е точно, вели Маџунков, дека Аристотел го овозможил Александра, туку е сосема спротивното: Александар го овозможил Аристотел. Додека тој бил жив, Александар бил заштитник на Аристотел, се разбира преку Антипатар. Тогаш ги напишал своите главни дела и ја основал својата перипатетичка школа што ќе ја надрасне славата на Платоновата академија. Кога умрел Александар, Аристотел бил веднаш осуден за безбожништво и се изгубил во Еубеја да ја избегне судбината на Сократ.

Романот на Маџунков „Домот на Александар“, во духот на поетиката на постмодерната, вклучува во белетристичкиот текст множество мисли и реченици од светски и од наши современи македонски историчари, пасажи од Аристотел според кои внатрешниот живот на човекот зависи од енергијата што ја создава животниот пораз; дека ропството е нужност за устрем на човекот кон освојување на нови предели на духот итн. Александар, се разбира, не го прифаќа тоа. Тој повторува повеќе пати, дека кога ќе ги победи Хелените ќе ги ослободи сите нивни робови, зашто сака хеленскиот и македонскиот народ да живеат како браќа. А кога, пак, ќе го освои сиот свет и кога ќе го воспостави Светското Царство, ќе ги избрише сите разлики меѓу луѓето и ќе ја воспостави големата хармонија меѓу народите.

А дотогаш Македонија, според Александар, ќе остане мост меѓу стариот и новиот свет. Заборавил, меѓутоа, да додаде (погледнато од перспективата на денешнината) дека кога ќе се согласиш да бидеш мост, со самото тоа се согласуваш да те газат.

Овој краток роман Маџунков го остварил трагајќи по легендите за создавањето на Езерото од далечните дилувијални времиња до најновите. Кирил Водочки лично чул од потурчениот Грк, Гази Евренос, за скорешниот судир на четирите царства: Источното и Западното, Северното

и Јужното и дека повеќе никогаш на овие простори нема да биде воспоставен човечки ред меѓу нив. Тие по кусото збратимување, еден ден меѓусебно ќе се исколат, а нивниот заеднички живот ќе биде неподнослив. Тоа е повод Мацунков да го поткрепи сето тоа со мислењето на Александар и со прашањето дали историјата воопшто и, одделно историјата на овие простори, може да биде поинаква од онаа каква била досега? На тоа прашање Александар одговара дека сè што постои, реално е, што треба да значи дека минатото е непроменливо. Сепак славниот војсководител додал дека во однос на минатото постои разлика меѓу поетите и државниците. Првите пред да го вообличат својот стих повеќепати го проживуваат минатото, одејќи од изворот до утоката, додека вторите ја пресечуваат животната нишка и го претвораат него во смрт.

Токму таа смрт Александар ја почувствувал. Тој вели: „ние радосно исчезнуваме кон Хелада" и додека ја освоиме неа, наполно ќе нè снема. „Немаме писмо, немаме свои пишани закони… Анонимноста е судбината на светот и кога се во прашање најславните. *Еден ден* ќе ги снема нашите варварски јазици и никој никогаш нема да знае сме сонувале ли нешто на нив; сите наши спомени ќе станат туѓи како и ние самите. Тоа го аминува Аристотел со зборовите дека човекот за да се роди, треба најпрвин да умре. За Александар тоа е науката на Темната Шума, каде што од сите страни демне смртта. Но, одеднаш пресврт. За него Светското Царство не е царство на народи, туку на слободни осамени единки. Дури како такво може во него да има место за сите луѓе. Аристотел овој одговор на Александар не го коментира. Тој мисли дека гордиот принц е уште млад да сфати дека постои „голема разлика меѓу заедничките својства на духот вообичаени за културата и стремежите на единката кои не можат да ја надраснат културата пред да се слеат со неа".

## *Времето на ирвасите* (2005)

Во дијалогот што на почетокот го водат во овој роман Иван и Кирил за тоа што е она толку исклучително во проповедите на Исус кои секогаш н" потресуваат до солзи, се вели: ако ги елиминираме другите религиозни, филозофски и морални прашања што го прават него вистински, сушт и прифатлив за сите луѓе, тогаш тоа е, смета Мацунков, „Совршената приказна, мајсторски раскажана". Во тоа се изразува срцевината на неговата поетика на романот, т.е. врз *еден жив живот*, да се создаде друг *нов живот*. Затоа литературата е опседната од тоа да открива и оживува дамнешни светови. Таа нè надраснува и наджива, а истовремено нè собира и во себе чува. Тоа имено се случило со најголемата и со највистинитата приказна, односно вистината за Христос која не била *ветреење на јазикот,* туку *акција, односно дело*. И тука Мацунков ни открива нешто суштинско за поетиката на своето сфаќање

на романот. Тој имено ја формулира сушноста на своето поимање на литературата низ дистинкцијата меѓу *вистинитото* и *стварното*. Од таа дистинкција тој извлекува две можности во сфаќањето на литературата: *литература во однос на светот* и *литература место светот*. Првата ја признава стварноста на светот како непроменлива вистинитост, втората не ја прифаќа стварноста на светот како вистинитост, туку само како граѓа врз која може светот да се пресоздаде. Таквата своја концепција Мацунков ја изведува, освен од Исус, уште од Дон Кихот и од Александар Македонски. Сите тие тројца се вградени, секој за себе, во својата стварност. За сите нив мерката на нивната вистинитост е стварноста, а мерката, пак, на нивната стварност е вистинитоста. Кај сите нив се оцртува борбата на стварноста за вистинитост и борбата на вистинитоста за стварност.

Во разговорот, пак, што го водат Кирил и Елена, се спомнува синтагмата *времето на ирвасите*. Што е, кое е и какво е тоа време? Според Мацунков постои т.н. планетарно време, кое се совпаѓа со времето на вистинските ирваси, кои живеат толку колку што траеме ние. Времето на ирвасите, значи, тече, „од постанокот на homo sapiens-от“, односно од раѓањето на свеста и свесниот живот, и трае околу 30 до 40 илјади години. На пример, додека диносаурусите живееле 150 милиони години и исчезнале затоа што не успеале да се приспособат, ајкулите владеат со морињата 450 милиони години без да престанат да пливаат. Што се заклучува од тоа? Ако ајкулите виреат околу половина милијарда години, наспроти homo sapiens-от, чиј живот се мери на само 30 до 40 илјади, тоа значи дека тие се, всушност, силата на природата, а не ние. Ние сме планктонот од нивниот свет што случајно се нафатил врз крајбрежните карпи и немајќи сила да се спротивстави на водените струи, им се предава тие да го носат. Но, што се нивните половина милијарда години истост во движење, наспроти настанувањето на свеста, одеднаш се прашува тој? Во одговорот Мацунков го изведува единствено можниот заклучок: супериорноста на човекот е во свеста бидејќи никој освен мислата не може да нурне во вселената и во нејзините педесет милијарди светлосни години назад во минатото со брзина поголема од брзината на светлината. Но и покрај тоа, *човекот не го оправдал своето постоење* бидејќи сè свел само на својот *опстанок*. И тука, токму во тој збор *опстанок,* Кирил ја гледа големата заблуда на човекот, бидејќи за да се опстане, не треба ум. И мравката опстанува и во тој поглед е поспособна од човекот: повеќе работи, подобро е организирана и повеќе е солидарна… Но, што од тоа? Имајќи го токму тој факт предвид, Мацунков го предлага овој свој одговор: „Опстанокот е второстепена задача: главното е развитокот на свеста“. Таа е бескрајна, и само таа може да ја исполни матката на природата. Знаеме ли ние на што мислиме кога ќе речеме дека мислата е побрза од брзината на светлината, дека сега, во овој миг, ние можеме да се префрлиме, на пример, во зорнината на светот.

Кога мислата или свеста би била константа, ние би биле, истовремено, и тука, но и би се шетале по Рим. Е токму тоа еден ден, ја открива овој филозофски писател својата утопија, ќе се случи и ќе се случи тогаш кога мислата, односно свеста, ќе има своја физичка маса како што има своја брзина.

Така гледаме дека Маџунков трага по некои базични детерминации на човекот кој уште не ги открил своите вистински можности. Затоа наместо да се вредсреди на една космичка етика, тој се дави во оваа земнава, чија суштина е: „сè да заграбам сам, сè да биде само мое, ништо да не остане за другите“. Затоа, за него, централната зла коб на човечкиот род е *егоцентризмот*. Од него произлегува сето зло на земјата: расизмот и национализмот, алчноста и скаперништвото, суетата и бездушноста. Тоа е светот, тоа е познатата Хобсова природна состојба која кога луѓето ќе посакаат да ја променат, тогаш сè завршува во порои крв како што беше случај и со најновиве војни на овие простори во кои не се случуваше ништо ново: само трупови, трупови, трупови; свет посеан со трупови.

„Времето на ирвасите“ е роман во кој се мисли светот и загадочната драма на човекот во овој свет. Тој се движи не само по широките алеи на животот, туку и по долгите авении на светската литература. А да го постигне тоа, Митко Маџунков ќе вгради во својот роман бројни релевантни писатели од светската книжевност. Со тоа создава еден нов *интегрален реализам*, во кои се вградени легенди и митови, книжевност и филозофија, наука и метафизика, а со нив и сето големо егзистенцијално и историско искуство што го осознале големите умови на човештвото, потоа чудата на физиката за кои опширно зборува, па чудата на медицината, теозофијата, психоанализата, лингвистиката, антропометријата, архитектурата, итн. Тоа ми дава за право да констатирам дека Маџунков ја создава својата литература не само како уметник туку и како научник и филозоф, т.е. како голем ерудит. Во неа го применува искуството на еден Сервантес, Флобер, Лав Толстој, Марсел Пруст и, особено, на Роберт Музил, од кој го презема *незавршеното* како битен елемент на својата прозна постапка, зашто, според него, делото е завршено дури во својата незавршеност. При сето тоа и со така сфатената книжевна концепција, Митко Маџунков се спротивставува на сфаќањето на литературата како некоја артистичка играрија која ја парализира уметноста. Затоа тој се определува, како што самиот ќе рече, за *објективна прикаска*, бидејќи „главата нè заболе од толкуте произволности“. При сето тоа тој не отстапува од своето сфаќање за статусот на фантастиката во своите романи. На пример, ретка е по својата имагинативност сцената со теглањето на месечината да ја кутнат во бездна по што ќе сме останале со празно небо. Во „Времето на ирвасите“ ја чувствуваме онаа голдониевска потрага по промената на идентитетот на личностите во романот. Некои од нив се дисперзираат во романсиерското течење

еден во друг, некои се расточуваат во други ликови од други романи, некои пак исчезнуваат во нив. Како и обратното, некои веќе одамна исчезнати ликови од други романи, стануваат негови главни херои. Со тоа Митко Маџунков нè соочува во овој свој роман со сознанието дека базичните факти на кои се држи и потпира човекот, природата и светот се уште необјаснети и необјасниви, дека ние чемрееме во зоната на тainственост и неизвесност пред т.н. реален свет. Неговиот роман е една бравурозна игра меѓу стварноста и фикцијата, меѓу Дондоне и Дон Кихот, кои се бркаат и бараат еден со друг, но никако да се сретнат. Маџунков нè соочува со трагичниот проблем на индоленцијата на човековиот ум, дека ние, ако се имаат предвид големите разурнувачки подвизи на homo sapiens-от, навистина, сме сè уште во *предворјето на свеста.* А тоа е она исто чувство што го мачеше и Роберт Музил во „Човек без својства“ – неговата немоќ да ја спознае супстанцијата од која е создаден, а која е толку неопределена и маглива и за која никој, ни науката, ни филозофијата, конечно, ни литературата, не можат да најдат лек. Неговите метафизички галии пловат кон исконот, ги прелистуваат епохите што протатнале, создавајќи роман вдаден во потрагата по нешто што е од онаа страна на површната вистина, која, по толкуте трагични бродоломи на умот во разбранетиот океан на животот, сè уште не може да се спознае. „Времето на ирвасите“ е творечка игра на духот да се дофати тајната на постоењето нурнато во нас самите. Неа сите ја претчувствуваме, но и покрај тоа не наоѓаме вистински зборови и јазик да ја изразиме. Кон тоа овој негов роман плени со својата иронија што е битна естетска димензија на неговата проза. Таа ни овозможува да воспоставиме дистанција од животот, да се растрезниме од него, да се оддалечиме од овој улав свет, во кој сме осудени секогаш одново да почнуваме и ништо докрај да не завршуваме. „Времето на ирвасите“, како и сите негови романи, плени со своите ексклузивни ликови, што опстојуваат некаде на границата меѓу лудилото и разумот, ликови што имаат свој табиет, свој поглед и свој морален став кон светот и кои нè прашуваат нас на ист начин како и Елиот: „*Каде е животот што го загубивме живеејќи? / Каде е мудроста што ја изгубивме во знаењето? / Каде е знаењето што го загубивме во информациите*?“

Катица Ќулавкова

# ДА СЕ ЧИТА СТАРДЕЛОВ, ДА СЕ ЧИТА КАКО СТАРДЕЛОВ

(пролегомена за книжевната херменевтика на Георги Старделов)

**Содржина на предавањето**, елементи на композицијата или составот на предавањето за академик Георги Старделов, современ македонски естетичар, херменевт, филозоф и културовед:

1. Пролог: Претставување на Георги Старделов преку негова био-библиографска скица
2. Појдовни тези на предавањето
3. Примери или аргументации во прилог на појдовните тези, со цел да се опише карактерот на книжевната херменевтика на Старделов
4. Селективен преглед на автори и опуси што ги толкувал Георги Старделов
5. Епилог на предавањето кој треба да биде вовед во дискусија со слушателите на Семинарот

## 1. Пролог:

1.1. Биографски податоци за Георги Старделов

Акад. Старделов е роден 1930 година во Гевгелија. По формација е доктор по филозофија. Има студирано во Белград, а специјализирано на германските универзитети во Минхен, Фрајбург и Франкфурт. Од 1956 до 1995 година, кога заминува во пензија, Старделов работи како професор по филозофија, естетика, историја на културата и по социологија на уметноста. Држел предавања не само на скопскиот универзитет Св. Кирил и Методиј туку и на повеќе универзитетски центри на просторите на поранешна Југославија, односно бил визитинг професор на неколку европски и американски универзитети. Денес одржува настава само на постдипломски студии. За редовен член на МАНУ е избран 1993 година.

**1.2. Библиографски податоци за Георги Старделов:**

Старделов има објавено 20 авторски книги во периодот од 1958 до 2004 година. Во 2000 година му се објавени избрани дела во девет томови. Негови авторски книги се: *Есеи* (1958), *Модерното и модернизмот*

(1962), *Светови (*1969), *Антеј бара почва* (1971), *Доба на противречностите* (1977), *Меѓу литературата и животот* (1981), *Experimentum Macedonicum* (1983), *Изморена авангарда* (1985), *Вовед во иднината* 1986, *Искуства, Портрети и профили, Одземање на силата, Summa aestheticae, Антеј ја допира земјата, Керубиновото племе (Kerubin's Tribs), Величанија, Небиднината, Искушенијата на естетичкиот ум, Балканска естетика – една друга естетика, Angelus Novus* (2004). Старделов се смета за еден од најавторитетните антологичари на македонската современа поезија и проза. Тој ги има подготвено антологиските избори: *Повоени македонски прозаисти*, Ч*етири поетски круга*, *Слобода или смрт, Го знаеш ли поете својот долг, Камбаните на Крушево, Современи македонски поети* (на српски, бугарски и др. јазици). Старделов има приредено бројни капитални филозофски дела.

Како член на МАНУ, акад. Старделов има раководено неколку научно-истражувачки проекти со стратешки карактер и капитално значење за македонската културна историја: *Историја на културите на почвата на Македонија, Историја на идеите на почвата на Македонија, Историја на религиите, музиката, театарот, архитектурата и фотографијата на почвата на Македонија.*

## 2. Појдовни согледби на предавањето:

• Колку и да се неделливи, дискурсите на херменевтиката и на толкувањето (интерпретативните практики) можат да бидат предмет на специфични перцепции и да конституираат две одделни истражувачки категории, па дури и две дисциплини.

• Ако сакаме да ги дистингвираме јасно и да ги дефинираме специфично комплементарните научни дискурси на херменевтиката и на интерпретацијата, ќе кажеме дека херменевтиката е теорија на интерпретацијата, епистемологија, методологија и историографија на толкувањето, а интерпретацијата е применета херменевтика, уметност и вештина на толкувањето.

• Херменевтиката на Георги Старделов е тесно поврзана со неговиот вредносен критериум. Таа е **имплицитна аксиологија** и *проект на етаблирање на вредносен систем* во македонската книжевност.

• Херменевтиката е дисциплина во којашто се сретнуваат **теоријата, метатеоријата и уметноста** (теориските, метатеориските и уметничките дискурси).

• Херменевтиката на Георги Старделов е спој меѓу естетиката, екфразисот и ерминиите, меѓу дескриптивната, нормативната и прагматичната поетика.

• *Херменевтика на суштината – херменевтика на душата на книжевноста*, на оној простор-време во којшто се меморира духот на народот, на јазикот и на неговиот културен хронотоп.

• Опусот на акад. Георги Старделов е примерено херменевтички, и пред 2006, и по 2006, и покрај тоа што тој доцна, дури во 2006-та ја објави својата прва збирка херменевтички огледи со експлицитен поднаслов – херменевтички студии.

• Иако Георги Старделов веќе со децении го практикува говорот на книжевната херменевтика, таа херменевтичка практика се изедначува со книжевната критика и со општата есеистика.

• Во академските програми не фигурираше **универзитетскиот предмет книжевна херменевтика**, а впрочем и самата книжевна критика и есеистика се во сенка на големите теориско-методолошки системи и парадигми.

• При Катедрата за општа и компаративна книжевност на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ на универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, е основан предметот *книжевна херменевтика*, а во проектите на Македонската академија на науките и уметностите е воведен еден европски истражувачки проект ***Интерпретации***, кој има цел да ја толкува книжевноста, а пошироко и уметноста, во комплексен, културоведен, интердискурзивен, интермедијален, и што е особено важно, во социо-историчен контекст.

• Старделов ги поместува границите на книжевната критика и теорија преку нивната врска со естетиката и филозофијата.

• **Конститутивни и доминантни начела на книжевната херменевтика** на Старделов го обликуваат неговиот херменевтички идентитет. Тие начела можеме да ги спознаеме преку нивно **иманентно реконструирање** однатре.

• Херменевтичка стратегија според којашто иманентното толкување на книжевноста во самата книжевност и во херменевтиката е суштински чин на толкување на светот, а тој чин на толкување на светот е суштински толкување на себеси. Тој толкувачки чин може да се опише како **троен склоп на херменевтичко, историографско и поетичко**.

• Поимот **балканска естетика** – *иманентна естетика* на книжевниот праксис. Елементи на таквата иманентна естетика и самиот Старделов практикува во својата херменевтичка практика: неа повеќе ја има во неговите изворни толкувачки текстови одошто во мета-интерпретативните, декларативни, манифестни или програмско-теориски текстови за нив.

• Георги Старделов е во потрага по „ноќната пеперутка“ на македонската и на балканската уметност која ги поврзува уметничките дела и душите на нивните уметници – творци, душите на писателите и на нивните дела.

• Старделов е естет и херменевт во прагматичен вид, а прагматичната херменевтика на Старделов е автентична и, во секој случај, инспиративна. На мигови се добива впечатокот дека самиот опус кој е предмет на толкување го заведува херменевтот во нему непознат и неочекуван правец. **Прагот на очекување** на херменевтот, оттаму, е постојано изложен на изненади и се придвижува во согласност со толкувачкиот предмет (поезија, роман, драма, расказ).

• Постои, значи, одредена доза на херменевтичка непредвидливост, на **херменевтичка ентропија** без којашто херменевтиката би била обично и стереотипно прераскажување на делата што ги проучува.

• Тука се поставува легитимно прашањето на коешто ова предавање има намера да даде одговор, а имено, прашањето што ќе го формулираме едноставно: што превладува во херменевтичкото творештво на Старделов, или – **која е доминантата на книжевната херменевтика** на Георги Старделов?

• Примарен интерес на толкување на Георги Старедлов е книжевноста во македонски, јужнословенски и балкански контекст.

• Кај Старделов превладува имплицитната, иманентна херменевтика, еден вид балканска херменевтика, да се послужиме со неговата терминологија. Тој е херменевт/толкувач, а не теоретичар и филозоф на книжевната херменевтика.

• Толкувачкиот опус на Старделов е поврзан со феноменот на **читањето**. Георги Старделов е првенствено *добар читател* на книжевноста, во случајов дека е добар читател на македонската книжевност.

• Толкувањата на Старделов се изведуваат како еден *макропроект на микрочитања*.

• **Да се чита како Старделов** значи да се чита низ визурата на искусен естетичар, филозоф, културолог и книжевен критичар.

• Старделов има своја **интерпретативна интенција** да ѕирне не само во текстот туку и во просторот меѓу текстот и историјата/културата.

• Ќе ја истакнеме како доминантна следната **херменевтичка интенција** на Старделов**:** да се обединат двете херменевтички матрици, онаа на микрочитањето и другата, онаа на макрочитањата, во еден модел на толкување близок до текстот, но не и изолиран од културниот контекст.

• Толкувачкиот проект на Старделов е проект на постојано **културално контекстуализирање** на книжевноста, правење идеографија на делата – во контекст на јазикот, на историјата, на етничкиот/националниот идентитет, на социјалните функции на книжевноста, на филозофските и естетичките импликации на книжевноста.

• Едно од главните сознанија до коишто и самата дојдов следејќи го опусот на книжевната херменевтика на Георги Старделов е сознанието дека таа е **културно контекстуализирана херменевтика** на книжевноста, идеографија на книжевните дела (романите, драмите) и нивна де-

конструкција преку суптилно и луцидно одбрани гномски формули (**гномски деконструктивизам** на херменевтиката).

• Старделов е херменевт на македонската историја и култура. Така посматрана, книжевноста овде е само медиум преку којшто се прикажува македонската култура која е опсесивниот глобален и конкретен предмет на херменевтички интерес на Старделов.

• Книжевната херменевтика на Георги Старделов е херменевтика на историската, цивилизациска и *културна Другост*, оттаму неговиот херменевтички интерес е постојано свртен кон културолошкиот (културовениот) топос, кон *балканскиот ребус*, кон македонскиот јазол.

• Книжевните дела се едновремено и цел на толкувањето, и *алатки и референции во толкувањето* на македонскиот спиритус на културата, ако културата ја сфатиме како макрофеномен кој во себе ја подразбира и историјата и сите облици на практикување на уметноста и на науката.

• Херменевтиката на Старделов е **индиректна автохерменевтика,** еден вид херметична и симболична автоинтерпретација изведена дискретно. Автобиографската скица на Георги Старделов може да се опише како херменевтички конструкт, како интелектуална биографија која зборува за себе преку делата на другите, како проекција на сопството во делата и интенциите на другите, како перманентна историја на препознавањето на себеси во туѓиот говор, во туѓите судбини, како експресија на автосубјективноста во алтерсубјективноста, како разговор меѓу едно јас и други полусветови, меѓусветови, умножени aукторијалности, мултиплицирани авторства и имагинации.

## 3. Неколку илустративни аргументации и поткрепувања на искажаните премиси на предавањето

• Херменевтиката на Старделов покажува намера да прерасне во една интегрална (текстуализирана) херменеза, за некои капитални автори да се искаже целовито, со комплексни студии на нивните книжевни и биографски идентитети, какви што се неговите херменевтички студии за **Славко Јаневски, Ацо Шопов, Блаже Конески** и **Анте Поповски**.

• Ваквите целовити, **мегахерменевтички студии** се устроени врз **принципот на страста**, врз принципот на восхитот и некоја енигматична идентификација меѓу толкувачот и поетот, на толкувачот со писателот.

• Херменевтиката на романите, на пр., на **Митко Маџунков,** го обележува едновремено и просторот на менталната, и просторот на интелектуалната идентификација на Старделов со некои идеи – лозинки на прозниот опус на Маџунков.

• Токму во интерпретацијата на неколку современи македонски книжевни опуси, Старделов се поврзува, преку својот историски и јази-

чен бекграунд, со македонскиот топос, со **македонското прашање.** Тоа пак, македонско прашање кое се претвора во провокативен и фасцинантен херменевтички ребус, во цивилизациска енигма која ја маркира балканската, европската и светската историја и ги означува рабовите на предисториската и на постисториската бездна.

• Кај Георги Старделов **нема жанровски лимитации**. Не може да се издели еден книжевен вид кој е негова специјалност. Тој е суверен и кога толкува проза и кога толкува поезија и драма.

• **На четвртата генерација** Старделов ѝ посвети една книга *Десет* (1991): Клетников, Бакевски, Стојчевски, Ќулавкова, Цветкоски, Чејковска, Дирјан, Даниловски, Линдро и Џепароски.

• Без цврсти програмски сврзници, кон оваа група поети гравитираат и драмските писатели Горан Стефановски и Јордан Плевнеш, а дел од нив подоцна се објавија и со прозни и драмски дела (Бакевски, Даниловски, Ќулавкова). Нејзе ѝ припаѓаат и писателите какви што се Крсте Чачански, Благоја Ристески, Веле Смилевски, Раде Силјан, Весна Ацевска, Алдо Климан, Трајче Крстески, Александар Прокопиев.

• Кон оваа широка листа на автори во текот на последниве години им се придружија и др. имиња – Кица Колбе, Јагода Михајловска - Георгиева, Методија Златанов и др.

• Херменевтичката шифра е неразделна од шифрата на поетот и неговата поезија – дијалог меѓу поетот и херменевтот. **Херменевтичките формули** на Старделов имаат **гномска форма** (устроени се по аналогија на структурата на гномите). Во гномските формули на оваа херменеза превладува интересот да се пронајде суштествената одлика на секој автор одделно.

• Во таа смисла (барањето врска на диференцијалното својство на еден опус и насловот на интерпретативниот есеј), ќе истакнеме дека Старделов, како херменевт, секогаш истакнува повеќе од една карактеристика на делото што го толкува, но се фокусира на една средишна и стожерна, околу којашто гравитираат и другите карактеристика (супстанцијални и функционални) на делото кое е предмет на толкување. **Гномската формула** е најчесто содржана параболично во насловот на интерпретативниот есеј.

## 4. Селективен преглед на македонски автори и дела што ги толкувал Георги Старделов:

• Ќе наведеме повеќе **примери** кои ја покажуваат блиската врска меѓу гномската херменеза на делото на еден автор и насловот на есејот на Старделов, како херменевтички клуч на **деконструктивистичкото начело** на Георги Старделов:

• Поезијата на Ефтим Клетников, на којашто Старделов ѝ посветува особено внимание, е деконструирана во антитетичниот и гномски опис/наслов: „Зборовите земни и зборовите небесни“, односно – *земна, подземна и небесна песна.*

• Поезијата на Петре Бакевски е протолкувана низ нејзината наративна доминанта како нејзин базичен елемент, што Старделов го нарекува – „поемичкото начело“.

• Есејот за поезијата на Санде Стојчевски е вид антитетичка формула, искажана во исказот – „Битието на песната како песна на битието”, автопоетиката на поетот: *машка лирика, песна деспот, воинствена песна, голема лирска песна, колосална победа.*

• Есејот за поезијата на Ристо Лазаров е насловен „Тој грозен кикот човечки“: врската меѓу страдањето и смеата, меѓу грозата и хуморот, црнохуморното, оксиморонското и парадоксалното, македонскиот народен спев во постмодерниот контекст – „два гласа во едно грло“.

• „Експериментот со зборот како експеримент со светот“ е херменевтичка формула на поезијата на Милош Линдро.

• Поезијата на Бранко Цветкоски е деконструирана со метафората на „ноќниот веј на кандилата“ (експресија на нејасното и синоним за атицистичката естетика).

• Поезијата на Лилјана Дирјан е деконструирана со формулата „Стварноста е сѐ “ и сфатена рембоовски како „начин на живеење“, а не само како уметност на пишување.

• Поезијата на Вера Чејковска е прочитана преку сугестивната опомена дека „Хајзенберг говори за можностите на светот“.

• Поезијата на Јордан Даниловски е опишана како „Темниот взор на песната“.

• Поезијата на Иван Цепароски е опишана како „Постмодерен филозофски дискурс“.

• Поезијата на Славе Ѓорго Димоски е формулирана метафорично-гномски како „Ноќно писмо“.

• Горан Стефановски и неговата традиција на уметност и насилство се опишани симболично и сугестивно како „Vita triumphatrix“.

• Јордан Плевнеш, „Револуцијата со пресечена глава“.

• Поетскиот опус на Јеромонах Методиј (Златанов) се дефинира низ призма на неговата духовна доминанта – „Религиските пластови на поезијата“.

• Романескниот опус на Венко Андоновски, во есејот по повод неговиот роман *Вештици*, е протолкуван низ призма на неговата контемплативност и интелектуалност, со насловот – „Романсиер мислител“.

### 5. Епилог

Отворање расправа со слушателите на Семинарот.

Лорета Георгиевска – Јаковлева

# ДРАМАТА КАКО ИНТЕРТЕКСТ

Ако ја прифатиме дефиницијата на Јулија Кристева[1] за интертекстуалноста како „мрежа од цитати“, тогаш неспорно е дека секој текст има одреден активен однос кон други претходни текстови (вербални или невербални). Од аспект на теорискиот концепт на интертекстуалноста, впишувањето на различни кодови, дискурси и дискурсивни практики во просторот на текстот е процес кој, свесно или несвесно, неспорно се одвива при структурирањето на текстот. Структурирајќи се, тој нив ги преисчитува, прецентрира, стопува и преместува. Оттука, секој текст е „пермутација и трансформација“ на претходните текстови. Според П. Павличиќ[2], произлегува дека секој литературен текст (па оттука и драмскиот) токму заради односот што го воспоставува со она што се произвело пред него може да биде дел од една литература, а ние би додале, и дел од еден жанровски систем, дел од една стилска формација. Според истиот автор интертекстуалните врски можат да бидат хоризонтални (синхрони) или вертикални (дијахрони), односно во историјата на литературата постојат периоди кога интертекстуалните односи се конвенционални и периоди кога тие се неконвенционални. Т.н. конвенционални интертекстуални врски следат некој идеал, т.е. тоа е „имитаторски тип на интертекстуалност“, односно свесно почитување на воспоставените и актуелни правила, постојната норма и структура, следење на тематиката, стилот, поетиката итн. Неконвенционалните, пак, наместо цитатноста како „препознавање“ ја ползуваат опцијата на цитатност како „ново видување“ или според термините на Шкловски како „очудување“. Во првиот случај повеќе станува збор за моделот автор – дело – традиција и тука поимот на интертекстуалноста се поврзува (или се враќа) во теоријата на влијанието, додека вториот тип го подразбира моделот текст – дискурс – култура и го подразбира моделот на ресеминација. Македонската драма ги познава и двете опции. И уште повеќе, нејзиниот развој би можел, во теоретски цели, да се идентификува според типот интертекстуални односи што ги воспоставува драмскиот текст.

[1] Julija Kristeva: *Semiotike: Recherches pour une Sumanalyse.* Paris, Seul 1969
[2] Pavao Pavlićić: *Intertekstualnost I intermedijalnost.* Zagreb, zavod za znanost o književnost, 1988

Ако пак на овие ставови ги придружиме и ставовите на У. Еко[3] кој интертекстуалноста ја поврзува со процесот на производството, но и на рецепцијата на текстот и германските херменевтичари каде интертекстуалноста се подразбира како дијалог меѓу текстовите и како процес на читателовата конкретизација на текстовите, понудената теза за развојност на македонската драмска литература е само едно од можните видувања.

Македонската драматика и театар бележат три трансформативни моменти во македонскиот културен и посебно театарски простор: праизведбите на претставите *Македонска крвава свадба* на Војдан Чернодрински, *Вејка на ветерот* (28 април 1957) на Коле Чашуле (режија Мирко Стефановски, Народен театар Битола) и *Јане Задрогаз* (1974) на Горан Стрефановски (режија: Слободан Унковски). Трите посочени претстави се меѓници кои двојат две македонски мегакултури: *Македонска крвава свадба* претставува трансформативен преод од усната (народна) кон битовата (уметничка или писмена) мегакултура, *Вејка на ветрот* од битово-реалистичната кон модернистичката и *Јане Задрогаз* од модернистичката кон постмодернистичката мегакултура.

*Македонска крвава свадба* на Чернодрински и подоцна *Бегалка* на Васил Иљоски и сето она што се класифицира како македонска битова драма (В. Иљоски, Р. Крле, А. Панов) претставуваат свесна интеграција на типолошките и стилски одлики на усната, народна култура и фолклорната матрица во текстот. Во овие драми фолклорот е основен, конститутивен елемент, па од аспект кој нас нѐ интересира таквиот однос можеме условно да го означиме како „имитаторски тип на интертекстуалност“. Велиме условно зашто создавањето на уметничката литература врз фолклорна основа е процес што е потврден во сите литератури, односно насоката на таа релација секогаш се одвива од фолклорот кон уметничката литература, при што имитирањето на фолклорната матрица е „природно“. Ваквата тенденција продолжува сѐ до шеесетите години (*Ивац, Владимир и Косара* од С. Таневски, *Кузман Капидан, Окрвавен камен* од В. Иљоски) каде интертекстуалната релација хипотекст-хипертекст има миметичка функција.

Поврзувањата со различните слоеви на националното книжевно творештво (усно и писмено), се иницијална енергија за поразвиените интертекстуални поврзувања во периодот од седумдесеттите па наваму. Одговорот на драмската книжевност и театарските практики во шеесеттите, се состои од радикален пресврт темелен на симболизмот, експресионизмот, надреализмот, и особено на егзистенцијалистичката драма и театарот на апсурдот. Македонската драмска книжевност, а потоа и театарска практика, во шеесеттите започна да испишува нова театролошка матрица. Основната стилска атмосфера на модерната ја

[3] Umberto Eco: *The Role of the Reader*. Bloomington, 1979

обликуваше Коле Чашуле со *Црнила 1960, Вишел 1966, Како шшо милувашe 1974.* во кои иконичната доминација се заменува со индексична, односно иконичниот систем на реалии се заменува со алузивни индексични елементи (односот помеѓу знакот и предметот е метонимиски). Во таа насока се движат и драмите на Ѓорѓи Сталев *Анѓелина* и на Платнар *Лейа Анѓелина* во кои духовната историја и историските случувања, како и потрагата по идентитетот (личен или колективен) се подложуваат на поинаква семантизација и ресемантизација без оглед дали се преземаат од книжевно дело или од општото културно наследство. Наместо авторовата интенција ја препознаваме работата на неговото несвесно (Фројд и неговата психоанализа), било тоа да се сфаќа како ненамерно влијание на книжевната традиција, на духот на времето, идеологијата или нешто друго. Со други зборови, текстот, со свои механизми, излегува од контролата на авторовата волја што води кон осамостојување на текстуалното значење наспроти авторовата интенција. Текстот така не е израз на таа интенција, туку на авторовата ситуација.

Посложени релации на овој однос можеме да назначиме во смената на стилските формации модернизам-постмодернизам. Ако модернизмот го карактеризира јанѕа/зазор од влијание заради неговото инсистирање на оригиналност и целовитост, постмодернизмот влијанието го смета за нужност/неизбежност. Како резултат на тоа таа ја прогласи смртта на авторот и парцијалноста, фрагментарноста на светот. Оттука цитатноста на модерната е илуминативна (туѓиот текст и културната традиција се во функција на авторскиот, кој е доминантен) наспроти илустративната цитатност на постмодерната (новиот, авторски текст го илустрира и го имитира (мимеса на мимесата) туѓиот текст, така што туѓиот текст доминира над авторскиот[4]. Постмодерната цитатност е пародиска, гротескна и карневалска, а често користените постапки се враќање, рециклирање и повторување како еволутивно начело (паметење, препознавање, реминисценција, евокација на сопствената блиска историја и културна традиција) наспроти заборавот и негацијата на модерната. Ориентираност кон читателот наместо херметична, заумна и елитистичка монологичност и егоцентричност на модерната.

Постмодернистичката димензија на македонскиот драмски интертекст би ја согледале на 3 типични модели.

Веќе посочената *Јане Задрогаз* на Горан Стефановски е типичен пример за цитатен текст со назнака постмодернистички. Тој го користи фолклорното наследство без зазор, директно, а јазичкиот материјал е транскрибиран речиси без интервенции. Драмата е пишувана на прилепски дијалект, на јазикот на Цепенков на кого Стефановски

[4] Dubravka Oraić Tolić: *Teorija citatnosti,* Zagreb 1990, 45

директно се повикува во паратекстуалните маргини, а фрагментарно се вклучени црковнословенскиот и заумниот говор од народното творештво. Со оглед на тоа што драмата *Јане Задрогаз* зборува за текстови кои се искажани/запишани/раскажани (самиот Стефановски упатува дека драмата користи „мотиви од македонското народно творештво собрано од Марко Цепенков како и елементи од неговите етнографско-филолошки материјали и автобиографијата". Слична постапка на директно упатување на изворите имаме и во драмата на Трајче Кацаров *Да не беше дождот* каде се вели: „во текстот се вклучени извадоци од Валериевите дела *Самотник, Островот Ксифос,* како и од песната „Творци" од Хорхе Луис Борхес), создава ситуација на сличност со веќе постојни текстови. Додека во претходната практика вообичаено беше исказите на имплицитниот автор и на симулираниот автор (во драмата тоа е Марко Цепенков, кој со самото цитирање во текстот носи семантичка обременетост) да се разликуваат од оние поместени во самата драма, во овој случај тоа не е така. Очекувањето на читателот/-гледачот е изневерено. Јазикот на Цепенков и јазикот на драмата се идентични, па рамковната приказна не се разликува од стожерната. Авторот свесно ја користи постапката на максимална мимеса, но за разлика од модерната, каде мимесата се однесува на стварноста и е во функција на веродостојност на исказот, контекстот во кој е создадена, драмата на Стефановски е мимезис на мимезисот – исказ за некој друг текст, исказ со посредство на некој друг текст. Врз основа на хипотекстуалните предлошки од македонското усно творештво (приказни, бајки, легенди, поговорки, игрозборки, реденки и сл.) Стефановски го конструира својот драмски хипертекст како сличен, а едновремено и како „пародиски вдвоен дискурс на постмодерната интертекстуалност" и „како иронично сигнализирање на разликите во самото средиште на сличноста".[5] Ако разликите не се согледуваат во јазикот (јазичкиот идиом максимално верно е репродуциран), авторската „интервенција" ќе ја бараме на ниво на содржината. Постапките на различност Катица Ќулавкова[6] ги идентификува во однос на:

- структурата на бајката која функционира како појдовна прото-структура
- жанровската матрица на драмата
- антрополошкиот синдром/архетип на македонскиот народ
- традиционалниот модел на епско јунаштво
- карневализација на идеалите

[5] Linda Hutcheon, *Republika* 1999, 96-113

[6] Катица Ќулавкова „Постмодернистичката димензија на интертекстот во драмата „Јане Задрогаз" од Горан Стефановски", во: *Македонската драматика/драматургија помеѓу традицијата и современоста,* Прилеп 1997, 44

- ресемантизација на митските, паганските и историските слики и симболи.

Структурниот и смисловниот склоп на *Јане Задрогаз* резултира со пародиска компонента создадена врз начелата на илустративна цитатност (во доменот на јазикот) и пародиска интертекстуалност (во доменот на содржината). Стефановски ги задржува конститутивните елементи на бајката (во случајов тоа се бројните варијанти на бајките за Змејот-тиранин и јунакот-спасител Келешот, Пантенталија): ликовите: Змејот, Царот во случајов Царицата, јунакот, трите сина на царицата и групниот портрет на народот, но и внесува сопствени интервенции. Тој свесно го упатува читателот на  необичниот жанровски статус на драмскиот текст именувајќи го како „народна фантазија во пеење" (подоцна оваа постапка ја сретнуваме и кај Стефановски и кај други автори кои го покажуваат својот специфичен однос кон канонизираните драмски жанри именувајќи ги своите драми како: Стефановски: „театарска фреска" (*Лет во место,* 1981), „театарска мутација" (*ХАЈ-ФАЈ*, 1982), „театарска пасија" (*Дупло дно",* 1984), „рок-ен-рол мистерија" (*Лонг плеј,* 1988), „театарски слики" (Ч*ернодрински се враќа дома,* 1991), „приказна за еден град" (*Сараево,* 1993). Го следеле многумина: Јордан Плевнеш: „необарокна политичка поема врз античка основа"(*Подземна република,* 1990), „драмска архиепископија на душата или самотничка симфонија во деведесет и девет фрагменти" (*Безбог,* 1996) и „драмски храм за жената – идеја" (*Notre Femme de Paris,* 1996); Венко Андоновски: „превртена драма" (*Бунт во домот за старци,* 1994), „сказна во прав" (*Словенски ковчег,* 1995); Дејан Дуковски: „параноја" *(MME кој прв почна*), Жанина Мирчевска „драмско либрето" (*Deis irea),*„либрето за кореo-драма (*Bloody Countes – Take me Home Tonight);* Блаже Миневски „гротеска во два дела и продолжение" (*Крик*, 1990). Таков жанр/жанри не познава книжевната генологија. Исказот „народна", следејќи го истражувањето на Бахтин за народната култура како карневалска, упатува на комичното видување на драмскиот свет, од аспект на народните мајтапчии и шегаџии како Итар Пејо, со голема доза на иронично. На народното упатува и појавата на Марко Цепенков во прологот и во излезната рамка на драмата и тоа во двојна улога – во улога на актер кој го игра ликот Тоде Мудрецот и во улога на драмски наратор (преобразбата на ликот на сцена – очигледното преоблекување на глумецот и неговата видлива смена на улогите – е во функција на она што Андоновски го нарекува „пад на чигата" идентификувана во *Ериgон* на Јордан Плевнеш и режија на Љубиша Георгиевски – односно обелоденување на постапката на создавање на илузија на стварноста карактеристична за класичната драма, или исказ за тоа како е граден исказот како што вели Патриша Во). Најавената „народна фантазија" со алузии на комичната и битовата структура, потенцирана преку цитираниот лик Марко Цепенков, и неговиот наративен исказ на

рамковните дејства ја сугерираат метатекстуалната согледба за бескорисноста на приказните, за страста на пишување ослободена од прагматска мотивација. Наративните обраќања се интервенција во канонизираниот драмски, литературен и културен код. Тоа е пародија на бајката која има форма на колаж и монтажа на „фантазии“ и цитати, пастиш комбиниран од раскажувачки елементи, елементи преземени од усните „женски“ форми (бајачки, тажачки), поговорки наместо реплики, „туѓ говор“, библиски предлошки (молитвата на Змејот), соништа, општи места.

Моделирање на драмата се остварува по пат на реактуализација на македонската народна усна традиција (слична постапка има и во драмата на Венко Андоновски *Бунт во домот за старци* и драмата на Стефановски *Црна дупка)*, како интертекстуална реминисценција на вредностите и моделите на свет наследени од минатото. Наспроти буквалниот цитат во јазикот, на содржинско рамниште се промовира идејата на исклучување, иронизација и пародизација на традиционалните вредности. Таа постапка се согледа пред сè во иронизирање на традиционалниот модел на епско јунаштво, преку актуализација на маргинализираниот лик Јане. За разлика од посебноста, одбраноста на епскиот јунак (на пример претставите за силата и правичноста на Марко Крале) овој „народен спасител“ е обичен, маргинализиран лик. Со самото тоа архетипскиот лик-јунак од бајките и волшебните народни приказни (асоцијацијата на приказната Ламјата и келешот, каде јунакот ги јаде јагодите сосе лисја како знак на сила) е пародиран, карикиран и карневализиран. Се чувствува една дистанција од традиционалните вредности, полемичка цитатност и дијалог со традицијата, не само на рамништето на текстот туку и на контекстуалните релации и референции: историски, национални, културни, идеолошки итн. На антрополошко рамниште се проблематизира идејата за Македонецот како покорен и понизен човек, стрплив во поднесувањето на тиранијата. Од колективот се изделуваат ретки и осамени поединци кои, наспроти традиционалната матрица, не се избрани затоа што поседуваат исклучителни својства, туку заради личната иницијатива и лудата храброст. Антрополошкиот ракурс имплицира и актуелна идеолошка димензија, алудирајќи на современите состојби на немање усет за колективен и рационален гест за спас од тиранијата симболизирани во Царицата или власта и Змејот или народниот непријател и злото, и по некоја чудна историска инерција (лишени од чувството за колективна свест, подложни на „случајности“ и необмислени акции кои завршуваат крваво, а секогаш подготвени за веселба и прослава).

*Јане Задрогаз* е еден вид драматизација и сценска адаптација на опусот на Цепенков. Тоа е смел зафат зашто ја мистифицира целината/делото од кое поаѓа, а кое е во темелите на националната

култура. Со таа традиција води полемичен дијалог, но воспоставува и еден специфичен однос на интертекстуално евоцирање на народната мудрост, кое во целина не можеме да го идентификуваме како иронично. Напротив, кон целината на оралната традиција на македонскиот народ, кон нејзините канони, кон творечкиот опус и личноста на Марко Цепенков е изграден однос на респект и воодушевување. (Слична постапка имаме и во драмата *Бунт во домот за старци,* 1994 на Венко Андоновски, кој избегнува травеститска интонација на сопствениот текст базиран врз записите на Цепенков.)

Драма која ја застапува таа травеститска димензија е *Балканот не е мртов или магија едервајс* на Дејан Дуковски. Вековната маргинализација на македонскиот народ (петвековното ропство под османлиска власт, доцното конституирање на државата и доцната кодификација на македонскиот јазик дури по Втората светска војна, непризнавањето на постоењето на македонскиот народ и јазик) во историски контекст го поттикнува процесот на нагласена митологизација и хероизација на македонскиот јунак во литературен контекст. Историската инфериорност, потчинетост и маргинализација ѝ доделува на литературата функција на „надоместок на загубата“, па сликата на ликот на Македонецот се идеализира. Таа идеализирана слика станува и официјална вистина, прифатена и во институциите и во претставите за самите себеси. Оттука, и во народната литература и во периодот на востановување на уметничката литература, доминантен мотив е супериорноста на македонскиот човек, поединец или јунак на секаков план (етички, морален, физички, умствен), наспроти ограниченоста на човекот од друга националност, доживеан пред сѐ како поробувач. На туѓинецот (Турчинот, Германецот, Србинот, Гркот, Бугаринот, Италијанецот), му се припишуваат негативни својства кои подразбираат: суровост, нечесност, бруталност, поврзани со ставот искажан во народот „Сила бога не моли“. Ваквата слика е константно присутна во традицијата на македонската литература, пред сѐ, во дел од епски народни песни, македонската битова драма и во дел од македонскиот роман создаван непосредно по Втората светска војна кој се означува како регионален. Врз митот за македонскиот маж - јунак над јунаците (на пр. циклусот епски народни песни посветени на Марко Крале, романот *Толе Паша* од Стале Попов и др.) и митот за македонската жена (на пр. драмата *Македонска крвава свадба* од Војдан Чернодрински и романот *Калеш Анѓа* од Стале Попов) – верна и свесна Македонка, столб на македонското семејство, сублимирано согледана во реченицата „Умрев, ама Турчинка не станав“ од драмата на Чернодрински, се создава и надоградува дел од македонската литература кој се карактеризира со иконокластичен однос кон ваквата слика.

Наспроти идеализацијата на ликот-поединец припадник на македонскиот етникум, се дава и сликата на маргинализацијата на

македонскиот народ како поткрепа на историската вистина. Поговорката „Кадија те тужи, кадија те суди“, неретко составен дел на литературните драмски текстови од периодот на македонската битова драма, е зборовен пандан на дискриминацијата, поим кој во секојдневната употреба значи „нефер третман“. Посочената поговорка, од социолошки аспект, односно во согласност со теориите за етничките и расни односи, е израз на обрасците на доминација и подредување, сфатени како изрази на поседување на моќ и привилегии, недостапни за македонското, во однос на големата турска Империја, и бројно означено малцинство. Оттука, македонскиот етникум во однос на владејачкиот етникум го чувствува процесот на исклучување (exclusion), процес во кој индивидуите од македонско етничко потекло доживуваат лишување од какви било права за одлучување, живеат во социјална изолација, сиромаштија и екстремна маргинализација. Доживувањето на Другиот како поробувач придонесува во македонската литература сликата за себеси на места да се доживее како своевиден етноцентризам, односно добива белези на „културен феномен на несакање на поинаквиот“, карактеристичен за текстот – предлошка *Македонска крвава свадба* на Војдан Чернодрински.

Процесот на демитологизација на „вистината“ за македонскиот човек од која произлегува и негативниот став кон Другиот, е предмет на интерес на драмата на Дејан Дуковски *Balkan is not dead* или Магија Еделвајс. Односот на новонастанатиот текст, текстот-цитат и текстот-предлошка може да се дефинира со постапката наречена рециклажа, каде делови од претходниот текст се монтираат со нови елементи. Драмата ја сочинуваат мали секвенции кои бараат монтажа. Од првата верзија на Чернодрински останале ликовите и нивните врски, но сега во колаж, комбинација со исечоци од други приказни (Елени и Кемал Ататурк, Едис, Икономо...). Неповрзаните секвенции ги обединува заеднички мотив, цветот еделвајс, кој се одликува со реткост и необична убавина, затоа што „по ледената доба расте само на Алпите“, симбол на љубовта. Драмата *Balkan is not Dead* е креативна интерпретација на драмата *Македонска крвава свадба* во која, преку интертекстуална игра, националниот судир го претвора во космополитски хаос во кој се проблематизираат односите на моќта, сексуалноста, етичките начела.

*Македонска крвава свадба* е во знакот на националните, верски и политички судири на две непомирливи страни: македонската и турската, односно христијанската и исламската. Во неа е тематизирана појавата на грабнување на македонски девојки и жени од страна на османлиските моќници. Текстот на Дуковски се надоврзува на тој историски контекст, но не останува заробен во него, туку го проширува и поопштува, така што на преден план избива односот моќ - стигматизација, исклученост, и како последица на тоа – конфликт и недоразбирање. Текстот на Дејан Дуковски трага по можни решенија и со тоа ја надминува историската

рамка, историското го посегашнува, го прави актуелно во современи услови. Тој ја става на показ сингуларноста на настанатото надвор од каков било конечен контекст. Чинејќи така, трага по историјата на нештата кои се не историски (чувството на љубов), покажувајќи дека љубовта нема втемелено потекло, туку е хетероген склоп на околности кон надворешните сили, кои во обработената варијанта ја означуваат како неможна. Парадоксално, ова сознание ја посочува и како единствена шанса. Оттука за историјата се размислува како за низа, а не како за след, а одделен настан не се набљудува како конечен, туку како етапа.

Непомирливоста на двете страни преку манифестација на дискурсот на моќ на едниот етникум над другиот се задржува во првиот дел од текстот. Отсуството на дијалог помеѓу моќникот (Осман-бег) и потчинетиот (Цвета), е празнина која го манифестира субординираниот однос на едниот врз другиот. Начинот на кој се одвива комуникацијата меѓу два лика ја одредува позицијата на ликот во скалата на општествената хиерархија. Во појдовната точка од текстот дијалог без посредници може да се одвива само помеѓу ликови кои се етнички и верски идентични и кои се на соседните скалила во општествената хиерархија (која ја одредува етничката и верска припадност), но никако и меѓу оддалечените. Осман-бег директно се обраќа на потчинетите Турци (војници, советници), но не и на христијаните. Отсуството на дијалог ја става на показ „величината“ на надредениот и „ништожноста“ на потчинетиот и треба да предизвика свест кај потчинетиот дека мора да се потчини на секоја желба на наредбодавецот. Во посочениот пример, улогата на Расим е улога на посредник во говорната комуникација кој треба само да го зголеми чувството на ништовност кај стигматизираниот. Директното или посредно обраќање е еден од начините да се одреди местото на говорителот на скалата на хиерархиската поставеност. Дадениот пример не е исклучок. Сличен однос на посредно искажана желба/наредба на моќникот има во низа сцени, меѓу кои е и сцената на убедување на Цвета да се потурчи. Посредникот во дијалогот сега се претходно потурчените Македонки. Во следот на настаните, со губењето на позицијата на моќник, Осман-бег директно ѝ се обраќа на Цвета. Дијалогот меѓу нив ги губи обележјата на стигматираност и не претставува само формално обележје, туку прераснува во вистински дијалог, комуникација на два рамноправни лика.

Во дијалогот помеѓу Осман-бег и Цвета исчезнува дискурсот со белези на дискриминација, а паралелно со тоа започнува и процесот на деконструкција на стереотипите, како недозволена/грешна љубов помеѓу двајца од различна вероисповед, во драмата на Дуковски тематизирана како неостварена љубов помеѓу ликот Кемал Ататурк и Елени. Односот помеѓу ликовите Кемал и Ефтим е однос оптеретен со

предрасуда (prejudice) – термин кој во секојдневниот говор значи предубедување со баласт или со расположение во однос на лица или состојби. Предрасудата се карактеризира со стереотипни верувања кои не се искуствено проверени, туку повеќе се засновани на личните чувства или ставови или „антипатија заснована на неисправни и нефлексибилни воопштувања".[7]

Говорот на Ефтим нема ништо заедничко со рационалноста, правдата и толеранцијата. Тој служи на стереотипот едновремено создавајќи поделба на „вие" и „ние", надвор-група (муслимани), која по ниедна цена не може да се изедначи со членовите на групата (православни христијани) и да се стекне со правата што тие ги имаат. Ефтим чинот на љубовен наплив различно го вреднува, исто дејство го именува со различни имиња, со пофалба или со осуда, зависно од страната која ги презела: Кемал (муслиман) или Кирјакис (православен). На показ е и стереотипните односи меѓу етничките и расните групи под влијание на социјално изведените верувања, односот родител-дете, маж-жена итн.

Релацијата Цвета – Осман-бег, во следот на настаните, ги руши таквите стереотипи и воспоставува нови, рамноправни односи и во двете релации. Таа се согласува да се омажи за поробувачот, за човекот од друга вероисповед, против волјата на својот родител. Дека таа не се покорува на моќта, туку својот однос го гради на рамноправни позиции е компромисот на Осман-бег: тој ја зема христијанската религија како своја.

Паралелно со рушењето на стереотипите кои имаат врска со општествено-социјалното живеење, Дуковски го руши и стереотипот во литературата: како на македонскиот маж – јунакот над јунаците сега се претставува како слабак, заслепен од омраза и нерационален бунтовник кој на гротесктен начин го губи својот живот, така и на македонската жена – чувар на верата и семејството, сега е рационална и самосвесна, придвижувач на промените кои следат.

За односот помеѓу драмата на Војдан Чернодрински и Дејан Дуковски, Борислав Павловски ќе рече: "Војдан Чернодрински идејно, па дури идеолошки е исклучив, во сите насоки, зашто не гледа и не сака да спознае можен излез од кризата, освен преку пеколот и чистилиштето на беспоштедната борба на спротивставените страни, додека Дејан Дуковски настојува да ги претстави претпоставките за дијалог меѓу судрените страни."[8] Симболичниот израз на тој дијалог е цветот еделвајс, или како што самиот наведува Leontopodium alpinum cass.

---

[7] Гордон Олпорт: *Природата на предрасудите*, 1954, да се види: Теодор Адорно и др. *Авторитарна личност* (1950) и Олпортовата *Природа на предрасудите* (1954).

[8] Борислав Павловски: „Драмскиот rimake на *Македонска крвава свадба"*, во: *Војдан Поп Георгиев Чернодрински - живот и дело,* Скопје: Институт за македонска литература, 2000, 159

- Asteraceae, цвет кој е исклучително редок и може да се сретне само во недостапните, планински предели на Европа и Азија, а токму поради реткоста е заштитен со закон. Во текстот на Дуковски тој се јавува - често и е поврзувачки лајт – мотив за сите љубовни врски кои завршуваат трагично. Заедничкиот контекст на Балканот, цветот и љубовта е парадоксален, пред сѐ затоа што на Балканот му се припишува синтагмата „буре барут“. Двата реалитета од насловната синтагма, Балканот и еделвајсот, имаат амбивалентно значење. Во текстот на Дејан Дуковски Балканот е место на злостор и неостварена љубов. Тој живее и ќе живее со своите меѓуетнички предизвици, зашто еделвајсот на Балканот не ја остварува својата симболичка вредност – знак на љубов и хармонија. Но сепак, можната хармонија се наѕира. Повторно симболично: Цвета, во италијанскиот бордел се јавува како Флора, совпаѓање кое не може да биде случајно. Релацијата Цвета – Флора (во превод: растителен свет и цвет) – Еделвајс, на ниво на толкување ја одбива смислата на делотворна „магија еделвајс“. Средиштен морален проблем во драмата на Дејан Дуковски не се веќе нејзината чест и вера (за разлика од драмата на Чернодрински), затоа што се заменети со драматична потрага по љубовта. Велиме драматична затоа што нејзината потрага отвора низа прашања: проблемот на вистинската и платената љубов, хомосексуалната љубов, односот љубов-моќ, што ни дава за право да кажеме дека проблематизирањето - на сексуалноста е едно од средишните места на овој драмски текст.

Елизабета Шелева

# ШТО ИМА НОВО ВО МАКЕДОНСКАТА ЛИТЕРАТУРА
(Кому му е каква Песна аманет, неколку впечатоци за транзицијата и македонската поезија)

## Вовед

Суштинската желба и потреба на секој писател е да биде во постојана транзиција, трансфер, транслација. Така барем Салман Ружди тоа убаво го кажува во својот текст „Имагинарни татковини“.

Тоа важи и за македонските писатели и поети – ако погледнеме наназад, во сите драматични настани кои се случуваа од 1990 година наваму. Магматичната реалност сѐ повеќе почнуваше да личи на фикционално дело, а медиумите ги проголтаа натуралистичките убавини на глетката „ин ситу“.

Поетите меѓутоа и понатаму останаа на трагата на сопствените, иманентни „транзиции“, непрекинливи метафизички „сопства“, неуморно спроведувајќи „трансфери“ од митологијата, историјата, личната егзистенција – во нежното и продорно ткиво на лирската есенција.

Тие, подобро речено, се впуштиле во биопсијата на реалноста: која ли е таа навистина и каква е оваа чудна, ураганськи вртоглава реалност во која, без опомена, исчезнуваат сите упоришта на Светот? Сите упоришта на Сопството, кое копнежливо се врти кон интимната светлост на поробената, бегалска душа!

## Трауматски субјект: враќање на реалното

Со семејно-историски трауми поткопаната онтологија на субјектот го карактеризира поетското творештво на Богомил Ѓузел, неговата поетска интонација меѓутоа ШКРГУТАВА, сиромава во плачот, до самата морничавост набиена со жестина на непокорниот, суров Бунтовник, кој потентно ја испишува својата лирска мемента на историјата.

Богато „надарен“ и тетовиран со комплексен, како личен, така и национален багаж, тој бескомпромисно, неуморно се занимава со архетипската вина на потеклото и „источниот грев„ на настанокот, продирајќи до самото јадро на библиските преданија. Како и секој голем поет, Ѓузел настојува секоја од поетските драми, за кои така впечатливо и страсно пишува, да подари аура со универзална длабочина, а, бидувајќи застапник на поетската „логистика“ и слоевитиот

херменевтички опстанок – неговите песни се отров за секоја малодушност – реставрација на мала, а сепак најдрагоцена, интимна резистентност – повик за еротско совладување на (мета)физичките волци, кои се врткаат наоколу.

Поезија и егзистенцијална стеснетост

Карактеристична за последната, поетска декада од 20 век е појавата на т.н. заветни книги од доцното творештво на веќе етаблираните и живи класици на македонската литература, во кои се рефлектираат пред сè личните, но и генеричките теми на човечките суштества, соочени со хоризонтот на животната минливост, неминовното проштавање меѓу постоењето и светот околу себе.

Тука се согледува големата поетска снага и талент на секој автор, кој во средбата со овој, несомнено болен и потресен, онтолошки мегдан – треба да пронајде достојно и убаво алиби за својот лирски настап.

Песните на неодамна починатиот Петре Андреевски, потресно убаво говорат за потресната убавина на смртта и за убавиот мртовец. Создадени во возбудлива, заемно пронижувачката кореографија на Ерос и Танатос – овие пораки на лирскиот субјект како всушност да говорат „од онаа страна“ на животот и смртта, постоењето и непостоењето – не пронаоѓајќи веќе никаков суштински рез или разделба помеѓу споменатите онтолошки крајности. Напротив, животот и смртта себеси поетски се посакуваат, се оплодуваат, се бараат еден со друг во Убавината, всушност, ја надминуваат сета морбидност, стравовите, неутралноста врзана за небитието, ја хуманитаризираат и естетизираат самата смрт. Тие се поетски обред на сеединството на исчезнувањето-во-настанувањето.

Покрај Блаже Конески и неговата тестаментална книга „Црн овен“, во оваа низа од дела секако ги вбројуваме и најновите поетски збирки на Матеја Матевски. Тие се пронижани со за него својствениот поетски ракопис, интимистичка поетска саморефлексија, со длабока, а нежна интровертност. Поетскиот субјект, покрај инсомнијата, која е темниот фон на неговата потрага за големата Песна, ги бележи новите сведоштва за својата прошетка „во внатрешниот предел“, во шумите на сопството. Во тој поглед, исклучително е впечатлив и значенски слоевит особено лирскиот циклус „Епитаф на бестијариумот“, кој се воздигнува како моќна хтонска катедрала со анимални симболи на злото – скорпии, чакали, волци, скакулци, влекачи, мршојадци, пајаци – во името на сите неискажани искушенија на ова мрачно невреме.

Привидно едноставната, транспарентна архитектура на овие песни ни малку не се поклопува со нивното, фундаментално напорно, медитативно искуство и неизлечливата самотија на лирскиот субјект. Во тоа е всушност самата суштина и главниот „мамец“ за читателот, кој

дури на крајот се запознава со потресната еднаквост на овој со оној свет, зад привидно спокојните, анимистички слики на дрвја, минерали и корени.

Понекогаш и самите наслови на поединечни книги („Лакримариум“ на Петре Андреевски, „Завејување“ на Матеја Матевски, „Опстанок“ на Богомил Ѓузел“, „Книга Тма“ на Јордан Даниловски) сами по себе се индикативни во поглед на егзистенцијалната тежина, која ја содржат поради македонската, неприродно долга транзиција. Тука е, од своја страна, застапена уште и есхатолошката атмосфера на милениумскиот преврат (кој настапи по 2000 година), воскреснувајќи ги најдлабоките архетипски стравови на човештвото.

## Поетика на сомнителната татковина

Поетот населува повеќе татковини. Поетовиот Дом е во плурал. Понекогаш, таа состојба (погрешно?) се поима и доживува како онтолошка бездомност на поетот. Таква е судбината и предизвикот можеби на секој автентичен творец.

Всушност во песните на Богомил Ѓузел го воочуваме тој фундаментален парадокс на припадноста и отпадништвото: многу често, самото име (идентитетот) е доживотна стигма („сопственички жиг“), на делегираната вина (на предците), клаустрофобично доживување на малиот простор (соба, куќа, татковина), априорно прогонство (кон библиската аксиома), чувство на неизлечлива отуѓеност во сопствениот дом. Дури и гробот (татков) е – посакуваниот симболичен дом, одземен со декрет на политичките моќници.

Од друга страна, Радован Павловски и понатаму го негува својот препознатлив, екстатичен поетски номадизам. Обземен од паганскиот дух и немир, кој останува недопрен од општествените стеги, неговиот лирски субјект и натаму го освојува „говорот на цвеќето“, бестатковинско небо, распаднати куќи, ветровити предели, моќни љубовни занеси. Тој, во вистинската смисла на зборот, е станар на некои други времиња; имун на императивите (на стерилната и презрена граѓанска) вкоренетост; отпорен на сè што не е во најдобра врска со природата, вселената, Битието.

Влада Урошевиќ, во своите песни напишани во надреалистичен поетски клуч, на својствен начин, го допира топосот на бездомноста, овој пат, во многу необичен, постапокалиптичен пејзаж. Неговиот лирски тон е речиси замрзнат, дециден до суровост, ултимативен. Нема место за други работи, сè е прашање на описот, сè се однесува на некои опседнати „предели“ (и, понекогаш, планети), кои знаат да бидат немилосрдни, пластични, негостољубиви, панични, мртви, преодни (а можеби „само“ – транзициски?), воени. Во секој случај, пределите на

ЗЕБЊЕ, со непријатен, ониричен карактер; одбивни како својот метафизички студ.

Урбаниот егзистенцијализам

Градот никогаш досега не се наоѓал во жарот на поетскиот интерес, како во текот на последните декади на 20 век (и условно кај младите поети, како Јовица Ивановски, Никола Маџиров, Лидија Димковска, Игор Исаковски).

Идеолошкото поентирање на урбаната компонента, јазично-стилскиот урбанизам, препознатливиот неконформизам во настапот и стилот на пишување го обележува творештвото на овие автори, кои на својата кожа директно ги почувствуваа сите „исцелувања“ на урбаната транзиција, која темелно го промени самиот изглед на Градот, но и начинот на животот, по пат на нараснувачката глобализација, билбордизација, новата „урбанизација“, накитената естрадност.

Скопје како поетски топоним, каков што го гледа транзициската генерација, во лириката на Јовица Ивановски изгледа прилично далеку од еднонасочниот локал-патриотизам: распарчено, контаминирано, иритирачко, отуѓено до дното. Кафулето прераснува во поетски хронотоп, азил за изрекување на онтолошките пцовки и семиотичка арена за музичката герила, склона на (панк) рокот. Жестоко се напаѓаат сите бастиони и рецидиви на малограѓанштината, како нацијата, државата, самото семејство.

И лирската интонација на Игор Исаковски му припаѓа на овој контра-културен, урбан регистар на индивидуален радикализам. Етосот на бунтовничкиот либерализам, многу често, го бои неговото писмо со идеолошки и реторички пцовки. Ескапизмот на „сексот и шишето“ е тргнувачката база на антилирскиот субјект и неговите разнолични урбани искуства, кои тој потоа асоцијативно ги поврзува со метакнижевното искуство, како и со мрачниот ритам на блузот, како свој суштински либидинален потпирач.

Стилско-поетското нарастрување на простата физичка амбиенталност на градот (во таа смисла, и Скопје како топос) го наоѓаме во творештвото на Никола Маџиров, кое повеќе наметнува симболизација и семантичка надградба на препознатливите урбани детали, воздигнувајќи ги до ниво на урбаниот егзистенцијализам во кој е фрлен постмодерниот лирски (анти)херој.

Суптилните трепети на неговата поетска интонација така повеќе се приближуваат кон надреалната декириковска морничавост на модерните градови, поаѓајќи во пресрет на феноменологијата на сенката, пеперуткова недофатливост на глетката, Вендерсовите ангели, своевидни метафизики на улицата. Воедно, урбаниот простор –

просторот на најдлабока лична бездомност и вплетканост во лавиринтот на недостижната љубов.

Женска постпоезија

Македонската поезија во транзицијата обележува и нагласена родова сензибилизација – појава на неколку авторки, кои подеднакво се супериорни во својата метакнижевна ерудиција, како и во самосвесното разбивање на закоравените патријархални обрасци и поимања на женскоста.

Ни малку лирични, меки, сентиментални во својот настап и интонација, тие се пред сè припадници на (не) „редот“ Амазонки, кои со својата жестокост, оправдана со револт, со богато и неретко болни искуства – испишуваат горди, автоиронични, строги страници на женска постпоезија. Со својот живот потпишувајќи го своето писмо како глас на побуната, туак се вбројуваат Ката Ќулавкова, Лилјана Дирјан, Вера Чејковска, Лидија Димковска.

Означена како нивни заеднички поетолошки именител, постпоезијата претставува оптимален начин за искажување и калемење на богатиот реторички и дискурзивен регистар, со кој тие располагаат. Освен вообичаениот лирски идиом, воочливо е присуството на постапката на наративизација и драматизација, нагласена есеизација, пародизација, полемизација на дискурсот. Постпоезијата составува строг колаж на популарната култура канонизирана со идиоми, како и заемна провокација на улицата и библиотеката.

Пронижена со црн хумор, егзистенцијална тетоважа на повеќекратните прогонства, со радикален самооспорувачки поетски субјект, со необично калемен интертекст – македонската женска поезија остава убедливо сведоштво за творечки продуктивната транзиција на родот (или, родова транзиција) во рамките на транзициското време на „промени и премини“.

Шаманска мистика на поетските слики

Од друга страна, за македонската лирика во транзицијата подеднакво привлечно останува и определувањето за ресакрализација на поетскиот свет и поетскиот говор, обредно-митската сликовитост на поетските слики, поетски супрематизам и поетика на тишината и белината, истрајна концептуалистичка работа на самиот јазик како творечки медиум.

Можеби е тој и таков лирски став причинет всушност со кризни, непостојани и крајно профанизирани времиња, во кои (и не само) за поезијата, останува толку малку слух. Во основа, длабоко личната поетска побуна своето ново кредо го пронаоѓа во херметизмот на

темниот дискурс, кој останува имун и непробоен за неповиканите, недостојни содржини.

Во оваа група автори го вбројуваме Методија Златанов, доследен поет-истражувач и застапник на визуелната поезија. Вдахната со длабоко религиозен став кон поетскиот чин, поткрепена со лично религиозно искуство – неговата лирика се гради на препознатливата внатрешна архитектура и симетрија со божествен принцип. Мистичната заумност на зборовите, „стиховите-фотони“, несомнениот јазикотворен талент за градење на неологизми, концептуалистичката работа на текстот – не е единственото, што го обележува творечкиот пристап на Златанов. Покрај останатото, тоа е дискурс за љубовта како онтолошка храна, дискурс за пренаселената желба на сопството, беспоштедното преиспитување на сопствената (не)припадност на светот и себе, врз сè – реторички неумолив и потресен огнен аскетизам.

Моќното и интенционално мрачно писмо на Јордан Даниловски исцртува смели понирања на еден длабоко интровертен поетски субјект, наклонет кон повеќестрани улоги – од номад до мистик, од врач до варварин, од Лебед до мажјак, од алхемичар до Фаун, од тревар до имагинарно словенско божество. Неговиот идиом е архаизиран, минималистички сочинет, гномски, анаграмски расточен, елиптичен – а сепак – сугестивен, со својата бујна, опоменувачка интонација.

Лирската проблематика на двојништвото, подвоеноста на световите и времињата, кружењето на необичните ликови – симболи (град, брег, тишина, соба; лебед, Атма, Вра, Сен), го допира доживувањето на онтолошка морничавост и тајна граматика, која хтонски извира од прасловенските корени на поетското надахнување.

Останувајќи на безбедна оддалеченост од традиционалната поетска исповедност и лесни брзи комуникации со читателот, Даниловски е наспроти тоа склон кон долга, темелна преработка; комплексна симболизација на своите „референцијални“ импресии – за на крајот, да достигне фундаментално естетско просветлување, достојно на својот, повеќе пати споменат, шамански прачинител.

Јелена Лужина

# КАКО ДРЖИЌ ПАТУВАЛ НИЗ МАКЕДОНИЈА И КАКО (СЀ) ВО НЕА СЕ СНАОЃАЛ

Фактите коишто досега се истражени и систематизирани, не само оние театрографски, упатуваат кон прилично сигурен заклучок:

дека, по сѐ изгледа, легендарниот Марин Држиќ (Marin Držić) низ овие наши македонски краишта, географско-театарски, ама и историско-културни, талка и се матка веќе долго, прилично интензивно и – како што тоа секогаш бидува! – со променлива среќа. Речиси е сеедно дали неговите талкања-маткања биле и/или останале вистински или фикциски, буквални или виртуелни, фактички или фигуративни, метафорички или метонимиски... Какви и да биле, сѐ и ќе бидат, тие сосема евидентно укажуваат оти во македонскиот културен простор Држиќ убаво си се вдомил, дека неговиот „вдомен„ статус несомнено се покажува како прилично сигурен, дури и долговечен (Држиќ ни станал нешто како домазет!), но и дека целата таа македонска ***држиќијада*** полека но сигурно станува сѐ поинтересна и за двете „засегнати„ од неа: овдешнава, македонска и тамошната, хрватска. Почитувајќи ги сите македонско-хрватски специфики, театарско-културни и останати, овој неспорен и интригантен факт – дека Држиќ успеал да стане и *македонски писател*; факт кој очебијно укажува и на долгиот македонско-хрватски интеркултурен дијалог, ама и го потврдува неговиот квалитет! – не можеме да не го потенцираме како исклучително интересен. Та и да му посветиме одредено внимание. Да го коментираме.

Држиќевиот полумилениумски јубилеј, кој интензивно се одбележува оваа 2008 година (што Хрватска дури и ја прогласи за *Година на Марин Држиќ*!), оттука и се наметнува како убава можност за испишување/елаборирање на барем еден од таквите продржиќевски коментари: театарскиот и театролошкиот.

Имено, Држиќ е еден од драмските писатели за кои македонските театри се покажаа зачудувачки заинтересирани, дури и сензибилизирани, заради што – бездруго – често и се занимаваа со него.

Зошто и како токму со него?

*

Во текот на изминативе деведесетина години – од формалното институционализирање на македонскиот театар, коешто, помеѓу 1913 и

1915 година, го операционализирал прочуениот балкански комедиограф Бранислав Нушиќ (основач и прв управник на професионалните театри во Скопје и во Битола), до крајот на театарската сезона 2007/2008 – на македонските театарски сцени биле изведени точно 248 драмски, оперски и балетски претстави од *„хрватско потекло“*. Се разбира, како претстави од *„хрватско потекло“* ги сметаме токму оние чиишто примарни/иницијални автори – драмски писатели, композитори или либретисти – се нативните Хрвати, односно Хрвати по националноста или по припадноста на хрватската култура.

Доколку знаеме дека во текот на истиот тој деветдецениски период сите македонски професионални театри – вклучително и оние детски, куклени, младински и алтернативни – одиграа, вкупно, околу 5800 премиери, произлегува оти хрватските драматичари, композитори и либретисти во оваа продукција партиципирале, во статистичка смисла, со точно 4,24 отсто (Македонска театролошка база на податоци 2008[1].

Што имплицира, ама и кажува, овој „сув“, математички „студен“ ама (затоа) и објективен/реален податок, навидум мошне оптимистичен?

Доколку внимателно се разгледа неговата супстанција, лесно ќе се здобиеме со доста добар/сигурен впечаток за околностите во/низ кои, во минатото, театарот на македонската почва ја исполнувал својата јавна функција. Да не заборавиме оти таа функција не била секогаш само културна или естетска туку многупати била и идеолошка. Политичка.

Исчитувајќи ги насловите на хрватските пиеси коишто, во текот на изминативе децении и години, успеале да се најдат на репертоарите на македонските театри, и хрватските и македонските театролози ќе налетуваат на сè и сешто. Увидот започнува уште во времето на некои „раритетни“ постановки на квазиистиската мелодрама „Барон Фрањо Тренк“ од Јосип Еуген Томиќ/Josip Eugen Tomić (играна 1930 година), продолжува со различни драматизации на „Златарево злато“ на Аугуст Шеноа/August Šenoa (играни 1927, 1933, 1937...), изненадува со повеќе постановки на натуралистичките драми на Срѓан Туциќ/Srđan Tucić („Трулиот дом“, 1915; „Враќањето“, 1920/1923...) и на „Пожарот на страста“ од Јосип Косор/Josip Kosor (изведувани 1929 и 1932 година), потоа и со инсценацијата на прочуената драма на Мирослав Крлежа/Miroslav Krleža „Во логорот“ (која, во 1937 година, за малку ќе ја доживеала и својата праизведба токму на сцената на тогашниот скопски театар „Крал Александар I“, ама во таа трчаница по предност сепак

[1] Сите театрографски податоци со кои оперира овој текст претходно биле ексцерпирани од датотеката (дигиталната база на податоци) што веќе десет години систематски ја пополнува, но и секојдневно ја ажурира научно-истражувачкиот тим на Институтот за театрологија при Факултетот за драмски уметности во Скопје; според општата оценка, станува збор за најопсежна, најкомпетентна и најдостапна (во смисла на пребарување) база на театрографски податоци во регионот.

победил театарот во Осиек, кој претставата успеал да ја прикаже неколку дена порано)...

Во македонските театри биле изведувани и цели серии на различно поставуваните „Хасанагиници“ на Милан Огризовиќ/Milan Ogrizović, автор што на овдешните сцени се нашол веќе во времето на Нушиќ: „Хасанагиница“ за првпат била поставена веќе 1913 година (како една од првите постановки на штотуку организираниот театар!), та и одиграна – бездруго – на јазикот на кој е напишан нејзиниот изворен/автентичен текст; до 1941, оваа хиперпопуларна пиеса на репертоарот била постојано и речиси без прекин; серијалот на „Хасанагиници“ продолжил и по 1945 година, кога мелодрамата на Огризовиќ во Македонија била играна во преводите на дури четири јазици: македонски, албански, турски и ромски!

Кога, благодарение на дигиталните технологии, веќе ја имаме можноста лесно да ги „откриеме“, „изброиме“ и искоментираме буквално сите хрватски драматичари, либретисти и композитори што во протег од изминативе девет децении „влетуваа“ во репертоарите на македонските театри, неизбежно е, нели, да го поставиме и она најбанално прашање: кои од нив најчесто или најмногу биле изведувани?

Компјутерите во кои се чуваат складираните и систематизирани податоци за практикувањето на театарот на почвата на Македонија – значи: машини во чијашто „информираност“ и прецизност не треба да се сомневаме! – констатираат дека за прв меѓу сите нив треба да го сметаме токму Марин Држиќ!

Токму големиот ***Marino Darsa Raguseo,*** весел дубровнички поп-заговорник и автентичен ренесансен *globe-trotter*, за кого македонскиот академик Харалапие Поленаковиќ – исклучително сериозен книжевен историчар кој секогаш знае зошто треба да зборува за некои работи! – спекулира оти (можеби, можеби...) еднаш-двапати дури и минал низ Скопје!

Следејќи ги хипотезите на Поленаковиќ, ајде и ние да претпоставиме оти тоа се има случено (можеби, можеби...) во текот на онаа легендарна одисеја кога односниот, во текот на есенско-зимските месеци 1546 година патувал до митскиот Стамбол (ама потоа оттаму и се враќал!), придружувајќи го извесниот виенски ајдамак Кристоф фон Рогендорф/Kristof von Rogendorf, мошне питорескен тип што, по пет години, во комедијата „Дундо Марое“ решил да го пресурати во Уго Германецот (Ugo Tudeško).

Истражувајќи ги, мошне внимателно, архивалиите од сите извори и сорти, акрибичниот Поленаковиќ несомнено докажал дека еден од браќата на нашиот Дум Марин, оној по име Џоре (Džore Držić), во статусот на резидент-ветеран на својата Трговска Република (Дубровничка Република, се разбира!), на денот 20 јули 1550 година во

Скопје сопотпишал некојси трговски документ. Имено, овој Џоре со години работел во Скопје, градот што на дубровничките трговци им бил важен и стабилен пункт на карванскиот пат кој тие успешно и профитабилно (дури отаде!) го одржувале со векови, сврзувајќи ги, мошне вешто, Ориентот и Медитеранот. Еден од најимпресивните кар-ван-сараи илити анови во старата скопска чаршија сеуште се нарекува ***Дубровнички ан***. Остатоците од сосема слична градба – масивен ѕид, изграден во комбинација од тули и од камен – денес е украс на градскиот парк во Прилеп: го викаат ***Дубровнички ѕид.*** Благодарение токму на истражувањата на трудољубивиот Харалампие Поленаковиќ, денеска со сигурност знаеме оти во текот на 16-от и на 17-от век во денешнава Македонија имало повеќе дубровнички колонии, меѓу кои најголемата (бездруго и најпрофитабилна!) била токму онаа скопска. Братот на Марин, Џоре Држиќ, во неа живеел и работел долги години (десетина?), та и останал – наводно – во Скопје за секогаш: го погребаа на скопските гробишта што во тие дамнешни времиња им служеле на припадниците на сите конфесии, а се наоѓале на местото на денешната населба Гази Баба (Поленаковиќ, 1989:377-386).

Со нашиот Марин Држиќ академикот Поленаковиќ се занимавал мошне темелно, дури и пасионирано, посветувајќи му ги неколкуте сериозни научни студии, но и многубројните текстови што перманентно ги објавувал по списанијата и по весниците, очигледно затоа што сакал да ја популаризира и Држиќевата необична авторска персона, но и неговиот моќен театар. Сосема е сигурно дека токму оваа фасцинација од Држиќ, што Поленаковиќ никогаш не ја криел (напротив!), но и трудољубивоста и предаденоста со која тој ѝ се посветувал на ***држиќолоѓијата*** (и тоа во годините во текот на кои во Македонија не се ни помислувало на нејзиното „програмско обмислување“ или „сис-темско практикување“), станале клучни за Држиќевото постапно осво-јување на македонскиот театарски и културен простор.

*

До наши дни, македонските театри успеале да постават дури шест од вкупно ***десет*** или (сепак?) ***девет*** сочувани комедии и пасторали на Марин Држиќ[2]: повеќе од половината од неговиот опус! Тие шест биле изведени во, вкупно, 28 (дваесет и осум) различни премиерни постановки, одиграни во речиси сите македонски театри.

По сѐ изгледа дека, од статистичка гледна точка, на македонските театарски управници и/или режисери најинтересна им се гледала комедијата ***„Манде“*** (или ***„Трипче де Утолче“***), праизведена во

---

2 Од комедијата „Џухо Крпета“ има останато одвај неколку странички исполнети, главно, со ексцерпираните реплики вадени од нејзиниот оригинален текст, потоа целосно загубен.

Дубровник во 1554 година. Податокот за местото на нејзиното прво изведување неповратно се затурил, ама се затурил и дел од нејзиниот текст, така што „Манде“ останала сочувана само во скратена форма: „без пролог и без цел прв и почетокот на втор чин“ (Ćale, 1987:122). Наспроти овие квантитативни „недостатоци“, во протегот од цели две десетлетија (помеѓу 1946 и 1968 година) токму за оваа комедија владееше голем интерес, благодарение на кој таа, тогаш, во Македонија има доживеано дури осум премиерни постановки. Една од нив била играна и на албански јазик (1961). За најуспешната постановка на „Манде“ сепак треба да се смета онаа изведена 1956 година на сцената на Македонскиот народен театар во Скопје, во превод и во режија на Крум Стојанов. Неколкуте сочувани фотографии сведочат за амбициозноста на овој дамнешен проект.

Народниот театар во Велес еднаш се осмелил да ја одигра дури и антологиската, чудесна, ама и исклучително компликувана Држиќева пасторала ***„Тирена“*** (1963), изведена во комбинација со ***„Шега со Станец“***. Оваа „удвоена претстава“ ја има режирано Кирил Василев, едновремено и преведувач на двата текста. Самиот превод, за жал, не е сочуван. Мојот сегашен колега Димитар Грбевски, велешанец, професор по монтажа на Факултетот за драмски уметности во Скопје, во таа дамнешна претстава настапил како локален аматер-актер, играјќи – според сочуваниот кастинг – дури две ролји: Прологот во ***„Тирена“*** и Циво Пешица во ***„Шега со Станец“***. На целиот настан (чиишто детали, разбирливо, не ги памети), Грбевски денес се сеќава со радост и со искрен сентимент.

Уште една од комедиите на Држиќ што не останала сочувана во интегралната своја верзија – ***„Пјерин“*** – била изведувана во Македонија. И тоа на двапати: 1960 во Битола и 1966 во Струмица. И двете претстави биле инсценирани според познатото дополнување/преработување на изворниот текст, што го направил Војмил Рабадан, кој на комедијата ѝ го сменил и автентичниот наслов, нарекувајќи ја ***„Дубровнички ѓаволштини“ („Dubrovačke vragolije“)***. Преводот го потпишал Миле Попоски, досега најангажиран и најпродуктивен македонски преведувач на Држиќ.

***„Шега со Станец“ („Novela od Stanca“)*** досега била играна трипати (1963 и 1973 година), во различни режии, ама секогаш во блескавиот превод на Георги Сталев, кој успеал стиховите на Држиќ да ги препее не само метрички прецизно туку и поетски вдахновено. Во единственото досегашно македонско издание на комедиите на Држиќ, објавено од книгоиздателството „Култура“ од Скопје во 1986 година, препевот на Сталев се наметнува како убедливо најуспешен. Чинам оти како таков му се наметнува и на ова јубилејно издание. Останатите два превода – оние на ***„Дундо Марое“*** и на ***„Скуп“***, потпишани од угледниот Тодор Димитровски – несомнено се висококвалитетни, лингвистички

точни/прецизни во најдобра смисла, ама (поради тоа?) и „ускратени“ за специфичниот држиќевски/ренесансен ***brio***. Тоа не треба да се смета за недостиг, туку за „долг“ кон поинаквиот однос кон техниката и теоријата на преведувањето.

***„Скуй“*** во Македонија бил изведен дури седум пати! Чинам оти е, токму во врска со оваа комедија, интересно да се напомне дека легендарниот македонски актер Петре Прличко, кој се смета за најрелевантен и најпопуларен македонски актер „на сите времиња“, кога ја одбирал ролјата со која требало да ја одбележи педесетгодишнината на својата актерска дејност, решил да го одбере токму Држиќевиот Скуп. Свечената премиера на овој екслузивен „Скуп“ била изведена на 9 април 1973 година на огромната сцена на Универзална сала во Скопје, која собира речиси илјада гледачи. Во заедничката режија на тогашниот доајен на македонскиот театар Димитар Ќостаров и на симболичниот „наследник“ на неговиот веристички/реалистички режисерски метод, тогаш сосема младиот Бранко Ставрев, оваа претстава доживеала долг репертоарски век. Бранко Костовски, еден од најлуцидните македонски сценографи, за овој „Скуп“ изработил инвентивна, исклучително функционална и успешна сценографија.

*

Најпосле, збор-два и за комедијата со која македонскиот театар како да немал некоја голема среќа.

Од својата прва македонска постановка до денес, ***„Дундо Марое“*** успеала да забележи седум различни премиерни изведби, инсценирани во дури шест различни театри.

Изгледа дека прв македонски „Дундо“ бил игран веќе на 22 јуни 1939 година во Скопје, на сцената на тогашното Народно позориште „Краљ Александар I“, ама како гостувачка претстава. Имено, ансамблот на тогашното Хрватско народно казалиште од Загреб допатувал до далечната македонска дестинација, за да ја покаже токму онаа легендарна/иницијациска постановка со која д-р Марко Фотез на хрватската култура триумфално ѝ го врати нејзиниот најзначаен комедиограф: тој *вшор роденден* и на Марин Држиќ и на неговиот сосема заборавен „Дундо Марое“ – тој крупен датум во календариумот на хрватскиот театар (би рекол д-р Славко Батушиќ; Batušić, 1973:156) – паѓа на 27 октомври 1938, цели 387 години по праизведбата, одиграна во 1551 во салата „Градска Виеќница“ во Дубровник. Мошне е интересно што овој загрепски „*Архи-Дундо*“ до тогашното мало и отпатно Скопје стасува веќе во првата сезона од својот новороден театарски век, макар да е тешко да се претпостави на што се должел ваквиот репертоарски избор на гостувањето, кој очигледно решил да ја „апстрахира“ евидентната јазичка бариера на која изведбата морала да смета. За жал, нема подетални информации за оваа средба на не многу опитната

скопска театарска публика, соочена за првпат со специфичниот дубровнички говор на загрепските актери. Освен неколку штури податоци, присобрани од секундарните театрографски извори, за ова дамнешно гостување информации – нема!

Подоцна, по 1945 година и официјализацијата на македонскиот литературен јазик, ***„Дундо Мароe“*** го имаат преведувано тројца респективни познавачи на македонската говорна практика: веќе споменуваниот Тодор Димитровски, несомнено најтемелен и најквалитетен од сите, познатиот македонски комедиограф Миле Попоски и еден од најмаркантните македонски актери и режисери Крум Стојанов. Сите тројца вложија големи напори за во македонската аналитичка јазичка структура – бидејќи, нели, македонскиот јазик е аналитички! – да го транспонираат не само специфичниот ***brio*** на Држиќевата комика туку и неговиот специфичен, повеќеслоен и евидентно „мултилингвален“ дубровнички идиом.

Прва македонска постановка на ***„Дундо Мароe“*** на овдешниот театар му се има случено во 1958 година, во Народниот театар во Прилеп, во режија на Мирко Стефановски. Овој вешт режисер и сигурен драматург, инаку и татко на драмскиот писател Горан Стефановски и на гитаристот Влатко Стефановски, во историјата на македонскиот театар останал запаметен и забележен како личност со исклучителни професионални квалитети, но и висока лична култура. Период во кој тој менаџирал некои македонски театри или во нив (само) работел како постојан режисер – а имало, за среќа, такви театри неколку – може да се забележи и да се препознае веќе на прв поглед. По што? По актуелноста на репертоарот, се разбира!

Ете, тој и таков Мирко Стефановски решил во тогашна Македонија и во нејзиниот мал и отпатен Прилеп да повлече радикален културолошки, не само репертоарски потег: да ја одбележи 450 - годишнината од раѓањето на Марин Држиќ, кого современиците го викале Видра!

За таа важна пригода Стефановски, се разбира, морал да порача и прв македонски превод на ***„Дундо Мароe“*** (и тоа од прилепчанецот Миле Попоски, преведувач и писател, кој дури потоа ќе стане комедиограф[3]); да го подготви, организира и мотивира ансамблот; да

[3] Во игра е и претпоставката според која првото изведување на „Дундо Мароe“ на македонски јазик се нема случено во театарот, туку на радиото. Имено, скопскиот театрограф Ристо Стефановски, во една од своите книги од серијата „Театарот во Македонија“ (1998:363), експлицитно се повикува на забелешката на еминентниот критичар Јован Бошковски, забележана во еден од билтените на Радио Скопје (год. II, бр. 27). Таа белешка е, всушност, коментар на Бошковски на програмата емитувана помеѓу 16 и 31 октомври 1952 година, во која се има најдено и „радиодрамска емисија“ посветена на „Дундо Мароe“. За жал, не знаеме дали во таа емисија била емитувана интегралната комедија на Држиќ, ниту тоа можеме да го заклучиме од коментарот на Бошковски, бидејќи тој само констатира дека тоа што било изведено и емитувано било изведено лошо. „Во шарж“, вели тој (ibid.). Во своите две студии за Држиќ, Харалампие Поленако-

најде и да донесе режисер (и тоа еден со автентично хрватско потекло: Фрањо Биќаниќ/Franjo Bićanić) и – најпосле – да го промовира својот репертоарен и културолошки потфат. Дека успеал во сите овие намери докажува и фактот дека, само во првата сезона, прилепскиот ***„Дундо Мароe“*** бил одигран дури 39 пати. Ама продолжил да се игра и во наредниве две сезони. За град со големината на Прилеп тоа бил чекор од седум милји!

Според драматуршките сигнали сочувани на театарските плакати и афиши, или оние запишани во рецензиите печатени во весниците и во списанијата, „Дундо Мароe“ во Македонија најпрвин бил игран во онаа „дводелно-тричинска“ преработка на Држиќевиот текст, којашто Марко Фотез триумфално ја внесол во хрватската театарска практика во 1938 година, поставувајќи ја на сцената на Хрватско народно казалиште во Загреб. Станува збор за онаа драматуршки симплифицирана верзија, која завршува со допишаните сцени на општата матримонијализација, ама во неа го нема чудесниот пролог што го кажува Долгиот Нос, *волшебник од Велика Индија.* Претпоставуваме оти оваа тричинска верзија на Фотез на македонските сцени била играна доста долго, сѐ до 1966 година, кога била заменета со петчинската адаптација на Миховил Комбол, која и во хрватската театарска практика, по 1955 година, целосно ја има супституирано претходната канонизирана предлошка на Фотез.

Следниот македонски ***„Дундо Мароe“*** бил одигран три години по прилепскиот, оној од 1958 година, и тоа на одвај четириесетина километри од Прилеп, во Битола. Преведувачот и овој пат бил Миле Попоски (бездруго, станувало збор за онаа иста верзија на преводот која претходно била поставена во Прилеп!), режијата ја потпишал Душко С. Наумовски, а театарското програмче среќно ги дочувало и имињата на ангажираните актери. Од него гледаме дека во ансамблот се имаат најдено речиси сите членови на тогашниот ансамбл на Народниот театар Битола и дека, како носителите на главните ролји, настапуваат неговите првенци: Ацо Стефановски, еден од најинтересните македонски актери воопшто (го играл Сади), каризматичната Олга Наумовска, актерка со исклучителен потенцијал (ја играла Петруњела), шармантниот Петар Стојковски (го играл Помет), сосема млада Јоана Цекова, која штотуку започнува да созрева и да израснува во национална првенка (ја играла Пера)... Претставата доживеала триесетина репризни изведби, што треба да се смета за сериозен успех.

Третиот македонски ***„Дундо Мароe“*** е игран, најпосле, во Скопје: во продукција на тогаш мошне динамичниот Драмски театар и во режија на маестралниот актер Крум Стојанов, едновремено и вешт

виќ ја споменува оваа радиодрамска изведба, без да наведува повеќе детали за неа (Поленаковиќ, 1989). Други податоци за таа изведба и за нејзините учесници, за жал, нема.

преведувач, кој уште во педесеттите години оваа иста комедија повеќепати ја има поставувано со аматерските дружини. Неговиот превод, чијшто примерок, за жал, не е сочуван, рецентната критика тогаш го има оценето како „речиси сосема коректен и приемлив во доста драмски пасажи, но не и доволно течен. (...) Наклонет кон многу невешти и тешко прифатливи конструкции во стихуваните реплики, тој е полн со исфорсирани, несмасни римувања. Тоа е превод кој, наспроти сите сериозни и егзалтирани напори на авторот, сепак има потреба од професионален однос“ (Матевски, 1987:182). Што се однесува до самата изведба, таа била оценета прилично неутрално, со исклучок на еден-двајца актери, особено на младата Милица Стојанова, која ја играше Петруњела. Критичарите, без исклучок, најмногу ѝ комплиментирале токму нејзе.

Поминале уште шест години, пред ***„Дундо Мароe“*** повторно да биде поставен во Македонија: пак во Битола и пак во преводот на Миле Попоски, ама овој пат – што и ми се гледа исклучително интересно! – во сценската адаптација на Методија Фотев. Ниту оваа предлошка за изведбата на „Дундо Мароe“, за жал, не може да се прегледа – и таа се има загубено во хроничните македонски негрижи за речиси секој вид театарска документација. А толку би сакала да ги видам причините поради кои Методија Фотев, тогаш, тргнал да го адаптира ***„Дундо Мароe“***, што овој пат го има режирано Благој Марковски. Никогаш, ете, не ќе можам да одговорам на прашањето што постојано си го поставувам: што било тоа што на режисерот и на преведувачот им недостасувало (или им пречело?) во Држиќевиот оригинал, та морале да го ангажираат Методија Фотев за да го поправа и доправа?

Во ансамблот на овој втор ***„Дундо Мароe“*** пак се најдоа најдобрите битолски актери, делумно оние исти кои оваа комедија ја играле и единаесет години порано: големиот Ацо Стефановски (некогашниот Сади, овој пат промовиран во Дундо Мароe), убавата Олга Наумовска (некогашната Петруњела, која во меѓувреме станала Лаура), и натаму шармантниот Петар Стојковски (сè уште соодветно млад и енервантен за да биде бласкав Помет!), Јоана Џекова, која во меѓувреме станала Поповска, а на професионален план „напредувала“ од Пера во Петруњела...

Очигледно е дека на ***„Дундо Мароe“*** во Битола му се има случено најдоброто што на оваа супериорна комедија воопшто можело да ѝ се случи на „гостувачкиот терен“: еден уигран и квалитетен ансамбл токму неа да ја препознае и прифати како предизвик, поточно како драматуршки материјал врз кој неговите најдобри актери треба да го проверуваат сопствениот развој, персонален и професионален: театарски да „365стареат“ на најпримерен можен начин, изменувајќи се во ролјите што им прилегаат на нивните „приватни“ години. Само на најрелевантните драмски текстови умеат да им се случуваат и ваквите

генерациски „самоевалуации“, благодарение на кои членовите на ист или на речиси ист ансамбл се здобиваат со ретката можност за проверка, заедничка и колективна, на сопствените креативни можности, што се менуваат напоредно со неизбежните жителски промени: актерките дебитираат како Офелии, зрелоста ја докажуваат како Гертруди, а кариерите ги завршуваат како членки на патувачката трупа што доаѓа во Елсинор...

Театарските традиции на некои културни средини – да речеме, британската! – умеат да бидат исклучително наклонети токму кон ваквата „самоевалуациска“ практика, која речиси закономерно/циклички се спроведува во сите големи и важни театри, секогаш врз капиталните текстови од националното наследство. И хрватската театарска традиција ѝ е наклонета, понекогаш, на оваа практика, бидејќи ја препознава нејзината важност за сопствената театарска историја, та затоа на неа и реагира позитивно. Имено, во таканаречените *нормални* театарски контекси (што и да значи ваквиот лизгав квалификатив), поточно: во контекстите маркирани од/со респективната театарска традиција, секоја актерска генерација треба да го има и да го искористи сопственото природно право на својот „Дундо Марое“ („Хамлет“, „Дон Жуан“, „Кралот Лир“, „Галеб“, „Пер Гинт“...), да ја изживее сопствената потреба по текстовите од голем калибар, сопствената потреба да ги испробува сопствените можности токму во нив, дури и по неколку пати, секој пат во различни актерски задачи.... Кога Станиславски зборувал и пишувал дека актерите треба да стареат со своите ролји, со ликовите што треба да ги толкуваат токму во соодветните години од своите кариери, токму тогаш кога на нив ќе им дојде вистинското време, мислам дека мислел – и на тоа.

Дека битолскиот пример на „повторената“, трансгенерациска постановка на ***„Дундо Марое“*** сепак се има случено само по игра на љубовта и на случајот – а не заради некоја добро обмислена театарска стратегија, што Битолскиот театар во тие години консеквентно си ја спроведувал – покажува, мислам, токму натамошното долго отсуствување од тековниот репертоар не само на овој текст туку и на сите други текстови на Марин Држиќ, не само во Битола туку и во сите македонски театри. Имено, последните две инсценации на ***„Дундо Марое“*** во Македонија се имаат случено во 1980 година (кога режисерот Александар Дуков комедијата ја поставил со ансамблот на Народниот театар „Антон Панов“ од Струмица, речиси незабележително) и во 2008 година, јубилејната година на Држиќ, кога младата режисерка Драгана Милошевска - Попова, очебијно неподготвена за задачите од вака сложен вид, опитот неуспешно го повтори со ансамблот на Македонскиот народен театар од Скопје.

Воопшто, Македонскиот народен театар – престижната театарска институција од национален интерес – како да нема среќа со оваа

комплексна, изискателна, провокативна, волшебна, во секоја смисла „*вечна*“ комедија на Држиќ: откако (најпрвин) цели 63 години обидите за нејзиното поставување доследно се покажувале како неуспешни, како таков (за жал!) се покажал и единствениот кој успеал да биде дотуркан до каков-таков крај.

*

Сепак, треба да истакнеме и некои други театарски врски помеѓу Држиќ и Македонија (ајде да ги наречеме „секундарни“), врските што се покажаа неочекувани ама и неспоредливо попродуктивни од оние што се обидуваа да ги воспостават речиси сите досегашни постановки на неговите блескави комедии и пасторали.

Имено, во Македонија, во нејзиниот јазик и во нејзината култура Држиќ се има „вдомено“ не само благодарение на сценскиот елан на неговите сопствени пиеси туку и благодарение на една досетлива македонска рециклажа на ***„Дундо Мароe“***, којашто – чинам – успеала Дум Марин дефинитивно да го направи нашиот домазет. На таа досетка се има решено веќе спомнуваниот ветеран на македонската комедиографија Миле Попоски (роден во Прилеп, 1921 година), воедно и најупорен/најпродуктивен македонски преведувач на текстовите на Држиќ.

Комедијата на Попоски – неговата досетлива парафраза на ***„Дундо Мароe“*** – и не прави друго освен што најпрвин мошне смело посега по оригиналните драмски/драматуршки мотиви на Држиќ (оние од 1551 година), дури и приклонувајќи ѝ се на автентичната (***држиќевската***) драматуршка структура, ама целава приказна за трагичната загроза за ***пет илјади дукати*** (што се „движечкиот мотив“ на оваа комедија) и за неверојатните перипетии заради и околу нивното безбедно враќање на безбедното место (во ќесето на самиот Дундо Мароe) целосно ја изместува од ренесансниот дубровничко-римски контекст, за да ја актуализира и локализира – и тоа на крајно поедноставен начин – правејќи ја балканска и македонска.

Веќе и индикативниот наслов на оваа рециклажа, ***„Солунски патрдии“*** – кој, за тие што не ги владеат финесите/регионализмите со кои изобилува[4] македонскиот јазик, можеме да го „допреведеме“ и со поекспликативната синтагма „Солунски ѓаволштини“ – упатува на доминантната стратегија на симплифицирањето, којашто изворниот ***држиќевски*** материјал, во секоја смисла полисемичен, еднозначно го сведува на низа од банални анегдоти. Следејќи го принципот колку-посмешно-толку-подобро, тие анегдоти потоа се надоврзуваат една врз

[4] Според аналогијата со дамнешниот наслов кој Војмил Рабадан и го има прикачено на комедијата „Пјерин“, „дотерана“ и „дополнета“ од него, што самиот ја „прекрстил“ во „Дубровнички ѓаволштини“/„Dubrovačke vragolije.”

друга... сè додека не бидат приведени кон „срекниот крај". Интертекстуалните врски на овие одделни и меѓусебно независни комедии – ***„Дундо Марое"*** на Држиќ и ***„Солунски патрдии"*** на Попоски – колку и да се духовити, остануваат површни и формални, насочени главно кон лесно увеселување на реципиентите.

По сижејните оски на Држиќ Попоски посега мошне слободно, не чувствувајќи речиси никакви „обврски" кон изворникот. Сета негова авторска намера како да се задоволува со смислување и производство на шаради, коишто локалните актери и локалните гледачи лесно ќе ги препознаваат како „свои", та и ќе ги прифаќаат и поддржуваат само како такви. Се разбира, во вака правена/структурирана комедија не може да има место за Прологот на волшебникот што се вика Долгиот Нос, ниту ќе има потреба од сите оние ***држиќевски*** суптилитети и други алузии (кон Макијавели/Machiavelli, кон дубровничките благородници и нивната власт, кон чудесната Фортуна на која човек треба постојано да ѝ се додворува, како на жена...), за кои светските ***држиќолози*** толку интензивно есеизираат. И тоа веќе со децении. Кај Попоски, оттука, ја нема ниту онаа клучна ***држиќевска*** транспозиција Дубровник-Рим, чиешто отсуство навистина ја прави излишна самата детерминација на сценскиот простор на неговите „Патрдии": лишени од магијата што ја произведува изворното сценско транзитирање Дубровник-Рим, просторните диспозитиви на Попоски навистина можат да се именуваат според која било географска дестинација (Стамбол, Солун, сеедно). Рим, кој во ***„Дундо Марое"*** не е само место на дејството туку е и симболичен и моќен замавник кој го придвижува севкупниот театарски механизам, дури и сиот свет, во комедијата на Попоски станува Солун од сосема „технички" причини, без драматуршката мотивација, што-годе верификувана, поради што во него и не мора да се гледа од некоја друга оптика/перспектива (од Дубровник, како во оригиналот на Држиќ). Во тој и таков фикционален, „технички" замислен Солун, приказната на „Солунските патрдии", и онака крајно поедноставена, просто се ***уфрла*** (за малку ќе напишев: се ***паркира***!), наместо да стаса до таму заради театарската магија што ја произведуваат моќните волшебништва на Долгиот Нос и на неговиот чирак, кај Држиќ именуван како Пролог.

Впрочем, во оваа ***парадржиќевска*** инаквица на Попоски Долгиот Нос целосно е изоставен не само од текстот туку и од најопштиот/најширокиот контекст на комедијата. Треба да се напомене оти ваквата целосна, дури и драстична елиминација на Долгиот Нос не ѝ се случува само на оваа македонска ***парадржиќевска*** преработка туку ѝ се има случено и на онаа хрватска архиваријанта на ***„Дундо Марое"*** – онаа според која Марко Фотез во 1938 година Држиќ срекно го промовирал во наш современик. Со истата таа архиваријанта во 1958 година се послужил и Мирко Стефановски, решен во Прилеп да ја

одбележи 450-та годишнина од раѓањето на Видра. Миле Попоски, значи, таа варијанта најпрвин ја преведувал од дубровнички на македонски, а дваесетина години подоцна повторно ја зел в раце и ја рециклирал во форма на „Солунски патрдии“.

Согласно стратегијата на поедноставувањето, кон која целосно и се приклонил, Попоски радикално го намалил и бројот на драмските ликови (сведувајќи ги само на оние најнужни и „најнеизбежни“ за развојот на елементарната приказна), ама и целосно ги сменил/редуцирал и изворните функции на затекнатите протагонисти. Тие, се разбира, добиваат нови имиња, домашни/локализирани и шегобијни: Аџи Јанкула наместо Дундо Марое, Секула наместо Бокшило, Сотка наместо Помет, Фатиме наместо Лаура, Пандора наместо Петруњела...

Како и кај Држиќ, и Попоски на странците им го „остава“ статусот на „другите“, ама затоа им го менува идентитетот: Сади, освен што од римски ќе стане солунски златар, веќе нема да биде Евреин, туку ќе стане Грк – Кир Таки; Уго Германецот ќе стане Турчин и ќе го добие името Јашар - бег... Најсериозното, ајде да речеме, негативно поместување – или би требало, сепак да се рече: најрадикалниот ефект на спроведената општа симплификација? – несомнено е видлив во бизарната трансформација на „кажувачот“ на оној втор и во драматуршката смисла исклучително функционален пролог на ***„Дундо Марое“***, во кои на *„благороден и чесшиш собир*“ и на *„народ сшар и мудар“*[5] му се приопштуваат намерите на славната Помет-дружина на Држиќ: нејзините членови (*„ние шшо се викаме Помеш-дружина“*[6]*)* се зафатиле да ја прикажат комедијата чијшто наук ќе да е мошне јасен: *„никогаш на син ви нишу на кој било друг – йара в рака не давајше му“*[7], ама вистинската намера ѝ е сосема лудичка, еминентно театрална, естетичка *plus ultra!* Тој Пролог, оттука, и не може да се рече без да поентира со онаа круцијална естетичка (а не само реторичка!) формула „на ум нека ви е комедијава“[8]. Секоја режија, ама и секоја интерпретација, дури и секоја рециклажа или „преработка“ на „Дундо Марое“ оваа формула треба да ја има предвид!

Во изведбите на ***„Дундо Марое“*** овој втор Пролог обично го кажува Помет. Меѓутоа, кај Попоски тоа го прави драмскиот лик што во ***„Солунски йашрдии“*** е именуван како Пејо Мариовец. Ономастичката алузија е, притоа, сосема директна: таа упатува накај популарниот фолклорен јунак Итар Пејо, кој во руралната усна традиција, македонска и бугарска, функционира како инавка на

[5] Сите цитати од „Дундо Марое“ се преземени од преводот на Тодор Димитровски, објавени во ова издание („Избрани комедии и пасторали“, прир. Јелена Лужина, Скопје: Матица, 2008: 71)
[6] Ibid.
[7] Ibid., стр. 72
[8] Ibid., стр. 73

народните препреденици-мудреци од калибарот на Петрица Керемпух/Petrica Kerempuh, Хансвурст/Hanswurst, Џек Пудинг/Jack Pudding, Тил Ојленшпигел/Till Eulenspiegel, Петрушка...

Се разбира, со ваквата лаконска постапка битно се има изменето/децентрирано и автентичната драматуршка (еминентно лудичка!) функција на Држиќевиот втор Пролог, со што македонската „инавка" на ***„Дундо Марое"*** останува осирачена за онаа суштествена досетка на изворникот: онаа за театарот како моќно/магично место, каде што е можно речиси, дури и буквално сѐ! На пример: седејќи во Дубровник, да се гледа она што во истиот тој миг се случува во Рим!

Како краен резултат на сите овие симплификации и редукции се јавува македонската комедија скалапена „според Држиќ", комедијата што се здоби со енормната популарност, се прослави по најдолг театарски стаж и се здоби со најголем број гледачи во овдешната театарска историја. На сцената на Драмски театар во Скопје таа се изведува веќе 29 полни години – праизведбата ѝ се случи уште на 13 јуни 1979, во режија на Коле Ангеловски; макар што ретко се игра (можеби и затоа што актерите видно ги „престареа" своите ролји?), сѐ уште не е официјално симната од репертоар. Има доживеано 350 репризи, а ја имаат видено повеќе од 110000 луѓе.

На сцената на Народниот театар „Војдан Чернодрински" од Прилеп, каде што биле поставени во 1983 година (пак во режија на Коле Ангеловски), ***„Солунски патрдии"*** забележаа повеќе од стотина репризи, остварувајќи апсолутен рекорд на гледаноста: 50000 посетители, прилепски рекорд без преседан, кој тешко дека некогаш ќе биде соборен. Во Битола, каде што беа изведени 1981 година, ***„Солунски патрдии"*** беа репризирани 48 пати, пред повеќе од 20000 гледачи. Македонската телевизија, според текстот на Попоски, има снимено и телевизиски серијал во три продолженија (1986 година), досега репризиран многупати...

Сѐ на сѐ, мора да признаеме:

На веселиот дубровнички поп Марин Држиќ Видра, македонски домазет, ваквата срдечна рецепција навистина му се нема случено секаде кај што се појавил, досега, неговиот ***„Дундо Марое"***. Дури ниту во Хрватска од него, барем досега, не направиле телевизиска серија! Ама истите тие Хрвати останаа сосема рамнодушни кога се сретнаа со претставата на ***„Солунски патрдии"***, кога Драмски театар од Скопје еднаш (во јуни 1981 година) неа ја има прикажано на Фестивалот на детето во Шибеник, каде што и таа – којзнае зошто – била ставена во официјална програма. Внимателно ги изгледав хрватските весници од крајот на јуни и почетокот на јули 1981, ама констатирав дека скопските ***„Патрдии"*** останале евидентирани само како настан кој, просто, се има случено. И – толку. Дали изостанувањето на коментар и проценка на оваа претстава треба – можеби – да се протолкува како несогласување

на хрватската критика токму со симплификацијата што ***„Дундо Мароe“*** ја доживеал во овие наши краишта?[9]

*

Мошне е интересно да се забележат и контактите што македонската театарска публика – онаа иста публика што, поддржувајќи ги со децении ***„Солунски патрдии“*** навидум се има покажано како „продржиќевски“ сензибилизирана – ги има доживеано средбите со некоја од изворните хрватски постановки на ***„Дундо Мароe“.***

Меѓу ретките гостувања на хрватските театри, што по разни поводи стасуваа и до „отпатната“ Македонија, само три пати се има посреќено ваму да допатува и ***„Дундо Мароe“***. За првпат, како што веќе спомнавме, таквата среќа се случи веќе на 22 јуни 1939 година, кога во Скопје била изиграна една од неброените реприз на онаа амблематска/инцијациска постановка на Марко Фотез, реализирана со ансамблот на Хрватско народно казалиште од Загреб, во кој играле самите ѕвезди на тогашната хрватска сцена: Дубравко Дујшин како Дундо Мароe, Јозо Лауренчиќ како Помет, Ервина Драгман како Петруњела...

Останатите две гостувања се од понов датум. И во двете комбинации станувaше збор за инсценациите на режисерот Крешимир Доленчиќ/Krešimir Dolenčić.

Првата, продукција на театарската група „Лифт“ од Дубровник, гостуваше на скопскиот алтернативен театарски фестивал Млад отворен театар во септември 1984 година. Претставата била одиграна во полноќниот термин и пред сосема млада (алтернативна) публика. Глуво.

Втората, продукција на Драмско казалиште „Гавела“ од Загреб, во август 1996 година гостуваше на Охридско лето, најрепрезентативен македонски театарски фестивал. Оваа претстава, одиграна во една студена летна ноќ пред аркадите на охридската катедрална црква Света Софија, ја немаат видено повеќе од стотина измрзнати намерници. Скоро и да немало критички одгласи: тие (ретки) што се појавија беа, главно, коректни, не особено импресионирани од високата професионалност на изведбата и од евидентната провокативност на целиот проект, видно одбележан со актуелните воени трауми низ кои Хрватска штотуку имаше поминато. И во двата случаја средбите на хрватските претстави

[9] За жал, скопскиот „Дундо Мароe“, изведен во продукција на Македонскиот народен театар од Скопје во јули 2008, што потоа гостуваше на елитните хрватски фестивали Сплитско лето и Дубровничките летни игри, беше проследен со објективни, но и крајно негативни коментари на сите хрватски критичари.

на ***„Дундо Мароe“*** и на нивните македонски гледачи поминаа – како и да не се случиле.[10]

Можеби некоја вистинска средба ќе ни се случи токму во оваа 2008 година, официјална година на Марин Држиќ.

Или во некоја идна среќна година.

**Литература:**


Batušić, Nikola (1978), *Povijest hrvatskog kazališta.* Zagreb: Školska knjiga

Batušić, Slavko (1973), *Prvi koraci Marka Foteza na pozornici;* Pozorište, god. XV, br. 1-2, str. 153-175

Williams, Raymond (1976), *Keywords,* London: Fontana Press

Држиќ, Марин (2008), *Избрани комедии и пастторали.* Избра и подготви Јелена Лужина. Скопје: Матица

Македонска театролошка дата-база (2007); Институт за театрологија при ФДУ, Скопје

Матевски, Матеја (1987), *Драма и театар.* Скопје: Мисла

Novak, P. Slobodan (1984), *Planeta Držić.* Zagreb: Cekade

Поленаковиќ, Харалампие (1989), *Избрани дела – том 6,* Скопје: Македонска книга

Стефановски, Ристо (1998), *Театарот во Македонија од партизанскиот до младинско-детскиот.*Скопје: МНТ

Ćale, Frano (1987), *O životu i djelu Marina Držića.* U: *Marin Držić, Djela,* priredio, uvod i komentare
Napisao Frano Ćale. Zagreb: Cekade


[10] Доколку проценуваме според недамнешните театарски критики, објавени во македонските весници и списанија, речиси можеме да речеме оти најуспешната претстава на „Дундо Мароe“ што македонската публика можела да ја види се има случено навистина одамна: на 14 и на 15 јуни 1951, кога ансамблот на Југословенско драмско позориште од Белград допатува во Скопје, за на летната сцена во Градскиот парк да го одигра оној прославен „Дундо“ што во 1949 година го поставил Бојан Ступица. Ниту една од седумте македонски постановки на оваа комедија не била пречекана и испратена со толкаво воодушевување какво што го имаше доживеано претставата на Бојан Ступица, во која Мира Ступица ја играше Петруњела, а Јозо Лауренчиќ го играше Помет.

Нина Анастасова - Шкрињариќ

# РИТУАЛЕМИ ОД ПАГАНСТВОТО ВО МАКЕДОНСКИОТ ОБРЕДЕН ФОЛКЛОР

(култните камења и магиските обреди за плодност)

Претхристијанската религија на Старите Словени се темели на религиозната почит кон природата, а предмет на култ во неа биле разни појави, предмети или локалитети од природата. Во таа смисла култот кон природата во себе ги инкорпорира: култот кон растенијата; култот кон животните (зоолатрија), култот кон природните елементи (огнот, земјата, водата); култот кон природните (атмосферските) појави (дожд, гром, град, ветер), култот на небесните тела (сонце, месечина, ѕвезди), како и култот кон одредени локалитети од природата (свети камења, свети води и извори).[1]

*Религиозната вредност на каменот:* култот кон каменот не подразбира обожавање на каменот сам по себе, туку светиот камен станува предмет на религиозна почит единствено затоа што се доживува како *хиерофанија* – манифестација на светото.[2] Елијаде истакнува дека каменот поседува една енергетска компонента која е религиозна сама по себе, поради нуминозното доживување на неговата трајност и неуништливост. Во таа смисла, каменот не се доживува како нешто мртво, туку како знак на кондензирана моќ и цврстина. Карпата и каменот со својата долготрајна егзистенција која му пркоси на времето, се доживуваат како моќни и неуништливи, поради што човекот во нив ја проектирал идејата за вечноста и бесмртноста. Оттука, камењата се поврзуваат со определени претстави за животот по смртта (посмртната егзистенција) и добиваат клучно место во култот на мртвите (идејата за каменот како прибежиште на душата, довела до практиката на правење камени надгробни споменици[3]).

Во мегалитските култури, специфична религиозна вредност имаат неолитските споменици, т.н. *мегалити* кои претставуваат камени бло-

---

[1] Покрај природата, во старословенската паганска религија истакнато место зазема и *култот на мртвите,* а во неговиот домен спаѓа *култот на предците* кои ја чинат основата на многу обичаи и верувања, како и *култната практика посветена на разни демони и божества* (култови од доменот на ниската и високата митологија).

[2] M. Elijade: *Sveto i profano,* 13.

[3] Старите Словени подигале спомен-могили како симболични гробови за оние кои умреле далеку и не им се знае гробот. Практиката за поставување надгробен камен е поврзана со верувањето дека каменот е седиште на душата на покојникот.

кови кои можат да се јават во неколку вида: *менхир* (голем и висок камен кој вертикално е набиен во земјата), *кромлех* (збир на менхири распоредени во круг или полукруг, каков што е гигантскиот комплекс Стоунхенџ) или *долмен* (огромна камена плоча потпрена врз повеќе издигнати камења, кои формираат еден вид затворен простор или одаја). Мегалитската култура која најверојатно почнала да се шири од источниот Медитеран, ја наоѓаме на бреговите и островите на Средоземјето – во повеќе земји на западна и северна Европа (Шпанија, Португалија, Франција, Англија, Ирска, Данска и јужниот брег на Шведска), како и во Јужна Индија, Палестина, Цејлон, Тибет, Кореја и сл. Мегалитските споменици се во тесна врска со култот кон мртвите (култот кон предците), поради што некои истражувачи ги третираат мегалитите како гробници (гробници-храмови), покрај кои се изведувале разни церемонии (процесии и танци) и се принесувале жртвени дарови.[4]

Од друга страна, постојат истражувачи кои мегалитите ги сметаат за праисториски астрономски опсерватории коишто служеле за набљудување на движењето на небесните тела или како инструменти за сметање на времето и годишните времиња. Овие необработени карпи (најчесто во своите природни облици) кои се прицврстени да стојат исправено, воедно се и култни центри каде се одвиваат религиозни церемонии и племенски собири, храмови каде се чествуваат празници или се собираат припадниците на племето во случај на тревога.[5] Култните камења несомнено служеле и како жртвени олтари, и во таа смисла може да се каже дека каменот бил првиот олтар на кој се изведувале верските обреди.

*(Ре)генеративната функција на каменот:* сакралната вредност која им се придава на култните камења (т.н. свети камења), придонесува тие да бидат доживувани како моќно апотропејско средство кое штити од секакво зло. Во таа смисла, може да се говори за генеративна функција на каменот (плодоносна – творечка) и регенеративна функција (исцелителска – лекување на болести). Т. Вражиновски[6] ја потенцира исцелителската функција на култните камења, која се поврзува со самиот камен или со водата во длабнатините на каменот (во вториот случај се работи за спој на култот кон светите води со култот кон каменот).

Покрај лековита моќ, на култните камења им се припишува и плодотворна моќ: врската со плодноста се согледува и во верувањето дека каменот предизвикува дожд, оттука во сушни денови селаните се собираат крај ваквите камења кои се прскаат со вода за да се предизвика дожд (во прашање е сепак обредно-магиска практика поврзана со култот на мртвите предци, чии души се сместени во „минералното тело“ на каменот). Плодноста која им се припишува на светите камења е видлива

---

[4] М. Елијаде: *Историја на верувањата и на религиските идеи,* 99.
[5] М. Павловиќ: *Поетика жртвеног обреда,* стр. 139.
[6] Т. Вражиновски: *Речник на народната митологија на Македонците....* 217.

и во верувањето дека жени-неротки можат да забременат само со допирање или триење од камен (вакви својства особено им се припишуваат на камења чиј облик потсетува на фалус).

М. Елијаде укажува на фактот дека сексуалното значење на менхирите е потврдено во различни култури, а сè до 20-от век се задржало верувањето во способноста на европските менхири да оплодат. Во Франција, за да имаат деца, младите жени практикуваат лизгање (спуштање по каменот), седење на монолити и триење на стомакот од некои карпи. Оваа генеративна функција не се должи само на фалусната симболика на вертикално исправениот менхир туку и на идејата за трансмутација на предците во камен – идејата дека мегалитите претставуваат неисцрпен извор на животна сила и енергија, поради тоа што во нив се вселуваат мртвите предци, кои се господари на плодноста. [7] Кај Грците, Римјаните, Индијците – душите на предците обезбедуваат плодност на земјата, стоката, луѓето (обилна жетва и пород).

*Култни камења во Македонија:* откривањето на мегалитската опсерваторија Кокино на теренот на Македонија, неодамна ја разбранува светската јавност, но во оваа пригода нашиот интерес ќе го насочиме кон исцелителските камења. Говедар-камен е најпознатиот исцелителски камен кој се наоѓа во Овчеполието (четириесетина километри југоисточно од Скопје), а такви својства му се припишуваат и на Побиениот камен во Гевгелиско (кој е висок два метра и има антропоиден облик – потсетува на човек), познатиот Илинкамен во делчевското село Звегор, Дупен камен во селото Вевчани и сл. Од култните камења, големо значење им се придава и на т.н. *Камени (скаменети) баби,* кај кои секоја година се практикуваат големи народни собири, а особена магиска моќ им се припишува и на камењата во кои се наоѓаат големи пукнатини низ кои се провираат болните луѓе и жените-неротки.

*Говедар камен – реконструкција на магиската обредна практика за плодност,* врз основа на документарниот филм на етнологот Владимир Боцев (Музеј на Македонија, 2002) [8]:

Како и повеќето култни камења кои се издвојуваат по својата форма (т.н. „бележити“ камења), и Говедар камен има специфичен облик – потсетува на говедо кое пладнува. На овој камен му се припишува моќ да лекува, па тука бараат помош болните од различни болести, но пред сè жените неротки. Секоја година на Ѓурѓовден (5 и 6 мај) на Говедаров камен се изведува древен магиски обред за плодност, во кој се присутни неколку клучни обредни постапки: *плетење плетенка; правење појас; провирање; врзување/опашување; расплетување*, по што следува задолжителен обред на жртвопринесување (*курбан*).

[7] М. Елијаде: *Историја на верувањата...*102.

[8] Реконструкцијата на обредот е извршена врз основа на документарниот филм *Говедар камен* (сценарио, камера и режија: Владимир Боцев) од Музејот на Македонија (2002).

Обредното дејство кое се однесува на жените неротки се одвива по одредено обредно сценарио (во прашање е магиски церемонијал, со кој раководи кумот во улога на *жрец*). Интересен момент при доаѓањето кај каменот е *изборот на кумот/побратимот*, којшто ќе биде заштитник на невестата и нејзин покровител во текот на магискиот обред за плодност. Познато е дека во старословенската паганска религија, кумот претставува еден вид посредник (медијатор) помеѓу светот на натприродното и фамилијата која ја застапува. Во таа смисла, постои верување дека единствено кумот може да ја гарантира плодноста[9]. Во некои случаи жената може да дојде со свој кум, но се смета дека е подобро да се одбере кум на самото место, од присутните луѓе (избраниот кум подоцна станува кум на детето, при што се прекинува старото кумство без никакви последици по односите со стариот кум).

Клучен момент во магиско-обредната практика која се изведува на Говедар-камен е *плетењето на плетенката* со кумот: се плете со бел и црвен конец. Се мотаат две клопчиња волница, црвена и бела (идентично како и при правењето мартинки) и со нив го обиколуваат каменот како да му земаат мерка (мерката земена со конец претставува супститут за објектот кој треба да го претставува[10]). Откако плетенката е исплетена, каменот три пати се заобиколува; еден дел се остава на него или веднаш под него, а со другиот дел жената прави *појас* кој цело време го носи врзан за половината. Најпрво се провира низ подготвениот појас, се провлекува три пати низ него, при што кумот ја благословува: „Догодина да дојдете со две дечиња, со две јагниња". Потоа ја *опашуваат* неротката – појасот ѝ го врзуваат да ѝ биде токму на стомакот, со цел: по некој месец како ќе расне стомакот, така да се стеснува појасот. Потоа плетенките се *разврзуваат,* а медијаторот ги сече со нож на парчиња (благословува: „колку парчиња-толку деца") и ги фрла врз каменот, при што очигледно во игра е принципот на контактна магија: верувањето дека нештата кои еднаш биле во допир, продолжуваат да дејствуваат еден врз друг и по престанокот на физичкиот допир. Во таа смисла, парчињата од појасот кој претходно го допирал телото на неротката, се фрлаат врз каменот со цел да обезбедат врска меѓу жената и каменот, и на тој начин да ја трансферираат плодноста на каменот врз жената-неротка.

---

9 Позната е институцијата „црногорски кум": во Црна Гора, по свадбениот церемонијал, првата брачна ноќ со невестата ја поминувал кумот, а не младоженецот, бидејќи кумот бил сметан за единствен посредник кој може да ја пренесе плодноста на божеството и да обезбеди пород.

10 *Конец - еквивалент:* на истиот начин некогашното закопување на мртвиот предок под куќниот праг, подоцна било заменето со земање мерка на покојниот со конец, по што конецот (како еквивалент на личноста) се ставал во некоја пукнатина од прагот, за да го обезбеди понатамошното присуство на предокот-заштитник и неговата заштита врз фамилијата.

Врзувањето и одврзувањето се позната магиска практика, а во народната медицина врзувањето е клучната постапка за лечење со помош на „магијата на јазлите“ (при лечење, вообичаено се врзувал болниот дел од телото). На јазлите и врзувањето им се припишува исцелителска функција, пред сè како постапка која обезбедува заштита од болести и демони, и токму затоа јазлите насекаде низ светот се носат како амајлии.[11]

На видеозаписот се забележува дека жената пие (и се мие) од светата вода којашто се наоѓа во длабнатината на каменот, а која се смета за лековита (во овој случај се работи за поврзување на култот кон каменот со култот кон светите води). При тоа невестата (а и сите присутни што доаѓаат тука) кршат од каменот за здравје и го носат дома (во определени случаи се консумираат струготини од каменот, што претставува своевидна *теофагија* – јадење на божествената супстанција, со цел да се изврши дивинизација, пренос на божествената моќ врз себе). Следната година, ако забремени невестата, го носат камчето назад (чувањето на камчето од кое треба да се роди дете, неминовно буди асоцијации на интернационалниот баладичен мотив за бездетната невеста која доаѓа до рожба со магично излулување на дете од бел камен, познат од народните песни).

*Даровна жртва на Говедар-камен (курбан):* при реализирана бременост и добивање рожба, се доаѓа кај каменот кој се дарува со цел да се изрази благодарност од страна на семејството, и му се чини курбан. Каменот се дарува со разни дарови, но пред сè се носат жртвени јагниња (се верува дека какви јагниња се носат, машки или женски, такви рожби ќе се родат). Обредот (курбанот) го изведува современ „жрец“ кој раководи со култот (тој е своевиден модератор на церемонијалот на жртвопринесување). Јагнето се врти три пати околу каменот, потоа се коле свртено на југ, така што крвта тече на јужната страна од каменот.[12] Со крвта од ножот се мачка детето по челото и образите со верување дека тоа ќе го штити од болести (при тоа се благословува: „Ако е женско, догодина да биде машко“ или „Да си купи сестричка“).

*Св. Ѓорѓи – покровител на магиската практика за плодност:*

Ѓурѓовден е еден од најважните празници од пролетно-летниот циклус, кој го чествува будењето на вегетацијата. Св. Ѓорѓи е замена на некогашниот бог на вегетацијата од кој се очекувало да ја поттикне

[11] При свадбен обред се прават јазли за заштита на младоженците, иако од друга страна се смета дека јазлите можат да го попречат првиот полов чин меѓу сопружниците. Очигледна е амбивалентноста на врзувањето, во зависност од магиската цел која треба да се постигне.

[12] На видеоматеријалот забележуваме и колење и фрлање на жртвата од високо, што одговара на оној типичен начин на жртвување кај Старите Словени, кои на почетокот жртвувале со фрлање од височина или фрлање во бездна.

плодноста не само на природата туку и на луѓето (оттука и обредната практика која се однесува на жените неротки, се прикрепила за денот на Св. Ѓорѓи, во чиј култ важно место имаат обредните дејства поврзани со вегетацијата, здравјето, плодноста и бракот).

Истражувачите се согласни дека во основата на Ѓурѓовден се наоѓа некогашниот голем пагански празник со кој се слави почетокот на летното полугодие (паганите ја делеле годината на две полугодија, летно и зимно). Несомнено, Ѓурѓовден е некогашниот празник на оживеаната природа, кога со разни дејства се настојува да се пренесе силата на новата вегетација врз луѓето и стоката. Празникот содржи компоненти карактеристични и за аграрниот и за сточарскиот бит, поради што очигледно е дека овој пагански празник го чествувале и сточарите и земјоделците. Св. Ѓорѓи се грижи за плодноста и родот на нивите (покровител е на земјоделците), но истовремено се јавува и како покровител на стоката (првенствено на овците).[13]

Паѓа во очи дека на овој празник се изведуваат мноштво обреди со магиски карактер, чија функција е да ја обезбедат плодноста. Обредните дејства започнуваат со берење билки на изгрејсонце (*билјебрање* – со строгите прописи на ритуалното берење на билките е нагласена нивната магиска моќ). Девојките и младите невести собираат билки по ливадите и прават венци со кои ги китат портите, а ставаат и на роговите на стоката/говедата (венците имаат апотропејска функција – треба да обезбедат заштита од болести). Плодотворната и заштитна сила на новото билје се пренесува на посевите и лозјата така што и таму се носат лескови гранки (се врши т.н. „запотнување“ со зелено). Младите се мијат со вода во која има натопени билки, се практикува и капење во реките (*обредно капење*), а по капењето се опашуваат со врбови/дренови гранки, со кои ги удираат децата за да бидат здрави како дрен. Оние кои се во фертилна доба се нишаат на дрен или врба (*обредните нишалки* ја симболизираат врската меѓу небото и земјата и сугерираат плодност) или пак се тркалаат по роса или во жито (*обредно тркалање*) за да се пренесе на нив силата на вегетативниот демон и така да се зајакне животната сила и плодност.

Сепак, централно место на Ѓурѓовден има токму курбанот (*курбан* - крвава жртва) – жртвувањето на првото ојагнето јагне на заедничка трпеза, кога за прв пат се вкусува јагнешко месо.[14]

---

[13] Ѓурѓовден го означува почетокот на новата сточарска година, кога се жртвува и вкусува првиот приплод – овие обичаи се сметаат за карактеристични за античкото тракиско население, а обредните моменти од аграрен/земјоделски карактер се резултат на влијанието на Словените.

[14] Најверојатно оваа жртва некогаш имала уште поголеми размери – биле жртвувани сите јагниња, што подоцна, е заменето со жртвување на еден одбран примерок (првото објагнето јагне), а на останатите им се засекуваат ушите.

*Жртвопринесувањето како обредно дејство:*

Жртвувањето е прво и основно обредно дејство кое го вршел човекот. Постои инстинкт за принесување жртва и оддавање почест на нешто поголемо од себе, со цел да се придобие или повика тоа нешто во близина, или тоа да се смилостиви. Жртвениот обред, како што истакнува М. Павловиќ, самиот за себе има своја логика и поетика. Во основа на жртвувањето лежи метафората на оплодувањето и создавањето на новиот живот, а жртвата ја носи метафориката на семето.

Жртвениот обред бил синкретичен чин, проследен со молитва, песна, танц, говор (кажување митска приказна), гатање (мантика), актерство (инсценации) и мимичко дејство. По жртвата задолжително следела обредна гозба, а за време на гозбата учесниците во обредот се препуштале на оргијастично однесување. Први жртвеници биле провалиите, а жртвувањето најпрво се изведувало со фрлање во провалија или бездна,[15] која води право во длабочината на земјата (како сигурен начин да се стигне во внатрешноста на земјата). Освен со фрлање на жртвата во провалија, се жртвувало и во морската длабочина (водата и земјата се две матрици кои го содржат животот); а се жртвувало и во пештера, особено онаму каде имало река понорница (пештерата ја симболизира мајчинската, родителска моќ на земјата преку сличноста со женските генитални органи-вулвата).

Паганите практикувале *крвна* и *бескрвна жртва*.

I. Крвави жртви им се принесувале на хтонските божества, на демоните на долниот свет и на душите на предците (не поради почит, туку поради страв): се верувало дека најомилена и најскапоцена жртва на жителите на долниот свет им била крвавата, па настојувајќи да ги смилостиват овие опасни митски суштества, паганите практикувале крвави жртви.[16] На почетокот крвната жртва била човечка, а подоцна човечката жртва се заменила со жртвување животни или птици. Бидејќи крвта е скапоцена, подоцна за неа е најдена уште една замена – црното *вино*.

II. Постојат повеќе видови бескрвни жртви, а меѓу нив се истакнуваат: *жртва во сите плодови* (*панспермија*) карактеристична за култот на предците; *жртвата во обредни лебови* – кои не се сечат, туку се кршат – што говори за староста на обредот; *либациите* во течност (вино, ракија, млеко, зејтин) кои имале големо значење во култот на мртвите и празниците на предците; *жртва во облека* (или некои нејзини делови, пред сè кошулата како примарна и непосредна врска со човечкото

[15] Фрлањето во бездна се смета за карактеристична словенска жртва, која се споменува во познатата легенда за фрлањето на татковците во бездна. Приказни за фрлање на жртвата од висина се среќаваат и во хеленската митологија (Икар, Хел, Ајгиј и др.)

[16] Верувањето дека мртвите сакаат крв е видливо во многу примери: симнувајќи се во долниот свет Одисеј ги напоил мртвите со крв од црна овца.

тело, која и со својот изглед потсетува на него), *жртва во пари* (фрлање метални пари – кога се минува преку река); *првината* – на мртвите им се жртвува сè што е прво од родот и породот, бидејќи се смета дека тоа им припаѓа на предците, демоните и божествата (првите плодови треба да се поделат за душите на умрените, од првата чаша ракија треба да се истури за душата на предците; првите мачиња се фрлаат во вода како жртва на демоните, првото јагне што се ојагнило се коле за Ѓурѓовден).

Од наведените начини на жртвопринесување, на Говедаркамен се практикуваат паганските жртви од типот: „жртва во јадење“ и „даровна жртва“, а крвната жртва влегува во категоријата „жртвување на првината“.

*Ѓурѓовденски курбан:* како курбан обично се одбира првото ојагнето машко јагне (пожелно е да биде со бела боја)[17], кое се кити со венец, а на десното рокче (или на двата рога) се прицврстуваат свеќи кои се палат пред колењето (истиот елемент го има и во античките *буфонии*). Јагнето се заранува со зелена трева, трици и сол и се запојува со вода (во Бугарија постои практика да го носат јагнето во црква, свештеникот да му очита молитва).

Некаде курбанот се коле во куќата – кај огништето или до источната страна на куќата, и при тоа се гледа крвта да го испрска ѕидот (според испрсканата крв гатаат за реколтата преку годината или за здравјето на луѓето во куќата). Останатата крв се собира во сад и се закопува во земја на чисто место, каде не се нагазува. Некаде пак го колат јагнето во градината под плодно дрво и оставаат крвта да се впие во земјата, а во некои региони колењето ѓурѓовденски курбан се прави крај река, при што крвта тече во водата. Се верува дека крвта од жртвата има заштитен карактер. Со неа прават крст на челата на децата (за да не ги фатат уроци), ги бележат вратите или аглите од собата за да не влегуваат магии и болести во куќата (во околината на Софија закопуваат грне со крв на нивата). Коските од курбанот се собираат и по празникот се закопуваат во мравјалник, за да се ведат овците како мравки (во прашање е хомеопатскиот магиски принцип) или се фрлаат во реката за „да тече млекото како вода“ (го зачувуваат само ковчето од десната предна нога, за да ги украсат со него обредните лебови за следната година).

*Заклучок:* во обредот кој се изведува на Говедар-камен се видливи: 1. длабоко архаични елементи на ниво на *полидоксија – магија и магиска обредна практика* (магијата како најран стадиум во развитокот на

[17] Видови животни за курбан: јагне (бело, шарено, црно), теле, јаре, пиле/петел (единствено не се жртвува прасе или свиња, затоа што празникот е заеднички за сите вери, а фактот дека овој празник го почитуваат и христијаните и муслиманите, е најдобар сигнал дека се работи за древен пагански обред).

религиозното чувство, Џ. Фрејзер ја смета за постара од религијата, во таа смисла магискиот обред се наоѓа степен пред религијата[18]); 2. реликти на ниво на *висока митологија* – култ кон божеството кое е супституирано во светецот Ѓорѓи (се чини дека во прашање е паганскиот бог на вегетацијата) и обред на жртвопринесување; 3. елементи на *паганско-христијански синкретизам* (т.н. „двоверие"): на местото на курбанот се палат свеќи, се носат крст и икони, а присутен е и свештеник кој прска со света вода и босилек, додека присутните изрекуваат молитви до Бога: „Господ да даде здравје, среќа...едно, две, три, четири деца"). Покрај наведените ритуалеми од паганството и верскиот синкретизам, на Говедар-камен се присутни и *новокомпонирани (комерцијализирани) елементи:* непосредно до култното место каде се жртвопринесува, на видеоснимката се забележува кафеана, скара, сточен пазар, месарница на отворено, панаѓурска распродажба на даруваното, постери и едукативни/ рекламни материјали за установи кои лечат стерилитет (дури и визит-карти на лекари и надрилекари).

Останува заклучокот дека со овој фасцинантен видеозапис, етнологот Владимир Боцев обелоденува вистински куриозитет: пред наши очи се одвива древен пагански обред (магија за плодност и жртвопринесување), на истиот начин како што се практикувал во старословенската древност. Покрај експлицитното сведоштво за култот кон каменот, во прашање е драгоцен приказ на пагански обред кој опстанал неизменет до наши дни, и кој живее активно на овој терен и во новиот милениум. Со тоа, авторот успеал да ја засведочи сѐ уште живата жртвена практика која и денес се изведува на ист начин како во паганско време, воедно потврдувајќи го фактот дека магијата која спаѓа во најархаичните етапи во развитокот на религиозното чувство е извонредно жилава и успеала да опстане и да ги надживее и политеизмот и монотеизмот и атеизмот.

**Литература:**


Анастасова-Шкрињариќ, Нина: *Словенски пантеон*, Менора, 2002.

Боцев, Владимир: „Говедар камен", документарен филм на Музејот на Македонија, 2002. (Владимир Боцев: сценарио, камера и режија).

Вражиновски, Танас: *Народна митологија на Македонците*, Скопје – Прилеп, *Матица македонска – Институт за старословенска култура*, 1998.

Вражиновски, Танас: *Речник на народната митологија на Македонците,* Скопје-Прилеп, *Матица македонска – Институт за старословенска култура,* 2000.

Елијаде Мирча: *Свето и профано*, Књижевна заједница Новог Сада, 1986.


[18] Исто онака како што во материјалната култура на човештвото, насекаде постоела камена доба, така и во духовната култура на сите народи без исклучок, постоела доба на магијата.

Елијаде, Мирча: *Историја на верувањата и на религиските идеи,* Скопје, *Табернакул,* 2005.
Павловић Миодраг: *Поетика жртвеног обреда,* Београд, *Нолит*, 1987.

# КУЛТУРА

Весна Петреска

# СОЦИЈАЛНИ АСПЕКТИ НА СРОДНИЧКИТЕ ОДНОСИ КАЈ МАКЕДОНЦИТЕ: ТРАДИЦИЈА И СОВРЕМЕНОСТ

Сродството означува културно дефинирани односи помеѓу индивидуите кои се обично воспоставени низ фамилијарни врски, но во опсег можат да се земат и пошироки односи, кои не се воспоставени преку фамилијарни врски. Сродството е во најтесна врска со облиците на брак, семејството и домаќинствата и наследните модели. Во рамките на сродството кај Македонците, покрај сродството по крв или консангвиналното сродство и сродството по брак – афинално сродство, или прифатлив термин кај нас може да биде и сватовско сродство, се сретнувале и вештачко сродство (настанато по пат на усвојување на дете) и духовното сродство (кумство, побратимство, крстени во иста вода и сродство по млеко).

Системот на сродство се изразува низ систем на однесување и систем на именување. Акцентот ќе биде ставен на системот на однесување или кон сродничките односи. Под роднички односи се подразбираат односите меѓу членовите во рамките на самото семејство и односите што семејството ги одржува со поширокото сродничко опкружување. Тие можат да се разгледуваат како сегмент од мрежата на социјалните односи, во кои покрај горенаведените односи, односите со другите видови сродувања (кумство, побратимство), влегуваат и соседските, пријателските и колегијалните односи. Вниманието ќе го насочиме кон односите меѓу крвните сродници и сродството по брак или сватовското сродство. Во согласност со новите текови на проучувањата на сродството, дека современите роднички односи не можат да се проучуваат без добро познавање на социо-историскиот контекст на сродството (Segalen, 1998 : 24-25; 26-27; 30), за добивање појасна слика за сродничките односи, нив ќе ги проследиме во традициската македонска култура, почнувајќи некаде од крајот на XIX и почетокот на XX век, периодот по Втората светска војна, односно социјалистичкиот период, па до денес. Со други зборови, ова значи дека кога се проучуваат современите роднички односи, во текот на истражувањето, треба да се разгледаат и културните модели, односно нормите и правилата на однесување, кои семејството ги почитува и ги прифаќа при регулирање на сродничките односи, т.е. да се види во која мера се присутни традициските културни модели при регулирање на сродничките односи, односно дали во поголема мера се почитуваат и се применуваат традициските или пак „нови“ или пак „старо-нови“ модели на

однесување карактеристични за современото општество. Но, исто така, не можеме да сметаме дека тоа е само механички пренос од традициската култура, туку тоа е развој на нови одговори на потребите кои ги наложуваат новите околности.

Во однос на сродничките односи помеѓу субјектот и неговите крвни сродници (татко, мајка, браќа, сестри, баби, дедовци, прабаби, прадедовци, тетки, чичковци, вујковци, во однос на субјектот) во минатото бил застапен староснииот принцип, што значи дека постоела почит и покорност кон постарите, а исто така и половиот принцип. Децата биле должни да ги слушаат родителите, постарите браќа и сестри, како и другите крвни сродници. Постоела цела низа вербални и невербални симболи со кои младите покажувале почит кон постарите (станување во присуство на постар во знак на поздрав или отстапување место, отстранување на децата во присуство на гости, бакнување рака на постарите, итн.). Меѓутоа, нивниот авторитет не бил толку заснован врз силата и строгото казнување на непослушноста, колку врз силното јавно мислење, кое строго би го осудило и презрело секој млад којшто нечовечки се однесувал кон постарите (Требјешанин, 1991 : 229). Во поглед на односот на родителите кон децата, особено треба да се истакне нежниот, чувствителен однос меѓу мајката и децата. Кај мајката бил застапен принципот на разбирање, сочувство, безусловна љубов и простување. Спротивно на неа, таткото го застапувал принципот на ред, дисциплина, строгост и праведност. Особено ценета била онаа мајка што како вдовица не се мажела повторно, туку сама, без помош од страна, управувала со куќата и имотот и ги одгледувала децата. Кога синовите ќе пораснеле и ќе се оженеле, со исклучителна почит се однесувале кон таквата мајка, и за сè како со домаќин се советувале со неа и ја слушале.

Веднаш по родителите во поглед на чувањето и грижата за децата, доаѓале бабата и дедото. Во однос на сиблинзите, т.е. браќата и сестрите покрај староснииот принцип, играл улога и половиот принцип, што значи дека постарите браќа треба повеќе да се почитуваат, а доколку се работи за сестра, таа била должна да ги почитува своите браќа, без разлика дали се тие постари или помали од неа. Со другите крвни сродници (чичковци, стрини, тетки, тетиновци, вујковци, вујни), бил изградуван однос на почитување. Доколку се живеело во проширени домаќинства, тогаш сите членови воделе грижа за воспитувањето и чувањето на сите деца, без разлика дали се тие нивни или не (Види повеќе: Петреска, 2005 : 137-141).

За запознавањето на децата со роднините, особено крвната рода, голема улога имале бабата и дедото, кои ги запознавале децата со сродниците од таткова страна и со најблиските од мајчина страна. Нормално било роднините од таткова страна да се знаат до подлабоко колено (во минатото 6-7, понекогаш и 9 колено), за разлика од

мајчината страна. Со ваквото учење на сродството, децата уште од мали се запознаваат со него, што од своја страна придонесува за во иднина, при изборот на нивниот брачен другар.

Во современоста, постои преголема грижа за децата, и ги нема традициската почит и покорност кон постарите. Ова се однесува како за родителите, така и за другите роднини и постари браќа и сестри. За запознавањето со роднините, главно се грижат мајката и таткото, исто како и бабата и дедото, главно од двете страни, но генеалогиите одат до 3 колено по двете линии. Во современи услови кај родителите е застапен принципот на разбирање, сочувство, безусловна љубов и простување, нормално со тивка превласт на овој принцип во корист на мајката. Бабата и дедото, како во минатото, така и сега, се особено сакани од децата, бидејќи тие со нив се добри, благи, попустливи, со нив слободно си играат и се шегуваат. Во современи услови полот на детето не игра некоја улога во поглед на почитта и покорноста, што било карактеристично во минатото за женскиот пол.

Во поглед на сватовското сродство, социјалните норми во традициското македонско семејство подразбирале покорност на младиот брачен пар кон нивните родители, пред сè кон родителите на момчето, каде што и младата брачна двојка живеела (Види повеќе: Петреска, 2005 : 137-141). Ваквите услови траеле до распаѓањето на семејните заедници, а потоа овие традиционални норми ослабнувале. Во традициската култура бил застапен старосниот и половиот принцип, што значи дека постарите (а доколку се работи за браќа) се почитувале, а женскиот пол, а во врска со тоа и жената и сестрите, го почитувале машкиот принцип. Поврзаноста на мажот со „роденото“ редовно е појака отколку со „доведеното“. Меѓутоа, колку и да изгледаат од денешен аспект премногу строго нормирани односите во традиционалното семејство, сепак проучувањата на семејствата на јужнословенските простори покажале некои предности на традициската организација (види: Erlich, 1971 : 69-70 и понатаму; Golubović, 1973 : 33*). Во овој контекст можат да се посочат и искажувањата од постари личности на наш терен, дека за време на постоење на големи семејни заедници, луѓето живееле во подобра состојба, економски биле подобро ситуирани, бидејќи за сите членови имало подеднакво, итн. Со распаѓањето на проширеното домаќинство од задружен тип, за што постојат повеќе причини (печалбата, војните, општествено-економските и политичките промени итн.), бидејќи структурната промена на секое семејство, вклучувајќи ги и големите семејства, е во функција на општите општествени процеси (Golubović, 1976 : 311),

* Во истиот број на списанието "Sociologija sela", треба да се видат трудовите на Оливера Буриќ, Цветко Костиќ, Видак Вујачиќ и Блага Петроска, што се сместени во тематскиот дел "Porodična zadruga i njeni relikti", стр. 85-130.

имотот се расцепкува помеѓу браќата, и секоја нова генерација има помал имот, со што и економската состојба на населението се влошува. Процесите на распаѓање на семејните заедници може да се каже дека се завршени по Втората светска војна, кога е извршена национализација на земјата, и започнат процес на масовно вработување и селење во градовите.

Промените што го зафатија македонското општество, главно по Втората светска војна (процесите на индустријализација и национализација на имотот), предизвикаа значителни промени, а овие промени се одразија и врз системот на сродство и семејствата. Периодот до Втората светска војна, за поголем број јужнословенски земји, вклучувајќи ја и Македонија, но и во пошироки рамки, се одликува со селска популација, а аналогно на тоа и животот се одвиваше во селата. Индустријализацијата, како и секаде, така и во Македонија, предизвика коренити промени на селото и селанството, од кои најважни се масовното напуштање на селото и земјоделството и распаѓањето на (дотогашниот) традиционален начин на живот. Резултатот од ова беше бројно зголемување на градовите, особено Скопје, а намалување (или изумирање) на селата.[1] Истражувањата на етнолозите и антрополозите кои ги проучувале механизмите на миграциите село/град, и во другите простори на Југоисточна Европа, глобалните процеси (индустријализација, модернизација) покажуваат дека тие не дејствуваат сеопфатно и соединувачки, туку се остваруваат парцијално, при што најинтимните сфери на човековиот живот се менуваат најтешко и најбавно (Niedermüller, 1987 : 154-156; Прошиќ-Дворниќ, 1993 : 33-53; Антонијевиќ, 1969 : 77-96). Во многу од нив е забележано функционирањето на сродничките механизми во контролата на заедницата, тесна поврзаност со селото и селаните, развиени соседски односи, итн. Затоа, како неминовно се покажа проучувањето на сродничките односи токму кај миграциските семејства.

## Видови семејства и организација на работата

Целокупните промени што ја зафатија Македонија по Втората светска војна, чиј главен резултат беше мигрирање на младо население кон градовите, придонесе и за промена на начинот на живеење, а секако дека тоа се одразуваше и во извесна промена на системот на вредности.

---

[1] Како пример можат да послужат статистичките податоци, особено за Скопје, каде се врши и најголема концентрација на население. Така, Скопје, во 1921 г. има 92.136 жители; во 1931г. има 128.052 жители; 1948 г. – 172.384 жители; 1953 г. – 213.586; 1961 г. – 270.299; во 1965 г. достигнува бројка од 321.605 жители. (*Социјалните,* 62; според: *Статистички годишник на Скопје,* Скопје, 1968, стр. 35), а според статистичките податоци од последниот попис во 2002 година, Скопје има 506.926 жители. (http://www.zels.org.mk/adresar2006/pdf/skopje_mak.pdf).

Фактот дека миграциите кон градовите влијаеле на распаѓање на родовските групи веќе е констатиран во науката (Гуди, 2005 : 90-91). Така, во овој период (главно по 60-тите години на XX век) беше раширено неолокално живеење, што се должеше на иселување на младото население во градовите, каде младите брачни двојки си основаа свое сопствено семејство. Меѓутоа, иако новите услови доведоа до брзо остварување на неолокалитетот, сепак долго време во Македонија било практика најмалиот син да остане со родителите, случај во кој можеме да зборуваме и за бинуклеусни или тригенерациски домаќинства. Колку овој традиционален образец бил присутен особено кај постарата генерација, може да ни послужи искажувањето на една информаторка чии двајца синови живеат во ист двор со неа, но, сепак во посебни куќи. Таа заедно со нејзиниот маж, сакала старата куќа да ја срушат, да изградат нова, во која ќе седат со помалиот син, на што тој ѝ одговорил: „*А ӣа вика, море секој си има ӣлаӣа, нека си живеи сам*“.[2]

Неолокалните семејства придонесоа да се изменат половите улоги, кои се одразуваат и на традицискиот систем на вредности во семејствата и сродничките односи. Вработеноста на двајцата сопружници придонесе да дојде до прераспределба на моќта, односно двајцата да имаат подеднаков удел во донесување значајни решенија што се од интерес за семејството (на пр. купување стан или пак нешто за домаќинството). Но, многу често се случувало во периодот кога се населуваат во приградските населби, жената да не се вработи, со цел да може да ги чува децата. Меѓутоа, ова не можеме да го поврземе само со фактот дека тоа го правела затоа што децата се во женски домен, бидејќи во тој период не бил решен проблемот со предучилишните установи.[3] Немајќи кој било да се грижи за децата, жената морала нејзиното вработување да го одложи за подоцнежно време, односно во период кога децата ќе бидат потпораснати и ќе бидат способни самите да се грижат за себе. Доколку пак со вработување само на сопругот, финансиската состојба не била доволна за издршка на семејството (главно се мисли на работничките семејства), тогаш како алтернативно решение, сопрузите наоѓале начини смените на работа да им бидат различни, за да биде постојано еден родител со децата. Вработеноста на двајцата

[2] Инф. Убавка Станковска, р. 1930 г. во с. Дељадровце – Кумановско. Снимено во с. Идризово во 2004 г.

[3] За илустрација, доволно е да се послужиме со искажувањето на една информаторка, која е по потекло од Прилеп, а се населила во приградската населба Драчево. „*А кај ќе рабоӣам 1948-49 ѓодина (времеӣо коѓа се населила во Скоӣје), неѓоваӣа служба не беше како сеѓа службеник, он беше во возоине. Ноќе-дење он одеше. Немаше оӣределено време, да речиш рабоӣи седум-осум сааӣи, сабајле до два или до ӣри и ќе си дојди. На ӣример, денеска возоӣ неѓов ӣрѓаше у 12 и 30 сааӣ за белѓрад. Дури уӣре на ручек ќе си дојди. И кај ќе рабоӣам, деӣеӣо кој ќе ѓо чува. Ни ѓрадинки, ни јасли. Нишӣо немаше*“. Сопствени теренски истражувања, инф. Цветанка Керамитчиева, р. 1927 г. во Прилеп, живее во Скопје.

сопружници во голем степен доведе до поделба на домашните работи меѓу нив, но, сепак во значителен број семејства се разликуваше поделбата на „машки" и „женски" работи. Оваа состојба покрај индивидуалноста на личноста, многу зависеше и од образовното ниво на населението, како и местото на живеење, урбана или рурална средина. Така, во семејства со ниско и средно образование, семејства на работници, поголем дел од испитаниците сметаат дека домашните работи во поголем дел се во домен на жената. Многу често на прашањето дали мажот треба да готви, да чисти и да пере, со што би ѝ помогнал на жената, бидејќи и таа е вработена, одговорот најчесто беше со исмејување на прашањето, односно дека нормално е тие работи да ги врши жената, а не мажот. Ваков одговор најчесто добивав и од машки и од женски испитаници. Многу често жените на тоа даваат коментар „Каков маж е тој, како жена". Многу помал беше бројот на испитаничките што овие работи ги истакнуваа како добри квалитети на мажот, за веднаш да кажат: „Такви мажи се ретки„. Помошта за нив се состои во набавување на продукти потребни за семејството, и грижата околу децата, на пример да ги носи на училиште, на доктор или на други места. Ваква поделба на машки „тешки" и женски „лесни" работи сѐ уште можеме да сретнеме во рурални средини. Овде, пред сѐ мислам на оние рурални средини каде што има млади луѓе кои живеат таму со своите семејства. Традицијата таму во поглед на половите улоги сѐ уште си го има своето место, и покрај значителните промени во општеството, кои нормално се одразија и во селото. Од друга страна, бидејќи во село луѓето се почесто во меѓусебни контакти, секој настојува да ги задржи „традициските модели", за да не биде исмејуван од селската заедница доколку некого видат како извршува „женски работи". Ова донекаде е во врска со традицискиот концепт „мажот во јавноста". Но, во поглед на една многу значајна страна, што е од значење за одржување на целото семејство – домашната економија и финансии, жената се чини дека го има главниот збор. Истражувањата на семејствата каде што двајцата сопружници се високо образовани, во најголем дел покажаа дека домашните работи се поделени меѓу нив. Овде традициските модели како да не играат никаква улога. Но, од друга страна, самите жени како да чувствуваат поголема независност токму со засновање на работен однос, поточно кога нивната економска ситуација е далеку подобра од онаа на сопругот. Иако се смета дека економската активност на жената сѐ уште е во врска со потчинетоста кон семејството (Гребенарова, 2001 : 97), (ова најмногу доаѓа до израз во современиот период, од 90-тите години на XX век, со транзиција на македонското општество, со процесите на приватизација, кога многу луѓе се останати без работа), а не кон нејзините лични амбиции и стремежи за реализирање,[4] сепак сметам

[4] Во најновиот транзициски период, може да се каже дека и економската активност на мажот е

дека економската активност има големо влијание во донекаде изедначување на половите улоги. Ова мое мислење поткрепено од автобиографските кажувања на моите испитанички, покажува дека нивната самодоверба и независност значително се зголемува со тргнувањето на работа. Во прилог на ова се искажувањата на испитаниците дека ја нема традиционалната послушност на жената,[5] бидејќи си има пари во џебот, или почнувајќи некаде по Втората светска војна, вдовици сè помалку се премажувале, а како главен аргумент се наведува дека тие имаат пензија и се независни во финансиски поглед.

## Типови сроднички односи

Бидејќи семејството не остварува со сите сродници ист интензитет на дружење и цврстина на сродничката поврзаност, сродничките односи можеме да ги поделиме во групи, односно да зборуваме за типови сроднички односи. За определување на типот на сродничките односи, можат да се користат следниве критериуми: степенот на генеалошката поврзаност на сродниците, интензитетот на дружење, интимност во контактите помеѓу сродниците и степенот на знаење што го има семејството за сродниците. Врз основа на наведените критериуми, а почитувајќи ја класификацијата на Е. Бот[*], сродничките односи ги распределуваме во следните групи, односно типови: интимен тип сроднички односи – се вбројуваат сродниците со кои семејството одржува интензивна интеракција и со кои постои цврста сродничка поврзаност, давање помош, семејството за тие сродници има најголем степен на знаење; ефективен тип – дружењата помеѓу сродниците не се толку чести и цврсти како со интимните, иако постои заемна помош кога е тоа потребно, семејството за нив и за нивниот живот има значителен степен на знаење; неефективен тип – контактите помеѓу сродниците се многу ретки, а семејството за нив знае само основни податоци; непознати сродници – семејството за нив не знае ништо, освен фактот дека тие

---

во врска со потчинетоста кон семејството, а не кон негови лични амбиции и стремежи за реализирање. Големиот процент на невработеност, отпуштањето од работа и воопшто немањето работа, не им нудат можности и на мажите да изберат да работат она што сакаат, туку многу почесто работат онаму каде успеале да најдат каква било работа.

[5] Типичен пример е ставот на една информаторка за нејзините две снаи, постарата го прекршува традиционалниот модел, а помладата го држи: *„Две јатрви се. А она си иде на државна работа, си идеше. А оваја седеше дома, помалата снаа. Она седи дома, а оваа на државна работа. Она пари, ташничката, искочи си по сабајле, а ова Зорето* (помалата снаа) *и музело* (молзела крави), *и ручек на аргати прaело и нас стари ќе ни принесе, ќе ни крене“.* А како шлаг на сето ова е тоа дека помалата снаа потекнувала од град. *„А она дојде од град, таја помалата. Помалата снаа од Синѓелиќ е. И една на мајка. Они се три, ама овие двете беа мажени, она сама беше со мајка и“.* Инф. Убавка Станковска.

[*] Bott Elizabeth 1957: *Family and Social Network (roles, Norms and External Relationships in ordinary urban families),* Tavistck Publications, London. Книгата не ми беше достапна, а користена е преку: Ђорђевић, 2001.

постојат (Ђорђевић, 2001 : 17). За сродничките односи во современи услови, општо земено, можеме да кажеме дека во урбана средина, каде што човекот е изложен на динамичен начин на живот, во трката да се стигне на работа и да се заработи, и најчесто во недостиг на слободно време, растргнат помеѓу работното место и живеалиштето, човекот живее отуѓено, што се манифестира со намалена комуникација со соседите, па дури и со членовите на поширокото семејство. За разлика од урбаната средина, во руралните средини, обемот на мрежата на сродничките односи е поразгранет, што се должи на позачуваните традицискиороднички односи (Петреска, 2005:162). Тие вршат соодветни рефлексии врз осознавањето на сопствениот статус на индивидуата, врз нејзината релација со други индивидуи (роднини, соседи, пријатели), нивното дружење при семејните свечености. Мора да истакнеме дека сродничките односи во значителен дел се поврзани и со интимната страна на човековата природа, врз која може доста тешко да се влијае. Остатокот од минатото во тие односи секаде и секогаш играл значајна улога. Затоа, и покрај тоа што човекот живее отуѓено, можеме да ја најдеме меѓусебната помош меѓу сродниците. Најтипични примери се миграциските семејства.

**Меѓусебна помош и конфликтни ситуации во семејствата и сродничките односи**

Проучувањето на сродничките односи претставува сложен проблем. Тие зависат и од определени фактори кои дејствуваат во дадено општествено-економско и културно опкружување (на пример физичката оддалеченост помеѓу сродниците; степенот и линијата на сродничката поврзаност, економските врски меѓу сродниците; сличноста во општествената положба помеѓу сродниците и влијанието на психолошките механизми). Затоа, и треба при проучувањето, од една страна да се согледа влијанието на општеството (на пример за современи услови промените до кои дошло при процесот на модернизацијата, а пред сè социо-економската криза, и од друга страна, улогата и значењето на сродничките односи во сегашните услови на живот (Ђорђевић, 2001 : 11). Семејството скоро редовно одржува поблиски односи со личностите чие место во сродничкиот систем, културата посебно го истакнала и го нагласила. Вертикално тие се шират преку родителите на брачната двојка, до бабите и дедовците, ретко до прабабите и прадедовците. По правило во блиски односи или интимен тип односи според Е. Бот, се опфатени и браќата и сестрите на сопружниците. Кога тоа не е случај, во прашање се нарушени или прекинати односи. Истражувањата вршени со миграциските семејства јасно го потврдуваат ова.

Тоа е особено видливо при помошта во сезонска работа што им ја нудат градските семејства на оние од село; помош од селски семејства на градски во производи и храна; селските семејства слободно можат да дојдат кај оние од градот заради лечење, извршување на некои работи, школување на деца, барање вработување, итн.; организирање годишни одмори на село, или пак кај оние роднини што имаат куќа за одмор итн. Интервенцијата на роднините навлегува во сите области: одгледувањето, воспитувањето, образованието на децата, семејните свечености итн. Но, мора да истакнеме дека обемот на мрежата на сродничките односи не е толку разгранет, бидејќи, на пример, оваа помош ја гледаме најмногу до втората генерација по нагорна и надолна линија. Така на пример, во чувањето и одгледувањето на децата, најмногу се бара помош и воедно се добива од родителите на еден од брачните сопрузи; при престој на едно семејство кај друго, тоа се семејства што се блиски роднини, на пример кај родители, кај браќа и сестри, и евентуално кај први братучеди, додека ретки се примери некое семејство да престојува кај втори братучеди. Ваква помош се бара и се добива од овие сродници и за решавање на некои материјално-егзистенцијални потреби (помош во работа или финансии при решавање на станбено прашање, или позајмување пари; вработување, итн.). На најблискиот круг сродници им се доверуваат и проблеми од интимна природа. Помошта се бара и се добива од најблиските сродници и во кризни ситуации, на пример финансиска помош заради издршка на семејството, особено актуелна во најновиот период на транзиција на општеството, кога има многу невработеност и отпуштања од работа. Треба да се има предвид дека давањето помош на сродниците треба да се согледа во зависност од самата природа на проблемот, потоа од остварениот тип на сроднички однос помеѓу семејството и сродникот, општествената положба на семејството, односно сродникот, како и во зависност од останатите фактори, кои влијаат врз одржувањето на сродничките односи (Ђорђевић, 2001 : 10-11).

Ако во минатото интимните сроднички односи се развивале претежно патрилинеарно, за современите услови можеме слободно да кажеме дека не е во потполност така. Иако, да речеме определени модели од традицијата постојат (на пр. за одгледувањето на децата во најмала возраст да се грижи свекрвата; решавањето на станбеното прашање да е во домен на мажот), сепак многу често се случува тие да се развиваат уксорилинеарно, односно по страната на жената. Тоа е случај, на пример, онаму каде што не постојат вирилинеарни сродници (сродници од мажовата страна) или од кои било причини дошло до прекин на односите со нив, или пак се смета дека даваат поголема предност. Затоа и може да се каже дека воопштено разгледувана, поголемата ориентираност на семејството кон афиналните и уксорилинеарните односи на сродството е последица на објективни

околности и дадена ситуација, а не на слободен избор и определување (Ивановић, 1988 : 161). Многу често испитаниците, без разлика на полот, знаат да кажат дека крвното сродство и сродството по брак имаат иста важност, но вистинското однесување понекогаш покажува силно влијание од вирилинеарната идеологија.

Сите информатори сметаат дека е задолжително одржување на блиски односи со родителите, браќата и сестрите на сопружниците, во однос на кои било други сроднички врски, но, сепак се случува овие односи да се од послаб интензитет и блискост во однос на некои други, генеалошки оддалечени сродници. Тоа е пред сè последица од несогласици околу наследството или некои други конкретни несогласици, во чија основа лежи судир на мислења, кои произлегуваат од промената во структурата на проширеното домаќинство и исчезнување на заедничкиот живот, затоа што оженетите синови и браќа, ретко остануваат во иста економска единица (Ивановић, 1988 : 160). Урбано-руралните врски, било да се географски блиски или оддалечени, се особено чести, кога е во прашање постоење на земја или друг недвижен и движен имот. Кога доаѓа до вакви односи, луѓето како да чувствуваат жалење, но, не сакаат на себе да ја преземат одговорноста за таквата ситуација. За нарушените односи со најблиските сродници неволно се зборува, што покажува дека нарушените и прекинатите односи со генеалошки поблиските сродници се сметаат како општествено непожелени, па и како неморален облик на однесување. Ова убаво се изразува во народното кажување „срамота е, гревота е да се караш со роднини“. Имотот можеме да го доведеме и во врска со врзаноста за земјата, а посебно врзаноста за „родната грутка“, за „татковата земја“. Поткрепа на тоа е и всаденото народно верување, дека земјата од татко не се продава, бидејќи се губи среќата, односно „да се продаде земја од татко, од поколенија, тоа е проколнато“. Интересна е приказната на еден информатор од Прилепско, кој иако е преселен во Скопје, во приградска населба, каде има сопствена куќа и има сопствена земја, сепак во татковата куќа во село, има една соба, која нема намера да ја продава, бидејќи „тоа што ти го дале треба да се чува“. Ова можеме да го поврземе со симболичката вредност на имотот, односно дека тој им нуди сеќавање и памтење на семејната историја, семејните куќи стануваат вистински центри на сродничките односи (Segelan, 1997 : 41). Но, покрај симболичката вредност, не треба да се заборави и финансиската вредност. Тоа особено можеме да го видиме во случаите кога имотот е причина за нарушени сроднички односи, но и кога традициската вирилинеарна идеологија стапува на сцена. Иако според законските прописи, женските деца имаат подеднакво право на

наследство од своите родители како и машките деца,[6] сепак и денес е многу застапено сестрата да се откаже од правото на наследство во корист на братот, а како главна причина за тоа се наведува да останат сродничките односи ненарушени, „сакам да си се гледаме со брат ми, да си имаме оди ми, дојди ми“.[7] Ова го велат и од причина што не сакаат да се раситнува имотот, кога и никој не би имал корист од него. Затоа, и семејството повеќе се ориентира кон семејството на мажот. Тоа е видливо во честите посети на семејството на мажот, било да е тоа географски блиску или пак оддалечено. Односите во кои е вклучено и постоење на земја (или друг недвижен или движен имот) покажуваат најголема структурираност и институционализирана улога во однос на сите останати сроднички врски, кои семејството ги одржува и кои ја сочинуваат неговата целокупна сродничка мрежа. Треба да се истакне дека заедничкиот имот има улога на кохезивен елемент во односите на сродството, но исто така е и извор на најголеми расправии и прекини на контактите помеѓу сродниците во услови кога тие веќе не претставуваат кооперативна единица, и повеќе се ориентирани на своето семејство на создавање (Ивановић, 1988 : 162).

Прекршувањето на традицискиот образец, кој бил во корист на машката култура, најмногу ги погодува самите мажи, затоа и тие најчесто ги прекратуваат сродничките односи со нивните сестри, кои се „осмелиле“ да посегнат по нешто што во минатото било во нивна привилегија. Ова се случува на пример и кога братот не живее веќе на село, а сестрата е таа што е останата во село, и нормално таа и нејзиното семејство им помагала на родителите во нивното догледување, во обработувањето на земјата, итн.[8] Дури и народното мислење го има ова гледиште (Петреска, 2008 : 30, 39-42, 44, 46-52). Како најчеста причина за нивното незадоволство, самите испитаници ја истакнуваат симболичката вредност на имотот, односно дека тој им нуди сеќавање и памтење на семејната историја. Меѓутоа, според мое мислење, овде повеќе доаѓа до израз финансиската вредност, бидејќи со делот што мажот законски го добива, може да се задоволи симболичката вредност. Истата таа „симболичка вредност“, кога е

[6] И за првата половина на XX век, според пишувани извори и сопствени теренски истражувања (АИФ, м.л. бр. 3891, инф. Анита Караѓозка, р. 1917 г. во с. Будинарци-Беровско. Снимила: В. Петреска во с. Будинарци во 2002 г.) има податоци дека и женските деца добивале дел од имот, најчесто нива, која во овој случај се нарекува „татковина“, но, многу почесто доколку мајката со нејзината мажачка донела земја, нива, тогаш како непишано правило било, оваа земја или нива да ги даде на нејзините ќерки, во кој случај се нарекува „мајкинија“, сепак главно машките деца го наследувале имотот (Павловић, 1929 : 261; Филиповић, 1939 : 305). Но, и во случај кога невестата со нејзината мажачка носела дел од имот, не го прифаќале многу, сметајќи го како причина за кавга.

[7] Откажување од наследство во корист на братот може да се сретне и кај младата генерација, онаа родена по 70-тите години на XX век.

[8] АИФ м.л. бр. 3891, инф. Анита Караѓозка, р. 1917 г. во с. Будинарци-Беровско.

барана од сестрата, наидува на негово неодобрување и неразбирање (Петреска, 2008 : 30, 39-40,42-43, 45). Додека, имигрантите што дошле во новата средина, упорно настојувале да задржат дел од имотот во нивното матично место,* многу често оспорувајќи им го правото на нивните сестри да задржат дел од него, а како главен аргумент е потпирањето на традицијата, некои од нив, во новата средина, веќе како родители на возрасни деца, настојуваат и нивните ќерки да добијат дел од татковиот имот. Во овој прилог говори приказната на еден информатор, кој што се преселил во една скопска приградска населба во 60-тите години на XX век. Тој сакал да ѝ даде на ќерката плац за куќа, но, бидејќи таа не останала во земјата, отишла за Австралија, за да ја задоволи делбата на имотот, плацот го продал, а парите ѝ ги дал на ќерката.

На природата на сродничките односи делува и квалитетот на специфичните интерперсонални односи кои се определени со индивидуалната и семејната историја, односно на составот и обемот на категоријата на интимни сродници влијаат односите во кои луѓето биле вклучени во детството, преку активностите на своите родители, како и тоа дали континуирано се одржувани во текот на понатамошниот живот. Изразито значење за природата на сродничките односи имаат економската и професионалната подржка и помош кои ги добило или ги добива семејството од сродниците (Ивановић, 1988 : 160). Во вакви случаи, генеалошката блискост нема првостепено значење. Ова е видливо во случаите кога сродниците помагаат во наоѓањето работа, стан, школувањето и слично, тогаш и редовно припаѓаат на групата на интимни сродници.

Врз типот на сродничките односи влијае и географската оддалеченост помеѓу семејството и сродниците. Иако Е. Литвар докажал дека односите меѓу семејството и сродниците со значајна реципрочна поддршка и помош – што е одлика на интимниотароднички однос, можат да се одржуват и без географска близина помеѓу семејството и сродниците (Ивановић, 1988 : 162*), сепак постои јасна корелација помеѓу просторната оддалеченост и колку често се гледаат со сродниците. Доколку сродниците се поблиску, тогаш нивните посети се почести. Но, од друга страна, редукцијата на посетите не мора нужно да значи дека и интимниот тип односи се променил. Така, семејствата што имаат роднини на друго место (село, град) сродничката комуникација ја извршуваат со заемни посети во согласност со слободното време, а особено развена е телефонската комуникација. Особено се чести патувањата на семејствата што имаат имот (семејна

* Ова се однесува на скоро сите имигранти без разлика од кој крај на Македонија потекнуваат. Доколку пак сообраќајната поврзаност со нивното матично место била поволна, тогаш нивното настојување да задржат дел од имотот во нивното матично место било поголемо.

* Цитирано според: Eugene Litwar, "Geographic Mobility and Extended Family Connection", in: *American Sociological Review* 1960, Vol. 25, No 3, 385-394.

или лична сопственост) и куќа, или ако родителите или некој од сродниците се болни или немоќни. Така, како интимни сродници може да се означат оние што семејството ги посетува кога е тоа можно, а во меѓувреме контактот го одржуваат со телефонска комуникација. Во последниот период (90-тите години на XX век) се забележува редукција како на посетите така и на телефонската комуникација, поради економската криза, која се манифестира со осиромашување на населението, невработеност. Воопшто, може да се каже дека, без оглед на формите на нивното изразување, помеѓу семејството и категоријата интимни сродници се воспоставени и траат моделите на заемно помагање, солидарност и колективизам, кои се основни вредности на традициската култура (Ивановић, 1988 : 164).

Ефективниот тип роднички односи се јавуваат како секундарно ниво на размена на сродството. Во овој тип сродници, според генеалошката припадност, најчесто се вбројуваат сродниците на паралелно ниво со брачните сопружници и нивните родители, што значи дека тука би биле чичковци, вујковци, тетки на сопружниците и нивните деца, односно братучеди и братучетки на сопружниците. Ги одликуваат поретки и помалку блиски контакти од кој било вид. Овие врски се обновуваат низ меѓусебни периодични посети и при пригодни ситуации, како што се свадби, погреби, и останати свечености и обреди врзани за „народната“ култура. Припадноста на оваа сродничка категорија подразбира обврска на покана и прифаќање на поканата на овие церемонијални настани. Особено силно е развиено чувството на должност да се присуствува на погребите и помените, и на тој начин да се искаже сочувствувањето со болката на сродникот, а со тоа и почитување на врската што постои меѓу нив. Сочувствување со болката на сродникот има и во случаи кога некој сродник ќе се разболе. Во вакви случаи и доколку не се посети болниот, тогаш редовно се засилува телефонската комуникација. Овие односи не се лишени од секоја обврзаност, која се изразува особено во кризните ситуации, но ја нема онаа блискост што би обезбедувала и помош во домашните работи и активности. Овде е поизразен индивидуалниот избор на однесување.

Ако се разгледува составот на групата на ефективните сродници, се забележува поголем степен на изедначување на односите со вирилинеарните и уксорилинеарните сродници. Во овој тип односи се опфатени личностите (и нивните потомци) со кои сопружниците во детството, додека родителите ги одржувале и негувале тие врски, биле во близок допир, но со тек на време се оддалечиле и не продолжиле со нив да имаат подлабоки контакти.

За ефективните сроднички односи не се карактеристични моделите на постојано помагање по пат на материјална размена и работна помош, па така нема ни слобода сродниците да си се обратат еден на друг за услуги за планирање на семејните активности, кои се

основни содржини со кои се одликуваат односите со интимните сродници како сродничка категорија, која на семејството му е социјално најблиска. Меѓутоа, она што се јавува како заедничка особина на односите кон сродството, без обѕир на степенот на остварена блискост, се моделите на солидарност и колективизам, кои се применуваат во изразито кризни ситуации. Кога од која било причина – објективна или субјективна ќе затајат односите со интимните сродници, семејството може да се ориентира и да очекува помош од своите секундарни сродници. Така, овие односи изгледаат како дополнително поле на сигурност, особено во психоемотивна смисла (социјална идентификација) (Ивановић, 1988 : 165).

### Традициски систем на вредности во семејствата и сродничките односи во периодот од 90-тите години на XX век до денес

Најновите општествено-економски и политички промени што ја зафатија Македонија, од крајот на 80-тите и почетокот на 90-тите години на XX век, (економска криза во поранешната СФРЈ, процесите на распаѓање на федерацијата), нејзиното одделување од поранешната СФРЈ и создавањето на самостојна Македонија, транзицискиот период во кој се наоѓаат општествата со распаѓањето на социјалистичкиот систем, а кој за жал во Македонија сè уште трае, период во кој треба да се премине од општествена сопственост во приватна сопственост, свој одраз остави и во традицискиот систем на вредности во семејствата и сродничките односи.

Функцијата на сродничките односи како механизам на социјална идентификација е значајна како одбрана против изолација и чувство на осаменост, што е особено изразена во големите градови. Втора, но, не помалку важна улога на тие односи е во врска со практичната помош и поддршка, која сродниците ја даваат едни на други. Секако дека претераното свртување кон сродниците има и свои негативни страни, да го спомснеме на пример непотизмот, или помалата индивидуалност на семејството. Практичната помош и поддршка е особено изразена во најновиот транзициски период, време на економска криза, период кој исто така покажува дека се јавуваат алтернативни мрежи во сродничките односи. Ова можеме да го видиме во доградувањето на постојната куќа, за да се обезбеди сместување за своите деца, најчесто за синовите, било во хоризонтала или во вертикала, што е во зависност од градежната дозвола, но, многу почесто од расположливото место.

На овој начин повторно на сцена стапува традиционалниот образец, родителите да го поделат имотот на децата, во прв ред на синовите. Скорешните трудови во врска со наследството во западните земји, ја покажуваат сè поголемата важност на сродничките односи, и ги

истражуваат новите облици на негово пренесување. Тоа не се одвива како во минатото, одеднаш, по смртта на родителите, туку е распрснато во време: кога денеска со започнување на работата, синот може да смета на наследството дури по татковата смрт, кога и самиот ќе биде на возраст пред пензија. Преносот на наследство се организира помеко, во текот на целиот животен циклус на семејството, така што родителите им помагаат на децата за време на студиите, при венчавањето и воспоставувањето на брачната заедница, итн. (Segalen, 1997, 20 : 40). Оваа состојба сè поприсутна е и кај нас, кога наследството не е поделено, иако синовите живеат во нивни сопствени домаќинства. Практиката, најмалиот син, или едно од децата да остане со родителите, во најновиот период сè повеќе е присутно, и тоа особено кај пониският слој од населението. Но, не можеме да кажеме едноставно дека дејствува силата на традицијата, бидејќи во прашање се и други фактори. Најновиот период, периодот на транзиција, периодот на запаѓање на земјата во голема економска криза, се чини дека најмногу го покажува токму создавањето на бинуклеусни фамилии, каде живеењето на синот со таткото е подолг период, со самиот факт што животниот век е продолжен, а од друга страна, делењето на наследството се одложува за подолг период. Овој период, зависно од низа околности во општеството и фамилиите, односите татко/син, може да покажуваат различни страни, односно или да бидат балансирани, или пак да доаѓа до поголеми конфликтни ситуации.

Немањето простор, но најчесто финансиски средства за обезбедување домување на децата, се и причина во најново време, постарата генерација, односно токму оние што дошле во градот, сега како пензионери, да почнат да се враќаат во нивните родни места, за да им ја отстапат куќата или станот на децата. Исто така, раширена практика е, доколку децата имаат обезбедено домување, а родителите се вратиле во родното место, станот или куќата да го издаваат под кирија, што секако е дополнителен услов за обезбедување финансиски средства. Практичната помош и поддршка на сродниците низ размена на домашни работи и услуги е евидентна, но, на неа се посветува мало внимание, веројатно тргнувајќи од нашиот менталитет, дека тоа се секојдневни активности околу домаќинството. Ако се спомене грижата за стари и болни лица, или грижата за децата (иако во најновиот период доверувањето на децата во предучилишни установи зема голем замав со низата предности, сепак во најмалата возраст на децата, некаде околу 1-2 година, доколку има кој да ги чува децата, не се даваат многу во предучилишните установи, што се должи на мислењето дека за таа детска возраст можеби е најдобра грижата во домашни услови, сепак претставува и финансиско олеснување за родителите), станува јасно дека тие имаат значајна улога во животот на семејството, затоа што тоа се проблеми кои семејството од различни причини не може да ги реши.

Меѓусебната помош – работи, материјална помош, услуги, помош, совети, итн. што кружат меѓу роднините, не се ни со иста големина, ни со иста содржина. Во еден момент од животот родителите им даваат на своите деца, кои веројатно подоцна ќе им помогнат во време на нивната старост, додека во исто време ќе им даваат на своите сопствени деца.[9] Би било прифатливо да се зборува за кружни процеси (циклуси), дека таа синтагма ја зема во обѕир идејата за одложено враќање и идејата за нормативно очекување. Така се враќаме на дефиницијата на М. Фортес (1969 : 242) „сродството соединува, тоа создава права и морални обврски од кои не може да се ослободи". Но, тие обврски не се претходно утврдени правила, туку тие даваат податна рамка која ја обликуваат културните, општествените и стопанските сили (Segalen, 1997, 20 : 42-43; Segalen, 1998, II : 27).

Ако функциите на несемејните роднински односи се разгледуваат во поширока општествена ситуација, во која во денешно време семејствата имаат сè помала економска моќ, а од друга страна, непостоење на доволно развиен облик на општествена солидарност за помош на поединци и семејства, се воочува дека сродничките односи имаат и пошироко социјално значење. Во оваа смисла, овие врски би можеле да се разгледуваат на општ план како многу функционално поле на социјална помош, која во моментите на лични и семејни кризи дејствува како еден, а често и единствен начин на нивно совладување (Ивановић, 1988 : 165-166). Во оваа насока се и некои европски современи истражувања, каде во најразлични општествени сегменти ја откриваат важноста на сродничките врски: на подрачјето на вработувањето и работата, живеењето, внатре во семејството како меѓусебна помош, симболичка поддршка, размена. Употребата на тие поими не е неутрална и сè почестото појавување на терминот „солидарност" се однесува на кризата на социјалната држава и социјалната заштита: (Segalen, 1997, 20 : 39[10]).

Но, ако како норматив определиме дека семејството во однос на пошироките роднински врски, очекува сродниците да му помагаат во совладувањето на определени животни ситуации, тогаш може да се каже дека и семејството во нашето општество е помалку индивидуално од семејствата во современите општества на Запад, каде

[9] Во овој контекст може да се посочи едно народно кажување, во кое се вели дека некој човек секој ден купувал по 6 леба. Љубопитниот продавач еден ден го прашал: „Ве гледам секој ден купувате по 6 леба, зар толку многу јадете? – Па да, возвратил човекот. Два купувам за да вратам, два за да се задолжам и два за мене и за сопругата". Бидејќи на продавачот не му било јасно како истовремено враќал и се задолжувал, човекот му одговорил: „Два им враќам на моите родители, а два се задолжувам кај моите деца". (LIFE, бр. 1, јануари 2006, стр. 78).
[10] Според: Segalen, Martine 1993: *Sociologie de la famille,* Armand Colin, Paris, III. izdanje.

индивидуализмот и индивидуалното постигнување се дел од основните вредности (Ивановић, 1988 : 166).[11]

Ако се осврнеме на половите улоги и вредносните ставови што постоеле за нив, можеме да констатираме дека има промени. Ако во минатото жената се ценела по тоа колку е вредна домаќинка, нејзиното место да биде во куќата, токму најновиот период покажува отстапување од традиционално доделеното место на жената во куќата. Доволен доказ за тоа се исказите на сè поголем број испитаници, и тоа главно од стара генерација, кај кои и традициските сфаќања најбавно се менуваат, дека денес на висока цена се жените што работат, или пак добра девојка е онаа што има работа. За промената на нивното сфаќање секако дека придонесуваат и општите економски и општествени промени што се случуваат во земјата.

Поновите истражувања истакнуваат дека треба да се прошири полето на истражување кон здружување на индивидуата со други општествени групи на собирање: пријателство, соседство, група на работа, спортска група, итн. Тогаш категориите на сродство се јавуваат како културна матрица која го обликува начинот на кој луѓето ги претставуваат своите односи со другите (Saliot, Segalen, & Zonabend, 2002 : 111). Токму вакви здружувања – соседство, пријателство, здружување со колеги од работа, е присутно во последните неколку децении, особено во градски средини. Многу често е поголема потпората за каква било помош од соседите или колегите на работа, отколку од сродниците. Причината за ова можеме да ја најдеме во фактот што луѓето во градот, поради брзото темпо на живот, имаат поинтензивни и поинтимни комуникации со соседите, пријателите или колегите, со кои се и речиси секојдневно во контакт, отколку со своите сродници.* Многу често, за да се зацврстат овие пријателства, од овој ред се избираат кумови и старосвати на свадба.

За современата култура, можеме да констатираме дека обемот на сродничката поврзаност не е толку голем како во минатото, видовме дека тие се најинтензивни со првата генерација по нагорна и надолна

[11] На позитивните и негативните страни на сродничката помош укажаа социолошките истражувања посветени на проблемот на прошireното семејство („задруга“) и современото југословенско семејство уште во 70-тите години на XX-тиот век. Основните вредности на традиционалната култура – моделите на заемно помагање, солидарност и колективизам, несомнено имале позитивно значење за општествениот развиток. Но, силната приврзаност кон роднините и вредностите кои ги обврзуваат сродниците по секоја цена да помогнат – доведуваат до низа негативни појави. По оценката на Ц. Костиќ, фамилијаризмот претставува сериозна пречка за брзиот развој на општеството (Burić, 1973 : 93).

* Ова го констатираат и информаторите од постарата генерација. За нив, повоениот период, со започнување на миграциите село/град, станува пресуден за поинтензивни и поинтимни комуникации со пријателите, отколку со роднините, со што слабеат и сродничките врски. АИФ м.л. бр. 3738, инф. Славка Стојановска, р. 1922 г. во с. Кривјани – Преспа. Снимила: В. Петреска во с. Подмочани – Преспа во 2000 г.

линија, како и со сродниците на паралелно ниво со субјектот, односно браќата и сестрите. Генерално зборувајќи за современоста, може да се каже дека влијанието на градот е големо и кај сродниците преселени во градот и кај оние останати во селата, и дека е доминантно влијанието на градската култура, што се одлики на процесите на урбанизација и модернизација. Аналогно на тоа како одлика на овие процеси, на сцена стапуваат индивидуалната и личната иницијатива. Можеме да зборуваме и донекаде за унификација на рурално-урбана култура (Прошић-Дворнић, 1993 : 42). Меѓутоа, сепак, мораме да кажеме дека во дадени околности луѓето употребуваат нешто што тие го чувствуваат ефикасно од стариот начин на живеење, но, во модифицирана верзија и во согласност со новите потреби од секојдневниот живот. На пример, користењето и функционирањето на сродничките врски, а подоцна и другите форми на здружување – пријателство, соседство, колеги, итн., се присутни од почетокот на разгледуваниот период, односно социјалистичкиот до најновиот.[12]

Ова е потврда дека „традицијата“ не е статична, но, дека е таа динамична и способна за промени од минатото, или пак определени нејзини делови во пригодни моменти, иако претходно заборавени, повторно да излезат на површина.

## Литература:


**Антонијевић,** Драгослав 1969: „Етнолошка структурираност стихијних насеља данашње имиграције Титовог Ужица“, во: *Гласник Етнографског Института,* књ. XI-XV, (1962-1966), Београд, стр. 77-96.

**Burić,** Olivera 1973: „Porodična zadruga i savremena jugoslovenska porodica„, vo: *Sociologija sela,* 40-42, Beograd.


[12] Доволно е да се потсетиме само дека сродничките врски ги користеа при преселување во градот, за вршење приватни или државни работи; барање вработување; во економската криза што ја зафати Југословенската федерација, некаде околу 80-тите години на XX век, кога имаше криза за прехранбени и хигиенски продукти (масло за јадење, кафе, прашок за перење); за гориво, итн., сродничките, но, и пријателските и соседските врски прекрасно функционираа за помош (на пример доколку некој сродник или пријател работи во продавница да зачува од дојдените продукти или пак во најмала рака да биде навремено информиран кога доаѓаат продуктите). За време на кризата со електрична енергија, која беше приближно во тој период, кога регионите во градот се исклучуваа по неколку часа, сродниците од регионот кој беше на ред за исклучување во определениот ден, одеа на посета кај нивни сродници во друг регион кој не беше исклучен, во кој случај можеме да го видиме и меѓусебното дружење меѓу нив. Сродничките и пријателските врски се користат и денес и тоа во многу области, кои дури изгледаат и банално. Ова го потврдува добро познатиот став дека за најголем број општества, со цел да се разбере социјалната интеракција, однесувањето, мотивацијата, основно е да се знае како функционира нивниот сроднички систем. Или пак, иако се смета дека „сродството соединува, создава права и морални обврски од кои не може да се ослободи“, но, сепак тие обврски не се претходно утврдени правила, туку тие даваат погодна рамка, која ја обликуваат културните, општествените и стопанските сили (Segalen, 1997 : 43).

**Golubović,** Zagorka 1973: „Teorisko-metodološki problemi i iskustva u istraživanju porodice kao totaliteta„, vo: *Sociologija sela. Brak, porodica i srodstvo u selu.* Centar za sociologiju sela, Instituta za društvena istraživanja sveučilišta u Zagrebu.

**Golubović,** Zagorka 1976: „Promene u strukturi porodice u Srbiji posmatrane u kontekstu društveno-kulturne sredine„, vo: *Sociologija* 3-4, Časopis za sociologiju, socijalnu psihologiju i socijalnu antropologiju, Beograd.

**Гребенарова,** Славка 2001: „Семейният и роднински конфликт в малкия град и ролята на жената в постсоциалистическото общество“, во: *Българска етнология,* Етнографски Институт с музей, БАН, год. XXVII, бр. 2, София, стр. 79-100.

**Гуди,** Джак 2005: *Европейското семейство.* София.

**Ђорђевић,** Јадранка 2001: *Сродничка односи у Врању.* САНУ; Етнографски институт, Посебна издања, књ. 45, Београд.

**Erlich,** St. Vera 1971 (1964): *Jugoslovenska porodica u transformaciji. Studija u tri stotina sela.* Liber, Zagreb.

**Ивановић,** Зорица 1988: „Градска породица у систему сродничких односа – прилог проучавању“ во: *Етнолошке свеске,* IX, Београд, стр. 155-167.

**Niedermüller,** Péter 1987: **„**Urban Anthropology and the Life History Approach (Preliminary remarks)“, in: *Village and town,* The second Finnish-Hungarian Symposium on ethnology, Budapest_Noszvaj August 25-21, 1986, Hungarian Ethnographical Society, Budapest., p. 151-157.

**Павловић,** М. Јеремија 1929: *Малешево и Малешевци.* Београд.

**Петреска,** Весна 2005: *Систем на сродство кај Македонците.* Институт за фолклор „Марко Цепенков“ - Скопје, Посебни изданија, кн. 59, Скопје.

**Петреска,** Весна 2008: *Етнографија на современиот семеен живот во македонското семејство. Традициски и нови културни модели во обредноста и современиот живот.* Институт за фолклор „Марко Цепенков“ – Скопје, Посебни изданија, кн. 70, Скопје.

**Прошић-Дворнић,** Мирјана 1993: „Односи америчке културне антропологије и српске етнологије“, во: *Гласник Етнографског Института,* књ. XLII, Београд, стр. 33-53.

**Salitot,** Michelle; **Segalen,** Martine; **Zonabend,** Françoise 2002: „Antropologija srodstva i suvremena društva“, vo: *Drugi i sličan. Pogledi na etnologiju suvremenih društava.* Zagreb, str. 105-117.

**Segalen,** Martine 1997: „Srodstveni odnosi u zapadnim (zapadnoeuropskim) društvima. Povijesne i suvremene perspektive“, vo: *Etnološka tribina,* 20, Zagreb, str. 29-47.

**Segalen,** Martine 1998: „Family and kinship in Europe“, in: *MESS,* vol. II, Piran/Pirano, Slovenia 1996, Inštitut za multikulturne raziskave, Ljubljana, str. 21-32.

**Синадиновски,** Јаким; **Ивановски,** Стоилко; **Панов,** Митко; **Ѓоргов,** Ане; **Груевски,** Зоре; **Пипан,** Алојз; **Василевски, Ч**едо; **Симеонов,** Љупчо; **Терзијанова,** Славка; **Ристевски,** Тихомир; **Милиќ,** Милица **и Шукарова** Љубинка 1971: *Социјалните појави и проблеми на Скопје,* Завод за социјални прашања на СРМ, Фонд за социјални дејности на Скопје, Скопје.

***Статистички годишник на Скопје,* Скопје, 1968.**

**Требјешанин,** Жарко 1991: *Претстава о детету у српској култури,* Београд.

**Филиповић,** Миленко 1939: *Обичаји и веровања у Скопској Котлини.* СКА, СЕЗ, књ. LIV, Друго одељење, Живот и обичаји народни, књ. 24, Београд.

Аница Ѓорѓиевска
археолог, Завод и музеј, Битола

# ВО СВЕТОТ НА МАКЕДОНСКИТЕ МОЗАИЦИ

Камен е првото нешто на што помислуваме кога ќе се спомене зборот мозаик. Но, мозаикот не настанал од камен туку од земја.

Се претпоставува дека првиот мозаик се појавил во Месопотамија (денешен Ирак) во 4 милениум пр. н.е., поточно во градот Урук, најголемиот сумерски религиозен и административен центар, познат од епот за Гилгамеш како еден од најстарите градови во светот. Во еден од храмовите на градот Урук се наоѓал голем простран заграден двор и широк трем со два реда столбови од тула. Тие столбови биле обложени со дебел слој црно-бели и црвени керамички конуси од печена глина[1] изведени во мозаик.

Во долгиот тек на историјата материјалите се менувале, и на крај каменот станал доминантен, но техниката останала иста: мноштво фрагменти од тесери се втискуваат во подлога.

Технички можат да се разликуваат два вида мозаици: мозаик составен од коцкички (opus tesselatum) и мозаик составен од мали и неправилни парчиња (opus vermikulatum). Првиот е погоден за изработка на геометриски мотиви, додека вториот, поради поголема прецизност, е користен за фигурални композиции. Со мозаиците најпрво се украсувани подовите и ѕидовите, а подоцна и таваните.

Подните мозаици од класичното време се сочувани во ограничен број, главно во Грција и на малоазискиот брег (мозаик од Олинт и Сикион).

На територијата на античка Македонија првите мозаици се изработувани во V век пр. Хр. и тоа од белутрак, најпрво чисто орнаментални, а веќе од IV век пр. Хр. претставувани се фигурални сцени. Гнос е најстариот познат мозаичар по име, кој ги сигнирал фигуралните мозаици во Пела (320 - 300 г.)

Од III век пр. Хр се применува повеќе мозаичарската техника tesselatum и тоа најпрво во Пергамон и Александрија и на Сицилија. Од хеленистичките мозаици најквалитетните се откриени во Пергамон, Александрија и во Делос.

[1] Arheološki leksikon, priredil. D. Srejovič, Savremena administracija, Beograd, 1997, 683, 684

Кон крајот на II век пр. Хр. мозаикот доживува експанзија во Римското Царство. Од I век /н.е до IV в. по Хр. постигнато е најголемото производство на мозаични подови. Ремек - дела се протегаат од Мерида во Шпанија до Антиохија во Сирија, од Картагина во Африка до Дорсета во Британија, со центри во Рим и Остија, потоа во Триер и Цариград.

Античкиот мозаик имал исклучиво декоративна функција, бил во служба на култот на царот, глорификувајќи ја моќта и сетилните уживања. Тој пред сѐ се развивал од орнаментално до илузионистичко прикажување Најпознат е Александровиот мозаик во Помпеја, на кој е претставена битката помеѓу Александар Македонски и персискиот крал Дариј.



СЛИКА1 Охрид, Плаошник, Ранoримски мозаик

Во времето на доцниот републикански период и раното царство, мозаиците главно биле двобојни, односно црно-бели. Нешто подоцна стануваат полихромни. Почнувајќи од времето на Флавиевците мозаичарите често го поддржувале монументалното сликарство. Геометриските и вегетабилните мотиви се споени во композиции кои ги покриваат големите подни површини, или се распоредени околу централниот панел.

Мозаиците биле омилени во сите римски провинции. Најпознати се северноафриканските, сицилијанските и антиохиските мозаици од крајот на 3 и прва половина на 4 век. На истата епоха ѝ припаѓаат и познатите мозаици од раскошната вила во Пјаца Армерина.

Ранохристијанската уметност ја презела техниката на мозаикот во украсувањето на црквите. Но за разлика од античкиот, христијанскиот мозаик во суштина е со идеен карактер, неодвојлив е од основната христијанска вистина. По содржина паганските мотиви во почетокот се мешаат со христијанската симболика, фигурата на Орфеј ја заменува Христос, животните не се повеќе во функција да ја опишуваат сцената од ловот, туку да го илустрираат Евангелието, симболично да го претставаат она што подоцна ќе се прикажува нескриено, со човечка фигура. Ширум низ Царството, на местата на дотогашните скромни ораториуми

и мартириуми, се подигаат монументални базилики во кои мозаичарската уметност добива сè поголемо значење. Благодарејќи на бројните работилници, посебно на оние во епископските центри, како и активностите на патувачките мајстори, мозаикот продира во сите општествени слоеви. Тоа го потврдуваат натписите изведени на мозаичните подови во храмовите. Нив ги нарачувале високи достоинственици, и често скромни анонимни граѓани. Со VII век по Хр. се завршува историјата на подните мозаици во Римското Царство, долга скоро илјада и петстотини години.

Јустинијановата епоха е време на врвот на ѕидниот мозаик, скоро секогаш работен со стаклена паста. Мозаикот е врзан за големите центри, а тоа се пред сè престолнината Цариград, и Рим, пред сè Солун како втор град на Истокот и Равена (како што претходно беа Антиохија и Александрија). Мајсторите мозаичари засновале и свои работилници и на други места, како во Венеција, Палермо, Монреал. Византиската уметност бележи втор по ред епохален процут на мозаичарската техника.



СЛИКА2 Охрид, Плаошник, Поликонхална црква

Балканскиот Полуостров како раскрсница на многу патишта и гранична област помеѓу двете царства, Римското и Византиското бележи многу познати наоѓалишта, а посебно Македонија предничи во тој поглед.

Најстариот мозаик е откриен во Охрид – Плаошник, кој му припаѓа на раноримскиот период. [2]

**Лихнид – денешен Охрид**, кој до IV век по Хр. се наоѓал во римската провинција Македонија, со Диоклецијановата најверојатно влегол во рамките на новоформираната провинција Нов Епир со седиште во Дирахион, сето ова споменато во Итинерариум Бурдигаленсис од 333 г.

Градот како значајно епископско седиште сместен на главната комуникација, Кандавискиот Пат и Виа Егнатиа, од секогаш бил отворен и подложен на различни струења на културните текови.

Мозаичните подови со својата разнообразна декорација нудат можност за одредување на извесни врски меѓу црковните центри во кои

[2] Благодарност до г. Паско Кузман за отстапената фотографија

се откриени ранохристијански градби. Истите отвораат многу прашања и даваат можност за поставување на врски меѓу Истокот и Западот.

Одредени геометриски теми, или стилизирани флорални елементи од базиликата во Октиси и во Свети Еразмо од првата половина на 5 век имаат свои пандани во епирскиот простор, како во Аполонија, Елбасан. Меѓутоа овој стил на геометризам, касетираност, или честата употреба на аглеста розета која со квадратните полиња создава претстава на длабочина и перспектива се среќава и во источниот и во западниот Илирик. Тие елементи се присутни на мозаиците од IV век по Хр. во широката регија во базиликата во Монастеро во Аквилеја, во Диоклецијановата палата во Сплит, во Аполонија, во Стоби во епископскиот комплекс, во базиликите во Тесалоника и Филипи.

Монументалната епископска црква во Лихнид ќе биде парафразирана во Лин на западниот брег на Охридското Езеро. Геометриската и стилизирана флорална декорација од охридската катедрална црква како осмолисната розета со крст впишан во квадрати, лотосот во лента, мотивот на шишарка, сето тоа се среќава во Лин.

Рајските реки фигурално изведени во крстилницата од поликонхосот како иконографска тема е многу ретка појава. Претставата на рајските реки во вид на човечки глави придружени со натписи и илустрација на Фонтаната на животот и изведени во крстилницата и во северниот анекс.[3]



СЛИКА3 Стоби, мозаичен под од крстилницата во Епископска базилика

Четирите рајски реки биле само потоците што избиваат од небескиот свод и се доминантни во западниот медитерански простор, но во Лихнид тие се придружени со омилената тема на мозаиците од Македонија, Фонтаната на животот, или изворот на животот.

Во таа смисла голема блискост во основната претстава на афронтираните

[3] В. Битракова - Грозданова, За мозаиците од Lyhnidos, Епир и Македонија, Пелагонитиса, Списание за православна вера, култура, образование и уметност, година втора, број, Битола, 1997, 73-81

животни и птици се среќаваат и во Хераклеја и во Стоби. Кај сите нив заедничко е тоа што водата од изворот се излева преку шишарка.

Друг археолошки локалитет со богати мозаични подови е Стоби. Првобитно Стоби се наоѓал во Источна Панонија, но со доаѓањето на Римјаните ѝ припаднал на третата македонска област, а од IV век на римската провинција Салутарис. Кон крајот на V или почетокот на VI век Стоби стана главен град на провинцијата Македонија Секунда.

Распространета е на раскрсницата на патот север-југ (Сирмијум-Солун) со патот североисток-југозапад (Сердика, Хераклеја Дирахион).

Ископани се 18 подни мозаици: 4 од Епископската базилика, 4 од Полихармосовата палата, 1 од Перистериината, 4 од Теодосиевата и 1 од Партениусовата палата, мозаик во нартексот северно од нартексот на северната базилика.

Станува збор за симетрични слики со евхаристично значење, афронтирани пауни, птици, елени свртени кон изворот дефиниран во вид на кантарос или фонтана[4].

Едно од највпечатливите наоѓалишта е **Хераклеја Линкестис кај Битола**. Нејзиното основање се доведува во врска со Филип Втори Македонски, во IV в. пр. н.е. Хераклеја бил главен град на Линкестида, област во Горна Македонија. Во своето илјадагодишно постоење и развој градот доживеал висок процут во раноцарската римска епоха. Во голема мера тоа е резултат на неговата локација на познатата сообраќајна артерија на римското Царство Виа Егнатиа. Благодарение на тоа во Хераклеја ќе се вкрстат најразлични влијанија од западните и источните покраини на Римското Царство.



СЛИКА4 Хераклеја Линкестис, мозаичен под од наосот во Големата базилика

Со обемните систематски археолошки истражувања Хераклеја повторно го покажува својот урбан лик и неговиот развој низ периодите.

[4] Г. Томашевиќ, Цветковиќ, Рановизантиски подни мозаици, ФФ. Београд, Београд, 1978, 30, 31

Голем предизвик и неодминлива привлечност не само за македонската археологија туку и за светската се подните мозаици протолкувани од многу познати научници.

Распослани на околу 1300 м$^2$ површина секоја претстава на овие мозаици претставува вистинско исповедување на христијанската вера. Со помош на симболичкиот јазик пак ја препознава древната азбука на христијанскиот религиозен систем, а со пораката која ја влече од длабочините на корените на ранохристијанската уметност, мистично го регистрира христијанскиот пулс. Сите простории се патосани со мозаици во opus tessalatym, сложени од илјадници неверојатно ситни камчиња во најразлични бои. Некои се вистински ремек - дела коишто заслужуваат големо восхитување. Се среќаваат најразновидни геометриски шари, розети, плетенки, меандри, кругови, а честопати рибини коски и плетен крст. Во таа уметничка декорација чести се мотивите од растителниот и животинскиот свет со необично наивна верност во прикажувањето. Употребата на овој објект била од IV до VI век по Хр.

Секој мозаик во овие одделенија е со единствена убавина, но ремек - дело на ранохристијанската уметност претставува мозаикот на подот во нартексот. Хераклејскиот мозаичар на површина од преку 100 метра квадратни создал композиција идентификувана како претстава на универзумот[5].



СЛИКА5 Велјуса, Богородица Милостива, дел од централен мозаичен под во наосот и олтарот

Нема да биде претерување ако кажеме дека Панорамата на универзумот во Хераклеја е еден скапоцен документ од тоа време. Тоа е хармонична слика од која се шири атмосфера на еден духовен мир и мистериозно во себе содржи цел еден христијански живот, со сите негови страдања, за деновите на вистината и светлината. Боите на камчињата се силни со сета нивна потполност и јачина, екстаза што е можна само кај смртници чија душа може совршено да ги восприема светите, духов-

[5] А. Ѓорѓиевска, Уметноста на ранохристијанските мозаици во Хераклеа Линкестис, Материјали од 8 летна научна средба, Христијанската идея во историята на културата во Европа, София 2001, 65-71

ните дарови, или воопшто кажано „духот е приспособен за созерцавање на божествените работи“.

И додека мозаикот во нартексот на Големата базилика е вистинско уметничко ремек - дело на ранохристијанската уметност мозаикот на подот во трпезаријата на Епископската резиденција во уметничка смисла на зборот спаѓа во просечна продукција на подните мозаици од VI век по Хр[6]. Нивното значење и не е во уметничката вредност, туку во нивната симболика и иконографија произлезена од таа симболика која тука е многу силна и речита. Очигледно фигуралните мотиви кои тука изгледаат апстрактно, нереално, не служат да претстават, туку да означат, да пренесат. Овој мозаик всушност е визуелно сведоштво дека сите ние сме на стојалиштето каде што некогаш стоела сегашноста.

Стилските и иконографските карактеристики на хераклејските подни мозаици ги доближуваат до мозаиците во Стоби и во Лихнидос во Македонија, но и во Никополис во Стар Епир, што можеби претставува едно уметничко подрачје. Истовремено овие карактеристики укажуваат на новата византиска уметност која е во својот зачеток.

И Стоби и Лихнид, а секако и Хераклеја Линкестис, претставувале значајни црковни седишта кои не само што примале нови идеи од повеќе страни, туку веројатно со своите богато декорирани цркви исто толку претставувале и инспирација во декорирањето на базиликите во други христијански центри.

Со бројното присуство на мозаичните комплекси и со застапеноста на исти мотиви сè повеќе се наметнува претпоставката за постоење на едно занаетчиско ателје на мозаичари. Покрај локалните омилени теми одвреме - навреме доаѓале свежи идеи за декорирањето на подовите и на ѕидовите во црквите. Заемното комуницирање и размена на мотивите од Исток преку Македонија кон Запад и обратно резултирале со толкаво присуство на различни декоративни елементи.

Дека мозаикот продолжува да се негува и во средновековието (10-12 век) односно поконкретно во времето на македонската династија зборува постоењето на подни мозаични површини пред сè во црквените објекти. Изработени се во техника сектиле со стилизирана геометриска орнаментика. Најстари се оние во Плаошник, стариот храм на Св. Пантелејмон, Св. Наум, во олтарниот простор на охридската Св. Софија, Child Мородвиз, Богородица Елеуса во Велјуса.

Оваа македонска ренесанса ја одразува средновизантиската мозаична уметност, која и по техника и по мотиви, а пред сè по стил може да се сретне и во Равена, Киев, Константинопол.

---

[6] [6] Г. Томашевиќ, Цветковиќ, Корпус рановизантијских подних мозаика у епископском двору у Хераклеји Линкестис, Београд, 2002, 30.

Мозаикот е уметност. Редењето на разнобојни коцкички и глазирани парченца обоена керамика или обоено стакло во основа од малтер претставува макотрпна работа која бара и физичка вештина. Ефектот на мозаикот секако се должи на она што го нарекуваме уметнички талент со кој е остварен естетскиот ефект на делото. Но, секако мора да го запреме здивот пред огромните површини, најчесто на подовите и на ѕидовите на сакралните објекти, на кои се докажува спојот на човечката стрпливост и уметничката визија. Експресионизмот во Лихнид, нарацијата во Стоби, симболизмот во Хераклеја, ги обединува една заедничка порака – величење на христијанството. Едно единствено обележје за верноста и љубовта на луѓето од Македонија кон Бога.

Ѓорѓе Младеновски

# РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА: ВО ПОТРАГА ЗА ЕДНА НОВА МУЛТИКУЛТУРНА КОНФИГУРАЦИЈА

Балканот е познат по својата етничка и културна разнообразност, а Македонија би можело да се каже е епитом на таа разнообразност. Несомнено оваа „длабока разнообразност" (Taylor, 1994) има позитивна вредност. Меѓутоа, исто така, таа ја прави Македонија релативно фрагилна и ранлива на надворешните притисоци (економски, политички, културни дури симболички, како во случај со името). Затоа артикулацијата и ефективната организација на оваа разнообразност за нас има големо егзистенцијално значење бидејќи тоа е предуслов за нејзината стабилност. Без тоа постои опасност од нарушување на етничките, религиските и културните односи во Р. Македонија што може да доведе до пораст на тензиите и појава на конфликти кои можат да имаат деструктивни последици врз функционалната конзистенција на македонското општество.

Терминот мултикултурно општество најдобро ја изразува природата на македонската разнообразност. Во последната деценија, зборот мултикултурализам заедно со зборот глобализација, е најчесто употребуван збор и тоа не само во научната литература туку и во популарната литература, во обидот да се разберат најфундаменталните и најдраматичните промени што се случија во последниве 50 години во главните подрачја на човековиот живот: економијата, политиката и културата (Kivisto, 2002: 2). Дури и повеќе, поимот мултикултурализам под влијанието на процесот на глобализација почна да се прифаќа како вистинска парадигма за постмодерното глобално време и сѐ повеќе општества се повикуваат на него при настојувањето да најдат глобално решение на прашањата на образованието, науката, политиката и социјалната политика (Samad, 1977: 240).

Меѓутоа за различни луѓе поимот мултикултурализам означува различни нешта (Watson, 2000). Тој се употребува и како аналитички поим и како нормативен принцип, односно инволвира смеса на она што е и што треба да биде. Политикологот Бику Парек сугерира разлика помеѓу поимите мултикултурен и мултикултурализам. Првиот се однесува на фактот на културна разнообразност, вториот на нормативен одговор на тој факт. Како аналитички поим означува општество во кое постојат повеќе култури (Parekh, 2000: 7).

Поимот мултикултурни општества почна да се употребува во поново време, иако феноменот на културната разнообразност на општествата е многу стар. Овој поим ги замени претходно почесто користените поими плурални општества, мултиетнички или полиетнички општества. Свртувањето кон поимот мултикултурни општества се должи на повеќе фактори. Тоа е во врска со зголемениот интерес за културата во повеќе интелектуални полиња, „културната пресвртница“ во општествените науки или „новата културна свест“ на овие науки, но исто така, и можеби најмногу, во врска со длабоките промени што се случија во светот во последните децении посебно во културната сфера. Всушност, најдлабок генеративен контекст за преференцијалниот став кон поимот мултикултурно општество е самото социјално искуство и големото значење кое за теоријата и практиката го има ефикасното организирање на културната разновидност на овој тип општества кои претставуваат веќе 90% од сите општества во светот денес.

Кога зборуваме за мултикултурни општества, имаме на ум комплексни социјални феномени кои ги следат разлики и нееднаквости, кои пак се извор на тензија и конфликт меѓу колективитетите во рамките на едно општество. Овој тип општества, кои се состојат од повеќе етнички, културни, религиски и јазични групи, бидејќи се разликуваа од вообичаените социолошки и антрополошки модели за стабилни општества и култури кои доминираа во теоријата сѐ до шеесеттите години од минатиот век, долго време се посматраа како вид на „социолошка аномалија“ (Tumin, 1977: xii). Некои автори ја негираа легитимноста на овој тип општества. Сметаа дека тие општества со оглед на тоа што се поделени по религиски, идеолошки, јазични, културни, етнички или расни линии не можат да бидат стабилни и со самото тоа не можат да обезбедат мир и демократија неопходни за нивно успешно функционирање. Доминантно беше сфаќањето дека стабилно општество подразбира популација која е релативно хомогена по своите религиски, расни, етнички и национални корени. Што е похетерогена популацијата на едно општество во поглед на овие белези, поголема е веројатноста за нереди и конфликти. Тие практично претставуваат посебни подопштества со свои посебни политички партии, интересни групи и медиуми на комуникација (Ibidem, xii). На пример, Џон Стјуарт Мил тврдеше дека: „Во земја составена од многу различни народи практично се невозможни слободни институции... Меѓу луѓе без чувство за припаѓање на една заедница, особено ако тие читаат и пишуваат на различни јазици, не може да постои заедничко јавно мислење, неопходно за функционирање на претставничката влада“ (цитирано во Parekh, 2000: 46). Ернст Гелнер исто така ја негира можноста за едно автентично културно плурално општество во современи услови, иако признава дека во минатото таков тип општество добро функционирал (Gelner, 1983: 55).

Меѓутоа сè поголем број автори сметаат дека дури и во длабоко поделени општества е можна демократијата под претпоставка да е на дело консоцијаталната демократија или power sharing. Аренд Липхарт најистакнат претставник на оваа теорија го дефинира овој тип на демократија со помош на четири основни принципи: два примарни принципа (широка коалиција и сегментарна автономија) и два додатни или секундарни принципи (пропорционалност и малцинско вето) (Lijphart, 1977).

Теоретичарите на мултикултурализмот: Тејлор (Taylor, 1994), Кимлика (Kymlicka, 1995), Ападураи (Appadurai, 1996), Парек (Parekh, 1999; 2000) и др. своите дискусии за можноста на овој тип општества ги водат во рамките на идеите за граѓанство во плуралистичките демократии. Тие го дефинираат мултикултурализмот како начин да се зачуваат дискретните етнички идентитети, додека во исто време идејата за граѓанство треба да го обезбеди оној инклузивен идентитет кој ги обединува различните групи во рамките на едно општество.

Македонија со својата карактеристична конфигурација на дистинктни етнички, религиски и јазични групи извонредно добро ја илустрира идејата за комплексната природа на мултикултурните општества.[1] Нејзината разнообразност е резултат на специфичниот контекст на историскиот развој на регионот како целина и Македонија посебно. Таа се должи, исто така, на дејствувањето на процесите на фрагментација од рецентното минато, но и на промените што се случуваат во современиот свет, кои обично се означуваат со поимот глобализација.[2] (Може да се каже дека исто така и географијата на регионот, посебно во минатото, на одреден начин е одговорна за оваа разнообразност затоа што нејзината конфигурација одеше во прилог на компарментализација на нејзиното население, наместо на нејзино обединување.)

За нас денес е од посебно значење да разбереме како оваа длабока разновидност или мултикултурна конфигурација беше создадена, одржувана и понатаму развивана. Тоа може да ни помогне да ја разбереме деликатната положба на Македонија како мултикултурно општество, како и можните обрасци на интеретничка интеракција во иднина. Тоа може, исто така, значајно да влијае врз формулирањето на нејзината мултикултурна политика или пак врз определувањето стратегии за

---

[1] За илустрација, според последниот попис од 2002, етничката композиција на Република Македонија изгледа вака: Македонци (64, 18%), Албанци (25, 17%), Турци (3, 85%), Роми (2, 66%), Срби (1, 78%), Бошњаци (0, 84%), Власи (0, 48%) и други (1, 04%). Секоја од овие групи има свој посебен јазик. Што се однесува до религиската композиција православното христијанско население изнесува околу 70%, а муслиманско население е приближно околу 30%.

[2] Може да се каже дека исто така и географијата на регионот, посебно во минатото, на одреден начин е одговорна за оваа разнообразност, затоа што нејзината конфигурација одеше во прилог на компартментализација на нејзиното население, наместо на нејзино обединување.

справување со разорувачките ефекти на екцесивниот мултикултурализам.

Во ова настојување да дадеме краток шематски историски преглед на настанувањето на културната разнообразност на Македонија прво ќе се фокусираме на отоманската империја, на социјалниот и културниот контекст во кој се одвивал специфичниот историски и социјален развиток на Македонија во текот на повеќе векови. Ова мултиетничка, мултинационална, мултијазична, мултирелигиозна патримонијална држава обично се опишува како плурално општество, тип на општества за кои зборува Фурнивал, кои не поттикнуваат развој во правец на *melting* pot (Grillo, 1998).

Второ, ќе се задржам на развојот на Македонија во рамките на југословенската федерација, како една од неколкуте бивши социјалистички земји која воведе и практикуваше еден вид конституционален културен плурализам. Во рамките на Југославија, Македонија за првпат имаше можност слободно да го изрази, негува и развива својот национален и културен индивидуалитет.

Трето, јас би сакал да истакнам дека денешната разнообразност на Македонија не се должи само на традиционалните сили, на силите од минатото, туку и на дејствувањето на модерните сили егземплифицирани во процесите на глобализација кои создаваат нови разлики и предизвикуваат понатамошна партикуларизација и фрагментација на македонското општество.

Доаѓањето на отоманските Турци на Балканот имаше долгорочни последици за развојот на сите земји од овој регион. Прво, со овој контакт овој дел од светот се запознава со Исламот, односно со еден поинаков начин на живот, поинаков модел на општество, поинаква култура и цивилизација. Второ отоманското владеење имаше длабоки последици врз демографската структура на Балканот. Укинувањето на балканските држави и феудални граници, посебно во таканаречениот период на *Pax Ottomana*, го олесни и зголеми движењето на населението и интерпенетрацијата на различни групи во рамките на една широка територија (Todorova, 1997).

Но оваа интерпенетрација не значеше и смалување на разликите меѓу различните групи. Карактеристичната социјално - политичка организација на отоманската империја исклучуваше каква било можност на развој во правец на *melting pot*. Како што забележа Ернест Ренан, познат француски теоретичар на нацијата и национализмот, Турците, Словените, Грците, Ермените, Арапите, Курдите и другите сѐ уште се разликуваат како што се разликуваа во почетокот на отоманското освојување. Ернест Гелнер на ова додава дека тоа се должи всушност на тоа што тие биле инструирани да не го заборават своето минато (Gelner, 1994).

Суштинска улога во овој процес на создавање и одржување на балканската разновидност, а со тоа и на културната разновидност на Маке-

донија имал т.н. милет систем. Оваа карактеристична институција создала рамка што овозможила империјата да има социјална и политичка контрола врз различните етно-религиски групи со тоа што ги сместувала во неколку широки категории, во т.н. милети (религиска заедница, подоцна означува нација). Овие милети имале свои поглавари кои имале широка јурисдикција. Односите меѓу членовите на групата се регулирале со правилата на групата, а не врз основа на шеријатското право.

Верските поглавари имале и контрола врз образованието на членовите на своите заедници, што ќе овозможи на Балканот да навлезат националистичките идеи од Западот и на тој начин да се создадат услови за подоцнежни тензии меѓу балканските држави. Милетскиот систем, исто така, овозможил христијанското население да го зачува својот идентитет и култура, сеќавањето на своето славно минато што сè заедно подоцна ќе придонесе за процесот на националното будење.

Поради комплексната констелација на внатрешни и надворешни фактори Македонија не успеа да ја оствари својата независност и културен субјективитет и индивидуалитет. Илинденското востание во почетокот на дваесеттиот век не успеа. Меѓутоа и покрај неуспехот тоа се конституира како настан од централно значење за историјата на македонскиот народ, конститутивен за самосвеста на македонскиот народ (Brown, 2003).

Македонија доби можност за првпат да го афирмира својот национален и културен индивидуалитет како конститутивен член на југословенската федерација непосредно по Втората светска војна. Меѓутоа тоа беше и почеток на изградба на еден нов југословенски културен комплекс и Македонија, како и другите републики на поранешна Југославија, се соочи со еден вид „барање за асимилација во универзалното" (Wallerstein, 1984). Постојат неколку објаснувања за овој мошне изразен интерес за „асимилација во универзалното". Несомнено, ова беше резултат и на преваленцијата на една марксистичка интелектуална визија во повоените години. Според оваа визија пролетерската револуција ќе ги трансцендира националните, регионалните и етничките граници и идното социјалистичко општество ќе создаде за прв пат вистинско универзално човештво, кое не ќе биде поделено со државни, национални или етнички граници.

Иако југословенската федерација во периодот пред 1970-тата манифестираше желба за создавање на еден социјалистички инклузивен идентитет кој ќе ги трансцендира традиционалните етнички идентитети, таа во исто време беше една од неколкуте социјалистички земји кои го промовираа и гарантираа културниот плурализам. По 1970 година тоа уште повеќе беше поттикнувано. Се сметаше дека етничката разнообразност и креативната интеракција меѓу културите на различните групи ќе го обогати репертоарот на културните ресурси, што може да има позитивна „адаптивна вредност" за општеството како целина (Mladenovski,

2004). Ова „придржување до партикуларното“ и „повторно пронаоѓање на разликите“ (Wallerstein, !984) го претставува другиот пол на комплексниот и противречен развој на југословенската федерација и нејзините конститутивни делови. Набрзо инхерентната тензија меѓу овие две контрадикторни логики, меѓу универзалистичките и партикуларистичките тенденции, доведоа до отворен конфликт кој имаше деструктивни последици за сите подрачја на социјалниот и културниот живот на сите поранешни југословенски републики. Во врска со ова мораме да го потенцираме патогеното дејство на етнонационализмот во сите негови варијанти. Тој несомнено беше најодговорен за длабоката социјална и културна траума која ја доживеаја голем број луѓе од скоро сите републики на поранешна Југославија и за имплозивното губење верба во социјалистичкиот проект и неговите големи ветувања. Марија Тодорова (Todorova, 1997) забележа дека кон крајот на XIX век балканските национализми дефинитивно ги разориле замислените заедници на православното христијанство. Што се однесува до крајот на XX век мислиме дека може да се прифати констатацијата на Едгар Морен (Morin, 1989) дека за релативно кратко време национализмот ја „проголта“ идејата за социјализмот.

Македонија прогласи независност во 1991 година и започна да го изодува својот пат кон суверена државност. Несомнено е дека тој пат за Македонија како и за многу други нови независни држави беше и сè уште е исполнет со тешкотии и сè уште е неизвесен. Тоа се должи на комплексното влијание на бројни внатрешни и надворешни фактори, на сложеното дејствување на стратегиите кои ги применуваат различните групи, на противречностите меѓу традиционалните и модерните сили. Процесот на глобализација ги репрезентира модерните сили и тој често е следен со тензии. Во македонскиот случај тој се изразуваше во барањето на етнорелигиските групи за одржување на нивната етнокултурна посебност, во барањата за поголема партиципација во различни сфери на социокултурниот живот, како и во барањата за учествување во политичката борба. Сето тоа за последица имаше понатамошна мултикултурализација на општеството.

Распадот на југословенската федерација, конфликтот со Грција во врска со името, економските проблеми предизвикани од санкциите на Обединетите нации против Југославија и грчкото ембарго, сето тоа доведе до намалување на трговската размена и смалување на инвестициите и имаше длабоки трауматски ефекти врз целокупниот живот на добар дел од населението на Република Македонија. По 1995 година односот меѓу Македонците и Албанците избива на преден план. Главни прашања беа статусот на албанскиот јазик во општеството и неговото место во високото образование и политичката организација на Македонија, односно дали таа треба да биде унитарна држава или федерален тип на

држава. Овие проблеми ќе имаат свои домашни, но и меѓународни димензии.

Настаните од почетокот на 2001 година, кога некои албански групи со насилни средства извршија притисок врз државата за да им овозможи поширока автономија и слобода на дејствување, отворениот конфликт кој следеше како и неговите конвулзивни ефекти, доведоа до понатамошно влошување на интеретничките односи. Луѓето кои ја посетуваа Македонија во различни својства и во различни поводи, како и самите Македонци почнаа да зборуваат за „синдром на недоверба“ како доминантно расположение во односите меѓу припадниците на различните етнички и религиски групи (Perry, 2000). Недовербата и алиенацијата станаа доминантно расположение кое суштински ги структурираше односите меѓу основните групи. Тоа сè повеќе ја туркаше Македонија кон состојба на долготрајна нестабилност и непредвидливост на социјалната интеракција помеѓу припадниците на различните етнички групи. Македонија почна да се конфигурира како мозаик од различни етнокултурни групи со тенденција границите помеѓу нив сè повеќе да се продлабочуваат и да стануваат сè понепорозни.

Како резултат на тоа во секојдневните контакти се наметна етничкиот критериум како основен стандард на однесување. Герхард Ленски, пишувајќи за еден друг контекст, забележа дека наметнувањето на етничкиот или религискиот критериум може да го „компартментализира“ општеството, а кога тоа е компарментализирано, поединците развиваат преголема чувствителност за групната лојалност, а минимално чувство на одговорност кон оние надвор од нивната сопствена група. Имајќи ја предвид религиската диференцијација карактеристична за американското општество, Ленски предупредуваше дека во едно „прекомпартментализирано општество постои добра причина за слабеење на спиритуалните и етички елементи на религијата и јакнење на секогаш опасните политички елементи“ (цитирано во Gordon, 1964: 237). Ова може да се каже и за етничката диференцијација во Македонија. Оваа компартментализација на нашето општество, ова затворање на групите во себе, каде нарцисоидно ќе ја „негуваат“ својата дистинктивност, може да ја претвори Македонија во длабока провинција на човечката географија.

Имајќи го на ум сето ова, легитимно е да се запрашаме дали Македонија може да ги запре тие тенденции и да започне да гради една нова симболичка рамка или културен комплекс кој ќе биде конгенијален со условите на живот во едно демократско општество и кој во исто време ќе ги изразува потребите на поединците за самореализација и кој ќе ги ослободи од подреденоста на етничкиот критериум?

Бику Парек, кој сметаше дека мултикултурните општества можат успешно да ги обединат различните групи во рамките на една држава пишуваше дека:

Како и секое друго општество, мултикултурното општество има потреба од една заедничка култура која ќе го одржува. Бидејќи тоа вклучува неколку култури, заедничката култура може да израсне од нивната интеракција и треба да ја респектира и развива/негува нивната различност и да ги обединува околу заедничкиот начин на живот. За оние кои се навикнати да размислуваат за културата како повеќе или помалку кохерентна целина, идејата за мултикултурално конституирано општество би можела да се чини инкохерентна или бизарна. Всушност, таква култура е прилично вообичаен феномен во секое културно разновидно општество (Parekh, 2000: 219).

Изградбата на една таква заедничка култура е сложен и долгорочен процес и несомнено ќе претставува извонреден потфат на социјално културен инженеринг. Некои сметаат дека тоа е тешко остварливо, но не и неостварливо. Прво што треба да се направи е да почне да се шири идејата за креативна интеракција на културите и да почнеме да се ослободуваме од нарцизмот на сопствената култура. Втор принцип што мора да се почитува е доброволното учество на различните колективитети во тој голем потфат. Заедничката култура што ќе се создаде на овој начин треба да ги обединува посебните димензии на позитивното културно наследство на секоја одделна група, истовремено импрегнирајќи ги нив со вредностите на другите групи и обогатувајќи ги со општочовечките вредности и идеи. Кога ќе се обезбедат овие претпоставки и кога свеста за таков еден потфат ќе стане доминантен фактор кој ќе ги структурира секојдневните односи меѓу луѓето, може да се каже дека Македонија е на прагот на своја вистинска голема историја.

Во меѓувреме, многу земји, вклучувајќи ја и Македонија, соочени со опасностите од дезорганизација на својата социокултурна целина мораа да применат посебни стратегии. Македонија, за да го спречи понатамошното влошување на интеретничките односи, прифати некои аспекти од Липхартовиот модел на *power sharing*. Нејзино болно искуство од конфликтот е дека мултикултурализмот не смее да биде оставен сам на себе, не смее да се верува дек тој може да функционира сам од себе. Како што забележа Кристијан Џордано, динамичниот и фрагилниот еквилибриум меѓу компонентите на еден интеретнички систем може да се одржи само со институционални средства, или институционално посредување како и со секојдневно политичко посредување кое може да обезбеди континуирано преговарање за признавање на идентитетите (Giordano, 2001). Само на тој начин можеме да ги избегнеме патогените ефекти на екцесивниот мултикултурализам.

## Литература:


Appadurai, Arjun. 1996. *Modernity at Large: Cultural Dimensions of Globalization.* Minneapolis: Minnesota University Press.

Brown, Keith S. 2000. "In the Realm of the Double-Headed Eagle: Parapolitics in Macedonia 1994-9." *In* Jane K.Cowan ed., 2000. *Macedonia: The Politics of Identity and Difference*. London: Pluto press.

Brown, Keith. 2003. *The Past in Question: Modern Macedonia and Uncertainties of Nation*. Princeton, N.J.: Princeton University Press.

Gellner, Ernset. 1994. "Nationalism and Two Forms of Cohesion in Complex Societies". *In* J.A. Hall, ed., *The State: Critical Concepts. Volume II*. London: Routledge.

Gordon, Milton. 1964. *Assimilation in American Life*. New York: Oxford University Press.

Grillo, R. D. 1998. *Pluralism and the Politics of Difference: State, Culture, and Ethnicity in a Comparative Perspective.* Oxford: Clarendon Press.

Giordano, Kristijan. 2001. *Ogledi o interkulturnoj komunikaciji*. Beograd: Biblioteka XX Vek.

Kivisto, Peter. 2002. *Multiculturalism in a Global Society*. Malden, MA: Blackwell Publishing.

Lenski, Gerhard. 1961. *The Religious Factor*. New York: Doubleday.

Lijphart, Arend. 1977. *Democracy in Plural Societies: A Comparative Exploration*. New Haven: Yale University Press.

Kymlicka, Will. *Multicultural Citizenship: A Liberal Theory of Minority Rights.* Oxford: Clarendon Press.

Mladenovski, George. 2004. "National Culture at Risk: Challenges of Globalization". *In* Marian Niezgoda, ed., *The Consequences of Great Transformation: Polish and Macedonian Experience*. Kraków: Jagiellonian University.

Moren, Edgar. 1989. *Kako misliti Evropu*. Sarajevo: Svjetlost.

Parekh, Bhikhu. 1999. "Defining National Identity in a Multicultural World". *In* Edward Mortimer, ed.,. *People, Nation & State: The Meaning of Ethnicity and Nationalism.* London: I.B.Tauris Publishers.

Parekh, Bhikhu. 2000. *Rethinking Multiculturalism: Cultural Diversity and Political Theory*. Cambridge, Mass.: Harvard University Press.

Perry, Duncan. 2000. "Conflicting Ambitions and Shared Fates: The Past, Present, and Future of Albanians and Macedonians". *In* Victor Roudometof, ed., *The Macedonian Question: Culture, Historiography, Politics.* New York: Distributed by Columbia University Press.

Samad, Yunas. 1997. Plural Guises of Multiculturalism. In Tariq Modood and Pnina Wernber, eds., *The Politics of Multiculturalism in New Europe: Racism, Identity, Community.* London: Zed Book Ltd.

Taylor, Charles. 1994. "The Politics of Recognition". *In* David T. Goldberg, ed., *Multiculturalism: A Critical Reader.* Oxford: Blackwell.

Todorova, Maria. 1997. *Imagining the Balkans.* New York: Oxford University Press.

Tumin, Melvin M. 1977. "Introduction". *In* Melvin M. Tumin and Walter Ploth, eds., *Pluralism in a Democratic Society*. New York: Praeger Publishers.

Wallerstein, Immanuel. 1984. *The Politics of World – Economy*. Cambridge: Cambridge University Press.

Watson, C.W. 2000. *Multiculturalism.* Backingham: Open University Press.

Љупчо С. Ристески

# КУЛТУРНА ТОПОГРАФИЈА НА ЧОВЕЧКОТО ТЕЛО

Повеќе комплексни современи истражувања во областа на психологијата, етнолингвистиката, етнологијата и антропологијата донесуваат сè подефинитивни и поуверливи докази дека процесите на личното идентификување и самоспознавање човекот ги реализира тргнувајќи секогаш од себеси, од својата позиција, најчесто во директна корелација со спознавањето на сопственото битие и тело. Во таа смисла, спознавајќи го сопственото тело и неговите составни делови, човекот започнал да ја создава базичната просторна координација на просторот во своето окружување (Касирер Е., II/1985: 98; Гуревич А., 1994: 54; 64; 66; 104). Најголемиот број истражувачи на културното перципирање на светот и на митските претстави за него сметаат дека, впрочем, овој вид рефлексии од перципирањето на човечкото тело треба да се земат како основа на целокупната светска митска космографија и космологија.

Телото и деловите на човечкото тело имаат значајно место во културното и во митското спознавање на просторот и како митски кодови учествуваат во создавањето или пресоздавањето на структурата на светот.

## Поделба на човечкото тело по вертикала

Според физичката конституција, но, се разбира, уште повеќе според културната перцепција на деловите, по вертикала, човекот го набљудува своето тело, како трипартитен систем. Според оваа првична перцепција, центарот на телото се лоцира во пределот на стомакот, или, поточно, центарот на телото е **папокот**. Папокот, всушност, претставува основен репер од кој се врши натамошната парцијализација на ентитетот – телото, при што, перципирано по вертикала, деловите од папокот нагоре – градите, рацете, вратот, главата, спаѓаат во зоната означена секогаш со конотацијата **горе**, а деловите на телото од папокот надолу – половите органи, нозете, стапалата, се означени со категоријата **долу**. Притоа, горниот дел, со оглед на семиолошките, симболичките и функционалните карактеристики, повеќе е поврзан со духовното, воздушното, мисловното, чистото (со исклучок на определени сегменти), а долниот е поврзан повеќе со земното, одењето по земјата, нечистото (поради присуството на органите за исфрлање на

непотребните, нечистите материи), но и со плодноста (повторно поради сконцентрираноста на половите органи во долниот дел на телото). Во таа смисла, диференцијацијата на просторот на телото по вертикала може да се специфицира уште подетаљно со оглед на митските и на културните карактеристики што ги има секој од органите, така што би можеле да се издвојат дури и други специфични поткатегории, како, на пример: *теме* – ***крајно горе, најгоре*** или *петици, табани* – ***крајно долу, најдолу***. Но сепак, да започнеме постапно, тргнувајќи од органите и од деловите на човечкото тело означени како центар.

*Папокот – центар на човечкиот микрокосмос*

Една од најзначајните обредни активности веднаш по раѓањето на детето е сечењето на папочната врвца. Оваа активност е исполнета со безброј магиско-обредни активности, од чијашто симболика можат да се утврдат неколку кода што се мошне значајни во натамошното градење или координирање на митските претстави. Сечењето на папочната врвца го утврдува моментот на прекинување на заедничката врска помеѓу детето и мајката, при што со актот на врзување на папочето[1] (Филиповић, 1939: 412) се формира нов ентитет, чијшто центар бил и пред тоа, но ќе биде и потоа од посебно обредно-магиско значење. Сметајќи ја за особено значајна, есенцијална, мајката на новороденчето ја зема папочната врвца веднаш по испаѓањето и ја чува на скришни и тајни места. Секој вид злоупотреба на папочната врвца од страна на човекот може да биде фатална за него.

Додека се мали децата, се внимава тие да не се смеат многу силно и долготрајно, а на возрасните им се сугерира да не ги поттикнуваат на смеа, со цел да не им се **преврти папочето**. Превртувањето на папочето се смета за мошне сериозна болест, која ја нарушува основната структура на телото, дејствува дезинтегративно, така што обредно-магиското лекување на болеста носи неколку кода, од кои јасно може да се види дека целта на бајачката е токму таа – „да му го врати папучето на место“, „да му го намести папочето“. Враќањето на папочето го прави со ставање на десниот палец во папочето на детето, при што започнува доста силно притискање и кружно вртење околу детето без да ја подигне раката од стомачето. Принципот на кружно движење асоцира на спирално движење од периферијата кон центарот со цел сè што

[1] Обредното врзување на папочето ја носи симоликата на еден од примордијалните магиско-обредни чинови, кој, покрај другите значења, го конотира значењето на создавање нов ентитет, нов живот, почеток. Според тоа, од успешноста на врзувањето на папокот на детето, според народните претстави, се смета дека зависи и целокупниот живот на детето. Од друга страна, пак, врзувањето на папочето на новороденчето најчесто се вршело со долги влакна од косата на мајката, што би требало јасно да покаже дека таа врска, иако е прекината, сепак е трајна и мошне силна (Филиповић 1939: 412).

не е на своe место, повторно да се врати таму каде што му е местото. Во други варијанти вртењето се прави со земјено грне, кое се врти според истиот принцип[2].

Во некои делови на Македонија, како заштитна мера против повампирување на мртовците се практикувало мртовецот да се прободе со метален остар предмет во **папокот**.

**Стомак, мев**

Пределот во кој е сместен папокот претставува првиот поширок простор, кој има доста слични симболички конотации на центарот на човечкото тело. Тоа е првиот поширок круг од центарот кон периферијата, во кој се сместени најзначајните органи во човечкото тело, кои и фактички имаат егзистенцијално значење. Иако во македонскиот јазик, во термините **стомак** и **мев** веќе тешко може да се naspe семантичкото значење, сепак е доволно само малку да се вратиме наназад на старословенските јазични форми за овој поим или на формите во некои денешни јазици, на пример, на онаа во рускиот, при што ќе забележиме дека називите за стомакот – живóт, живóтик, јасно ја покажуваат семантичката врска на овие органи со животот и со животните функции на човекот.

**Половина, крст**

Пределот на човечкото тело помеѓу градите и нозете се нарекува **половина, полојна, полујна**, од што доста прецизно може да се утврди семантиката на поимот што треба да го означува просторот што ги разделува долните од горните делови. Во таа смисла, половината има значајно симболичко изразување и како гранична линија по вертикала, но и како простор низ кој е возможно да се воспоставува комуникација по таа линија. Половината е дел од човечкото тело чијшто заштитен знак е движењето во текот на работата. Таа е поврзана со можноста за свиткување на човекот, па затоа еден значаен дел од обредноста се состои од преземање мерки за заштита и зачувување на нејзините витални функции.

**Крстот** го опфаќа задниот долен дел од половината. И тој има значајна симболика, симболика на крст, што во случајов е директно поврзано со способноста да ја поддржува исправената состојба на човечкото тело и да помага во изведувањето на активностите поврзани со свиткувањето и исправањето. Повторно, логиката на крстот укажува

2 АЗЕ, теренски истражувања во Богомила во 1999 година; теренски истражувања во Мариово во периодот 1997-1999 година.

на неговата централна позиционираност (подобро: поставеност) во рамките на телото.

ГЛАВА

Во просторната координација на човечкото тело, главата (Давиђак М., 1999: 89-97) се перципира како највисок дел на телото. Аналогно на тоа, таа е секогаш поврзана со асоцијациите на нешто високо, при што во системот на макрокосмизација се поврзува со небото, со небесните височини. Според народните верувања, во главата се сконцентрирани најголемиот број вредности на човекот, а во неа е акумулирана и целата животна енергија (Ђорђевић Т., 1930: 80-99).

Во пределот на човечката глава се сконцентрирани најголемиот број човечки сетила, што, според народните претстави, и донесува значајно место при хиерархизацијата во микрокосмичкиот свет на телото. Лицето е најрепрезентативниот дел со оглед на фактот што на него се сконцентрирани повеќето од сетилните органи. „Лицето го продаа девојчето“ (**МНУ**, кн. 8, бр. 1319, стр. 61). Аналогно на таквата позиција, лицето станало синоним, а честопати и супститут за човекот. Во смисла на макрокосмичкото доживување на Светот, лицето, посебно женското, се изедначува со Сонцето или со Месечината (на пр. во народните песни, посебно во свадбените песни, што се пеат при внесувањето на невестата во куќата на младоженецот).

Лицето често се поврзува со моралните вредности на луѓето, при што се аналогизира со претставите **со лице** и **без лице**. Во народната традиција се познати претставите за луѓе што немаат лице или пак, и доколку го имале, тие го изгубиле поради постапки што се негативно котирани според обичајните правила.

Лицето многупати може да биде само маска: „Секое нешто си имат две лица“ (**МНУ**, кн. 8, бр. 2193, стр. 92), под која се крие нешто што е спротивно на она што се покажува пред другите, па оттука и произлегува концептот поврзан со појавното, видливото, репрезентативното, материјалното и невидливото, внатрешното, душевното. Тоа се огледа и во некои од народните мудрости: „Господ не гледа на лице, ами на срце“ (**МНУ**, кн. 8, бр. 476, стр. 29). Или: „Не гледај му лицето, туку срцето“ (**МНУ**, кн. 8, бр. 1633, стр. 71).

Тука се очите, ушите и носот, кои, освен што ги обезбедуваат биолошките диспозиции на човекот да ја перципира надворешноста, како културни елементи се натоварени со мошне значајни симболички значења. Во таа смисла, главата и спомнатите органи се простор во кој се сконцентрирани најзначајните медиуми што му овозможуваат на човекот примање, но и испраќање на неопходните културни информации кон надворешноста и обратно.

*Очите*, односно *видот* (Славянские древности, Т.1, 500-501; с.в. глаза; Толстој., 1995: 265-288) се најзначајниот медиум со чија помош, според народните претстави, може да се воспостави заемната комуникација помеѓу индивидуата и околината. Значи, очите не се само орган преку кој се добиваат информации, туку со нивна помош може да им се возврати на испраќачите. Како резултат на овие можности, во народната култура се развиле цели системи на техники на однесување со очите, при што тие имаат значајно место во системот на невербалната културна комуникација.

Во народната традиција на Македонците, раѓањето на детето, меѓу другото, е поврзано со претставата за неговото доаѓање во „нашиот свет“, со здогледувањето на „белиот свет“, „ка ќе излезе на бело“[3], со сончевата светлина. Овие заклучоци ги потврдуваат и најновите теренски истражувања, имено, забележавме дека во Струмичко, за бебињата до четириесеттиот ден се смета(ло) дека не гледаат, „се ќорави“, и затоа честопати им се велело *ќоравко*.[4] Умирањето, пак, спротивно на тоа, се изедначува со заминување, простување со „белото видело“[5], со светлината на денот и заминување во светот на вечниот мрак – „црна темница“[6]. Во таа смисла, според народните претстави, на мртвите треба постојано да им се испраќа светлина од светот на живите, како во моментот на настапување на смртта (палење свеќа – „да му се види по патот“) така и на сите празници поврзани со култот кон предците. Како резултат на настојувањата на живите, покојниците да ја добиваат потребната светлина, на многу од надгробните споменици и крстови во Македонија и пошироко на Балканот настанал мотивот на **човечките очи** (Петровић П, књ. 22-23, 33-56).

Отворените очи се најзначајниот знак на живот. Посебно се истакнува доколку новороденчето при раѓањето веднаш ги отвори очите. „Ако детето прогледа веднаш штом ќе се роди – веруваат дека ќе биде ачик-гјозли, т.е. бистро“ (Тановић С, књ. 40; књ. 16, 1927: 106). Спротивно на ова, затворените очи ја симболизираат смртта. Затоа, веднаш по умирањето, на покојникот му се затвораат очите, при што се смета дека е крајно невообичаено мртовецот да биде со отворени очи, од што произлегуваат претставите дека „опулен мртовец“ навестува

---

[3] АЗЕ, инв. бр. К-182, стр. 4. Информаторка Стојна Панова, родена во 1933 год. во с. Иловица, Струмичко. Снимил Љ. С. Ристески на 4.12.1999 година во с. Иловица, Струмичко.

[4] АЗЕ, инв. бр. К-182, стр. 4. Информаторка Стојна Панова, родена во 1933 год. во с. Иловица, Струмичко. Снимил Љ. С. Ристески на 4.12.1999 година во с. Иловица, Струмичко.

[5] Архив на МАНУ, Фонд на проф. Б. Русиќ, АЕ-206/1-15, Анастасовски Петар, Обичаи околу раѓање, склопување и умирање кај Нивичаните, Егејска Македонија, напишана во 1960 год., стр. 11; АИФ, М.Л. 1789, стр. 57, Велика Шкаврева на 67 год., родена во с. Желево, Леринско, Егејска Македонија. Снимил Беќаровски Фоте во 1953 година.

[6] АИФ, М.Л. 1311, стр. 9, Информатор Трумпески Јонче, роден во 1898 год. во с. Вранче. Снимил Спасевски Димитрије во 1970 година.

идна смрт. Како резултат на ваквите претстави, на мртовците им се ставале метални пари на очите, со цел да им бидат затворени. Погледот на мртовецот може да биде штетен за живите, поради што во куќата се покриваат сите огледала „за да не се огледа покојникот“.

**отворени очи = светлина = живот**
**затворени очи = темница = смрт**

„Ние не гледаме, ќори сме. Цел народ ќори сме! Тие се по патема. Само не вардет Госпо“[7].

„Иставите се окати, слепи идат!“.[8]

Во народната традиција постои еден феномен кој не е специфичен само за културата на Македонците, туку може да се поврзе со поширокота балканска и словенска народна традиција, а се однесува на мотивот на *гледањето*. Имено, во народните претстави сосема јасно се диференцира тоа што се гледа и тоа што може да се види. Сите луѓе гледаат, или барем имаат можност да гледаат, но секогаш не можат да го видат она што постои околу нив. Станува збор за другата страна на митската реалност. Секогаш и насекаде околу нас може да се случи да бидат присутни суштествата од „оној свет“, од другата реалност, при што обичните луѓе не се во состојба да ги видат. Затоа многумина, обидувајќи се да им наштетат на митските суштества, настрадуваат од нив. Од друга страна, пак, традициската култура познава една друга категорија луѓе, кои во строго утврдени обредни услови имаат способност да го видат она што „обичните“ луѓе не можат да го видат. Тоа најчесто се однесува на суштествата од оној свет, а станува збор за институциите луѓе како што се **вампирџија, бајач, видовит човек** и сл.

Во народната традиција на Македонците се познати огромен број верувања, претстави и обредни активности поврзани со една значајна карактеристика на очите – моќ со поглед да се повлијае врз другиот. Оттука произлегува митскиот код за моќните, силни или урокливи очи (Ђорђевић Т., књ. LIII, 1938). Погледот може да дејствува, да покажува, но и да скрива. Во текот на првата брачна ноќ, при сведувањето на младите, невестата требало да го гледа зетот право в очи за „да ја имал како очите“ (Петреска В., 2000: 177), што сосема јасно го конотира значењето на магиското дејство на очите и на погледот врз другите. Како заштита од влијанијата на туѓите погледи, постојат безброј мерки. „Кога се оди некаде со мало дете, детето се мачка по лицето со 'цреп-

[7] АИСК, инв. бр. К-63/1995. Информаторка Пара Гулицоска, родена во 1907 год. во с. Октиси. Снимено на 15.12.1995 година во Струга.

[8] АИФ, М.Л. 1998. Информатор Нацев Глигор, роден во 1913 година во Неготино. Снимил Пане Емшов во 1972 година во Неготино.

њарката' (крпата за бришење на црнилото од црепната) за да биде црно по целото лице" (Филиповић М., књ 24, 1939: 413). Најчесто се практикува, на луѓето за кои се смета дека може да им се наштети со поглед, да им се покриваат очите, односно лицето (на малите деца, на невестите), со разни покривала за глава (Славянские древности Т.1, 1995: 506-508; с.в. головной убор) или им се препорачува да не им се сретнат погледите. Впрочем, некои од истражувачите сметаат дека примарната функција на покривалата за глава имала магиско-заштитен карактер од влијанија „одгоре" и од „лошите очи".

„... Да н' крениш превез од очи;
Да н' те доглеат вујко ти,
/.../
Си крена превез од очи.
Ми је доглеа вујко је... " (Миладиновци, 1983: бр. 3, 15-18)

„Срамен поглед", „поглед надолу" или „гувеење" е вообичаено обредно однесување на маргинализираните личности, при што, и покрај преземените заштитни активности, на актерите не им се дозволува нивниот поглед да се сретне со туѓите погледи.

„Срамно оди зете срамно пули
Не пули се зете горе, доле
Не пули се зете по гредите,
Не брои ги капрулите
Кој ги секол зете тој ги броил". (Петреска В., 2000: 434)
(Песна што му се пеела на зетот при бацирака или гувеење, Мариово.)

Реагирањето на очите може да се смета за сигурен претскажувач на иднината. Доколку некому му игра левото око, се смета дека ќе се случи нешто лошо. Штом игра десното – „на арно ќе биде" (Тановић С., књ. 40, 1927: 247).

## УСТА, УШИ, НОС

Устата е дел од човечкото тело, односно орган кој е поврзан со неколку значајни биолошки функции од кои произлегуваат симболичките значења што се надоврзуваат на системот на просторната организираност на телото. Меѓутоа, овој микрокосмички систем е заемно поврзан со перцепцијата на макросистемот, односно со културното структурирање на светот.

Преку устата се внесуваат сите хранливи материи што му се неопходни на човекот да живее. Според тоа, и таа е поврзана со мотивот на животот, но и со бинарната опозиција **влез : излез.**

Освен внесувањето или примањето, устата ја носи и симболиката на излегувањето, произнесувањето. Мошне интересна е просторната асоцијација за устата и за задникот во однос на тоа што сѐ лошо може да биде изговорено, односно да излезе од неа, но и од задникот: „Устата му го фтасуа газо (Многу гнасно зборуа.)“ (Цепенков М., 1996: 89).

Во Охридско Поле, при пречекувањето на невестата во куќата, свекрвата застанувала пред коњот и ѝ давала од уста в уста метална пара на невестата (Петреска В., 2000: 209), што сосема јасно говори за семиологијата на кодот врз кој е базирана целата постапка **давање : земање**, **свекрва : снаа** или, уште поточно, пренесување на вредностите од старата на новата домаќинка во куќата.

Таа е непосредно поврзана со способноста на човекот да произведува глас, односно да зборува, но и со испуштањето на душата. „'Стеги з'бе!...' - му се вели на некој штом ќе се пожали дека не му е добро, т.е. стегај заби, за да не ти излезе душата“ (Тановић С., књ. 40, 1927: 248).

Во комуникациска смисла, сфатени како медиуми, **влез : излез**, на информации помеѓу индивидуата и околината, можат да се толкуваат и симболичките значења на носот и на ушите. Честопати излегувањето на душата при спиење или смрт е поврзано со носот. Значи, и тој е составен дел на митскиот систем на симболи поврзани со животот, односно со душата. Освен тоа, на носот може да му додаде и културниот код **мирисливо : немирисливо**, а на ушите – **чујно : нечујно**.

**Носот**, освен претходно изнесените комуникациски начела, во народните претстави има и непосредни магиски аналогии со машкиот полов орган: „Море кье ти се серам на куро што тие мегьу очите, туку де“ (Цепенков М., 1966: 18).

## КОСА И НОКТИ

Со оглед на тоа што косата (Славянские древности., Т.1, 1995: 80-99; с.в. коса; Ђорђевић 1930а: 80-99) и ноктите се поврзани со постојаното растење и обнова, тие го означуваат симболичкиот код на **постојаноста и растењето**.

Во просторна смисла, косата и ноктите симболички се натоварени со митскиот код на она што е **периферно** и **заштитно**. Тие ги зафаќаат крајните сегменти на човечкото тело, при што, токму поради тоа што се периферни, најчесто се во директен контакт со надворешната средина, со туѓото и опасното, така што честопати ја имаат функцијата на медијатори помеѓу внатрешноста и надворешноста, помеѓу индивидуата и заедницата. И косата (влакната) и ноктите се користат во обредно-

магиските активности во функција на замена на целината со дел од неа, според принципот pars pro toto (Раденковић Љ., књ. 67, 1996: 25-26). Тоа е особено застапено во обредите од животниот циклус – раѓање, свадба и смрт.

Во свадбените обичаи, посебни обредни дејства се преземаат при обредното бричење на зетот, при што посебно се внимава влакна од брадата на зетот да не паднат на земјата или истите да не бидат на дофат на некој од учесниците.

„Иван се јунак *бричеше*
Нумка му коса *збираше*
Иван се милно молеше
Нумке ле чесна нунке ле
јубаво *збирај косата*
да не ја врлиш кај годе
да не ми стора маѓии
тук да ја врлиш в градина
да ми изникнет босилок“ (Железник) (Петреска В., 2000: 265).

Миленко С. Филиповиќ наведува еден интересен податок од с. Бразда (Скопско) поврзан со народните претстави за физичкиот раст на момите и за нивната коса. На задушници, кога жените се враќале од гробиштата носејќи пченица, некоја од младите девојки од куќата ги пречекувала, при што земала неколку зрна од пченицата и ги пуштала низ буката на некоја воденица. Потоа веднаш се обидувала да дочека некое зрнце пченица на долниот дел од буката за да може со зрната да го протрие својот *коцељ* (косата), верувајќи дека ќе ѝ порасне. Потоа ја повлекувала косата и со три прста ја допирала земјата велејќи: „Горе мома, доле коцељ“ (Филиповић М., књ. 24, 1939: 465). Начинот на чешлањето на косата кај жените има особено социјално значење во функција на означување на статусот во рамките на заедницата (млади : возрасни, немажени : мажени и сл.), па затоа во свадбениот обред, расплетувањето на косата на невестата и нејзиното повторно плетење во невестинска било придружено со песна, во која се нагласува просторното разделување на невестата од нејзиниот дом, од семејството: „Косата ќе те одвои од браќа, од сестри, од снаи, од мајка и од татко и од најверната другачка“ (Петреска В., 2000: 345).

Во категоријата коса/влакна значајно место заземаат *веѓите*. Посебно се интересни аналогиите при поврзувањето на веѓите со поширокото окружување на човекот (веѓи-морски пијавици, веѓи-меѓи итн.).

*Мустаќите*, како составен дел од човечкото тело, се поврзани со симболиката на **машкоста** и на **плодноста**. Се разбира, мустаќите се и еден од неизбежните статусни симболи на зрел или оженет маж во

поголем дел од народните култури. Овој митски код особено доаѓа до израз во обредите поврзани со иницијациските моменти на премин на ергените во зрели мажи способни за женидба. Како обреден реквизит се мошне широко распространети во обредите со маски (старец со мустаќи).

Во свадбените обреди, овој код се актуализира кога сватовите одат по невестата, при што роднините на невестата, преку систем на потсмевање кон зетот поради тоа што нема мустаќи и веѓи, ја ставаат под сомнеж неговата машкост. Интересни се просторните и магиските релации изнесени во песната:

„Немал зето веѓи и мустаќи
Немал зетот
Лел минавте и низ широко поле
лел минавте.
Да најдевте и овчарско огниште
да најдевте.
Да клаевте и веѓи и мустаќи
Да клаевте... " (Прилепско) (Петреска В., 2000: 357) .

## ПОЛОВИ ОРГАНИ

Делот на човечкото тело од половината надолу до колениците, според културната перцепција, како кај многу народи така и кај Македонците, е определен како **таен** и најчесто е **скриен**, што подразбира функционален систем на однесување исполнет со низа обредни и строго табуирани однесувања како на невербално така и на вербално ниво на комуницирање. Се разбира, овој систем на тајност, скриеност и табуираност на овој дел од човечкото тело е вообичаен за идеалниот ред на однесување, односно за регламентираниот ред на однесување.

Освен оваа функција, како фактички така и симболички, половите органи се носители на функциите на **плодноста** и на **репродуктивност**. Поради тоа, во поголемиот дел од обредноста тие имаат значајно место. Тука ќе споменеме само некои примери, во коишто, покрај другото, значаен е и просторниот аспект. Тргнувајќи од ерективната способност на машкиот полов орган, еден огромен корпус народни претстави е поврзан со кодовите што се бинарни опозиции – **мек : тврд, мал : голем, легнат : исправен, сув : влажен**. Притоа, за машкиот полов орган се најзначајни логичките и магиските аналогии со **петел** и со **стап/палка** (Лома А., 1999: 131-144). До денешни дни, во секојдневната, жаргонска употреба, сè уште се користи аналогијата **петел** за машкиот полов орган. „Жими петелов!" – е вообичаена изрека кога не се сака да се признае вината, кога не се одобрува некоја постапка и се искажува доза

на саркастичност, неодобрување и слично. „Плашо пилецоф, да го видиш и кье видиш као кье бегаш. (Куро.)“ (Цепенков М., 1996: 69).

За машкиот полов орган честопати се користи и аналогијата со стап/палка: „Палучкава само да ти ја потклаам (акровистлецо), па другото нека стои надвор“ (Цепенков М., 1996: 69). Или: „Жими топузоф, жими топорнико, жими толчникоф“ (Цепенков М., 1996: 40).

Женскиот полов орган најчесто се перципира како дупка, внатрешност, простор каде што се влегува и се излегува. Женскиот полов орган се асоцира и со жаба: „Жабата на невестата ѝ е меѓу нозе“ (Цепенков М., 1996: 39).

При „обредната употреба“ на половите органи, посебно карактеристичен е митскиот код на **преминување** или **поминување**. Имено, во Мариово, во текот на свадбените обичаи, фолклористот М. Ристески забележал еден интересен обред наречен *кушање на зетот и невестата*. Пред да излезат од куќата, младоженците требало да поминат под нозете на најстарата баба во селото, која се поткачувала со едната нога на стол, а со другата на некоја каца. Додека поминувале под неа, бабата ги изговарала магиските зборови: „Кога јас ќе расцветам цвет, тогаш да ве фати маѓија, кога јас ќе родам род, тогаш да ве фати маѓија, кога јас ќе бидам девојка, тогаш да ве фати маѓија“ (Ристески М., 1962: 38). В. Петреска забележала сличен обред на спровнување на зетот и невестата под нозете и гениталиите на мајката или на свекрвата и во Кумановско (Петреска В., 2000: 435).

Токму поради тоа, во најголемиот дел магиски постапки или обреди во коишто и така активностите се прават спротивно на вообичено утврдениот ред на социјално однесување, возможна е „употреба“ на овие делови од човечкото тело. Како заштитна мерка од уроци на децата се практикува(ла) употребата на вербалната магиска формула: „Кој те урочи, кур му в очи, пичка на чело“[9].

Таквата употреба, понекогаш дури и во обредите, останува крајно скриена во сферата на мистериозното обредно однесување, за кое знаат само „посветените“, оние што се директно вклучени во обредните дејства, а понекогаш и доколку стане позната во поширокатa општествена заедница, сепак останува надвор од она што е јавно одобрено или позитивно однесување на поединците. Поради тоа, актерите честопати биле јавно осудувани или казнувани (маѓепсници).

Меѓутоа, во ситуации кога заедницата се наоѓа во крајно нарушена состојба, кога е потребно да се преземат обредни активности за коренити промени во структурата, се користат определени митски и културни кодови поврзани со гениталиите и со материите поврзани со нив (она што се излачува, што се исфрла и сл.) со цел целосно да се

[9] АИСК, инв. бр. К-46/1995, стр. 11. Информаторка С. Т., родена во 1936 година во с. Маково, Мариово, мажена во с. Рапеш, Мариово. Снимено на 25.9.1995 год. во с. Рапеш, Мариово.

маргинализира состојбата, при што само со употреба на она што во нормални услови заедницата го оценува како најнегативно се воспоставува новиот поредок (симулација на инцестот, обредна игра на жените за преземање на млекото, мочката како лек, задник насочен кон градобиен облак, каснување гомно).

Според богатата свадбена обредност и атрибутите на магиските дејства поврзани со утврдувањето на чесноста на невестата, може да се утврди уште еден значаен код кој се однесува на претставата за целосноста, односно нецелосноста на невестата. Значи, доколку се утврди дека невестата не е чесна, се прават различни обредни дејствувања со кои треба да се покаже дека невестата не е „цела“ (Раденковић Љ., 1996: 39), туку дека е „дупена“, „дупната како црпката“ (Петреска В., 2000: 278), „начната“ и сл.

## НОЗЕ

Симболичката функција на нозете (Агапкина Т., 1999: 84-85), според народните претстави, најнапред е поврзана со можноста да го крепат човечкото тело исправено и да му овозможат движење на човекот во просторот. Според тоа, најзначајниот митски код на нозете во поглед на просторната структура на светот или во поглед на можностите за обредно просторно преструктурирање на светот се базира токму врз принципот на **движење**.

Инаку, просторно, во поглед на глобалната структура на човечкото тело, нозете се во сферата означена како **долу**. Меѓутоа, сите делови на нозете не се еднакви според интензитетот на категоријата долу. Имено, колку се оди кон земјата, толку повеќе се интензивира симболичкото значење на **најдолу** или **крајно долу**. Во таа смисла, долните делови на нозете се означени и како **периферни**. Оттука произлегуваат некои од митските и магиско-обредните кодови на *петиците*, како и на деловите на облеката поврзани со нив–чорапите, чевлите и сл. Овие делови на човечкото тело се во директен контакт со земјата, и тоа и во пригоди кога е дозволено тоа, но и во моменти кога не е дозволено тоа за луѓето. Во Мариово, на пример, при влегувањето на зетот и невестата в црква на венчавка, една жена одела зад нив и ги метела трагите од нивните стапалки за да не се случи некој да земе од таа земја и магиски да им наштети (Петреска В., 2000: 440).

Во свадбените обреди во Дебарца и во Охридско Поле, во саботата навечер се правело обредно миење и чешлање на невестата. Притоа, значајна обредна активност било топлењето на невестата со чорапи. Ставањето на чорапите на невестата, се разбира, може да се толкува во контекстот на претпазните мерки за заштита на невестата од неповолните влијанија (Петреска В., 2000: 165).

Како резултат на таквите состојби, постојат низа обредни активности за евентуална заштита на интегритетот на човечкиот ентитет во ситуации кога не е пожелно човекот да биде во директен контакт со земјата. Особено се практикуваат заштитни мерки при пренесувањето на невестата од татковата во куќата на младоженецот, при што се внимава да не дојде до директен контакт со земјата (Петреска В., 2000: 176). Со истата цел, во Железник, на младоженецот при забричувањето му ставале крпа под нозете за да не „гази директно на земја“ (Петреска В., 2000: 301).

*Поделба на човечкото тело по хоризонтала*

Симетричната поставеност на поголемиот дел од човечките органи на телото овозможува мисловно да се реализира уште еден значаен митски код при перципирањето на структурната поставеност на телото. Ако се набљудува телото според вертикалната оска – од темето преку носот до вратот, градната коска, папокот, половите органи, може да се уочи дека телото е поделено на две, навидум идентични, половини по хоризонтала. Од ваквото перципирање на телото произлегува бинарната опозиција **лево : десно.**

Според културната перцепција на левата и на десната страна на човечкото тело, како и на органите на едната или на другата страна, ним не им се придава еднаква важност, односно имаат различна митска и симболичка конотација. Станал на леванога (ако сакаш да означиш акцентска целост) – се вели за човекот што не е најдобро расположен, односно не е во неговата најдобра светлина. Работиш како со лева рака – им се префрла на луѓето што лошо ја сработиле работата. Корпусот на примери може да биде многу поголем, од што може да се заклучи дека левата страна ја носи конотацијата на послабо, лошо, неповолно, а десната страна е посилна, добра, поволна. Првото задојување вообичаено се прави на десната дојка со желба оваа просторна позиционираност од доилката да се пренесе на детето „за да работи со десната рака“ (Кумановско) (Петреска В., 2000: 323). Значи, од првичната перцепција на митските кодови што ја носат симболиката на левата и на десната страна на човечкото тело може да се следи извонредно сложениот систем на просторна семантизација според овие две категории и на поширок план – во човечкото окружување (Толстој Н.И., 1995: 101-119). Оваа бинарна опозиција претставува една од најзначајните во системот на оформување на културниот простор во живеалиштето, па на оној во пошироката општествена заедница, како и во светот воопшто.

Како што веќе видовме во погорните анализи, во пределот на лицето се наоѓаат сите позначајни перцептори што му овозможуваат на човекот и формален контакт со надворешната средина. Основен фактор

во формирањето на следната бинарна опозиција е функционирањето на очите како сетила. Можноста на човекот да гледа е ограничена само на просторот што се наоѓа пред него. Од тоа произлегува дека тоа што се наоѓа на спротивната страна од очите, никогаш не сме во состојба да го видиме. Ако нешто ни е „пред носот“, значи секогаш можеме да го видиме, тогаш сентенцијата „Кога ќе си го видам тилот“ означува нешто спротивно на претходното, нешто што никогаш нема да се оствари, зашто и фактички човекот не е во можност да си го види тилот.

Ова нека биде примерот од кој може да се изведе категоријата на бинарната опозиција **напред: назад,** која како митски код има значајна улога во перципирањето на просторната структура. Во митската структура, кодот назад од органите на телото ги опфаќа: тилот, вратот или шијата, плеќите, грбот, крстот, задникот и задните делови на нозете. Интересно е тоа што задникот, газот, според народните претстави, е поврзан и со прдежот, прдењето (Буркхарт Д., 1999: 168-183), што повторно се конотира со влегувањето: излегувањето, истовремено носејќи го признакот на смрдеа, нечисто. Прдежот, перципиран како нешто што е непотребно и се исфрла во надворешноста, но истовремено и ја нарушува структурата на околината, во народните претстави се перципира како крајно деструктурирачки. Јавното прднување ги нарушува социјално утврдените правила на однесување. Гален поп в црква прди – се вели за оној што не го почитува и не се придржува до социјално оправданото однесување.

Во свадбените обичаи честопати е застапено обредното удирање на невестата по грбот со цел да се иницира плодноста кај неа. Во Охридско Поле тоа го правел зетот со гранка од трендафил со три чатали, на кои имало закачено јаболка (Петреска В., 2000: 209). И тука важи просторното поимање од типот крајно горе*, најгоре и крајно долу, најдолу. Посебно значајна улога во обредите има задникот, газот, на кој, освен споменатите семантички кодови, му се придава и кодот на нечисто.

## Извори:


**АМАНУ**

Архив на Македонската академија на науките и уметностите, Фонд на проф. Бранислав Русиќ

**АЗЕ**

Архив на Заводот за етнологија, ПМФ, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје

**АИСК**

Архив на Институтот за старословенска култура – Прилеп

**Литература:**

Агапкина 1999
Агапкина Татьяна А., Заметки из области народной антропологии, Кодови словенских култура, бр. 4, Делови тела, Београд 1999, 84-85.

Буркхарт 1999
Буркхарт Дагмар, Мотив зада как часть пародийного кода и приема деконструкции, Кодови словенских култура, број 4, Београд 1999.

Цепенков 1996
Цепенков К. Марко, Най гнъсни думи от Прилепско, Фолклорен еротикон IV, Род, София 1996, 89.

Гуревич 1994
Гуревич Арон, Категорије средњевековне културе, Матица српска, Београд 1994, 54; 64; 66; 104.

Давиђак 1999
Давиђак Малгожата, Језичко-културолошка слика главе у пољском језику, Кодови словенских култура, бр. 4, Делови тела, Београд 1999, 89-97.

Ђорђевић 1930
Ђорђевић Тихомир, Наш народни живот, књ. 1, Београд 1930, 80-99.

Ђорђевић 1930а
Ђорђевић Тихомир, Коса у нашем народу, Наш народни живот, књ. 1, Београд 1930, 80-99.

Ђорђевић 1938
Ђорђевић Тихомир, Зле очи у веровању Јужних Словена, СКА, СЕЗб, књ. LIII, Београд 1938.

Касирер 1985
Kasirer Ernst, Filozofija simboličkih oblika, drugi deo, Mitsko mišljenje, Novi Sad 1985, 98.

Лома 1999
Лома Александар, „Петлић“, „палидрвце„ или „оплодитељ“?, Кодови словенских култура, бр. 4, Делови тела, Београд 1999.

МНУ 1972
Македонски народни умотворби, собрал Марко К. Цепенков, книга 8, Пословици поговорки, гатанки, клетви и благослови, Македонска книга, Скопје 1972.

Миладиновци 1983
Миладиновци Димитрија и Константин, Зборник на народни песни, уредиле: Харалампие Поленаковиќ и Тодор Димитровски, Македонска книга, Скопје 1983, песна бр. 4, стр. 15-18.

Петровић 1959
Петровић Петар Ж., Мотив људских очију код балканских Словена, ГЕМ, књ. 22-23, 33-56

Петреска 2000
Петреска Весна, Семејниот обреден комплекс во Куманово и Кумановско, Фолклорот во Куманово и Кумановско, Институт за фолклор „Марко

Цепенков“ - Скопје - Центар за култура „Трајко Прокопиев“ - Куманово, Куманово 2000.

Петреска 2002

Петреска Весна, Свадбата како обред на премин кај Македонците од Брсјачката етнографска целина, Матица македонска, Скопје 2002.

Раденковиќ 1996

Раденковиќ Љубинко, Симболика света у народној магији Јужних Словена, Просвета, Балканолошки институт, Посебна издања, књ. 67, Ниш - Београд 1996, 25-26.

Ристески 1962

Ристески Милан, Селска свадба, (IV), Стремеж: Списание за литература, културни и општествени прашања, год. VIII, н. 1-2, Прилеп 1962, 38.

Славянские древности 1995

Славянские древности: Этнолингвистический словаръ, том 1, А-Г, Ред. Н.Н. Толстой, РАН, ИСБ, Москва 1995, с.в. глаза, 500-501.

Тановић 1927

Тановић Стеван, Српски народни обичаји у Ђевђелијској Кази, СКА, СЕЗб, књ. 40, Живот и обичаји народњи, књ. 16, Београд-Земун, 1927, 106.

Толстој 1995

Толстој И. Н., Језик словенске културе, Просвета, Ниш 1995, 265-288.

Филиповић 1939

Филиповиќ Миленко С., Обичаји и веровања у Скопској Котлини, СКА, СЕЗб, књ. LIV, Живот и обичаји народни, књ. 24, Београд 1939, 412.

Томе Груевски

# РАЗВОЈОТ НА МАКЕДОНСКИОТ ПЕЧАТ И НОВИНАРСТВО

Македонското новинарство и македонскиот печат имаат богата, но необична историја. Новинарството никнува на македонска почва, од перото на македонските преродбеници кои покрај своите секојдневни должности се занимавале и со новинарство. Првите весници во кои се објавени нивните дописки се печатени во Цариград, Софија, Белград, Москва и во други градови надвор од Македонија. Македонските весници се појавуваат на туѓа територија и на туѓ јазик.

Постојат податоци дека нашиот народ во недостиг на сопствени весници читал: бугарски, српски, грчки, француски, англиски и други весници. Во дел од нив се појавуваат и дописки и други новинарски форми и од Македонија. Со тоа се создавале услови за појава на нов вид културна дејност – новинарство.

Развојот на македонскиот печат и новинарство се карактеризира со многу осцилации, но и со несомнени дострели и достоинства. Во журналистиката, впрочем како и во целокупната историја на македонскиот народ се забележува логичен континуитет од генерација до генерација, сеедно во кој период живееле новинарите.

Со појавата на дневникот „Нова Македонија“, (1944) започна периодот на изградбата на модерното македонско новинарство во слободна држава со своја територија, свој народ и свој јазик. Со тоа се стекнати трите основни услови за појава и развој на комплетен систем на јавно-масовно комуницирање во една држава како заокружено информативно-комуникациско подрачје.

Според историските податоци, несомнено е дека почетоците на македонскиот печат и новинарство се во втората половина на деветнаесеттиот век, но за точното датирање постојат некои отежнителни фактори. Имено, неповолните историски околности ја оневозможиле појавата на македонски весници на тлото на Македонија, па затоа почетоците треба да се бараат во весниците што излегувале во странство, на туѓи јазици. Оттука произлегува и проблемот на одредувањето на почетокот на македонскиот печат односно идентификувањето на првиот македонски весник.

Кон средината на XIX век силно се развива културното движење меѓу Македонците. Се појавуваат првите печатени дела на нашите пре-

родбеници: Јоаким Крчовски со своите дела „Повест ради страшнаго и втораго пришествија Христа“ и „Слово исказаное заради умирание“ (1814), „Сија книга глаголемаа митарства“, „Чудеса пресветаја Богородици“ (1817), „Различни поучителни наставленија (1819); Кирил Пејчиновиќ со својата „Книга зовомаја огледало“ (1816); „Книга глаголемаја утешение грешним (1840); Јордан Хаџи Константинов-Џинот со богатата журналистичка дејност во „Цариградски весник“ и со својата реформаторска и просветителска дејност; Браќата Миладиновци со својата дејност како народни просветители и „Зборникот на народни песни“ (1861) како и други истражувања во областа на народната култура (обид за пишување на македонска граматика, собирање на фолклорен материјал и др.); Григор Прличев со својот „Арматолос“ - „Сердарот“, поемата „Скендербег“, преводот на „Илијадата“ и повеќе песни од кои и „Одата на слободата“ и др.; Партение Зографски со својата „Кратка свјаштенаја историја на вехто и новозаветната церков“, „Кратката словенска граматика“, „Мисли за б’лгарскиот јазик“ и др.; Рајко Жинзифов со своите песни и огромен журналистички опус, особено во рускиот печат; Кузман Шапкарев, со својот „Мајчин јазик“, „Голјамата б’лгарска читанка“, „Болгарскиот буквар“, потоа Георги Динков, Никола Поп-Филипов, Димитар Македонски итн.

За делата на основоположниците на македонската преродба населението покажувало интерес за читање. Тоа се гледа и од претплатничките списоци што се правени во повеќе градови и села, на пример за книгата „Чудеса пресвјатија Богородици“ и „Различни поучителни наставленија“ од Јоаким Крчовски. Но исто така постојат податоци во кои се тврди дека нашиот народ во периодот на неговиот културен подем пројавувал интерес и за печатот што излегувал во тоа време.

Во недостиг на свои сопствени весници Македонците читале грчки, српски, бугарски, француски, англиски весници. Основоположникот на македонската журналистика Јордан Хаџи Константинов-Џинот во своите многубројни дописки во „Цариградски весник“ говорејќи за Битола подвлекува дека: „Монастирците сја человеци мудри и согласни и учени. Ним им идат новини (весници и газети) „Журнал Константинополски“, „Журнал де Деба“, „Монитор“, „Тајмс“, „Амалтија“, „Телеграф“, „Век“ итн.

Критичен момент во развојот на македонскиот печат беа Балканските војни, односно Првата светска војна која речиси се надоврза на нив. Македонија стана плен на соседните балкански држави. Од комуникациски аспект, поделбата на Македонија значеше поделба и на нејзиниот комуникациски простор. Секоја од соседните земји, во овие делови од Македонија што ги доби како воен плен, спроведуваше интензивна денационализаторска и, воопшто репресивна политика спрема Македонците со што ги оневозможуваше автентичните пројави на македонските интереси и идеи, а од друга страна, го форсираше интегрирањето

на овие делови од распарчена Македонија во својот општествен, политички, економски, културен и комуникациски простор. Затоа периодот што следуваше по Првата светска војна, исто така, се покажа како неповолен за развојот на македонскиот печат на географскиот и етничкиот простор на Македонија. На македонскиот печат како да му било судено долги години да живее во емиграција.

Втората светска војна била вистинска тотална војна. Во неа учествувале 96% од населението и сите материјални средства на завојуваните земји. Во борбите биле применети најсовремени борбени средства, меѓу кои и атомските бомби (првата атомска бомба била фрлена на 6 август 1945 година на јапонскиот град Хирошима и втората на градот Нагасаки на 9 август истата година), кои направиле огромни материјални штети и човечки жртви. Вкупно во тоа „светско лудило" загинале околу 50 милиони луѓе од кои повеќе од 30 милиони биле цивили. Најмногу изгубени човечки животи имал Советскиот Сојуз – 20 милиони, Кина – 10,3 милиони, Полска – 6 милиони, Германија, која ја започнала војната, во неа изгубила 4,6 милиони луѓе, Јапонија – 2,2 милиона, Југославија – 1,7 милиони, Италија – 1,1 милион, Велика Британија – 534 000, Романија – 520 000, Франција – 358 000, САД – 350 000 итн. Сликата на светот била целосно променета.

По 1945 година печатот доживеа длабоки промени. Повоениот период беше во знакот на преиспитување на неговата улога како средство за масовно комуницирање. Во сите земји неговиот развој имаше посебни специфики и се развиваше во согласност со политичката и националната историја, одделно. Светот се подели на источен и на западен блок (во шеесеттите години се појави Движењето на неврзаните земји).

Во комуникациите главно егзистираа моделите на масовно комуницирање: комерцијален модел, модел на „јавна служба" и државен модел што го практикуваа земјите на Социјалистичкиот блок на чело со Советскиот Сојуз. Во поранешна Југославија се градеше т.н. самоуправен модел на јавно информирање кој постоеше до последната деценија на XX век, кога се распадна заедно со тогашната Федерација.

Постојат демократски и диктаторски режими. Слободата на печатот беше повторно актуелна по 1945 година. Од документите во XX век што беа донесени за оваа тема е и Универзалната декларација за човековите права, донесена во 1948 година од страна на Генералното собрание на Обединетите нации. Во членот 19 на оваа декларација се истакнува: „секој има право на слобода на мислење и изразување; ова право ја вклучува и слободата да се застапува одредено мислење без никакво вмешување и да се бараат, да се примаат и да се даваат информации и идеи преку медиумите и без оглед на границите".

Во 1996 година, Генералното собрание на Обединетите нации го усвои Меѓународниот договор за граѓанските и политичките права, како

правен обврзувачки документ. И во овој договор слободата на мислењето и изразувањето се нормирани во член 19. Тој предвидува:

1. Секој го има правото на слободно мислење.
2. Секој го има правото на слобода на изразување; ова право го вклучува слободата да се бараат, примаат и испраќаат информации од сите видови, без оглед на границите, преку говор, по писмен пат или преку печатење, низ уметничка форма и преку каков било медиум, по сопствен избор.
3. Остварувањето на правата предвидени во параграф 2 од овој член е подложно на посебни должности и одговорности. Тие може да бидат предмет на некои рестрикции, но може да постојат само ако се предвидени со закон и се неопходни:

а) заради почитување на правата и угледот на другите;
б) заради заштита на националната безбедност или јавниот ред, или на јавното здравје или морал.

Европската конвенција за човекови права е првиот успешен обид во Европа да се заштитат одреден број права и слободи во Универзалната декларација за човековите права на ООН. Незаменлива улога во тој поглед има Европскиот суд за човекови права, како орган за надзор врз применувањето на правата гарантирани со Конвенцијата. Нејзиното значење и влијание особено е видливо кога се знае дека Европската конвенција за човековите права, како фундаментален документ на Советот на Европа, стапила во сила на 3 септември 1953 година само со ратификации од 10 земји, а денес е потпишана, ратификувана и е во сила во сите 45 земји-членки на Советот. Република Македонија Конвенцијата ја потпиша на 9 ноември 1995 година, а ја ратификуваше на 10 април 1997 година. Денес таа е во сила како домашен закон.

Темелот на нормативните стандарди во областа на слободата на мислењето, изразувањето и јавното информирање во Европа е содржан во членот 10 од оваа Конвенција:

1. Секој има право на слобода на изразување. Ова право ја вклучува слободата на сопствено мислење и примање и пренесување информации или идеи без какво било мешање на јавната власт и без оглед на државните граници. Овој член не ги спречува државите да доделуваат лиценции за работа на претпријатијата за радиодифузија, телевизиски пренос и кината.
2. Остварувањето на овие слободи, бидејќи со себе носи и одговорност, може да се подложи на формалности, услови, рестрикции или казни определни со закон и неопходни во едно демократско општество, во интерес на националната безбедност, територијалниот интегритет или јавната сигурност, за заштита од безредија или кривично дело, за здравјето или моралот, репутацијата или правата на другите, за заштита од откривање

доверливи информации или за одржување на авторитетот и непристрасноста на правосудството.

Печатот и новинарството по 1945 година заедно го започнаа „новото време“ со брз развој на нови ресурси, техничко-технолошки открития во комуникациите, особено оние за прием и испраќање сигнали и пораки. Печатот ја преживеа најголемата конкуренција, но го изгуби монополот над колективното информирање што го имаше дотогаш, од неговото појавување. Пронајдокот на радиото овозможи комуницирање на далечина и просторната и временската димензија на комуницирањето беа надминати. Преку радиото комуникацијата стигнуваше до сите без оглед на тоа дали станува збор за писмени или за неписмени реципиенти.

Телевизијата како медиум, и покрај тоа што поради Втората светска војна имаше извесен застој, постоеше во некои развиени земји (англиската „BBC“, прва во 1936 година емитуваше експериментална телевизиска програма. Овој пример, веднаш потоа го следеа Германија, САД и Франција). Поради нејзините медиумски карактеристики и особини таа на гледачите им нудеше евтини забави и им нудеше можност за „прикажување на стварноста“. Подоцна со појавата на телевизијата во боја и пронајдокот на видеокасетата се зголеми интересот за гледање телевизија.

Тезата што се појави во комуникологијата дека со пронајдокот на радиото дури ќе престане потребата од постоење на печатот, не само што не се оствари туку се покажа дека мас-медиумите (печатот, радиото, телевизијата) се комплементарни. Исто така, наглиот развој на телевизијата не го уништи радиото. Во повоениот период почна големиот развој на радиото.

Бројот на радиоапаратите порасна од 358 милиони на милијарда и 860 милиони; нивната релативна распространетост по земји и континенти е различна. Во европските земји, на пример, бројот на радиоприемниците на 1000 жители изнесува: во Велика Британија – 1145, во Данска – 1012, во Финска – 998, во Холандија – 902, во Франција – 895, во Шведска – 885 и во Албанија – 172. Развојот на телевизијата, исто така, бележи голем напредок. На 1000 жители телевизиски приемници има најмногу: Малта – 704, Данска – 528,2, Германија – 642,7, Финска – 488,2, Холандија – 484,8, Австрија – 475,3, Франција – 400,2 итн.

Според Основниот прирачник на ООН за 1992-1994 година The World media handbook, податоците се однесуваат за 1990 година, но тука не се ставени податоците за поранешните југословенски републики, Чешка, Словачка и податоците за медиумите во 12 нови држави настанати на југот и западот на поранешниот СССР.

Земјите во развој, според овие податоци, имаат една третина од вкупниот број на радиоапаратите, односно една петтина, кога станува збор за телевизијата. Овој развој на радиото придонесе и за откривање и појава на транзисторот, во 1948 година, полупроводник којшто ги на-

мали цената, тежината и димензиите на радиото и така, за разлика од телевизијата, стана портабл-средство. Со најновите техничко-технолошки откритија, денес го имаме и портабл-телевизорот, на батерии итн.

Дотогашното т.н. „пишувано новинарство“ стана комплементарно со т.н. радиско и телевизиско новинарство. Поради медиумските особености: „ако радиото има задача да каже **кога** се случило нешто, телевизијата, пак, тоа да го објасни **како** се случило, тогаш на печатот му останува задачата да одговори на прашањето **зошто** тоа се случило“. Печатот својот опстанок го бараше во коментирање на актуелните настани „што доведе до поквалитетни весници“, понудата на сите вести, настани од локално значење, „црна хроника“ и до сето она што аудиовизуелните медиуми не можат редовно да го покриваат. Исто така, „еден од несомнените излези од експанзијата на аудиовизуелните медиуми беше и здружувањето на капиталот на новинските куќи со радиските или телевизиските претпријатија. Таквите големи мултимедиумски корпорации, најпрво во САД, се развиле и во Англија  во шеесеттите години на минатиот век, во Франција во осумдесеттите; а денес сè повеќе попримаат меѓународни размери“.(П. Алберт, 1998:111)

Навиките за читање останаа и понатаму. Печатот и понатаму остана „неодминливо средство за пренос на вести“, утврдување факти и ширење идеи.

Повеќевековната димензија на типографијата беше оспорена во шеесеттите години на XX век со појавата и брзиот развој на офсет-печатот, кој овозможи истовремено печатење од двете страни на листот на весникот.  Промени настанаа и во светскиот пазар на новинска хартија. Покрај САД, Канада и скандинавските земји, како снабдувачи на хартија се појавија и Советскиот Сојуз и Јапонија.

Автоматизираното набирање на текстот, откритието на фотослогот, како замена на линотипот и монотипот, придонесе преку една темна комора приспособена на хартија или на провидна лента да се пренесуваат букви со матрица. Тоа значеше почеток на крајот на употреба на оловото во печатарството. Во почетокот на 70-тите години се појави електронскиот фотослог, кој наместо оптичките постапки ги користи електронските импулси. Во новинарството влезе првиот видеотерминал преку кој новинарот истовремено го чука и го слага својот текст и така го доставува материјалот директно во одделението на фотослог. Поврзаноста на овој изум со телефонските линии го овозможи појавувањето и примената на телефаксот во новинарството како апарат кој сликата (напишан или печатен текст) ја претвора во електрични сигнали кои можат да се пренесат преку жици или преку радио.

Технологијата со ласер (Light Amplification by Stimulated Emission of Radiation) се појави, исто така, во седумдесеттите години. Таа користи емисија на светлина постигната со откривање електрони. Капацитетот

на набирање на текстот со овие машини е повеќе од 300 000 словни знаци на час и читање и втиснување на 100 реда по сантиметар.

Компјутеризацијата на медиумите (од почетокот на осумдесеттите години), интернетот, електронското издаваштво и електронските весници претставуваат посебно поглавје во историјата на новинарството.

Промени во техничко-технолошката база на средствата за масовно комуницирање донесе и лансирањето на двата големи меѓународни сателитски системи: Интелсат (1965) и Интерспутник (1971 година). Претходно во 1962 година беше лансирана „Сина птица“ (Early Bird), првиот комерцијален комуникациски сателит во вселената. Во седумдесеттите години Американците го лансираа Western I, кој беше во состојба да испрати 8 милиони зборови во секунда и можеше да пренесува глас, слика, факсимили и податоци. Во 1977 година беше создадена можност за друг вид сателитска мрежа. Потоа беа пронајдени нови трансмисиски техники: галиум-арсенитскиот ласер, кој овозможува пренесување на телевизиски програми. Видеокасетите беа пронајдени во 1969 година, аудиовизуелните касети на пазарот се појавија во 1971 година, а првиот систем на видеодиск за потрошувачите беше достапен во 1979 година. Следуваше машината за пренесување факсимил. Во Велика Британија, во 1974 година беше претставен телетекстот, а во 1981 година се појави видеотекстот, најраспространет во Франција под името минител, кој многумина го сметаат за претходник на интернетот.

Технолошката револуција во печатарството во животот на луѓето доведе до големи социјални потреси, економско раслојување и продлабочување на јазот меѓу богатите и сиромашните.

Печатот во Македонија, што се појави во периодот од 1941-1944 година, беше составен и неразделен дел на ослободителната борба и Револуцијата во Македонија. Тој беше мобилизатор и организатор на масите. Имаше значајна улога во подготовките и во понатамошниот тек на револуционерните промени. Содржината, организацијата и дејноста на печатот, како и целата политичка и пропагандна дејност биле одредени со ослободителната војна и нејзиниот револуционерен карактер. Во овој период од само четири години, во Македонија се појавиле околу сто весници кои го одразувале духот на еден слободољубив народ кој се бореше за своја национална и социјална слобода. Всушност, во овој период се почетоците на современиот печат во Македонија. Овој период претставува пресвртница во развојот на печатот бидејќи прв пат се стекнаа трите услови за неговиот развој: прво, легално издавање весници; издавање весници во сопствена држава, значи свое комуникациско подрачје и трето, издавање весници на свој мајчин јазик. Со појавата на весникот Нова Македонија и почетоците на македонското радио – Радио Скопје (1944) – започна периодот на изградба на модерното македонско новинарство во слободна држава како заокружено информативно комуникациско подрачје.

Со конституирањето на Република Македонија (со Референдумот од 8 септември 1991) како суверена, самостојна, демократска и социјална држава, започна да се развива и самостоен информативно комуникациски систем во Република Македонија. Системот на печат во Македонија доживеа големи промени кои ги потврдува големиот број нови весници, нивната разновидност и различната трајност на тој вид медиуми. Медиумската сфера во Македонија беше структурирана според типот, видот и бројот на печатените медиуми, јавните и приватните радио и телевизиски станици, нивоата на нивната распространетост, нивната организациска, кадровска и техничка поставеност, управувањето, контролата итн. Тој нов комуникациски модел се темели на демократските, економските и образовните специфики или поконкретно, на геополитичката положба на системот, националните специфики, културата, комуникациската традиција и др.

Појавата на дневниот печат подразбираше и постоење на редовна читателска публика со развиени информативни потреби и навики. Освен интензитетот на контактот со весникот, за читателската публика што е ориентирана кон дневниот печат е битно да достигне извесна критична маса со која не само што се обезбедува релативна економска рентабилност на дневниот печат туку и остварувањето на неговата општествена, посебно политичка улога како средство за масовно информирање. Овој момент е посебно значаен од аспект на остварувањето на улогата на печатот како фактор за формирање и изразување на јавното мислење. Динамиката на општествениот живот не само што го зголемува интензитетот на циркулацијата на информациите туку бара и сè побрза реакција на јавноста во однос на актуелните настани и на информациите за нив. Според тоа дневниот печат претставува постоење на некои неопходни услови: кадровски, техничко-технолошки, политички и други, за да може да функционира како сложен и динамичен систем. Во Република Македонија излегуваат голем број дневни, неделни, периодични, локални и друг вид специјализирани весници, списанија, ревии.

Радиодифузниот систем во Македонија, историски гледано, има различен развоен пат и несоодветен, различен степен на структурираност. Радиото и телевизијата во Македонија се појавиле во времето на ненародните, туѓи режими, а радиото емитувало програма на немакедонски јазик. Додека, пак, телевизијата се појавила во слободна македонска држава и емитувала телевизиска програма на свое комуникациско подрачје, дејствува во рамките на комуникацискиот систем на Република Македонија, емитува програма на македонски јазик и на јазикот на националностите што живеат во неа.

Разлика меѓу радиото и телевизијата на државно ниво се забележува во однос на степенот на структурираноста на овие медиуми. Комуникацискиот систем во Република Македонија од 1991 година се структурира според критериумите на сопственоста или намената на медиуми-

те во кои спаѓаат: приватни, јавен радиодифузен сервис, комерцијални радио и ТВ – станици, локални радио и ТВ – станици, сателитски станици. Плурализмот на радиодифузијата во Република Македонија како една од темелните вредности на новото демократско општество и реално и нормативно беше воспоставен во периодот од 1991 до 2005 година. Свои програми на сите нивоа емитуваат 145 радио и телевизиски дифузери. Постои широк спектар јавни и приватни медиум низ кои се отсликува многустраноста на културниот и политичкиот плурализам во Република Македонија.

Радиото во Република Македонија функционира низ три организациски облици: јавно, комерцијално и непрофитно и на три територијални нивоа: национално, регионално и локално. Основата на јавниот сектор е поставена во четириесеттите години на дваесеттиот век, комерцијалниот сектор се јавува во 1990, а првата дозвола за непрофитно радио беше доделена во 2007 година. Почетокот на комерцијалниот сектор беше регулиран со Законот за радиодифузија од 1997 година.

Република Македонија секогаш водела сметка да им обезбеди на етничките заедници пристап до информации преку медиуми кои емитуваат програма на нивните јазици и во јавниот и во приватниот сектор. Македонското радио – Радио Скопје емитува програми на јазиците на шест етнички заедници, меѓу кои најрано се воведени оние на албански и на турски јазик (во 1945 година), а најнови се програмите на српски и на бошњачки (во 2003 година). Во 1997 година, со новиот Закон за радиодифузија концесии односно дозволи да вршат радиодифузна дејност на локално ниво, меѓу другите, добија и 14 радија за програма на албански јазик, пет радија на турски, две радија на ромски и едно радио на српски јазик. Некои од нив емитуваа програма на два или на повеќе јазици.

Првата програма на Македонското радио е програмски сервис насочен кон целата публика во Македонија и неговиот одговорен дел покажува извесна рамнотежа во исполнувањето на трите медиумски функции со најголема присутност на информативните видови програма, особено на вестите, како основен новинарски жанр. Вкупната програма на МР 1 е изворно создадена на македонски јазик, а музичката понуда во најголем дел е на македонски јазик при што жанровски најзастапена е популарната музика. Овој програмски сервис настојува преку своите програми да ги задоволи потребите од регионални и од локални информации.

Вториот канал на Македонското радио МР 2 својата програмска шема ја гради околу исполнувањето, пред сè на забавната функција на радиото.

Третата програма (Радио Култура) е насочена кон исполнување образовна функција или пак кон естетичка разработка на теми од културата, уметноста и од хуманитарните науки. Ваквата уредувачка определба се следи и во музичкиот избор затоа што музиката е фокусирана

врз различни жанрови, класична музика, во голем дел компонирана и изведувана од македонски музички уметници.

Радио Македонија е програмски сервис кој својата публика ја бара меѓу македонското иселеништво во европските и прекуокеанските земји, а се емитува преку сателит и преку интернет. Неговата функција е да информира за актуелните случувања во Македонија, да ги афирмира културните вредности, а во еден свој сегмент овозможува радиокомуникација меѓу слушателите во земјава и нивните роднини и пријатели во странство.

Комерцијалните радиостаници што функционираат во Република Македонија својата програма ја осмислуваат врз основа на професионалните новинарски принципи, основните граѓански права и слободи и авторското право и сродните права. Во својата независност и самостојност тие ја отвораат својата програма за различни култури и гледишта. Тие го негуваат националниот идентитет, јазичната култура и домашното творештво, без оглед на тоа колкаво комуникациско подрачје покриваат со својот сигнал. Постојат три трговски радиодифузни друштва што вршат радиодифузна дејност на државно ниво: Радио Антена 5 како музичко говорно радио од општ формат, Радио Канал 77 како говорно музичко радио со претежно информативен општ формат и Радио Рос како музичко говорно радио од општ формат. Во регионот на главниот град на Македонија, градот Скопје 16 регионални комерцијални радиостаници емитуваат своја програма на македонски, албански, ромски јазик. Комерцијалните локални радиостаници надвор од територијата на Скопје континуирано ги опслужуваат потребите на жителите на различни градови или села.

Непрофитната радиодифузна установа, нов вид радиодифузен субјект е една од новостите што ги донесе Законот за радиодифузија од 2005 година (член 10). Непрофитното радио има специфични програми чија цел е да ги задоволува потребите и интересите на определена целна група. Овој нов сегмент во секторот на радиодифузијата на Република Македонија беше пополнет со првата дозвола за непрофитно студентско радио што Советот за радиодифузија му ја додели на „Универзитетот Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Второто непрофитно радио функционира на територијата на Штип и е наменето за турската етничка заедница во тој регион.

Телевизискиот пазар во Република Македонија се состои главно од терестријални емитувачи, а го сочинуваат јавниот радиодифузен сервис (Македонската телевизија) и приватните ТВ станици на национално и на локално ниво. Од неодамна во Република Македонија функционираат и сателитски ТВ – станици. Македонската телевизија емитува еден програмски сервис преку сателит (МТВ Сат) и неколку комерцијални ТВ – станици на национално и на локално ниво започнаа со емитување нови и со реемитување на постојните програмски сервиси преку сате-

лит. Советот за радиодифузија издаде дозволи за емитување програмски сервис преку сателит или преку јавна комуникациска мрежа.

Телевизиските програмски сервиси во Македонија постојат на сите територијални нивоа (национално, регионално и локално), а функционираат или како јавни или како комерцијални. Почетоците на телевизијата во Република Македонија се поврзани за јавниот сектор и неговото раѓање во 1961 година со програмата на Телевизија Скопје. По осамостојувањето на Република Македонија се појавија комерцијалните телевизии кои функционираат врз основа на Законот за радиодифузна дејност од 1997 година. Во јавниот и во приватниот сегмент на телевизијата во Македонија немнозинските етнички заедници имаат медиуми што емитуваат програма на своите јазици. Втората програма на Македонската телевизија е сервис исклучиво со програма на јазиците на етничките заедници: Албанци, Турци, Роми, Срби, Власи, Бошњаци. Најстара е програмата на албански јазик, која датира од 1967 година, а најмлада е програмата на бошњачки јазик што беше воведена во 2002 година. Јавниот радиодифузен сервис – Македонската телевизија го негува, го поттикнува и го промовира домашното творештво и традициите преку кои се креира богатиот македонски културен идентитет. Во медиумскиот мозаик од мултикултурни различности, МТ В ја пренесува сликата од тековните настани на општествениот живот на локалните заедници, преку отворени релации со дописничката мрежа. Македонската телевизија емитува програма изворно произведена на македонски јазик или на јазиците на немнозинските заедници.

Комуникацискиот пејзаж во Република Македонија го надополнуваат и комерцијалните телевизии со своите програми од информативен, едукативен, рекреациски и културен жанр. Националните комерцијални телевизии својата програма ја креираат врз основа на претежно забавен општ формат што значи природата на нивниот програмски сервис за главна одредница ги има програмите кои исполнуваат, пред сѐ, забавна функција (играна програма, ток-шоу, спорт, интерактивни игри, музички спотови и сл.). Комерцијалните локални телевизии со своите програми се посветени на локалните настани и специфичности. Повеќето телевизии работат во рамките на забавниот општ формат.

Новинарството како дејност се јавува со појавата на печатот кога се јавува потребата за побрз и поефикасен прием, обработка и пласман на информацијата. Но, требаше да поминат многу години за да се формира македонската журналистика на македонски јазик. Нејзините почетоци се од Преродбата кога се појавиле првите весници и првите журналисти. Основоположник на македонската журналистика е Јордан Хаџиконстантинов-Џинот. Почнувајќи од Рајко Жинзифов, кој го уредувал списанието Братски труд во Москва во 1860 година, подоцна во поповолни услови се појавува и професионален кадар на македонското новинарство. За време на НОВ и Револуцијата и по ослободувањето се раѓа слободното македонско новинарство.

Новинарите во Република Македонија се организирани во новинарска асоцијација – Здружение на новинарите во Македонија (1946) која претставува посебна асоцијација на новинарите и е придружен член на Меѓународната новинарска асоцијација. На Правниот факултет во Скопје постојат новинарските студии од 1977 година, каде се образуваат новинари за македонскиот комуникациски систем.

**Литература:**


1. Груевски Томе (1995), Современиот печат во Македонија, Студентски збор, Скопје - Историја на новинарството (2007), Скопје

2. Документ: Стратегија за развој на радиодифузната дејност на Република Македонија (2007), Совет за радиодифузија, Скопје

Ирена Колиштркоска - Настева*

# ПРАИСТОРИСКИТЕ ДАМИ ОД МАКЕДОНИЈА
## антропоморфни фигурини со претстава на жена

Во повеќегодишните археолошки ископувања, истражувања и рекогнисцирања, од кои последните триесетина години се со поинтензивен ритам, на територијата на Р. Македонија осознаени се околу четиристотини праисториски локалитети од периодот на неолитот и енеолитот. Само на мал дел од нив се вршени археолошки ископувања кои дале до сега солидна слика за праисторискиот хронолошки развој. Истражувачите приклонувајќи се кон анализите вршени на севкупниот откриен археолошки материјал, успеваат на фигурините да им ја определат хронолошката рамка како и карактеристиките и особеностите од дефинираниот период, при тоа секако базирајќи се на севкупниот откриен материјал кој е пронајден во евидентираните хоризонти на живеење на самите археолошки локалитети. Најмногу се обрнува внимание во кој контекст се откриени артефактите, за да може со одредена сигурност да се констатира и нивната утилитарност, имајќи предвид дека за овој период за нас истражувачите пред сè глината ни е основното изразно средство, која како да го заменува пишаното слово, па велиме дека при анализите ја „читаме" откриената керамика, притоа базирајќи се на веќе утврдените емпириски сознанија за нивното хронолошко определување.



сл. 1 Мермерна фигурина, Тумба, Маџари

Од мноштвото откриени археолошки материјали многубројноста од пронајдените теракотни фигурини со претстава на жена од праисторијата, поточно од периодот на неолитот и енеолитот во Р. Македонија, ја наметна идејата да се соедини најголемиот број од нив и да се презентираат во една заедничка изложба насловена „Праисториските дами од Македонија".[1] Тоа беше обид на едно место да се

* Ирена Колиштркоска - Настева, археолог, Музеј на Македонија, Скопје, inasteva@hotmail.com

[1] Изложбата „Праисториските дами од Македонија" за прв пат беше презентирана пред широката јавност во 2005 год. во Музеј на Македонија, автор Ирена Колиштркоска –

презентираат археолошки артефакти кои меѓусебно ги поврзува само една идеја – жената во праисторијата. Воедно се постигна основната цел – да се прикаже сегмент од богатиот духовен живот на праисториските жители што ја населувале оваа територија, од шестиот милениум пр.н.е. па сѐ до средината на третиот милениум пр.н.е. Станува збор за колектирани деведесет и пет фигурини, изработени од глина, со исклучок само на една, која е изведена во мермер, откриена на неолитската населба близу Скопје, Тумба – Маџари (сл. 1). Оваа збирка е надградувана и оформена со археолошките ископувања низ изминатите 60-ина години македонска археологија.[2]

**Аналогии, хронолошки рамки и културни групи**

Аналогии на наодите (фигурини) се вршат пред сѐ со анализи на севкупниот откриен археолошки материјал, како недвижен (куќи, објекти, земјанки и др.), така и движен од одреденото наоѓалиште. Тие сознанија и резултати се споредуваат со најблиските и најсродни културни групи во регионот, а и пошироко. На тој начин откриениот материјал добива хронолошки рамки.[3]

Со лабораториските испитувања – C14, вршени кај нас и пошироко во соседните држави, а воедно и по пат на споредбени анализи, се определува неолитот од 8500 - 4800 г. пр. н. е., а енеолитот од 4800 - 2500 г.пр.н.е.

За периодот на *неолитот* на територијата на Р. Македонија се прифатени основните културни групи: Анзабегово-Вршник т.е. Зелениково и Велушина-Породин. Според севкупните хронолошки анализи неолитот се дели на ран, среден и доцен. Истите се приклонуваат кон пошироките балкански културни комплекси: кон северниот сосед со Старчево, односно Винча-Тордош; кон источниот сосед со културниот комплекс Караново, кон јужниот со Протосескло, Сескло и Димини, а на запад со културната група Малиќ. Секоја од наведените културни

Настева, 2007 во Р. Хрватска во Загреб, Археолошки музеј у Загребу, 2008 во Музеј на Македонија, насловена „Праисториските дами од Македонија во тунел“, концепциски сосема поразлично презентирана, (каде мрачноста на тунелот ја симболизираше утробата на „мајката“, носителка и заштитничка на човековиот живот), 2008 во Библиотеката Искра во Кочани, Р. Македонија, а 2009 во Р. Црна Гора во Подгорица и Тиват. Во наведените презентации изложбата беше проследена со истоимен двојазичен каталог (македонски и англиски јазик) со приложени фотографии од сите изложени артефакти.

[2] Истражувачи, бројни археолози кои работеле на оваа проблематика: М. Грбиќ, П. Гоцкова, М. Гарашанин, Б. Китаноски, Д. Симоска, В. Санев, С. Саржоски, М. Билбија, Д. Здравковски, И. Колиштркоска-Настева, М. Стаменова-Атанасова, М. Василева, Т. Јовчевска, Д. Темелкоски, А. Миткоски, С. Карпузова, Т. Нацев и др.

[3] Milutin Garašanin, Centralnobalkanska zona, Praistorija jugoslovenskih zemalja; Neolit, Sarajevo 1979, 106-111

групи, според одредени стилски карактеристики и хронолошки определби има и свои одбележувања во подгрупи.

За периодот на *енеолитот* основна културна група кај нас е Шуплевец-Бакарно Гумно, која се приклонува кон поширокиот културен комплекс во регионот наречена Бубањ-Салкутца-Криводол. И енеолитот е поделен во подетални хронолошки рамки на ран, среден и доцен, со внатрешни определувања на подгрупи.

**Населби и живеалишта**

Населбите во неолитот се релативно мали, од 20-30 куќи, најчесто поставувани на тумби, во рамнини. Секогаш во близина имало чиста вода за пиење, плодна почва за одгледување на житарици, основни ресурси со земна сол која била неопходна за одгледување на добитокот, како и за други човекови потребности.

Куќите ги граделе од носечки вертикални столбовидни – дрвени носачи вкопани во почвата, меѓу кои се преплетувани потенки свитливи прачки. Врз нив прилепувале измешана кал со сточен измет, како врзивно средство. Над оформените ѕидови поставувале покрив со лесна конструкција, веројатно на две води, покриен со слама. Ентериерните решенија ги изведувале со парапетни ѕидови. Во ширина димензиите на куќите се од 5-6 м, а во должина и до 10 м.

Во енеолитот  населбите се помали, со помалку куќи, поставувани на повисоки места, со стратешка точка и добра визура кон околината. Куќите наликуваат на неолитските, како во начинот на градењето, така и во осмислувањата на внатрешната функционалност.

**Места на откривање на дамите**

При археолошките ископувања на населбинските простори од периодот на праисторијата, доколку не се хоризонтите на живеење уништени од надворешни фактори или тектонски нарушувања, тогаш населбинските наслојувања ги откриваме во интактна состојба и е многу полесно да се дефинираат сите затекнати содржини. Така констатираме дека фигурините се најчесто откривани во куќите, во одреден простор кој е акцентиран и назначен како култно место, каде тие биле поставувани на пиедестален подиум.[4] Некогаш се заклучува дека целиот објект бил определен и осмислен како храм за изведување на одредени култни обреди, како светилиште. Таков карактер има неолитското светилиште откриено на локалитетот Тумба во Маџари кое изобилува од култни предмети, зооморфни, антропоморфни фигурини, жртвеници и репрезентативни садови приложени во средишниот дел и пошироко во објек-

---

[4] Maria Gimbutas, The Goddesses and Gods of Old Europe 6500-3500, Los Angeles 1982, 72

тот.[5] Со поновите истражувања во Кочанско, на лок. Св. Атанасие е истражено ново светилиште со сличен карактер, од периодот на енеолитот, што ни говори дека традицијата на почитување на вакви свети места продолжува и понатаму во праисторијата.[6]

## Типолошка определба

Во периодот на *неолитот* типолошката анализа ги распознава фигурините како: **1.** слободни фигурини со израз и поза од секојдневието, стоечки и седечки (сл. 1, 2, 3, 4); **2.** слободни фигурини – стилизирани**,** често пати столбовидно претставени (сл. 5), со акцентирани одредени женски атрибути (сл. 6, 7) и **3.** цилиндрични фигурини, поставени на модел од куќа (сл. 8, 9 10, 11). Повеќето од нив се украсени со белегзии, ѓердани и разновидни фризури (сл. 8, 10, 11, 12, 13 ).[7]

Во периодот на *енеолитот* цилиндерот со модел на куќа отсуствува, а преостануваат: **1.** слободни-реалистични, стоечки и седечки фигурини (сл. 14, 15), често пати украсени со врежани декорации врз телото, кои наликуваат на тетоважа (што говори дека ги исцртувале своите тела веројатно на одредени празнувања и верувања (сл. 16). **2.** слободни фигурини - стилизирани, стоечки и седечки или делумно стилизирани, со акцентирани женски атрибути, не изоставувајќи го накитот, фризурите и делови од облека (сл. 2, 8, 9, 11, 15, 17, 18, 19).

Кон ова може да се додаде дека во изведбата се забележуваат одредени разлики. Некои од фигурините се прикажани без облека или делумно облечени, а дел од нив се претставени со назначена облека. Во двата периода не постојат суштествени разлики во идејата за претставувањето на жената, освен горе наведените.[8]

## Изработка

Фигурините се изведени рачно, речиси секогаш од добро прочистена глина, а по завршеното обликување добро се печени, на температура од 900° до 1000° C. [9] Поголемите фигурини или жртвеници при изведбата

---

[5] Воислав Санев, Светилиштето од Маџари, Macedoniae acta archaeologica, бр. 9, Скопје 1981, 38, 39

[6] Ирена Колиштркоска - Настева, Енеолитско светилиште, Кочанско, Зборник бр. 3 Археологија, Музеј на Македонија, Скопје, (во подготовка за печат)

[7] Svend Hansen, Archäologie in Eurasien 20, Teil I, Bilder vom Menschen der Steinzeit, Die Antropomorphe Plastik in Makedonien, Mainz, 2007, 146

[8] Ирена Колиштркоска - Настева и др. автори, Праисториските дами од Македонија, каталог, Скопје, 2005

[9] Во едукативниот проект на Музеј на Македонија, Праисториска керамика, работилница изведена во Куршумли-ан 2001 год., изработени беа копии од фигурини и печени на начин кој бил актуелен во праисторијата, каде се потврди користената температура за печење на овие глинени артефакти.

биле моделирани врз дрвен колец кој бил столбец - носач и сигурносна основа за тешкиот глинен материјал кој се нанесувал. При печењето дрвото согорувало. Затоа од внатрешната страна на скулптурите се видливи траги од дрвени колци. Декорациите врз телата ги нанесувале како апликации или ги изведувале со врежување со остри коскени алатки.

Изработени се со силен творечки дух. Секоја од нив е уникатна, иако по стилско-типолошките анализи кои се правени, често наликуваат една на друга. Таков е случајот со жртвениците на Големата Мајка-Божица (позната во литературата и како Магна Матер, сл. 8, 9, 10, 11), примероци кои се откриени како во скопскиот, тетовскиот, кумановскиот регион, така и во пелагонискиот регион. Ова секако треба да го земеме во обѕир пред сѐ, бидејќи ни говори за меѓусебните контакти на населението од овие области, пренесувањето на информациите и истовременоста на одреден тренд во начинот на изведбата на фигурините, односно на почитување и верување во исти идеи и божества. Споменатите божици имаат ограничени територијални рамки, имено, тие за сега се откриени само во Р. Македонија. Во поблиското наше соседство евидентирани се фрагменти кои не може со сигурност да се потврдат дека се од овој тип жртвеници, што навестува одредени локални епифании и карактеристики на ова тло.

Се наметнува прашањето кој ги изведуваше дамите, маж или жена? Во прилог кон ова, интересен е податокот при анализите на отпечатоците на прстите останати на глината. Во одредени примери тие се потенки, така што е возможно тие да биле создавани од женски раце. Меѓутоа, не секогаш се видливи траги од прсти, така што со сигурност не би можеле да го тврдиме претходно наведено. Прашањето бездруго ќе остане со недефиниран одговор. Факт е дека речиси секогаш станува збор за вешти раце, кои се грижеле за верно претставување на објектот, а во случај претставата на фигурините да била со стилизиран израз, авторот - изведувач се грижел на неа пластично да ги акцентира женските атрибути.

**Верувања**

Следејќи ги сознанијата од археолошките ископувања, заклучуваме дека фигурините се откривани во самите куќи, во домот каде битисувале нашите предци. Ги поставувале во осмислен простор во вид на платоа, пиедестали налик на жртвени маси, назначени како култен простор.

Претставите **на** бремени жени ги има во поголем број (4, 7, 11, 20), а веројатно ги почитувале пред сѐ како носители на идниот живот кој доаѓа, на поколението што следува. Поради честата фрагментарност на фигурините при откривањето, се смета дека тие биле ритуално кршени можеби при изведување на одредени обреди кои во себе носеле желба и

порака за плодност, успешен и лесен пород – како за мајката-родилка при самото нејзино породување, без загуби, така и за мајката – Земја.[10]

Според семантиката и стилските особености на фигурините и она што ги побудувало праисториските творци да ги создаваат, успеваме да ги спознаеме и како симбол на убавината. Воедно таа се грижела за огништето – домот, куќата (сл. 8, 9, 10, 11 ) и семејството. Такви се примерите со жртвениците познати како Големата мајка, (Мајка божица, Магна матер) која покрај споменатите, го носи во себе и космогонскиот симбол, врската помеѓу мајката – земја и космосот. Се претпоставува дека тие претстави токму затоа имаат отвори на главите – цилиндри, а понекогаш и на дното од моделот на куќа, за лесна комуникација на силите земја – куќа – мајка – плодородност – космос.

**Украсувања**

Забележуваме дека жената обрнувала доста внимание и време на својот изглед што е видно на повеќето артефакти каде таа е претставена со разновидни фризури, изведени во плетенки, со симетрични и асиметрични организации на прамени и кокови. (сл. 10, 12, 13, 20, 21, 22). Белегзии носеле над дланките на глуждот, но и над лактите од рацете. Обетките и ѓерданите им биле чест декоративен елемент (сл. 17). Откриените артефакти кои одат во прилог на ова се мноштвото школки издупчени за нижење на ѓердани. Некогаш се откриваат дури и во антропоморфни вазни, како што е примерот со стеатопигичната претстава на жена каде е изведена долна половина од женско тело, со утилитарна определба, обликувано во вазна, во која при ископувањата се откри ѓердан од школки каде корисничката го чувала (сл. 6). Овие школки се со слатководно потекло, но на повеќе локалитети пронајдени се и белегзии од обработени поголеми морски школки, спондилуси. Изработката на овие сферни школки била долготрајна и макотрпна. Се отстранувала калотата од едната половина со триење врз камен, сѐ дури не била обликувана во форма на белегзија. Истражувачкиот податок од ваквите наоди е интересен бидејќи ја потврдува теоријата дека во периодот на неолитот и енеолитот жителите не биле статични, односно имале комуникација со соседните региони. Претпоставуваме дека тоа се случувало со оние кои живееле на морски крајбрежја и ја пренесувале меѓу себе информацијата и дел од движниот материјал по пат на размена, асимилација или миграција. Кон ова ќе додадеме дека бројни се теракотните украсни наоди како: мониста, фрагменти од белегзии, амулети. Некогаш се изработени од друг вид материјал, коска или камен.

---

[10] Ирена Колиштркоска - Настева, Macedoniae acta archaeologica, бр 15, Антропоморфни и зооморфни фигурини од енеолитскиот период, лок. Пилаво, Бурилчево, Скопје, 25-32

Преку праисториските дами го следиме и зародишот на етно-карактеристиките на предците кои ги населуваа нашите простори во тој период, особено на оние фигурини на коишто се врежани или аплицирани елементи од одеждата, накитот, фризурите и тетоважите.

* * *

Жената преточена во симбол, моделирана во фигурина, мултиплицирана во разни варијанти говори дека била многу почитувана во сферата на тогашниот општествен поредок, а нејзиниот придонес во заедницата бил особено значаен.

Восхитот, обожувањето и почитувањето на жената во праисторијата е потврден тукуречи во секој дом. Речиси не постои истражена куќа во која не е откриен идол на жена како во неолитот, така и во енеолитот.

На овие артефакти може да се видат и почувствуваат вештите раце на нашиот предок, со неизмерено чувство за убавина, хармонија, во одредени моменти и неодолива потреба за стилизираност, а секогаш со една цел да се прикаже таа – многу почитуваната, многу обожуваната праисториска Дама.

Од денешен аспект гледано, општествениот статус на жената, главно сè уште ги има истите особености, барем на нашите простори, па така не ни претставува особена тешкотија да ги толкуваме симболичните елементи кои ги среќаваме на одредени фигурини. Забележлив е на фигурините Магна Матер жртвеник кој е заштитник на домот, каде дамите се поставени врз модел на куќа, што симболично сведочи за неопходноста од нејзината присутност во домот како заштитничка на куќата, огништето, семејството (сл. 8, 9, 10, 11).

При археолошките ископувања ги констатираме и евидентираме куќите, праисториските живеалишта, како што погоре напоменавме, но освен тоа што тие се распознатливи на теренот, нивното постоење ги потврдуваат и веќе споменатите фигурални претстави на жена со цилиндер, поставени врз модел на куќа, на покрив на 2 води или на строп. (Големите мајки). Овие навидум мали вајарски дела со претстави на жени, овозможуваат да го потврдиме податокот осознаен на истражувачките терени, за урбанизацијата во периодот на праисторијата. Големата Мајка е аплицирана врз модел на куќа, а секоја од нив е изведена со разновидни отвори кои денес ние ги нарекуваме прозорци и влезови.

Ги почитуваат и изведуваат снажно во неолитот и енеолитот, а подоцна кон крајот на енеолитот и почетокот на бронзеното време приматот во секојдневниот живот го презема новооткриениот артикл – металот (бакарот и бронзата) и сите креации и апетити се вперени кон него. Така глината како изразен материјал и обликувањето на фигурини од неа, полека замира. За сметка на нив се акцентираат новите трендови во

изработка на детали кои го покриваат духовниот здив, како култни предмети: висулци, копчи, токи, игли, појаси и други декоративни елементи.

Секоја година, со археолошките ископувања се зголемува и надградува оваа збирка на праисториски дами која е мошне значајна за нас, толкувачите на минатото, бидејќи преку неа разоткриваме повеќе животни сегменти. Истражувањата на праисториските фигурини – дами, освен што ни овозможуваат визуелно да ги доживееме нашите предци од женскиот род, тие ни прикажуваат дека пред сѐ го обожувале и почитувале женското тело од повеќе причини, како секојдневен присутен атрибут на убавината, но и како носител на плодородноста. Во нив распознавале одредени идоли, а за нас се сведоштво за нивниот богат духовен живот.





**сл. 2.** Стоечка фигурина со врежани елементи од облека, Шуплевец, Битолско
**сл. 5.** Стоечка стилизирана фигурина со атрибути на жена, Ангелци, Струмичко
**сл. 4.** Седечка фигурина на бремена жена, Долно Ореово, Битолско





**сл. 3**. Стоечка фигурина со назначени женски атрибути, Ангелци, Струмичко
**сл. 22.** Женска фигурина со фризура со три кока, Породин, Битолско
**сл. 14.** Реалистична женска фигурина, Сенокос, Прилепско





**сл. 8.** Жртвеник со модел на куќа, покрив на две води и накитена дама врз него, Породин, Битолско
**сл. 9.** Жена врз куќа со нагласени женски атрибути и накит, Ѓорев Рид, Битолско
**сл. 10.** Жртвеник, праисториска дама врз куќа, накитена и со осмислена фризура, Маџари, Скопско





**сл. 11.** Бремена жена на модел од куќа, Говрлево, Скопско
**сл. 12.** Откршена глава од фигурина на модел од куќа со обликувана фризура, Маџари, Скопско
**сл. 13.** Глава со поголеми димензии, откршена, со обликувана фризура, Маџари, Скопско





**сл. 7.** Бремена жена со нагласена стеатопигија, Породин, Битолско
**сл. 16.** Долна половина од тетовирана женска фигурина, Бурилчево, Кочанско
**сл. 18.** Горна половина од фигурина со стилизиран лик и детали од облека, Бурилчево, Кочанско





**сл.15.** Седечка фигурина со стилизиран лик и детали од облека, Утока на Дрим, Струга
**сл. 17.** Детаљ од фигурина со ѓердан, Извор, Велешко
**сл. 21.** Фигурина на дама што клечи со кок фризура, Оптичари, Битолско





**сл. 6.** Антропоморфна фигурина – ваза, со нагласена стеатопигија, Таринци, Штипско
**сл. 20.** Жена во миг на породување, Породин, Битолско
**сл. 19.** Фигурина на жена со врежана декорација од облека, Врбјани, Прилепско

# ИСТОРИЈА

Симо Младеновски

# АФИРМАЦИЈАТА НА МАКЕДОНСКИОТ НАЦИОНАЛЕН ИДЕНТИТЕТ МЕЃУ ДВЕТЕ СВЕТСКИ ВОЈНИ (1919–1941)

За проучувањето на македонското минато, и посебно на македонскиот национален идентитет, неопходен е сестран мултидисциплинарен пристап за спектрално осветлување на процесите, појавите, настаните и личностите низ разните историски дисциплини, почнувајќи од политичката историја, до историјата на македонскиот јазик, литературата, фолклорот, етнографијата и културата воопшто.

Носечките фактори на опстојувањето, развитокот и историскиот континуитет на македонскиот народ низ вековите биле самосвојната македонска култура и традиција. А во тој склоп, од особено значење е раѓањето, развитокот и афирмацијата на македонската национална свест, мисла и акција.

Се разбира, тој историски развиток е мошне сличен со историскиот развиток на соседните народи, но со сопствени белези, диференцирана етногенеза и непрекинат развоен континуитет.

* * *

По мошне сложените процеси на националното осознавање во XIX век, со Балканските (1912–1913) и Првата светска војна (1914–1918) дошло и до конечното насилно распарчување на дотогаш единствената етноисториска територија на Македонија, санкционирано со решенијата на меѓународните конференции во Букурешт, Версај и Париз. Македонското националноослободително движење се нашло во мошне сложени и комплексни услови на дејствување, како на внатрешен, така и на надворешно-политички план.

Меѓу другото, во сложените балкански констелации македонските дејци и младата македонска интелигенција биле исправени и пред проблемот на осознавањето на минатото на својот народ, како појдовна основа за развитокот и афирмацијата на македонската национална свест. Посебна тешкотија претставувал недостигот на соодветна литература, недостапноста на историските извори и жестокоста на

владејачките режими во сузбивањето на македонските национални појави.

Во новите околности по Првата светска војна, македонските сили мошне брзо се консолидирале и продолжиле со своето дејствување, диференцирајќи се во две основни струи – „десна“ и „лева“.

На челото на „десната“ струја се наоѓале ВМРО и Извршниот комитет на македонските братства, а „левата“ струја ја предводеле привржаниците на прогресивните движења. Сите тие се бореле за обединета македонска држава, но според различни програми и со поинакви средства на дејствување.

ВМРО ја продолжила револуционерно-терористичката дејност, според компромисна национална програма, во услуга на бугарската реваншистичка политика. Прогресивното македонско движење, пак, почитувајќи ги вековните стремежи на македонскиот народ, својата перспектива ја гледало во обединувањето на ослободителните сили и нивна програмска ориентација со балканска конотација и меѓународна поддршка.

Во разните делови на поделена Македонија имало суштествени разлики во однос на националното осознавање и располагањето со соодветни публикации. Нешто подобра била само состојбата среде младите прогресивни кругови на македонската емиграција во Софија. Но нивните меѓусебни комуникации и врски постепено ги отклонувале тие разлики, па како центар на националноослободителното движење постепено станувал Вардарскиот дел на Македонија низ разни легални, полулегални и илегални форми на организирање. А со тоа постепено се убрзувала и афирмацијата на македонскиот културно-историски ентитет и на меѓународната сцена.

* * *

Во јануари 1920 год., по препорака на ИК на Коминтерната, дотогашната Балканска социјалистичка федерација се преустроила во Балканска комунистичка федерација, која во 1922 год. формирала и секција Балканска комунистичка младинска федерација. Во идната федеративна држава таа програмски предвидувала и обединета Република Македонија, врз основа на националното самоопределување и обединување на македонскиот народ. Затоа, многу македонски политички дејци токму во комунистичкото движење ја гледале најдобрата шанса за своето дејствување.

Не случајно, на изборите за претставничките органи на власта на Кралството СХС во 1920 год., надевајќи се на решавањето на македонското национално прашање преку прокламираниот принцип на КПЈ за самоопределување на народите, „Македонците гласаа масовно

за комунистите убедени дека ќе настане нова ера“,[1] а секретарот на КПЈ Сима Марковиќ констатирал и изјавил во тогашното Народно собрание на Кралството СХС дека: „Ниту тепањето со стап, ниту претепувањата и убивањата, особено во Македонија, не го спречија македонскиот народ, преку гласање да ја манифестира својата национална свест и индивидуалност.“[2]

Чувствувајќи ја потребата од легално дејствување во одбраната на македонските интереси, група демократски народни пратеници по потекло од Вардарскиот дел на Македонија во 1923 год. се обидела да формира и легална „Македонска партија“, но тоа било спречено од државната власт.[3]

Командантот на Третата армиска област, која го опфаќала Вардарскиот дел на Македонија, му се жалел на Генералштабот дека: „Населението не се труди да зборува на државниот јазик, иако го знае, туку на многу страни се слуша само локалниот дијалект. Училишната младина зборува правилно само за време на часовите, а штом ќе излезе од училиште, зборува на домашниот дијалект. Имало случаи кога извесни момчиња во основното училиште и во гимназијата веќе навикнале на државниот јазик, но кога отишле на Универзитет, тие таму се преобразуваат и се враќаат во првобитната состојба. Населението не ја помага работата на националните друштва и не ги посетува нивните патриотски приредби така како што би сакале...“[4]

Тоа е време кога во границите на Бугарија, Војдан Чернодрински го формирал театарскиот ансамбл „Илинден“ (1923) и ги создал драмските творби „Духот на слободата“, „На нова година“, „На реката“ и други,[5] а се појавила и знаменитата драма на македонски јазик „Илинден“ (1923) од Никола Киров Мајски.[6]

Не можејќи да формираат легална партија во Вардарскиот дел на Македонија, дел од Македонците повторно увиделе перспектива во определбата за комунистичкото движење кое покажало разбирање за решавање на македонското национално прашање и во усвоената Резолуција на Третата земска конференција на КПЈ 1924 год. му дала рамноправен третман со словенечкото и хрватското национално прашање.[7]

---

[1] Aleksandar Apostolov, *Manifestacije makedonske nacionalne individualnosti u Kraljevini Jugoslaviji*, „Jugoslovenski istorijski časopis“, br. 3-4, Beograd, 1970, 73.

[2] *Стенографске белешке Народне скупштине Краљевине Срба, Хрвата и Словенаца.* Редовни сазив за 1921/22 год., књига I, Београд, 1922, 17.

[3] *Стенографске белешке Народне скупштине Краљевине Срба, Хрвата и Словенаца.* Ванредни сазив за 1923 год., књига I, Београд, 1923, 251-260.

[4] A. Apostolov, цит. прилог, 76.

[5] Војдан Чернодрински, *Собрани дела,* III. Приредил Александар Алексиев, Скопје, 1976.

[6] Александар Алексиев, *Македонската драма меѓу двете светски војни,* I, Скопје, 1976, 17-74.

[7] *Историја на македонскиот народ,* кн. III, Скопје, 1969, 45-47.

За обединувањето на разбиеното македонско ослободително движење, пак, прв посериозен обид бил направен кон крајот на април и почетокот на мај 1924 год. За таа цел била потпишана една Декларација, во која било нагласено дека движењето „се бори за ослободувањето на раскинатите делови на Македонија во една наполно самостојна (независна) политичка единица, во нејзините природни етнички и географски граници“.[8]

Веќе на 6 мај 1924 год. бил потпишан и познатиот „Манифест кон македонскиот народ, кон организираното революционерно население во Македонија и кон македонските революционери“, со програмска ориентација „за свикување во скоро време на еден обединувачки конгрес на целото македонско револуционерно движење, на кој ќе се создаде единствениот македонски револуционерен фронт, во тесна соработка со сите прогресивно револуционерни движења на Балканот и во Европа…“.[9]

Како најсоодветни за идното обединување на поделената Македонија  и македонскиот народ и за решавањето на македонското прашање најприсутни биле федералистичките концепции, во вид на федерација или конфедерација. А еден од тие застапници бил и Димитрија Чуповски, со констатацијата дека „Ослободувањето и независноста на Македонија е првиот и најголемиот чекор во реализирањето на Балканската Федерација. Независна Македонија, наполно слободна од грдите филизи на царизмот и на шовинизмот што ги разјадуваат другите балкански држави…“[10]

Крсте П. Мисирков, пак, во преден план го истакнувал обединувањето на поделена Македонија, дека „само преку обединувањето на сите Македонци внатре  во трите Македонии и на целата емиграција во четирите соседни балкански престолнини и во Америка, со една општа програма за создавање од Македонија една балканска Швајцарија, каде што секоја општина ќе се ползува со национално и верско самоопределување, ќе се дојде до крајот на балканското, општоевропското соперништво за хегемонија на Балканот.“[11]

Залагајќи се за почитувањето на човековите права, од српските и бугарските властодршци тој бара: „Дајте ни го правото и слободата да се почитуваме себеси, својот јазик, своето минато, како што ве

---

[8] *Измениците на македонското дело*, Прага, 1926, 53.

[9] "La Federation Balkanique", I, 1, 15. VII 1924, 16.

[10] Революционная Македония ждет поддержки в своей борьбе (Письмо в Редакцию). Од оставнината на Димитрија Чуповски во Ленинград. (Д-р Блаже Ристовски, *Димитрија Чуповски (1878–1940) и македонското научно-литературно друштво во Петроград*, II, Скопје, 1978, 329-330).

[11] К. Мисирковъ, *Изходътъ,* „Пиринъ“, I, 8, София, 2. XII 1923, 1

почитуваме вас, вашата сегашност и минато, и ние ќе изградиме траен мост помеѓу Југославија и Бугарија“.[12]

Гледајќи ја својата перспектива во комунистичкото движење и под влијание на Балканската комунистичка федерација, во Виена, во октомври 1925 год., врз основа на принципите на Мајскиот манифест на ВМРО од 1924 г., македонски дејци од поранешната Македонска федеративна организација, од Емигрантскиот комунистички сојуз, Илинденската организација и Серската група, ја формирале ВМРО (Обединетата), која според чл. 1 од нејзиниот Устав „има задача да постигне слобода и независност на Македонија во нејзините географски и економски граници и да направи од неа автополитичка единица, која, како рамноправен член, ќе биде составен дел од идната Балканска федерација.“[13]

Затоа ВМРО (Обединета) била прифатена од Македонците како национална партија и цела деценија останала водечката македонска национална политичка сила во поделената Македонија.

Во еден „Повик“ до Македонците од Обласниот комитет на ВМРО (Обединета) во Македонија под бугарска власт, меѓу другото, се вели:

„Ние треба да изјавиме, за да чујат сите, дека не сме ниту Срби, ниту Грци, ниту Бугари. Ние сме Македонци, самостојна македонска нација. Само така најдобро ќе ја браниме самостојноста на нашето движење и нашето право за независна македонска држава.“[14]

Поради разните провали и влошените политички услови на дејствување, во 1936/1937 год. организацијата постепено се саморастурила и исчезнала од македонската политичка сцена. Комунистички ориентираното членство влегло во тамошните комунистички партии (КПЈ, БКП и КПГ), но демократските револуционери останале политички неорганизирани, а некои се projавиле и како антикомунисти.

Мошне значајна е и дејноста по македонското прашање на Балканскиот секретаријат на Коминтерната од 1928 до 1939 год. Во литературата, пак, се појавиле драмите „Народ и црква“ и „Духот на Македонија“ (1931) од Никола Дренков.

За националноослободителниот подем во овој период во Вардарскиот дел на Македонија од особено значење било формирањето на Обласниот комитет на Комунистичката партија во Македонија (1931–1933), во кој посебна улога имал поетот и револуционер Кочо

---

[12] К. Мисирковъ, *Раздори или разбирателство,* „Миръ“, XXX, 7354, София, 22. XII 1924, 1.

[13] *ВМРО (Обединета). Документи и материјали.* I. Избор, редакција и коментар Иван Катарџиев. Скопје, 1991, 89.

[14] АМ – Скопје, ф. varia. (*Историска вистина. Прогресивната општествена јавност во Бугарија и Пиринска Македонија за македонското национално прашање.* – Документи, студии, резолуции, апели и публицистички прилози (1896–1956). Избор и редакција: Перо Коробар и д-р Орде Ивановски. Издавачка организација „Култура“, Скопје, 1981, 79-80.

Рацин. Под негово раководство, Обласниот комитет започнал да го издава официјалниот орган „Искра“, а биле објавени и особено значајните брошури „СССР и Македонија“, „Македонија не е ни српска, ни бугарска, ни грчка“ и др.[15]

Исто така, значајна македонска културно-национална дејност пројавила и Литературната групација во Скопје (1931–1933). Токму од нејзиното членство произлегла и подоцнежната илегална Македонска младинска революционерна организација (МОРО, 1933–1934),[16] во која членувале и подоцнежните познати македонски литературни и национални дејци Венко Марковски, Коле Неделковски и Кочо Рацин. Тие ја проучувале македонската историја и култура, собирале македонско народно творештво и сл. А освен тоа, направиле и обид за дефинирање на македонската азбука, со свои нацрти на графемите за специфичните македонски гласови.

Во печатот сè почесто се појавувале разни написи за афирмација на македонската национална посебност, па весникот „О Неос Ризоспастис“ (ноември 1932) пишува за „еден народ – македонската националност – што ниту е бугарска, ниту грчка, ниту српска, туку – македонска“.

Со забележителна активност на национален план се пројавила и македонската емиграција во Европа, Северна и Јужна Америка. Токму во тие години, Васил Ивановски го објавил делото „Идеите и задачите на македонското прогресивно движење“ (1933), а потоа и знаменитиот прилог „Зошто ние Македонците сме одделна нација“ (1934).

Сите тие раздвижувања на Македонците и нивната национална дејност довеле и до постојаното актуализирање на македонското национално прашање и македонскиот јазик во Коминтерната, па најпосле, во почетокот на 1934 год. таа била принудена официјално да го признае македонскиот национален ентитет и македонскиот јазик како посебен во словенскиот свет,[17] што всушност претставувало и официјално меѓународно признавање од особено значење за натамошниот тек на македонското национаоослободително движење.

Во деценијата пред Втората светска војна, особена активност развиле и македонските студенти што студирале во разните универзитетски центри на Балканот и во Европа, особено во Кралството Југославија, Бугарија, Русија, Швајцарија, Австрија, Франција и Германија.

За афирмацијата на македонскиот национален индивидуалитет, особено забележителни траги во студентското движење оставила

[15] Д-р Блаже Ристовски, *Кочо Рацин. Историско-литературни истражувања,* Скопје, 1983, 93-116.

[16] На истото место, 128-176.

[17] Д-р Блаже Ристовски, *Портрети и процеси од македонската литературна и национална историја,* III, Скопје, 1990, 319-344.

Македонската народна студентска група „Гоце Делчев„ во Софија (1930–1934),[18] како и студентите што студирале на факултетите на Белградскиот универзитет,[19] со клонови во Скопје, Суботица и подоцна Сараево, нешто помал број во Загреб и сосема мал број во Љубљана. Од особено значење било нивното културно-просветно здружување во друштвата „Вардар“ во Загреб, Белград и Скопје (1935–1937). Според една поименично извршена анкета од 1988 год., во периодот од 1935–1941 год. дури над 400 македонски студенти биле припадници на тогашното прогресивно студентско движење, познати како *народни студенти*.

Петомајските избори 1935 год. за Народното собрание биле значајна проба за практично учество на Македонците во политичкиот живот. Притоа, прогресивните и национално ориентирани интелектуалци активно се вклучиле главно на страната на Здружената опозиција, а посебно значајна била нивната соработка со носителот на листата, хрватскиот политичар и претседател на Хрватската селанска странка Владимир Мачек. Но нивното барање за легално поставување на решавањето на македонското национално прашање преку Здружената опозиција не било прифатено.

Кон крајот на летниот распуст, на 28 август 1936 год., претставниците на македонските студенти од Скопје, Охрид, Кавадарци, Ресен, Куманово, Битола, Прилеп и Тетово се собрале на основачки состанок на МАНАПО во Охрид, на кој била донесена платформата на МАНАПО со заклучоците:

1. Разбудување на националната свест кај македонскиот народ и афирмација на народниот јазик;

2. Борба за ликвидирање на монархофашистичкиот режим и великосрпската хегемонија, а за демократизација на земјата, за федеративно уредување на Југославија, во која Вардарска Македонија ќе стане одделна единка;

3. Соработка со сите политички движења во Југославија што му го признаваат на македонскиот народ правото на слободен живот и економски развиток;

---

[18] „Студентско знаме“, II, 4, София, 20. XII 1930; „Македонски студентски листъ“, I, 1, София, 4. XII 1931, 1-2; I, 2, 19. XII 1931, 3-4; „Македонска студентска трибуна“, II, 1, София, 20. X 1932, 1; „Македонско знаме“, II, 20, София, 9. IV 1934, 4; „Македонско дело“, VIII, 185, април 1934, 8. (Види: Д-р Блаже Ристовски, цит. дело *Портрети и процеси од македонската литературна и национална историја,* III, 293-318).

[19] Во 1936 год., во рамките на Белградскиот универзитет постоеле 7 факултети. Негов составен дел биле и Филозофскиот факултет во Скопје и Правниот факултет во Суботица, отворени во учебната 1920/21 година, како и Ветеринарниот факултет во Белград, отворен во учебната 1936/37 год. Подоцна, пак, бил основан и Земјоделско-шумарскиот факултет во Сараево, кој започнал со работа во зимскиот семестар на учебната 1940/41 год.

4. Во надворешната политика да се бори за воспоставување дипломатски односи со СССР и борба против меѓународниот фашизам.“[20]

Охридскиот состанок на МАНАПО дал нов поттик за разгранетата дејност на македонското студентско движење. Во одделните градови на Македонија започнало формирање на градски студентски друштва. Сè поголем број студенти активно се вклучувале во македонското националноослободително движење.[21]

Зело замав и литературното творештво на македонски јазик, особено драмското творештво (Васил Иљоски, Антон Панов, Ристо Крле и др.), а се појавиле и поетските збирки на Венко Марковски, Волче Наумчески, Кочо Рацин и Коле Неделковски. Во македонската публицистичка и научна дејност се појавиле знаменитите книги на Ангел Динев „Илинденска епопеја“ (1936) и „Македонските Словени“ (1938). Македонската научна мисла ги направила и првите посериозни продори во светот, особено во областа на економските, правните науки и медицината. Методија Спиров Тројачанец докторирал на стоматологија на Универзитетот во Берлин (1927),[22] Борис Т. Арсов на Економскиот факултет во Париз (1936),[23] Димитар Т. Арсов на Медицинскиот факултет во Париз (1936),[24] Владимир Полежиноски на Правниот факултет на Сорбона (1938), Тодор Мировски во Загреб итн.

Спроти Втората светска војна, со оглед на правилниот став по македонското национално прашање, македонското националноослободително движење се насочило кон поддршка и вклучување во комунистичкото движење, балканските политички партии и особено Покраинскиот комитет на Комунистичката партија во Македонија, кој се залагал за „слободна македонска република“. И токму тоа ја имало улогата на пресудниот фактор во масовното приклучување на македонскиот народ против фашизмот и антифашистичката борба, што потоа резултирало и со создавањето на македонската државност.

---

[20] Д-р Симо Младеновски, *Културно-просветното здружување на македонските студенти во друштвата „Вардар“ во Загреб, Белград и Скопје (1935-1937),* „Македонското научно-литературно другарство и неговиот континуитет до основањето на Македонската академија на науките и уметностите“, МАНУ, Скопје, 1997, 262-264; истиот, *Културно-просветното друштво „Вардар“ во Белград,* „Гласник“ на ИНИ, 44, 1, Скопје, 2000, 42-44.

[21] Д-р Симо Младеновски, *Врските на македонските студенти во Белград со македонската емиграција во Софија со годините спроти Втората светска војна,* „Гласник“ на ИНИ, 42, 1, Скопје, 1998, 45-67.

[22] Methodie Troyatschinow, *Ueber die Wirkung einiger organischer Säuren auf die Zähre,* Aus dem Physiologischen Institut der Univerzität Berlin, Berlin, 1927.

[23] Boris T. Arsov, *La vie economique de Macedoine au XIX e siegl*e, Fuculte de Droit, Universite de Paris VII, Paris, 1936.

[24] Dimitar T. Arsov, *Le pneumot horax spontane au cours de la fievre typhoide,* Faculte de medecine, Universite de Paris VII, Paris, 1936.

# ПРЕТСТАВУВАЊЕ УМЕТНИЦИ

Весна Мојсова-Чепишевска

# ВО ЗНАКОТ НА ПРИСУСТВОТО НА ОТСУСТВОТО

Долго време правев напори средбата-разговор со Горан Стефановски која беше закажана за и се случи на 13 август 2008 во рамките на *Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура* да ја стокмам и во печатена форма. Ама, некако работата не одеше! Прашањата беа тука. Одговорите веќе беа еднаш (за)дадени, веќе поставени и одговорени токму во вечерните часови на тој 13 август 2008 и тоа крај Охридското Езеро. Како да се повторат, како да се запишат, како да се запаметат. Како да се парафразираат. Изумивме дека наједноставно ќе беше ако направевме напор да го снимиме разговорот. Ама, назад нема! А, сепак стоев на тоа дека и во ова (печатено) претставување на Горан Стефановски треба да се чувствува двогласот - мојот и на публиката, од една страна и неговиот и на неговото величество драмскиот автор, од другата страна. Не сакав да седнам и да напишам текст за Горан Стефановски. Па така, решив да го присилам да зборува. Јас/Ние да поставувам/е прашања, а тој, поточно гласот од неговите текстови, да ни одговори. Всушност, ова мое инсистирање како да ја засили потребата и на овој начин да се потврди присуството на отсуството. Па, еве како излезе сето тоа:

1. На некогаш прочитаната смисла во едно писмо може да ѝ се случи промена на смислата и притоа да се роди наполно нова смисла, иако се чита истото писмо. Со текот на времето тоа писмо воопшто не се сменило физички, но од истиот или од некој друг читател во новото време може да се стекне со поинаква смисла, поразлична од некогашната. Сето ова се јавува како последица на промените на свеста која чита, но и на свеста која гледа, зашто драмскиот текст ја доживува својата полнота само кога ќе стане и театарски текст. Впрочем, самата свест е дел од толковниот процес кој заедно со разбирањето ја дефинираат, ја разоткриваат смислата на секое писмо. Читањето на еден текст зависи од времето на публиката. А публиката на новото време, на денешново време инсистира на едно длабинско читање на текстовите кое подразбира читање на симболи и препознавање на иронијата во нив.

**Му се случило ли на некој ваш текст денес да биде прочитан доста поразлично од пред неколку години или од времето кога тој текст се по-**

**јавил т.е. бил поставен на сцените на нашите театри? Или да биде поинаку прочитан дома од она како бил прочитан надвор кога бил поставен на сцените на театрите во Европа?**

* * *

КАЈМАКАМОТ: Што е ова?

АНГЕЛЕ: **Глупости, само тие останаа некажани. Умните работи се излижани од употреба и заборавени.** (*Вади од торбата крило од жица и партали и синџир со ѓуле. Крилото го става на левата рака, а ѓулето на десната нога, говорејќи го текстот.*) Третата точка се вика „Дедикар Икарал“: Таа е за еден човек што се викал Дедикар Икарал. За него погрешно се верува дека бил двајца луѓе со имиња Дедал и Икар. Таа невистина нарочно ја проширил некој Италијанец Леонардо Живинчи на еден собир во Сан Стефано. Но јас научно сум утврдил дека се работи за еден единствен човек и тоа ќе го изнесам пред светската јавност на Берлинскиот конгрес. Дедикар Икарал се родил со крило на левата рака и со ѓуле на десната нога. И со нив си играл. (*Игра со крилото и ѓулето.*) Живеел во областа Скагерак и Категат, каде што студело, па мечтаел да отиде поблиску до сонцето. Не знаел како. Еден ден братски се договорил со ѓулето да не му прави тежина во летањето и тргнал. Летал што летал (*Ангеле лета.*), арно ама тој не знаел дека ѓулето било потплатено од некого да го пушти да летне и да му стежне. И така Дедикар Икарал се срушил во фиљан фиљан земја Македонија. Се нафрлил врз ѓулето и почнал да го тепа, арно ама ѓулето ги покажало забите и викнало: *„I have diplomatic immunity“, „J’ai de l’immunite diplomatique“, Ich habe diplomatisches Immunitet“!* И така денес Дедикар Икарал шета низ светот, се кара со ѓулето и гледа како му се суши крилото. (*Пауза. Ангеле се поклонува.*) Благодарам.

(Од сцена 11 од драмата *Лет во место*, 1981; цитатот е преземен од Горан Стефановски. *Собрани драми* (книга прва). – Скопје: *Табернакул*, 2002, 189-190, а подвлеченото во текстот е мое.)

МУЈО: Еднаш во старо време, како што вели прикаската, ги собрав луѓето од Сараево и им ветив дека ќе им кажам нешто важно. Тие одвај чекаа да чујат. Им реков: „Луѓе, имам нешто важно да ви кажам. Сакате да чуете што?“. „Да„, викнаа тие колку што ги држи гласот. „Добро„ реков јас, „знаете ли што е тоа?“. „Не“, одговорија тие. „Тогаш“, реков, „ако не знаете што е, не можам ни да ви кажам.“ По неколку дена пак ги собрав и пак им реков дека имам нешто важно да им кажам. „Сакате да чуете?“ прашав. „Да!“, викнаа. „Знаете ли што е тоа?“, „Даaaaa!“ викнаа како еден. „Добро“, реков, „ако знаете, знаете, што има да ви кажувам нешто што знаете.“ И си заминав.

**Следниот пат ги собрав и им реков: „Знаете ли што сакам да ви кажам?“ Половината рекоа да, половината не. „Добро“, реков јас, „ако е така, оние што знаат нека не им кажуваат на оние што не знаат“. (*Пауза.*) Не ти е смешно? Па и не е баш смешно.**

(Од сцена 6 од драмата *Сараево*, 1992/93; цитатот е преземен од Горан Стефановски. *Собрани драми* (книга втора). – Скопје: *Табернакул*, 2002, 230, а подвлеченото во текстот е мое.)

2.а. Иронијата е вметната во делото од страна на ироничарот таму каде што тој претпоставува дека е неопходна и му ја остава на оној кој умее да ја согледа, на оној читател кој од Симор Четман е забележан како некој кој му приоѓа на читањето како на длабок културен чин кој, пак, ќе му овозможи да стаса до второто ниво на читањето – до исчитувањето.

**Колку вашите драми се исполнети со т.н. *ironични жаришта*, места кои се доживуваат како потенцијални генератори на иронијата?**

* * *

БЕЛОДРИНСКИ: Добровечер.

ВРСКАТА: Што барате овде?

БЕЛОДРИНСКИ: Се јавувам на вашата покана.

ВРСКАТА: Ова е некаква забуна.

БЕЛОДРИНСКИ: Забуна јасно! Ах, колку сите ние уживаме во забуни. Забуните го прават нашиот живот возбудлив. Замислете живот без заблуди. Замислете живот без забуни – каква пустош.

ИНКОГНИТО ЕДЕН: Вие сте писателот?

БЕЛОДРИНСКИ: Писателот, да. Не ви личам на писател? За мене драмата не е мака, солзи и пот. За мене таа е лесна игра на духот. Варијација на воздушести теми. Крик на среќа.

ВРСКАТА: Господа, ова е недоразбирање.

ИНКОГНИТО ЕДЕН: Што ќе напишете вие за нас?

БЕЛОДРИНСКИ: **По договор, господа. По договор. Нешто мрсничко. Пикантно. Љубовна сплетка. Лажно претставување. Таа мисли дека тој е чесен, храбар и паметен, а тој излегува пачавра, педер и лајно.**

(Од сцена 11 од драмата Ч*ернодрински се враќа дома*, 1990/91; цитатот е преземен од Горан Стефановски. *Собрани драми* (книга втора). – Скопје: *Табернакул*, 2002, 205, а подвлеченото во текстот е мое.)

2. б. Впрочем, Вие постојано земате некој туѓ текст и го вметнувате во својот текст со намера низ една сериозна метатекстуална игра на иронијата да му овозможите видување (ново читање) на туѓиот текст и во исто време новиот текст да го изгради како сопствен коментар, како видување на и за самиот себе.

Само како едно мало потсетување: поимот иронија бил забележан низ две лексеми или поконкретно низ два поима: „eiron“, во значење на **слаб, но бистар протагонист** во грчката комедија и „alazon“ кој, исто така, има значење на протагонист во грчката комедија, но со поинакви, спротивни атрибути: **фалбаџија и глупав** кој е секогаш поразен од помудриот т.е. од оној кој веќе претходно е определен како „eiron“. А, иронијата во драмата е дел од претставата за модерниот театар, таа е наменета за современиот гледач, на гледачот отворен за нови видувања и препознавања на драмскиот и театарскиот текст. Иронијата станува целосност на драмскиот облик низ основниот ирогеничен однос забележан во релацијата претстава – гледач. Претставата е илузија на реалноста, а сепак во оваа илузија гледачот разбира реалност во која ликовите со маски се перцепираат како нереални, а сепак на крајот во конечната перцепција ќе бидат видени како ликови на реалноста затоа што маската е симната.

**Навистина, колку возбуда Ви предизвикува да произведувате *иронични жаришта*? Колку возбуда Ви предизвикува кога читателот/гледачот ќе Ви возврати на тие Ваши *иронични жаришта*?**

* * *

ВРСКАТА: Вие сте Чернодрински?

БЕЛОДРИНСКИ: (*Почнува да плаче.*) Ох не, не и не!

ВРСКАТА: Што ви е?

БЕЛОДРИНСКИ: Тоа име! Постојано тоа име! Ова станува неподносливо. Немам никаква порачка три месеци. Треба да платам кирија, огрев, долна облека. Знаете колку пари е свилата? Не ми го споменувајте тоа име. Каде и да се свртам, ме мешаат со конкуренцијата. Чернодрински е по трагични теми, јас сум за комедии. Јас сум Белодрински.

ИНКОГНИТО ЕДЕН И ИНКОГНИТО ДВА: (*Ги вперуваат револверите во врската.*)

ВРСКАТА: **Господа, сè можам да објаснам. (*Пауза.*) Господа, ништо не можам да објаснам.**

(Од сцена 11 од драмата *Чернодрински се враќа дома*, 1990/91; цитатот е преземен од Горан Стефановски. *Собрани драми* (книга втора). – Скопје: *Табернакул*, 2002, 205-206, а подвлеченото во текстот е мое.)

3. Воведувањето на цитатот манифестира и прикажува нови приказни преземени од својата, но и од другите култури. Тој цитат во новиот текст предизвикува промена во неговото значење. А со таа промена се случува и процес на деканонизација на постојното при што се создаваат дела со структура на отвореност и нестабилност, дела со

транспарентно дејствување на самата иронија во нив. Во допирот на едното со другото се случува она што од теоретски аспект се препознава како почувствувана празнина, вишок знаење, допир на семантичкиот материјал на текстот и семантичкиот материјал на контекстот.

**Зошто толку силно инсистирате на *присуството на отсуството*?**

* * *

МАРИНА: **Те нема на оваа фотографија, но затоа те има на други.** (*Вади фотографии. Му ги дава.*) Војдан Чернодрински, во профил, со полуцилиндер, во пивница во Грац, цирка 1899. Чернодрински, лево, на театарска турнеја. Чернодрински, втор ред, десно, со чибук. **Одамна се бавам со твојот случај. Ти си дух.**

ГЕОРГИ: **Ништо не разбирам.**

МАРИНА: **Јас не разбирам. Ти разбираш сè и барам да ми објасниш. Не спијам со месеци.**

ГЕОРГИ: Ти не си со сите.

МАРИНА: Чернодрински!

ГЕОРГИ: Оди си. Веднаш. Те молам.

(*Таа излегува. Тој гледа во вратата. Пауза. Нагло ја отвора.*)

МАРИНА: (*Стои на вратата.*) Драмскиот писател. Роден на 2 јануари 1885. Знак на јарец. Дива свиња во кинески и камен кремен во ацтешки хороскоп. (*Георги ја внесува Марина во собата. Ја затвора вратата.*) Повторно роден како џез музичар. Се криеше во овој посран хотел.

ГЕОРГИ: Со години бев во затвор. Затоа никој ништо не знае за мене. Нема тука никаква мистерија.

МАРИНА: И не си овде сам. Имаш со себе актерска дружина. Играте претстави среде езеро на полноќ.

ГЕОРГИ: Ти си луда.

МАРИНА: Сè видов. Танцувате врз вода. Стоите на воздух.

(Од сцена 14 од драмата Ч*ернодрински се враќа дома*, 1990/91; цитатот е преземен од Горан Стефановски. *Собрани драми* (книга втора). – Скопје: *Табернакул*, 2002, 217, а подвлеченото во текстот е мое.)

4. Вие мошне долго, мошне тесно и речиси ексклузивно (од *Јане Задрогаз*, 1974, до *Сараево*, 1993), соработувате главно со еден режисер, **Слободан Унковски** (како клучен македонски ***модернист*** тој е најмалку ангажиран и најмалку тезичен кога е во прашање театарот како уметност). Всушност **Унковски** е режисер чијшто модернизам најмногу

ѝ се подава на ***постмодернистичката евокативност***. Но, таа негова природа најмалку се препознава токму во претставите работени според вашите текстовни предлошки. Притоа, ангажираноста и тезичноста доаѓаат од страна на авторот на текстот и од самиот текст т.е. од Ваша страна, а не од страна на театарската машинерија задолжена за негово поставување.

*Оставаме намерни и ненамерни траги во туѓите животи* - велите во предговорот кон печатената верзија на своето драмско дело *Чернодрински се враќа дома* (Горан Стефановски. *Чернодрински се враќа дома*. - Скопје: НИП *Магазин 21*, 1992). Тоа ваше дело, навистина, следи запретани траги, вистинити и нужни, претпоставени и веројатни кои ги оставил никој друг, туку Вашиот творечки татко, таткото на македонската драма и македонскиот театар **Војдан Чернодрински**. Исто така, велите и дека *во светската драма најдлабоки се трагите на Шекспир, а во нашата оние на Војдан Чернодрински*. Интертекстуалноста не подразбира анонимност, туку реакција на сегашниот автор на својот поетски татко (претходник). Така преку категоријата *креативна корекција* Вие како следбеник го остварувате читањето на текстот-родител и со тоа успевате нас како читатели, а уште посилно и нас како гледачи да нè израдувате со веста дека *Чернодрински се враќа дома*.

Вие, на својот учител му се оддолживте освен со своето оригинално дело *Чернодрински се враќа дома* уште и со еден колаж од сцени преземени од делата на **Чернодрински** под наслов *Кино Чернодрински* т.е. *Ај лав Чернодрински* во режија на **Бранко Брезовац** поставен на сцената на Битолскиот театар. Пред некоја година напишавте и уште еден свој текст врз едночинката на Чернодрински *Духот на слободата*. И тоа е сè. Малку или многу?

**Некој е отсутен. Дали Чернодрински или ние, се прашувате? Навистина, кој е отсутен?**

* * *

РУСА: Еден мој сонародник моли да го печатите во вашиот часопис.

ЦАРА: Како се вика?

РУСА: Чернодрински.

ЦАРА: Какво име! Сите имаат подобри имиња од мене. Што испратил?

РУСА: Драма.

ЦАРА: Не може! Не објавуваме драми. Мразиме драми.

(*Го фрла текстот низ прозорецот.*)

РУСА: Ох, боже мој.

(*Руса трча по текстот. Доаѓа до прозорецот. Гледа во длабочината. Губи рамнотежа. Паѓа од врвот на Ајфеловата кула. Цара и Бретон притрчуваат до прозорецот. Гледаат удолу.*)

БРЕТОН: Руса!
ЦАРА: Пријателке.
БРЕТОН: Неверојатно!
ЦАРА: Го фати текстот во лет.
БРЕТОН: Престана да паѓа.
ЦАРА: Лебди во воздух.
БРЕТОН: Се крева угоре.
ЦАРА: Погоре.
БРЕТОН: Уште погоре.
ЦАРА: Се губи во височините.
БРЕТОН: Ова вие ставете го во песна.
ЦАРА: **Чуда се случуваат околу нас, а ние не ги забележуваме.**
БРЕТОН: Збогум Руса. Носете му поздрави на непознатиот поет!
ЦАРА: Таму од каде што доаѓате. Таму каде што одите.
(Од сцена 12 од драмата *Чернодрински се враќа дома*, 1990/91; цитатот е преземен од Горан Стефановски. *Собрани драми* (книга втора). – Скопје: *Табернакул*, 2002, 210, а подвлеченото во текстот е мое.)

5. Оваа драма, како што истакна **Богомил Ѓузел**, е *драма за и на Ликот-Кој-Го-Нема*, зад кој се крие самиот **Војдан Чернодрински**. Неговата отсутност е пропорционално условена од присутноста на сите останати ликови кои се помалку или повеќе заплеткани во неговиот животопис. Во списокот на ликовите кои ќе продефилираат низ сите 14 театарски слики не е наведен **Л и к о т - К о ј - Г о - Н е м а**. Со тоа Вие ни сервирате една лажна информација. Зашто веднаш по исчитувањето на првата слика ние дознаваме дека тој лик не е никој друг, туку самиот Чернодрински. Ваква една техника употребивте и во своето дело *Јане Задрогаз*. Таму Марко Цепенков не е наведен во списокот на ликовите, но подоцна со исчитувањето на текстот дознаваме дека ликот на Цепенков се трансформирал во Тоде Мудрецот. **Крајно иронично!** Но, низ оваа иронија се потврдува процесот на развојот на националната литература кој секогаш тече од народната кон уметничката т.е. уметничката секогаш се надоврзува на и се гради врз богатата основа на фолклорот и особено на митот (како што е во сите европски литератури). *Митот е облик на потрага по начинот како на субјективните сензации и искуства да им се внесе смислата на редот,* вели **Бранимир Донат**. Но, за спознавање на едно дело што му припаѓа

на минатото не е доволно да се познава само поетиката и кодот на неговото време туку и моќта на иронијата да ги превреднува нештата и да ги поставува под светлото на релативизацијата.

**Колку, во тој поглед, е моќна вашата иронија?**

* * *

ЧУАНГ ЛИ: Што е онаа зграда?

ПРЕВЕДУВАЧКАТА: Тоа е нашиот театар.

ЧУАНГ ЛИ: Театар? Имате театар?

ПРЕВЕДУВАЧКАТА: Имаме, се разбира.

ЧУАНГ ЛИ: Како се вика?

ПРЕВЕДУВАЧКАТА: Народен театар „Војдан Чернодрински“.

ЧУАНГ ЛИ: Што значи тоа?

ПРЕВЕДУВАЧКАТА: Тоа е името на еден наш ... (*Гледа во Рампо.*)

РАМПО: Деец.

ПРЕВЕДУВАЧКАТА: Деец.

ЧУАНГ ЛИ: Што?

ПРЕВЕДУВАЧКАТА: Како да кажам? Книжевник. Писател. Пишувал за ослободувањето од ропството, маките на народот под турскиот султан.

ЧУАНГ ЛИ: И ние имаме театар.

ПРЕВЕДУВАЧКАТА: И тие имаат театар.

РАМПО: Убаво.

ЧУАНГ ЛИ: Нашиот театар се вика Канг Чин – Ци.

ПРЕВЕДУВАЧКАТА: Нивниот театар се вика Канг Чин – Ци.

РАМПО: Е, баш ме заболе.

ЧУАНГ ЛИ: По еден наш писател, деец од единаесеттиот век. Една негова пиеса се вика „Ли Куеи носи трња“. Со ваша дозвола: куса одломка пред ручек! (*Пее.*)

( ... )

РАМПО: Што сака?

ПРЕВЕДУВАЧКАТА: Да му играме претстава.

РАМПО: Знаеш нешто?

ПРЕВЕДУВАЧКАТА: Не. Вие?

РАМПО: **Од кај да знам, да го ебам. Дај некоја народна. (*Говори како да е драмски текст.*) „На сред село тапан чука...“**

ПРЕВЕДУВАЧКАТА: ... зурли трештат дум дум дум...

РАМПО И СВИТАТА:

Млади моми и ергени до три ора вијат
Млади моми и ергени до три ора вијат.

РАМПО: Рум дум дум дум дум дум думв дум дум...

ПРЕВЕДУВАЧКАТА: Рум дум дум дум дум дум думв дум дум...

РАМПО И СВИТАТА:
Млади моми и ергени до три ора вијат
Млади моми и ергени до три ора вијат.

(*Аӣлаузи.*)

ЧУАНГ ЛИ: Ч**ернодрински?**
РАМПО: **Да, де.**
(Од сцена 2 од драмата Ч*ерноdрински се враќа dома*, 1990/91; цитатот е преземен од Горан Стефановски. *Собрани dрами* (книга втора). – Скопје: *Табернакул*, 2002, 171, а подвлеченото во текстот е мое.)

6. Дејвид Едгар, драмски автор и еден од неколкутемина неспорни ментори на новата европска драма, констатира дека скоро сите драми на деведесеттите се **драми за мажите** (притоа нагласува дека не станува збор за некои вообичаени драми за мажите, туку за драми кои зборуваат за машкоста која е во криза). За разлика од осумдесеттите години, кога новиот драмски бран го предводат жените, а драмските текстови интензивно се занимаваат со т.н. женски аспекти, драмите што ги пишуваат поновите автори стануваат сѐ „помашки". Всушност, ***новаӣа евроӣска драма*** постојано се искажува и докажува како **драматика на бруталноста**.

Новата европска драма е решена да исполни две радикални и скоро непријатни задачи:

да ја шокира т.е. да ја провоцира средината (општествена, културна) и

да ја наведе/да ја натера митологизирана, обединета европска средина да се соочи со грдотијата или опачината на сопственото постоење.

**Колку вашите текстови испраќаат и вакви пораки?**

* * *

КЛАУС: Пијте, пијте младичу. Растројте се малку. Многу сте стегнат. Да, зошто вие мислите дека нему му е поарно на слобода. Тој можеби сака да биде в затвор. Можеби намерно работел на тоа да стигне в затвор. Тоа ви звучи неверојатно, но животот е полн со изненадувања. Познати ми се случаи на таква парадоксална логика, инверзија на нормалното расудување. А притоа не заборавете една битна компонента – тој е Словен. Тој податок лесно одговара на прашањето зошто некој би сакал да биде во затвор. Јас тоа го нарекувам синдром на славјанската мазохистичка душа. **Кога ништо не е во ред, а не се крева малиот прст ситуацијата да се поправи и во тоа дури и**

**се наоѓа задоволство. А на овој Балкан никогаш ништо не било во ред. Дваесет илјади години наназад.** ( ... ) Со други зборови, човек треба да ја сочува својата невиност, но притоа да ја збогати со искуство. А вие сте сè уште во фазата на наивна невиност. **Вие сè уште не сте го изгубиле хименот. Тоа е малку груба сексуална слика, но доста прецизна. Вие треба да бидете силуван. Ова ве збунува, но јас сакам да ве збунам. Треба некој да ве фати за коса, да ви ги искрши коските, да ви ги отвори ушите, очите и носот, да ве смеша, да ве измеле, да ве изгмечи и повторно да ве состави како ново човечко суштество.** Вие и сега имате очи, уши и нос, но не ги употребувате. Ви служат како украс. Ништо не гледате, ништо не слушате. Живеете кретенски, хипнотизирани, малограѓански полусон и чекате откровение, чудо, се подготвувате за големиот час кога вашиот живот конечно ќе започне, а сè повеќе се сомневате дека тој час воопшто ќе пристигне. А годините минуваат и денес, утре животот поминал. Се вртите околу себе – пустош. Откровението не дошло, а навиката станала корава. ( ... )

(*Го фаќа Стево за рака. Пауза. Се гледаат. Пауза. Го фаќа Стево некаде долу под масата. Пауза. Стево е стаписан.*)

СТЕВО: Господине Клаус, јас ќе морам да одам. (*Пауза.*) Морам да одам. (*Пауза.*) Господине Клаус. (*Пауза.*) Пуштете ме да си одам, господине Клаус. (*Пауза.*) Пуштете ме, господине Клаус. (*Пауза.*) Пуштете ме да си одам, господине Клаус.

(*Клаус го пушта. Стево станува. Зашеметено излегува од собата. Пауза. Клаус ја допива својата чашка коњак.*)

(Од сцена 10 од драмата *Диво месо*, 1979; цитатот е преземен од Горан Стефановски. *Собрани драми* (книга прва). – Скопје: *Табернакул*, 2002, 126-129, а подвлеченото во текстот е мое.)

7. **И за крај: Какво е чувството да се стане член на МАНУ? Колкава е возбудата да се биде именуван за амбасадор на културата во Лондон?**

* * *

ЦЕПЕНКОВ: Ете, така! Луѓето ми велат оти немам фајда од приказните. Светот неќит приказни, велат ами сакат пари, пари, а домаќине. Сам јас знам оти од овие приказни, од ова вечерва што го видовте, нема да спечалам пари, ама коа се нашло еден мерак во мене, што да праам, не се остаа пустиот. **Кој сакат нека ми вели да не пишувам, не е чаре да го слушам. Сум пишувал и ќе пишувам, дури колка душа, и доста ми е само повала да добијам од луѓе како вас, што му знаат ќијаметот на народните работи. Најпосле да ви кажам нешто.**

**Умирачката ќе ми отми перото од раката.** Ете вака. И друго немам што да виречам.

(*Народната веселба продолжува.*)

(Од сцена 10 од драмата *Јане Задрогаз*, 1974; цитатот е преземен од Горан Стефановски. *Собрани драми* (книга прва). – Скопје: *Табернакул*, 2002, 80, а подвлеченото во текстот е мое.)

# АДРЕСАР

## на учесниците на XLI меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје (Охрид, 11-28.8.2008)

### АВСТРАЛИЈА

**Justina Gorgievski**
23/67 BRADLEY'’S HEAD ROAD,
Mosman, NEW SOUTH WALES
AUSTRALIA 2088
Tel. 61 2 99608501
E-mail: gorg1jus@yahoo.com.au

### АЛБАНИЈА

**Дечка Силви**, студент
Тирански универзитет
Ул. Артан Ленја, бр. 11, стан 12
Tirana, Albanija
Tel. 00355 42 263-506
E-mail: silviod87@hotmail.com

**Dare Eni**, студент
Тирански универзитет
Lagja: “Ali Demi”;RR.: „Dhimiter Kamarda”.Pall.: 2/1 SHk: 4; ap.:51
Tel. 00355 683159229
E-mail: seni273@yahoo.com mx

## БУГАРИЈА

**Трифонова Ива**
Cyrillo Methodian Research Centre – 1000 Sofija
At the Bulgarian Academy of Sciences “Moskovska” 13
Dom. Bulgaria, 1330 – Sofia
“Krasna Pohyana” 3, bl. 329, vh.4, app. 130
Tel. 00359/2/828 1219
E-mail: iva_3@abv.bg

## ВЕЛИКА БРИТАНИЈА

**Stefanovska Jana**
18 Martyrs FIELD ROAD
Canterbury, Kent, CTI 3Pt
Mob.t. 00447920408978
Tel. 00441227458236
E-mail: jana.stefanovska@gmail.com

**Igor Stefanovski**
18 Martyrs FIELD ROAD
Canterbury, Kent, CTI 3Pt
Tel. 00441227458236
Mob. 447752147250
E-mail: stefanovski.i@gmail.com

**Taggart Louise**, студент
Paddock End. The Avenue, Eaglescliffe
Stockton on Tees. TS 169AS
England
tel.+ 447709 118 174
e-mail: alph@hotlmailh.co.uk

## ГЕРМАНИЈА

**Wolf Oschlies**, професор
Am Bruch 2
D-50171 Kerpen
Deutschland
tel. 02237/4935
e-mail: wolf.oschlies@gmx.de

**Trültzsch Arno**, студент
Grosse Markerstr. 18
D-06108 Halle/Saale
Tel. 0049 345 47 22 583
e-mail: arnodry@yahoo.de

**Tokic Ruza**
Badensche Str. 1 b, 10825 Berlin, Germany
Tel. dom.: 0049-30-806 18 767;
mob.: 0049-17-767 32 964
e-mail: rtokic@web.de

**Petar Pejovic**
Luxemburger str. 441-443
50939, Köln, Deutschland
Tel. 0049 221 9438339
e-mail: petar.pejovic@gmx.de

**Kristina Zuber**
Vogelsanger str. 20
50823 Köln, Deutschland
Тел. 0049172 897 8251
e-mail: **christina_zuber@web.de**

## ДАНСКА

**Gronfeldt Nathan Peter**
European Union Information Centre
Zagreb – Hrvatska
Mandlova 3, HR-10040 Zagreb-Dubrava, Croatia
tel. 385 129 111 24, 385 911 92 88 98
e-mail: nathan_groenfeldt @hotmail.com

## ИТАЛИЈА

**Pietrzak Elzbieta Maria,** студент
Via Crispi 72,
Napoli 80121
Italia
Tel. 00 39 327 448 1 144
E-mail: ela.neapol@wp.pl

**Rosario Walter Molino**
Via Giacinto Diano 57
Pozzuoli 80078
Italia
Tel. 00 39 347 31 48 682
E-mail: walmol@gmail.com

## ЈУЖНА КОРЕЈА

**BoRa Kim**, студент
Slavic department,
Indiana University, USA
Kangnam –Ctu, Dokok 1-Dong 192-2
Hyndai Park Villa#1002, Seail
South Korea
Tel. 82-2-555-4496
E-mail: brkim@indiana.edu

## КАНАДА

**St-Jean Monique Clare,** учител по англиски
University of Toronto
312 Robert St.
Toronto, ON M5R 3K8 Canada
1702 Des Ravins Pl.
Orleans, On, KIC 6H8
Canada
Tel.: (613) 919-1861
E-mail: monistjean@hotmail.com

**Greber Amanda,** постдипломка
University of Toronto
312 Robert St.
Toronto, ON M5S 2K8 Canada
Tel. + 416 803 7116
E-mail: amandagreber@gmail.com

**ПОЛСКА**

**Włodzimierz Pianka**, професор
Ul. Puławska 30 m. 38
02-512 Warszawa
Polska
Tel. 00 48 22 849 14 29
e-mail: w.pianka@uw.edu.pl

**Macej Kawka**, професор
Ul. Budziszynska 42,
31-619 Krakow
Poland

**Boguslawska Magdalena,** научен соработник
Варшавски универзитет, Институт за западна и јужна славистика
01-138 Warszawa, ul. Plocka 16 m 21
Polska
Tel. 48 694 311 530
E-mail: m.boguslawska@uw.edu.pl

**Justyna Gibasiewicz**, студент
Ul. Budowlanych 4a/3
62-081 Baranowo
Polska
Tel. 0048 507 253 740
E-mail: siufka @wp.pl

**Malgorzata Kosinska**, студент
Ul. Krolewska 23/25
00-064 Warsaw, Poland
тел.: +48 69 86 86 909
e-mail: g.kosinska@gmail.com

**Wiekiera Michal**, студент
Ul. Kossak-Szatkowskiej 10/49
43-400 Cieszyn, Poland
Tel. 48 600 806 168
E-mail: michal.wiekiera@wp.pl

**Stanikowska Karolina**, студент
Jagiellonian university
Radosna 28 A
05-400 Otwock, Poland
Tel. + 48 503 924 880
E-mail: Karolina_warsaw@yahoo.com /ina21@vp.pl

**Kiszka Natalia**, студент
Jagiellonian university
Górnicza 3B, 44 – 145 Stanica, Poland
Tel. + 48 661 778 077
E-mail: ZGNIOTEK@AUTOGRAF.PL

**Calow Wojciech**, студент
Шлески универзитет, Сосновјец-Катовице
Ul. Obrancow Westerplatte 25
41-809 Zabrze, Polska
Tel. 48 507 197 770
e-mail: wojciech.calow@gmail.com

**Robert Orłowski**, студент
Collegium Europeum Gnesnense
Ul. Kostrzewskiego 5-7, 62-200 Gniezno
Dom.: Ul. Culica, 2b/15 62-300 Wrzesnia
Tel. 48 603 561 571
E-mail: robax.robax@wp.pl

**Kęczkowska Karolina**, студент
Collegium Europeum Gnesnense
Ul. Kostrzewskiego 5-7, 62-200 Gniezno
Dom.: ul. Odonica 15, 62-200 Gniezno
Tel. 48 604 956 007
e-mail: karolina_klecko@02.pl

**Niezgoda Marian**, професор
Jagiellonski univerzitet
Dom.: ul. Na Blonie 9a/195
30-147 Krakow, Poland
Tel.m.: 486012
e-mail: m.niezgoda@iphils

**Burakowska-Niezgoda Elzbiet**
Dom.: ul. Na Blonie 9a/195
30-147 Krakow, Poland
Tel.m.: 48 12 637 1339
e-mail: elab@autocom. pl

**Przybylski Wojtek,** студент
Ul. G. Morcinka 17B/10
42-612 Tarnowskie Góry (Poland)
Tel.: 48 605 403 966
E-mail:wojtekp84@gazeta.pl

**Tochowicz Karolina**, студент
Šleski univerzitet, Katovice
Ul. Brynowska 74/6
40-584 Katowice
Tel.: 48 505 148 489
E-mail: peperutka@02.pl
karolina.tochowicz@gmail.com

**Iwona Łuczkow**
Ul. Januszowicka 17/19/21
53-135 Wroclaw
Tel. +48 71 78-12-842
48 69 7 92 85 32
E-mail: Luczkow@uni.wroc.pl

**РОМАНИЈА**

**Ungureanu Carmen - Elena**
40 Strada Libertatii
Baile-Olanesti, Vilcea
Tel. 004/0740/181153
E-mail: <kity_kat2004@yahoo.com>

**Petrika Andreea-Poliana,** студент
Ul. Plevnej, 1/13, Târgu-jiu; Garj
Romanija
Tel. 0729993272
E-mail: polianakemeny@yahoo.com

**Штиука Јулија-Кристина,** студент
Ul. Gradište, 5, Kraiova, dolž
Romanija
Tel. 0742004198/0742004198
E-mail: stiuca_iulia@yahoo.com

**РУСИЈА**

**Верижникова Елена,** професор
Московски државен универзитет “Ломоносов”
Москва, Ломоносовски пр.
д.3, корп. 2, кв. 63
Россия
Тел.: 499 – 134 – 72 – 80
E-mail: eluska@mail.ru

**Степаненко Елена**, професор
МГУ, Факултет за странски јазици и регионоведение
Москва, ул. Алеко Дундича, д. 39, корп. 2, кв. 7
Россия
Тел: 499 – 144 – 10 – 48
E-mail: stepanenko.e@gmail.com

**Огнев Валентин**, студент
Нахимовски пр-м д. 63 кв. 51
Москва 117 335,
Россия
Tel. : 479/75699554
E-mail : Naliwajko@rambler.ru

**Дјаченко Софија**, студент
129344 г. Москва,
Анадирскиј пр-д, д.3, кв. 7
Россия
e-mail: sonia_vzik@rambler.ru

**Ольа Панькина,** преведувач
Амбасада на Република Македонија во Москва
Бульвар Яна Райниса
д. 45, к.2, кв. 289
Москва
Россия
тел.: +007 495 949 18 50
e-mail: olga_pankina@hotmail.com

**Бороникова Наталија,** професор
Пермски државен универзитет
г. Перм, 614027, ул. Левшинска, 16-1
Россия
тел:(342) 2- 63-70-93
e-mail: natboronnikova@rambler.ru

**Наталија Прасолова,** постипломка
Санктпетербургски државен универзитет
198323, Санкт Петербург
Ул. Школьная д.43 кв. 209
Россия
тел.: +812 746-05-07, mob. 7 921 977 24 85
e-mail: pranat@yandex.ru

**Сорокин Данила,** студент
Саратовски државен универзитет
г. Саратов улица Усть – Курд|мская d. 7a. kv. 13
Россия
тел.: 8452 548 – 344
E-mail: danila-sorokin@mail.ru

**Кустова Ирина,** студент
Пермски државен универзитет
Перм, 614 990 ул. Букирев, 15
Перм 614 112, Кабељшиков д. 95-211
Россия
тел.: + 7 342 274 55 55
e-mail: ikustova@list.ru

**Војтова Јана,** професор
Кубанскиот државен универзитет
350040 Русија, г. Краснодар, ул.Комунаров 225, кв. 23
Россия
Tel. 8918 4105306
E-mail: Voitova_Yana@rambler.ru

**Обухова Елена**, предавач
Филолошки факултет - Воронешки Државен Универзитет
Воронеж, 394042
Ул. Остужева, 36-16
Русија
74732 26-69-76
E-mail: _oes_@mail.ru, Lastovica 11@yahoo.com

**Заболотнаја Софија**, студент
Државен универзитет, Воронеж
Русија, 394029, Воронеж, ул. Ленинградскаја, 134-83
Россия
Тел.: + 7 910 348 59 82
e-mail: divlji-badem@yandex.ru

**Бичева Ирина**, студент
Воронеж, Државен универзитет, Филолошки факултет
Воронежская область, п.г.т. Подгоренский
Ul. Kalinina, 14-7
Россия
тел: 7 950 775 95 35
e-mail: juliames@mail.ru

**Дјужакова Светлана**, студент
Воронеж, Државен универзитет, Филолошки факултет
394036 Воронеж, ул. Комиссаржевской, 23-53
Россия
тел: 7 908 131 41 82
e-mail: d.sveta_@rambler.ru

**Вера Дубровина,** студент
Московски државен универзитет "Ломоносов"
ул. Раменки 9-1-103
Москва 117 607
Тел. 495-931 2373
E-mail: dva85@yandex.ru

## САД

**Prendergest Eric, постдипломец**
535 S. Shore Dr.
Madison, WI 53715, USA
Tel. +389 77 848 421
E-mail: ehprendergast@gmail.com

**Lora Bolton**
3960 W.Walnut Leaf Drive
Bloomington, Indiana
USA
Tel.: 1-812-339-3439
E-mail: Lbbolton@indiana.edu

## СЛОВАЧКА

**Malperova Vladimira**, student
Masaryk university – Brno
G. BETHLENA 50, 94078, NOVE ZAMKY
SLOVACKA REPUBLIKA
Tel. 421907149153
E-mail: vlamalka@gmail.com

## СЛОВЕНИЈА

**Миклош Желко, студент**
Filozofska fakulteta
ul. Majde Vrbovnik 22,
1000 Ljubljana
Chengdojska 24,
1000 Ljubljana
Slovenija
tel. +386 1 540 80 80
zeljko.miklos@gmail.com

**Ерговер Ангелика, студент**
Filozofska fakulteta
ul. Majde Vrbovnik 22,
1000 Ljubljana
IV. Prelomorska 15,
5270 Ajdovscina
Slovenija
angiesmeister@gmail.com

**РЕПУБЛИКА СРБИЈА**

**Урошевиќ Данка, студент**
Филозофски факултет во Нови Сад
Партизанска 34
22202 Мачванска Митровица, Србија
Tel.: 062/24 49 84
e-mail: dankamejl@yahoo.com

**Александар Николић, студент**
Универзитет во Нови Сад
Матије Хуђи 65/8
22000 Сремска Митровица
Тел. + 381 64 6722691
e-mail: aleksander.the.macedonian@gmail.com

**TURCIJA**

**Tepekule Necla, student**
Karanfil yorulmaz sok. Aslan Saadet
Apartmani Katz 7 Daire 25
Mecrdryekoy - 6 slbag – Istanbul
Tyrkiye
Tel. 00 90 0555 620 07 57
e-mail: justnecla@hotmail.com

**Ülker Çiğdem**
HACETTEPE UNIVERSTY – ANKARA / TURKEY
GUVENLİK CADDESİ 33/9 AŞAGI AYRANCI/ ANKARA
TURKEY
Тел: 0090 312 468 99 48
e-mail: cigdemulker @ hotmail.com

## УКРАИНА

**Усатенко Оксана,** историчар
Киевски Национален Универзитет "Тарас Шевченко"
Ул. Каштанова 4, кв. 91
Киев, Украина, 02 225
Tel.: 38 044 547 18 00 + 38-097-919-47-16
E-mail: Drozdiko@ukr.net

**Олесjа Ковтун**
Институт искусствоведения фольклора и Этнографии
им. М. Рыльского, МАНУ
Ул. Леси Украинки, 37, кв. 17
г. Вишневый, Киевская обл.
Украина 08132
Тел.38-039-296-99 56 , + 38-050-916-5576
Фах: 38-044-272-1481
e-mail: ok_omni@yahoo.com
olesya.kovtun@gmail.com

## УНГАРИJА

**Rasson Judith, assistent professor**
Medieval Studies
Centval European University
Nador ut 9
1051 Budapest
Kerepesi ut. 87
Hungary
tel. +36 1 327 3050, 327-3002
e-mail: rassonj@ceu.hu

**Andrea Szabo, student**
ELTE
TATA, Csever u. 5
2890, Hungary
tel. +36 30 554 7818
e-mail: andytailor@gmail.com

**Macho Ildiko, student**
5650 Mezobereny
Korostarcsai u. 24
Hungary
Tel: 36 20 243 8551
E-mail: ildiko.macho@gmail.com

## ФРАНЦИЈА

**Nizamieva Mehmedova Eliz, student**
INALCO, Pariz
14, rue Jose Maria de Heredia
75007 Paris
Tel. :0033/66043 75 79
E-mail : elizaveta2001@yahoo.com

**Demaret Charles- Guilloume,** студент
24 Rue H.G. Fontaine
92600 Asnieres, France
Tel. 33 68 231 61 53
E-mail: cg.demaret@liberty surf.fr

## ХРВАТСКА

**Ковачевић Ана, професор**
Znanstveni novak na Staroslavenskom institutu
Demetrova 11
10 000 Zagreb, Hrvatska
Tel. 098 17 67 297, 385 01 2220 – 025
E-mail: ana. kovacevic@stin.hr /pentesilejak@gmail.com

**Вуксан Маја, студент**
Grge Novaka 37,
10361 Sesvetski Kraljevec, Hrvatska
Tel. 388 91 9110 961
E-mail: mvuksan@ffzg.hr

**Ivica Baković,** асистент
Filozofski fakultet - Zagreb
Zlatarska 21,
10 000 Zagreb, Croatia
Tel. 00385 0 911931346
e-mail: ibakovic@ggzg.hr

**Kolakovic Zrinka,**
Filozofski fakultet - Zageb
Zlatarska 21
10 000 Zagreb, Croatia
Tel. 385989 339 709
E-mail: zkolakov@ffzg.hr

**Lajšić Saša,** асистент
Filozofski fakultet u Rijeci
Braće Cetina 13
51000 Rijeka, Croatia
Тел: 385 0 98 9790800
E-mail: sasa.lajsic@hi.ht net.hr

**Valić Martina**, student
Filozofski fakultet u Rijeci
Dalmatinska 112, Rakalj
52208 Krnica, Croatia
Тел: 052/556-232

**Bačić Ena**, student
Filozofski fakultet u Rijeci
Bakarska 20/1, 51000 Rijeka, Croatia
Тел: 051/678-889
E-mail: devecia@net.hr

**Iskra Vedran**, student
Filozofski fakultet u Rijeci
Zametska 10
51000 Rijeka, Croatia
Тел: 051/643-102, 0 98/164 7927
E-mail: vedraniskra@net.hr

**Turkalj Lucija**
Hrvoja Macanovića 8
10000 Zagreb, Hrvatska
Tel: 385981871990; 38513632517
e-mail: lucija.turkalj@gmail.com

**ЧЕШКА**

**Ivan Dorovsky, професор**
Velkopavlovická 2
62800 Brno
Česká republika
Телефон: 604 150 954
e-mail: dorovski@volny.cz

**Dagmar Dorovska, доцент**
Velkopavlavická 2
62800 Brno
Česká republika
Телефон: 732 698 374
e-mail: dorovski@volny.cz

**Aloise Zmeskalova**, докторанд
Ahmanova 13, 623 00, Brno
Česká republika
Tel. +420604272218
e-mail: lizozm@gmail.com

**Vera Smejkalova**, докторанд
Kallabova 21, 616 00 Brno
Česká republika
Tel. +420 608 874 826
e-mail: verasme@yahoo.com

**Шулак Павел**, студент
Česká republika
Tel. 420 731 316 672
e-mail:mangoo@qvick.cz

**Баиерл Михал**, студент
Česká republika, Lidická 68, České Budejovicé, 37004
Tel. + 420 605 42 0828
e-mail: vodny@seznam.cz

**Julie Ravingerova, student**
Charles University in Prague
Jeseniova 75
130 00 Prague,
Česká republika
Tel. + 420 737 67 78 05
e-mail: julie.raving@voila.fr

**ШВАЈЦАРИЈА**

Arkley Brent
Hintermettcen 2, Wallhwil 6318,
Zwct. Switzerland
Tel. 4141 759 0195
E-mail: brenta@iinet.net.av

## *СОВЕТ НА СЕМИНАРОТ*

**д-р Катерина Велјановска**
**д-р Снежана Велковска**
**д-р Лорета Георгиевска - Јаковлева**
**д-р Ружица Јанчулева**
**акад. Милан Ѓурчинов**
**д-р Лилјана Макаријоска**
**д-р Методија Манојловски**
**д-р Добрила Миловска**
**д-р Севим Пиличкова**
**Роза Тасевска**
**д-р Емилија Црвенковска (директор)**
**д-р Тодор Чепреганов**
**д-р Љубица Шутуркова (проректор)**

## *УПРАВА НА СЕМИНАРОТ*

д-р **Емилија Црвенковска** - директор
редовен професор на Филолошкиот факултет
„Блаже Конески“ во Скопје
**Благица Велјановска -** секретар

## *ЛЕКТОРИ*

**м-р Гордана Алексова**
**д-р Катерина Велјановска**
**Војкан Миленковиќ**
**д-р Весна Мојсова-Чепишевска**
**Марија Паунова**
**м-р Лидија Танушевска**
**Роза Тасевска**
**д-р Томислав Треневски**

# СОДРЖИНА

ПОЗДРАВНА РЕЧ НА ПРОФ. Д-Р ЃОРЃИ МАРТИНОВСКИ, РЕКТОР НА УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ..КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ ........................ 7

ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА XLI МЕЃУНАРОДЕН СЕМИНАР ЗА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК, ЛИТЕРАТУРА И КУЛТУРА........................ 11

**ПОВОДИ**........................ **15**

Иван Доровски
СУДБИНАТА НА ДЕЦАТА ОД ЕГЕЈСКА МАКЕДОНИЈА ПРЕД ШЕЕСЕТ ГОДИНИ ........................ 17

**ЈАЗИК** ........................ **29**

Петар Хр. Илиевски
ИСТОРИСКА РЕАЛНОСТ И МОТИВИРАНА ИНТЕРПРЕТАЦИЈА........................ 31

Зузана Тополињска
СЕМАНТИЧКА /ГРАМАТИЧКА КАТЕГОРИЈА ’ДИСТАНЦА‘ ........................ 45

Влоѓимјеж Пјанка
ПРЕНЕСУВАЊЕТО НА СЛОВЕНСКИОТ АНТРОПОНОМАСТИЧКИ СИСТЕМ ВО НЕСЛОВЕНСКИТЕ СИСТЕМИ И ЈАЗИЦИ ........................ 53

Коста Пеев
ЗА НЕКОИ ПОСЕБНОСТИ ВО ГРАМАТИЧКАТА СТРУКТУРА НА ДОЛНОВАРДАРСКИТЕ ГОВОРИ ВО КОНТЕКСТ НА РЕЧНИЧКАТА ГРАЃА .... 71

Блаже Ристовски
ДИМИТРИЈА ЧУПОВСКИ И МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК ........................ 81

Веселинка Лаброска
СТРУКТУРАТА НА ОСНОВНАТА РЕЧЕНИЧНА КОНСТРУКЦИЈА ВО МАКЕДОНСКИОТ СТАНДАРДЕН ЈАЗИК ........................ 97

Снежана Велковска
ЛЕКСИЧКИОТ ФОНД НА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК НА ПРАГОТ НА XXI ВЕК ........................ 105

Симон Саздов
ФЕМИНАТИВИТЕ ВО МАКЕДОНСКИОТ СТАНДАРДЕН ЈАЗИК........................ 115

**ЛИТЕРАТУРА** .......... **123**

Георги Старделов
РОМАНИТЕ НА МИТКО МАЏУНКОВ (1943) .......... 123

Катица Ќулавкова
ДА СЕ ЧИТА СТАРДЕЛОВ, ДА СЕ ЧИТА КАКО СТАРДЕЛОВ .......... 137

Лорета Георгиевска-Јаковлева
ДРАМАТА КАКО ИНТЕРТЕКСТ .......... 145

Елизабета Шелева
ШТО ИМА НОВО ВО МАКЕДОНСКАТА ЛИТЕРАТУРА .......... 157

Јелена Лужина
КАКО ДРЖИЌ ПАТУВАЛ НИЗ МАКЕДОНИЈА И КАКО (СЀ) ВО НЕА СЕ СНАОЃАЛ .......... 163

Нина Анастасова-Шкрињариќ
РИТУАЛЕМИ ОД ПАГАНСТВОТО ВО МАКЕДОНСКИОТ ОБРЕДЕН ФОЛКЛОР .......... 179

**КУЛТУРА** .......... **189**

Весна Петреска
СОЦИЈАЛНИ АСПЕКТИ НА СРОДНИЧКИТЕ ОДНОСИ КАЈ МАКЕДОНЦИТЕ: ТРАДИЦИЈА И СОВРЕМЕНОСТ .......... 191

Аница Георгиевска
ВО СВЕТОТ НА МАКЕДОНСКИТЕ МОЗАИЦИ .......... 211

Ѓорѓи Младеновски
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА: ВО ПОТРАГА ЗА ЕДНА НОВА МУЛТИКУЛТУРНА КОНФИГУРАЦИЈА .......... 219

Љупчо Ристески
КУЛТУРНАТА ТОПОГРАФИЈА НА ЧОВЕЧКОТО ТЕЛО .......... 229

Томе Груевски
РАЗВОЈОТ НА МАКЕДОНСКИОТ ПЕЧАТ И НОВИНАРСТВО .......... 245

Ирена Колиштрковска - Настева
ПРАИСТОРИСКИТЕ ДАМИ ОД МАКЕДОНИЈА .......... 257

**ИСТОРИЈА** .......... **267**

Симо Младеновски
АФИРМАЦИЈАТА НА МАКЕДОНСКИОТ НАЦИОНАЛЕН ИДЕНТИТЕТ МЕЃУ ДВЕТЕ СВЕТСКИ ВОЈНИ (1919–1941) .......... 269

**ПРЕТСТАВУВАЊЕ УМЕТНИЦИ** ........................................................................................ **277**

Весна Мојсова-Чепишевска
ВО ЗНАКОТ НА ПРИСУСТВОТО НА ОТСУСТВОТО .................................................279

**АДРЕСАР** ......................................................................................................................... **291**

ПРЕДАВАЊА
на XLI меѓународен семинар за македонски јазик,
литература и култура

*Редакција:*
Емилија Црвенковска, главен уредник
Симон Саздов, лектор
Благица Велјановска, секретар

*Коректура:*
Симон Саздов

*Компјутерска обработка:*
Академски печат

*Предна корица:*
Четвороевангелие на манастирот Слепче, XVI век
*Задна корица:*
Иницијал М од Радомировиот псалтир, XIII век

*Печати:*
Академски печат - Скопје

*Тираж:*
250